

# ЦРН ПОНЕДЕЛНИК

24 ДЕКЕМВРИ 2012

## ЦРН ПОНЕДЕЛНИК
### 24 ДЕКЕМВРИ 2012

**Декември**

| | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | | | 1 | 2 |
| 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| 10 | 11 | 12 | 13 | 14 | 15 | 16 |
| 17 | 18 | 19 | 20 | 21 | 22 | 23 |
| | 25 | 26 | 27 | 28 | 29 | 30 |
| 31 | | | | | | |

**ЦРН ПОНЕДЕЛНИК**

Издавач:
Фондација Отворено општество - Македонија

За издавачот:
Владимир Милчин

Уредник:
Виолета Глигороска

Фотографии:
Ванчо Џамбаски

Лектура:
Абакус

Дизајн:
Кома

Печати:
Скенпоинт

Тираж:
1000

Бесплатно/некомерцијално издание

CIP - Каталогизација во публикација
Национална и универзитетска библиотека „Св. Климент Охридски“, Скопје

32.019.5:321.7(497.7)“2012/13“

ЦРН понеделник / [уредник Виолета Глигороска ; фотографии Ванчо Џамбаски]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2013. - 248 стр. : илустр. ; 23 см

Фусноти кон текстот

ISBN 978-608-218-168-4

а) Јавно мислење - Демократија - Македонија - 2012-2013
COBISS.MK-ID 93309450

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА

# Содржина

ВЛАДИМИР МИЛЧИН
ПРОТИВ ЗАБОРАВОТ:
ЦРНИОТ ПОНЕДЕЛНИК И ПО НЕГО....................4

МИРЈАНА НАЈЧЕВСКА
„ГАЗЕЊЕ НА УСТАВОТ, ЗАКОНИТЕ И ПРАТЕНИЦИТЕ“............8

ИДА ПРОТУЃЕР
БУЏЕТОТ НА РМ ЗА 2013 Г. И НАСТАНИТЕ ОКОЛУ НЕГО.......34

ЖАРКО ТРАЈАНОСКИ
ХРОНОЛОГИЈА НА НАСТАНИТЕ...........................46

СЕАД РИЗВАНОВИЌ
УРЕДНИК ВО ТЕЛЕВИЗИЈАТА 24 ВЕСТИ
КАКО „ВЕСТИТЕ“ ГИ ДОЖИВЕАЈА ВЕСТИТЕ –
ВОНРЕДНАТА СОСТОЈБА НИЗ ОЧИТЕ НА
ИНФОРМАТИВНАТА ТЕЛЕВИЗИЈА 24 ВЕСТИ................134

КАТЕРИНА ЦАНЕВСКА-АРСОВСКА
СОБРАНИСКАТА ГАЛЕРИЈА – ЈАВНОСТ ИЛИ ЧИСТИЛИШТЕ.......146

УБАВКА ЈАНЕВСКА
БЛОКАДИ............................................148

РЕАКЦИИ ОД ЦИВИЛНИОТ СЕКТОР.......................154

КОЛУМНИ............................................168

ИНТЕРВЈУА..........................................176

КУЛТУРА............................................202

ИНТЕРВЈУА..........................................224

Владимир Милчин

# ПРОТИВ ЗАБОРАВОТ: ЦРНИОТ ПОНЕДЕЛНИК И ПО НЕГО

*„Ако суштинскиот елемент на нацијата е нејзините припадници да имаат многу заеднички нешта, тогаш сите тие заеднички мора и да заборават многу нешта: Секој Французин мора да ја заборави Вартоломејската ноќ и колежите на катарите во Јужна Франција во 13 век*“ - Ернст Ренан во „Што е нацијата“, 1882 година.

Деновиве, на дебатата за бугарско-македонските односи одржана во клубот ГЕМ, бугарскиот интелектуалец Јавор Сидеров вака го парафразираше Ренан: „*Историјата на нацијата се состои од она што го памети, но и од она што го заборава*“. Се разбира, тој тоа го кажа во контекст на проблемите во македонско-бугарските односи, но јас не можев да не помислам на 24 декември, црниот понеделник, македонската вартоломејска ноќ: Дали Груевски и неговите сопартијци и пропагандисти навистина очекуваат сите припадници на македонската нација изложена на рекомпонирање да заборават што се случи на 24 декември во законодавниот дом на Република Македонија?

Пред нашите очи се бришат стенографските белешки за да се избришат трагите од црниот понеделник, кога новинарите и пратениците беа набркани од Собранието кое до неодамна си го викавме „народно“. Пред нашите очи се сечат и прелепуваат видеозаписите од собраниските камери за да се олесни заборавот на нацијата, кој треба да настапи ако не веднаш, тогаш утре, ако не утре, тогаш задутре. Операцијата „Заборав“ започна уште со бркањето на новинарите од собраниската галерија. Сведоците и камерите беа отстранети со поддршка од пратениците на власта. Некои од нив гласно одобруваа, а некои си молчеа. Подоцна, откако се сврши работата, коалициониот партнер на Груевски Али Ахмети се „огласи“ дека никој не смеел да ги тепа новинарите!? А Груевски лично се пожали дека му било непријатно!? За присилното отстранување на пратениците на опозицијата, проследено со аплаузи од пратеничките клупи на ВМРО-ДПМНЕ, ниту

Груевски ниту претседателот Иванов не изразија ни непријатност ни жалење. Како ништо да не се случило. Дали си мислеа дека хororот ќе остане скриен меѓу собраниските ѕидови и не очекуваа дека шокантните слики сепак ќе излезат на виделина. Не знам што беше поужасно, насилството или одобрувањето на насилството од страна на пратениците на власта, ликувањето и злорадоста со кои беше поздравен триумфот на безумието, кое со ќотек го воведе едноумието во она што требаше да биде повеќепартиски парламент. Врв на резилот беше спокојството на немиот сведок, народниот правобранител, кому Собранието, „олеснето“ од недисциплинираните пратеници, му го изгласа вториот мандат.

На црниот понеделник власта фактички изврши државен удар со тоа што ги згази и поништи мандатите на пратениците избрани од 370.000 граѓани и ги избрка на улица. И веднаш потоа, откако набрканите пратеници соопштија дека не се враќаат во собраниските клупи, ги обвини за „улична демократија“. А граѓаните кои пред собраниската зграда протестираа против легализирањето на буџетската дупка ги обвини за обид за „државен удар“. И, додека пред собраниската зграда се одвиваше наводниот државен удар очи в очи со до заби вооружените полицајци и под будното око на исти такви полицајци на зградите наоколу, се случи вистинскиот удар, партиско-полицискиот напад врз седиштето на најголемата опозициска партија на улица „Бихаќка“. Речиси едновремено, совршено синхронизирано со присилното отстранување на пратеничките и пратениците со кое командуваа вицепремиерот и министер за финансии и министерката за внатрешни работи!

Црниот понеделник како земјотрес ја стресе и ја расцепи Македонија. Исчезна дури и привидот на нормалноста. На улиците веќе шест недели се одвиваат континуирани протести кои премиерот најпрвин се обидуваше да ги игнорира и потценува, но набргу почна да ги демонизира. Во „исчистеното“ собрание, мнозинството со полна пареа изгласува закони по налог на владата на Груевски. Брисел и

Вашингтон бараат да се обнови институционалниот политички дијалог за да може да се направи исчекор во преговорите за името. За да ја омекнат опозицијата, го будат заспаниот претседателот на државата и му сугерираат да формира комисија за утврдување на вистината за црниот понеделник. Опозицијата не отстапува од барањето за предвремени парламентарни избори, се заканува со бојкот на локалните избори и ја повлекува безрезервната поддршка за компромисно решение на спорот за името. Силината на тектонското изместување е толкава што дури и замолчаната интелектуална елита веќе мора да проговори. Стратегиите на Никола Груевски за „дисциплинирање“ и „нормализирање“ не успеваат, па тој, соочен со опозиција која не личи на онаа од пред 24 декември, најпосле го обвинува Црвенковски дека работи за Грција.

Подмачкана со буџетски пари, пропагандната машинерија на медиумите контролирани од премиерот се забревта до усвитеност деноноќно произведувајќи заговори и непријатели. Но Македонија се буди од седумгодишната опиеност со „преродбата“, стравот се топи, вчерашниот шепот се претвора во гласност. Денес, граѓаните одбиваат во името на национално единство по урнекот на Груевски да заборават кој и како владее со нив и бараат одговорност за злоупотребите на власта.

Книгата што ја читате е придонес кон будењето на Македонија во која никогаш повеќе не смее да се случуваат црни понеделници, неказнето да се гази Уставот, да се игнорира законот, да се изнасилува демократијата, да се обезвреднуваат и понижуваат институциите, а потоа да се „бранат“ со полиција и пропаганда. Борбата за демократска Македонија е борба за стабилна Македонија!





Мирјана Најчевска

# „Газење на Уставот, законите и пратениците“

## 1. Правна рамка

Улогата на Собранието/пратениците на Република Македонија, како највисок орган во организацијата на државната власт, е определена во Уставот на Република Македонија. Процедурите за работа на Собранието/пратениците, односите со другите сегменти на власта и со граѓаните се формулирани во Законот за Собранието, Законот за пратениците и во Деловникот на Собранието.

Постапката за донесување на буџетот на државата е регулирана во Уставот, Законот за Собранието, Законот за пратениците, Деловникот на Собранието и во Законот за буџетите.

## 2. Претходен историјат (поширок контекст)

На 24.12.2012 година во Македонија беа прекршени Уставот и законите, беа повредени основните права и суверенитетот на граѓаните, беа негирани демократските институции, беше отповикан принципот на владеење на правото и нападнат политичкиот систем на парламентарната демократија. Ова е направено со актот на насилство врз пратениците од опозицијата, со нивното исфрлање од просториите на салата за одржување на пленарната седница на Собранието во текот на донесувањето на Буџетот за 2013, како и со отсуството на каква било расправа за настанатата ситуација на наредните седници на Собранието, кое продолжи да работи во отсуство на пратениците од опозицијата.

### 2.1. Генерални параметри на парламентарната демократија

За да може да се долови правната димензија на овие повреди, тие мора да бидат разгледани во рамките на значењето на демократијата,

владеењето на правото и човековите права и нивната улога во постоењето на цивилизираните држави на 21 век.

Демократијата, владеењето на правото и заштитата на основните човекови права и слободи се трите суштински компоненти од кои е составена цивилизираната држава на 21 век. Тие се испреплетуваат, преклопуваат и надополнуваат, меѓутоа за да може да стане збор за цивилизирана држава, тие мора да бидат видливи и ефективно присутни.

Не може да има демократија без постоење на правила, процедури и критериуми (како дел од правото) и без услови за практикување на основните права (сите и од страна на сите). Не може да се зборува за владеење на правото доколку не постојат демократска атмосфера и демократски процедури во кои ќе бидат донесени законите, како сублимат на правото, а не на неправото, и без инкорпорирање на основните права и слободи во правната заштита. Не може да стане збор за промоција и заштита на човековите права и слободи без постоење на механизмите на демократската држава во која владее правото.

Процедурите, правилата и критериумите имаат исклучително големо значење и за демократијата и за владеењето на правото и за промоцијата и заштитата на човековите права. Формата е суштествен дел кој ја обезбедува содржината. Процедурата на донесување на еден закон или одлука во Собранието е сублимат на сите демократски процедури и показател на нивото на развој на демократијата во една држава.

## 2.2. Уставна гаранција и заштита на демократијата

Формата во никој случај не смее да биде спротивна на содржината (суштината) којашто ја врамува. Особено е важно формата да не биде

во спротивност со духот на демократскиот систем и со основните вредности зацртани во Уставот на државата.

Тоа значи дека сите закони и други документи мора да бидат во согласност со Уставот, да произлегуваат од Уставот и да го рефлектираат духот на Уставот (кој може да биде променет само во посебна постапка и со двотретинско мнозинство од сите пратеници).

Еден од столбовите на демократијата е правото на граѓаните да одлучуваат преку претставници избрани на слободни избори. Во работата на овие претставници е имплементиран суверенитетот на граѓаните и токму затоа тие се заштитени со Уставот.

Заштитата на пратениците е исклучително голема. Пратеникот не може да биде отповикан, со што се обезбедува дека никој не може да влијае врз неговата работа, врз процесот на одлучување и ставовите што тој ги зазема во Собранието. Пратеникот не смее да биде повикан на одговорност поради искажано мислење во Собранието. Заштитата е толку голема што води дури и до специфична процедура во услови кога пратеникот е осомничен за сторување кривично дело од големи размери (за кое е предвидена казна затвор над 5 години). Со цел да се заштити независноста на пратениците, во Уставот е определено дека тие примаат надомест и дека не смеат да се занимаваат со друга професија или да имаат друга функција.

Ваквата поставеност на пратениците е неопходна за да можат да ги претставуваат граѓаните, да ја контролираат извршната власт и за да можат да ги донесуваат највисоките акти на државата. Какво било загрозување на ваквата поставеност на пратеникот всушност ја загрозува суштината на парламентарната демократија, односно претставува рушење на политичкиот систем на државата. Ова е, најверојатно, идејата којашто го водела уставотворецот, кога во Уставот не предвидел посебен закон/закони со кој/кои ќе се доразработи (на законско ниво) работата на Собранието, правата и обврските на пратениците и соодветните процедури, туку предвидел донесување на Деловник, како внатрешен/технички акт за регулирање на правилата на процедурата (анг. Rules of Procedure), како што е официјално преведен од страна на Собранието[1].

1 Оваа терминологија се употребува во согласност со Прирачникот за преведување на

Ова значи дека секој пропис со кој понатаму би се конкретизирала работата на Собранието и правата и должностите на пратениците мора да се задржи само на техничко прецизирање на одредбите од Уставот, а никако суштински да ги доразработува или на каков било начин да ги толкува во насока на нивно менување. Сите овие документи мора да бидат во согласност со највисокото барање поставено во Уставот: пратениците да бидат во состојба да дејствуваат во насока на претставување на потребите и интересите на граѓаните кои ги избрале, да ги штитат правата и интересите на граѓаните кои им го довериле мандатот и да не зависат од ниту една од другите гранки на власта (судската и извршната). Ако се има предвид ова, тогаш Законот за Собранието и Законот за пратениците (чие донесување не се ни спомнува во Уставот, освен во членот 64, каде што се уредува правото на пратеникот да добие надомест утврден со закон, што може да имплицира потреба/можност од донесување посебен закон) треба да бидат донесени со двотретинско мнозинство, а Деловникот на Собранието и Правилникот за внатрешниот ред на Собранието мора да бидат донесени во процедура и со содржина кои ќе соодветствуваат на овие барања. Во спротивно, по автоматизам тие можат да се сметаат за противуставни. Ова може и конклудентно да се изведе од уставната одредба со која, на пример, Законот за судовите мора да биде донесен со двотретинско мнозинство (чл. 98 од Уставот), исто како и законот со кој ќе се уреди организацијата и работата на државната управа (чл. 95 од Уставот). Имено, не е логично ваков вид мнозинство да се бара за законите поврзани со управата и судството, но не и за законите и актите поврзани со највисокото законодавно тело.

## 2.3. Проблеми на законското регулирање

Клучни закони и прописи кои се однесуваат на работата на Собранието и правата и должностите на пратениците се донесени во отсуство на опозицијата (на пример, Изборниот законик, Законот за финансирање на политичките партии, Законот за пратениците, Деловникот за

правните акти на Република Македонија, http://www.sep.gov.mk/content/userfiles/file/Priracnik%20za%20preveduvanje%20na%20pravnite%20akti%20na%20RM%20final.pdf

**Клучни закони и прописи кои се однесуваат на работата на Собранието и правата и должностите на пратениците се донесени во отсуство на опозицијата (на пример, Изборниот законик, Законот за финансирање на политичките партии, Законот за пратениците, Деловникот за работата на Собранието)**

работата на Собранието)[2]. Со самото тоа што овие закони/прописи со кои се регулираат правата и должностите на пратениците, кои во одделни случаи значат дури и одземање/ограничување на нивниот мандат спротивно на чл. 65 од Уставот[3] (било формално или фактички, како што е можноста да бидат отстранети од салата за одлучување или да се намали надоместокот што го добива пратеникот)[4] се носат без присуство на пратениците од опозицијата, тие мора да бидат прогласени за неуставни и веднаш да бидат ревидирани.

Се отиде дури и чекор понатаму. Имено, самиот Деловник е процесиран во итна постапка, која е применлива само во случаи кога тоа е неопходно заради спречување и отстранување на поголеми нарушувања во стопанството или кога тоа го бараат интересите на безбедноста и одбраната на Република Македонија или во случаи на поголеми природни непогоди, епидемии или други вонредни потреби.

Дополнително, Законот за пратениците е променет по скратена постапка во 2011 година[5]. По дефиниција, по скратена постапка се донесуваат закони кои се од помала важност. Наспроти ова, промената е предложена од 46 пратеници, што само по себе зборува за тоа дека промената е од значење и посебен интерес на пратениците. Второ, со промената се утврдува дека „промената се однесува на дефинирање на финансиските параметри", со што директно се влијае на остварувањето на мандатот на пратениците. И како трето, во самото образложение на Предлогот за промени на Законот се тврди дека промената е направена со цел да се имплементира Резолуцијата

2 http://www.novamakedonija.com.mk/NewsDetal.asp?vest=119122126448&id=9&setIzdanie=22726; http://vesti.alfa.mk/default.aspx?eventid=10292&mid=36
3 Устав на РМ, член 65: Пратеникот може да поднесе оставка.
Пратеникот оставката ја поднесува лично, на седница на Собранието.
На пратеникот му престанува мандатот кога е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години.
На пратеникот може да му биде одземен мандатот кога е осуден за кривично или друго казниво дело што го прави недостоен за вршење на функцијата пратеник, како и за неоправдано отсуство од Собранието повеќе од шест месеци. Одземањето на мандатот го утврдува Собранието, со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.
4 Чл. 26 од Законот за пратениците
5 http://www.sobranie.mk/ext/materialdetails.aspx?Id=bc01d869-659f-4aa0-ac9e-65aece-0b78ee

1601 (2008) на Советот на Европа „Процедурални насоки за правата и обврските на опозицијата во демократските држави“. Врз основа на ова тврдење е направена промена на Законот за пратениците, според која „висината на платата на пратеникот кој не учествува во работата на Собранието на Република Македонија (бојкотира) по јавно дадена изјава од страна на пратеничката група на која ѝ припаѓа дека нема да учествува во работата на Собранието (бојкотира), изнесува една третина од платата што му е исплатена во текот на последниот месец. Висината на платата од ставот 2 на овој член се однесува и на пратеник кој не учествува во работата на Собранието на Република Македонија (бојкотира) по негова јавно дадена изјава дека нема да учествува во работата на Собранието на Република Македонија (бојкотира). Примената на ставовите 2 и 3 од овој член ја уредува Претседателот на Собранието на Република Македонија, а поединечни решенија носи Комисијата за прашањата на изборите и именувањата“.

На овој начин фактички се суспендира мандатот на пратениците (кои не смеат да имаат други извори на приходи) и тие се ставаат под чизмата на Владата (владејачкото мнозинство), односно директно се влијае врз начинот на изразување на мислењето на пратениците.

Наспроти ова, во текот на својот развој демократијата дошла до едно уште повисоко ниво – посебна заштита на пратениците од опозицијата. Оваа заштита е воспоставена со цел демократијата да не дојде во ситуација на диктат на мнозинството, за да се обезбеди постојана контрола над оние кои ја освоиле власта и секогаш да може да се обезбеди влијание и на поинакви гледишта од оние на владејачката структура. Улогата на опозицијата добива посебно значење во процесот на донесување на Буџетот, а ситуацијата во Македонија укажува на законски ограничувања, како и на продолжителна практика на миноризирање на влијанието што можат да го имаат пратениците од опозицијата врз решенијата поврзани со Буџетот[6].

6 Повеќе за контролната функција на Парламентот кај Коруновска Аврамовска Н., (2012), Парламентарната контрола над Владата во Република Македонија, Фондација Отворено општество – Македонија (стр. 31-39)

Според Резолуцијата 1601(2008) на Советот на Европа под наслов „Процедурални насоки за правата и одговорностите на опозицијата во демократскиот парламент“[7], меѓу другото се наведени:

1. Парламентарците мора да го остваруваат својот мандат независно без какви било ограничувања и не смеат да бидат обвинувани за бранење на идеите кои се спротивни на официјалната владина политика, па дури и на мнозинството на населението.
2. Претставниците на опозицијата мора да уживаат слобода да ги искажат сите свои идеи.
3. Членовите на опозицијата треба да бидат привилегирани во поставувањето прашања на Владата (да го започнат поставувањето прашања и да можат да постават повеќе прашања).
4. Претставниците на опозицијата треба да имаат право во регуларни периоди да го определат дневниот ред на пленарната сесија и да ги изберат прашањата за дебата, вклучувајќи ги и законите предложени од страна на претставниците на опозицијата, контролата на работењето на Владата и евалуацијата на јавните политики и трошењето. Прашањата избрани од опозицијата во тие денови ќе имаат предност над владините работи.
5. Претставниците на опозицијата имаат право да зборуваат и да гласаат на сите дебати.
6. Претставниците на опозицијата имаат право да предлагаат амандмани
7. Претставниците на опозицијата имаат право да побараат испитување на уставноста на нацрт-законите или на собраниски акти од страна на Уставниот суд или од соодветно законско тело (пред нивното усвојување)
8. Претставниците на опозицијата имаат право да постапуваат пред ревизијата и да бараат мислење за прашања поврзани со буџетот и финансиските работи.

Уште повеќе во Резолуцијата **1154 (1998)** за демократското функционирање на националните парламенти стои: „треба да се

7 http://assembly.coe.int/main.asp?Link=/documents/adoptedtext/ta08/eres1601.htm

изработат процедури кои ќе овозможат избраните претставници да уживаат такво ниво на независност кое ќе превенира нивно потпаѓање под партиската власт".

Сево ова покажува дека целокупниот контекст и настаните кои во континуитет им претходат на случувањата од 24.12.2012 претставуваат кумулирано неразбирање на демократијата, кршење на правото и изгласување закони кои се спротивни на Уставот и чие почитување, односно примена, само по себе претставува дерогација на позицијата на пратениците, така како што е дадена во Уставот на Република Македонија.

Во услови кога се повеќекратно прекршени процедурите за донесување на законите, кога процедурите се приспособуваат на дневните потреби на владејачката структура и кога дури и така приспособените процедури се кршат, се поставува прашањето за правото на употреба на други средства за изразување на мислењето надвор од вообичаените – дискусија и гласање. Во вакви услови, сосема легитимни стануваат и демонстрирањето, бојкотот и ненасилните средства за спречување на одржување на седница, за која пратениците сметаат дека претставува грубо кршење на правото и Уставот, односно неможност да се застапуваат и презентираат потребите и интересите на граѓаните од кои се избрани. Од друга страна, координаторот на пратеничката група на СДСМ, Игор Ивановски, ни ги посочи ограничувањата на правата на пратениците од опозицијата да присуствуваат на седницата: „Нас, како пратеници од опозицијата, на 24.12.2012 не ни беше овозможено да бидеме дел од пленарната седница како пратеници, во согласност со Деловникот. Вообичаено, еден час пред одржување на седниците доаѓаат службите со евидентните листови и картиците. На 24.12.2012 околу десет часот дојде вработена од службата и веднаш беше повикана од обезбедувањето и беше отстранета. Ниту имаше проблем од наша страна, ниту некој ѝ забрани, ниту пак имаше каков било контакт. Седевме на фотелјите пред салата. За отсуството на евидентните листови и картиците беше информиран претседателот Трајко Вељановски. За разлика од нас, пратениците од владејачкото мнозинство дојдоа по 11:15 часот, со картичките во рака, веќе дадени, организирано да влезат во салата".

**Во вакви услови, сосема легитимни стануваат и демонстрирањето, бојкотот и ненасилните средства за спречување на одржување на седница, за која пратениците сметаат дека претставува грубо кршење на правото и Уставот, односно неможност да се застапуваат и презентираат потребите и интересите на граѓаните од кои се избрани.**


ПОЛИЦИЈА


ПОЛИ

## 3. Конкретни повреди на Уставот и законите

Конкретните прекршувања поврзани со настаните од 24.12.2012 се однесуваат на:

- отстранувањето на пратениците од опозицијата од салата на Собранието на Република Македонија;
- примената на сила врз пратениците од опозицијата;
- непочитувањето на процедурата за донесување на буџетот (прекинување на работата на матичното тело – Комисијата за финансирање и буџет, отсуство на расправа за амандманите поднесени од страна на опозицијата, прифаќање на промените што ги прави Владата без никаква расправа и изготвување извештај за завршена фаза на разгледување на буџетот, направен без фактички да биде завршена расправата);
- изгласувањето на буџетот на државата во неговата променета форма без никаква дополнителна расправа на пленарната седница на Собранието;
- отсуството на стенографските белешки од седницата на која е донесен буџетот од интернет-страницата на Собранието; и
- закажувањето и одржувањето нова седница на Собранието без расправа за новонастанатата ситуација.

### 3.1. Прекршување на процедурите и правилата во однос на пратениците како избраници на граѓаните

Појдовна позиција:

- Собранието не е ништо друго туку збир на пратеници кои се избрани од граѓаните;
- пратеникот не е вработен во Собранието, туку е избран од граѓаните на Република Македонија;
- пратеникот во себе го сублимира суверенитетот кој граѓаните му го пренесуваат со цел да одлучува во нивно име и во нивна корист;
- пратеникот има имунитет и посебни бенефиции кои му овозможуваат непречено остварување на својот мандат.

Неразбирањето на местото на пратеникот во парламентарната демократија е клучно за правниот контекст во кој се случија настаните од 24.12.2012, но и за сите понатамошни активности кои се спроведуваат, а со кои се руши темелот на парламентарната демократија.

А) Со насилното отстранување на пратениците од просториите на Собранието се прекршени 10 члена од Уставот:

1. Според чл. 62 од Уставот, „пратеникот не може да биде отповикан“. Со оваа одредба е дадена гаранција дека никој не може да го смени решението на граѓаните дадено во текот на изборите и дека граѓаните можат да бидат сигурни дека нивните интереси и потреби ќе ги застапуваат токму претставниците кои ги избрале. Со отстранувањето на пратениците од опозицијата од собраниската сала и оневозможувањето да учествуваат во расправата и да го кажат своето мислење за буџетот, тие се фактички отповикани.

2. Според чл. 64 од Уставот, „пратениците уживаат имунитет“. Пратеникот не може да биде повикан на кривична одговорност или да биде притворен за искажано мислење или за гласање во Собранието. Пратеникот има право на надомест утврден со закон. Давањето имунитетот е највисоката можна заштита на пратениците. Со исфрлањето на пратениците од Парламентот, всушност ним им е ограничено правото да го искажат своето мислење, а со донесувањето закон со кој можат парично да бидат казнети всушност е создадена алатка за контролирање на пратениците во искажувањето на нивното мислење.

3. Според чл. 65 од Уставот, „на пратеникот му престанува мандатот кога е осуден за кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години“. Ова подразбира спроведена судска постапка и изречена казна затвор која треба да се издржува. Со исфрлањето од Парламентот, пратениците се оневозможени да го остваруваат својот мандат, што значи дека мандатот им е одземен без да постои судска одлука.

4. Според чл. 67 од Уставот, „функцијата Претседател на Собранието е неспојлива со вршење друга јавна функција, професија или функција во политичка партија“. Со оглед на тоа дека претседателот на Собранието, Трајко Вељановски, отворено застана на страната на

една политичка партија и недвосмислено ги заштитуваше интересите на таа политичка партија, се поставува прашањето дали во овој случај не станува збор за фактичко вршење на партиска функција.

5. Според чл. 70 од Уставот, „седниците на Собранието се јавни“. Јавноста е исклучително важна за функционирањето на парламентарната демократија, како постојано отворена можност за контрола на народните избраници. Јавноста не ги подразбира само медиумите, туку и сите оние кои ќе побараат присуство на пленарните седници (особено научната и стручната јавност). Одредбата со која се бара двотретинско мнозинство во донесувањето на одлуката за отстранување на јавноста на многу јасен начин ја потврдува важноста на овој институт и исклучителноста на ситуациите во кои може да биде отстранета јавноста. Ваква одлука не беше донесена. Со тоа е директно загрозена контролата на граѓаните над нивните избраници, но и можноста пратениците да им покажат на граѓаните дека соодветно го извршуваат дадениот мандат.

6. Според чл. 91 од Уставот, „Владата предлага закони, републички буџет и други прописи што ги донесува Собранието. Со тоа што Владата фактички реши што ќе биде внесено, а што нема да биде внесено во буџетот (без соодветна расправа и без дополнително образложение) и со тоа што беше скратена постапката за расправа за буџетот во соодветните собраниски тела (со што не само што не се расправаше за амандманите предложени од страна на опозицијата, туку воопшто не се расправаше за буџетот), како и со тоа што пратениците од опозицијата беа отстранети од Собранието, Владата стана фактички носител на буџетот, а пратениците се појавија како гласачка машина која безрезервно ја прифаќа понудената верзија.

7. Според чл. 2 од Уставот, „во Република Македонија суверенитетот произлегува од граѓаните и им припаѓа на граѓаните“. Граѓаните на Република Македонија власта ја остваруваат преку демократски избрани претставници по пат на референдум и други облици на непосредно изјаснување. Со исфрлањето на пратениците од опозицијата од Парламентот е нарушен суверенитетот на граѓаните, кои не можат да ја остварат власта затоа што претставниците кои ги избрале се отстранети од Собранието.

8. Според чл. 8 од Уставот, „темелна вредност на уставниот поредок е поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска". Со отсуството на расправа за документ кој го предлага извршната власт пред законодавната е нарушена оваа поделба. Дисбалансот се состои во тоа што Владата ги остварува своите уставно дефинирани надлежности (да предлага и да подготвува буџет), додека пратениците не ја остваруваат својата уставна надлежност да расправаат за тој буџет, да влијаат на неговата содржина и да го изгласаат во верзијата која ја сметаат за најдобра за граѓаните кои ги застапуваат.

9. Според чл. 25 од Уставот, „на секој граѓанин му се гарантира почитување и заштита на приватноста на неговиот личен и семеен живот, на достоинството и угледот". Со тоа што пратениците без исфрлени од Собранието на најпонижувачки начин, е нарушено нивното право на заштита на достоинството и угледот.

10. Според чл. 66 од Уставот, „Собранието е во постојано заседание". Со тоа што пратениците беа исфрлени од Собранието, тие не можат да бидат дел од постојаното заседание на Собранието.

Б) Со воспоставувањето на принципот на намалување на надоместокот на пратениците во случај на бојкот, пратениците се подведени под Законот за работни односи (како секој друг вработен во Собранието). Очигледно ова е интенцијата и во самото донесување на промените на Законот за пратениците, што јасно произлегува од образложението на Трајко Вељановски (кое го дава во својство на претседател на Собранието)[8]: „Се разбира, никој не го оспорува правото на искажување на политичкиот став и ваквиот или онаков начин на презентирање на тој став и тоа е неприкосновено право на пратениците. Но мора да разбереме дека во делот на обврските пратениците не се и не треба драстично да се разликуваат од сите други граѓани во државата кои работат и секојдневно мора да ги исполнуваат работните обврски". Претседателот на Собранието не разбира дека пратениците не се ограничени на искажување на сопствениот политички став (што е впрочем уставно загарантирано право на секој граѓанин на Република Македонија) и дека пратениците се драстично различни од сите други граѓани бидејќи во себе го сублимираат суверенитетот на тие граѓани и дека пратениците не

8 Стенограмски белешки од 147 седница на Собранието одржана на 6.04.2011 г.

одат во Собранието на своите работни места, односно дека не се вработени во Собранието, туку дека тие го сочинуваат Собранието. Со зборовите: „А што да кажат оние граѓани кои се невработени, кои се борат да дојдат до работно место, да земат своја плата и конечно да најдат свое место, свои права и одговорности во нашето општество?“, Трајко Вељановски јасно покажува дека пратениците ги третира како вработени во некоја приватна фирма кои ја заработуваат својата плата, а не како највисоки репрезенти на граѓаните кои ја имаат највисоката власт во државата – законодавната. За него пратениците треба да се третираат исто како кој било вработен, односно пратеничката функција е само уште едно вработување. На ваквиот третман на пратениците реагира потпретседателот на Собранието на РМ, Јани Макрадули: „Наш работодавач е народот на избори, така што поистоветувањето на Претседателот на Собранието со работодавач на пратениците претставува омаловажувачки однос кон избраните пратеници и кон граѓаните од кои извира суверенитетот“. Ваквиот однос кон Собранието е основата на сите натамошни настани кои кулминираа со случувањата на 24.12.2012 година.

Од правен аспект, апсурдот е неверојатно голем. Со тоа што пратениците на овој начин се подведуваат под Законот за работни односи, се поставува прашањето кој е работодавачот, дали може да биде прогласен технолошки вишок, да се формира синдикат на парламентарците, да се склучи колективен договор за заштита на нивните права, па и на правото на штрајк. Со оглед на тоа дека работодавачот не е дефиниран и дека не се воспоставени заштитни механизми на овој закон во однос на работодавачот (можност за формирање синдикат, право на штрајк, колективен договор, мобинг и сл.), што е и дел од правниот апсурд, секој ваков потег претставува директен атак врз самото Собрание и неговиот мандат, како и атак на суштината на парламентарната демократија. Специфичните права на одмор, породилно отсуство, работно време и сл., кои се базираат на Законот за работни односи, во никој случај не ги подведуваат пратениците под овој закон, туку само искористуваат одредени негови решенија со цел да се заштити пратеничката функција и да се одбрани од дискриминација. Отсуството на договор за вработување и на сите заштитни механизми кои ги повлекува овој договор, е заменето со многу повисоката уставна заштита на пратениците.

В) Деловникот на Собранието е фелеричен сам по себе, поради постапката во која е донесен и одредбите коишто ги содржи (кои ги надминуваат техничките решенија потребни за одвивање на работата на Собранието), а со кои се имплементираат уставните определби. Меѓутоа, и во оваа форма, Деловникот е прекршен со тоа што на пратениците од опозицијата фактички им е одземен мандатот, со тоа што се спречени практично да го остваруваат (да расправаат за буџетот, да поднесуваат амандмани, да го искажат своето мислење за буџетот и да можат да извршат влијание во структурирањето на буџетот).

**Според чл. 8 од Законот за пратениците,** „На пратеникот му престанува мандатот пред истекот на времето за кое е избран ако: 1) поднесе оставка; 2) е осуден на кривично дело за кое е пропишана казна затвор во траење од најмалку пет години; 3) настапи случај на неспојливост на функцијата; 4) му престане државјанството на Република Македонија; 5) со правосилно решение биде лишен од деловната способност, и 6) во случај на смрт.

Според чл. 16 од истиот закон, „пратеникот не може да биде повикан на кривична или друга одговорност или да биде притворен за искажано мислење или гласање на седниците на Собранието или на неговите работни тела“. Законот не објаснува што подразбира под „друга одговорност“ и може само да се претпостави дека ова се однесува на посебни прекршувања предвидени во други закони, а кои се под нивото на кривичната одговорност. Ако е така, тогаш врз основа на што се повикани на одговорност пратениците кои го искажуваат своето мислење (кое не мора да биде искажано само со зборови, туку и со постапки)? Тргнувајќи од фактот дека во Уставот не е забранет бојкотот како начин на искажување на мислењето на пратениците, нема основа тие да бидат казнети за бојкот кој е употребен со цел да се искаже мислење, став или спротивставување на противправни дејствија (како што е непочитувањето на процедурите за донесување на законите). Пратениците не отсуствуваат од работата на Собранието од приватни причини или од немарност, туку го бојкотираат Собранието за да го свртат вниманието на неправото што се случува во него и да не бидат соучесници во противправните активности.

Пратениците не отсуствуваат од работата на Собранието од приватни причини или од немарност, туку го бојкотираат Собранието за да го свртат вниманието на неправото што се случува во него и да не бидат соучесници во противправните активности.

Г) Во одредувањето на процедурите, главна цел е да им се овозможи на пратениците да ја вршат функцијата за која се избрани од граѓаните. Тоа значи дека секоја одредба со која пратениците во процедурите на постапување на која било служба на Собранието се изедначени со другите граѓани е спротивна на Уставот. На пример, чл. 236 од Деловникот на Собранието, во кој се вели: „Овластените службени лица на органите на државната управа не можат без одобрение од претседателот на Собранието да имаат пристап во просториите[9] од ставот 1 на овој член, ниту да преземаат мерки спрема пратениците, работниците во Службата и спрема други граѓани" е спротивен на Уставот затоа што ги изедначува, во однос на постапувањето на службите, пратениците, вработените во Собранието и кој било друг граѓанин на РМ. Истото тоа се однесува и на чл. 43 од Законот за Собранието на Република Македонија, според кој: „Овластените службени лица на органите на државната управа не можат без одобрение од Претседателот на Собранието да имаат пристап во просториите од ставот (1) на овој член, ниту да преземаат мерки спрема пратениците, работниците во Службата и спрема други граѓани". Или (според истиот член): „За одговорноста за нарушување на редот во Собранието од страна на пратениците и надворешни лица кои учествуваат во работата на Собранието одлучува и донесува мерки Претседателот на Собранието, по претходна консултација со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи". *„Но, не ни претпоставував, иако видов присуство на овластени службени лица на органите на државната управа, дека во услови кога седницата не е ни почната, ќе влезат во салата и ќе нè исфрлат од неа. И да расчистиме една работа, бидејќи потоа на телевизиите одеше снимка од седница кога поранешниот претседател на Собранието Стојан Андов отстранил пратеник од седница. Кога има директен пренос, Претседателот има право, во согласност со актите, да го опомене и отстрани секој пратеник кој го нарушува редот. Но, на 24.12.2012 немаше директен пренос, немавме евиденциони картици, со еден збор седницата не ни беше почната. Обид од негова страна да се консултира со нас - немаше.",*

**Тоа значи дека секоја одредба со која пратениците во процедурите на постапување на која било служба на Собранието се изедначени со другите граѓани е спротивна на Уставот**

9 Се мисли на сите простории што им се дадени на располагање за работа и состаноци на пратениците во Собранието, во согласност со чл. 35 од Деловникот на Собранието и актот за внатрешниот ред на Собранието, што го донесува претседателот на Собранието.


OLICE

*потенцира координаторот на пратеничката група на НСДП и ЛП, Горан Мисовски*. Секое изедначување на пратениците и граѓаните во постапувањето во врска со нарушувањето на редот во Собранието е спротивно на одредбите на Уставот кои се однесуваат на имунитетот на пратениците и нивната посебна заштита којашто ја уживаат.

Меѓутоа, токму врз основа на овие членови, обезбедувањето на Собранието си дозволи отстранување на пратениците од опозицијата од салата на Собранието, и тоа по насилен пат.

Д) **Уште повеќе, дури и во рамките на овие процедурални решенија, Претседателот на Собранието направи такви пропусти и презеде такви активности кои директно се одразуваат на правата на пратениците и го доведуваат во прашање легитимитетот на функционирање на Собранието:**

- Според чл. 62 од Деловникот на Собранието, „претседателот на Собранието, заедно со потпретседателите, се грижи за остварувањето на правата на пратениците и за обезбедувањето услови за нивна работа“. Тоа значи дека секоја повреда на правата на пратениците претставува одговорност на претседателот и на потпретседателите.
- Според Деловникот на Собранието, алатките коишто му стојат на располагање на претседателот на Собранието за одржување на редот на седницата се многу ограничени (опомена и одземање на зборот на пратеникот) и не задираат во суштината на вршењето на пратеничкиот мандат.[10] Во иста насока се и процедуралните решенија за одржување на редот во просториите на Собранието.[11] Претседателот на Собранието е оној кој дава одобрение Службата за обезбедување на Собранието да преземе какви било мерки спрема пратениците. Доколку се следи духот на Уставот и одредбите поврзани со имунитетот на пратениците, тогаш претседателот на Собранието е тука да ги заштити пратениците и да одобри дејствување на Службата во однос на пратениците по исклучок, единствено доколку станува збор за вршење кривични дела за кои е пропишана казна затвор над пет години.

10 Чл. 91 од Деловникот на Собранието
11 Чл. 236 од Деловникот на Собранието

- Според чл. 93 од Деловникот, доколку претседателот на Собранието не може да го одржи редот, тој ќе одреди прекин на седницата. Никаде во Деловникот не се споменува насилно отстранување на пратениците од салата во која се држи седницата.

Вака ограничената можност за дејствување на претседателот на Собранието е втемелена во фактот дека тој е прв меѓу еднаквите и дека секое наметнување над другите пратеници значи узурпација на власта и негирање на демократски избраното Собрание.

### 3.2. Прекршувања на процедурите на донесување на буџетот

Прекршувањето на процедурите е присутно во текот на целиот процес на донесувањето на Буџетот за 2013.

А) Прекршен е чл. 79 од Деловникот на Собранието, според кој „Собранието не може да расправа по прашања за кои матичното работно тело и Законодавно-правната комисија не зазеле став, ако тоа не е поинаку уредено со овој Деловник".

Б) Спротивно на чл. 128 од Деловникот на Собранието, според кој „Работното тело зазема став за секое прашање што го разгледува и поднесува извештај до Собранието. Извештајот го содржи ставот на работното тело со образложение. Во извештајот се внесуваат и сите изнесени и издвоени мислења и предлози по прашањето што било разгледувано на седницата на работното тело", во извештајот кој е поднесен до Собранието, како од страна на Комисијата за финансирање и буџет (како матично тело), така и од Законодавно-правната комисија, не само што ги нема споменатите елементи, туку ја нема ниту онаа вообичаена реченица: „Комисијата со 8 гласа за и 4 гласа против, а во согласност со членот 180 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, заклучи дека е потребно Владата да подготви Дополнет предлог-буџет на Република Македонија за 2012 година, кој претставува нов интегрален текст во кој ќе ги вгради амандманите кои ги усвои Комисијата"[12] или „дека

12 Извештај на Комисијата за финансирање и буџет, бр. 19-4564/3 декември 2011 година, Скопје

врз основа на горенаведеното, а во согласност со членот 155 став 1 од Деловникот на Собранието на Република Македонија, не се исполнети условите да се подготви Дополнет предлог-закон за извршување на Буџетот на Република Македонија за 2012 година".[13] Наместо тоа, и двата извештаја (и оној на Законодавно-правната комисија и оној на Комисијата за финансирање и буџет) завршуваат без никаков заклучок, со едноставно завршување на листата на амандмани кои не ги прифатила Владата, зад кои се ставени потписи на пратениците, односно на претседателот на Комисијата.

В) Во постапката за донесувањето на Буџетот за 2013 година не е испочитуван чл. 180 од Деловникот на Собранието, според кој буџетот мора да биде ставен на дневен ред на Собранието на ист начин како предлог-закон во второ читање (со задолжителен општ претрес). Владата треба да работи на дополнетиот предлог по претресот во матичното тело и во Законодавно-правната комисија. Така дополнетиот предлог мора да биде образложен и тој се смета за нов интегрален текст.

Г) Ова се однесува и на чл. 142 од Деловникот, според кој токму матичното работно тело и Законодавно-правната комисија треба да дадат мислење за тоа дали предлогот на законот/буџетот е прифатлив и дали треба да се даде на натамошно читање. Според чл. 149, матичното работно тело и Законодавно-правната комисија поединечно ги претресуваат одредбите од предлог-законот, расправаат за поднесените амандмани и гласаат по нив. Работните тела можат да поднесат и свои амандмани.[14] Матичното работно тело и Законодавно-правната комисија мора да расправаат по предлог-законот дури и кога тој се носи по итна постапка. Ова е потенцирано со чл. 79, според кој: „Собранието не може да расправа по прашања за кои матичното работно тело и Законодавно-правната комисија не зазеле став,. ако тоа не е поинаку уредено со овој Деловник.[15] Расправата е дел од демократската процедура. Тоа важи за расправата на матичното тело и на Законодавно-правната

13 Извештај на Законодавно-правната комисија бр. 19-4564/, 4 декември 2011 година, Скопје
14 Деловник на Собранието на РМ
15 Деловник на Собранието на РМ




комисија, за расправата во другите работни тела на Собранието и, секако, за расправата на самата пленарна седница на која треба да биде изгласан буџетот. Наспроти ова, на пленарната седница бр. 49 (одржана на 24.12.2012) не само што не се расправа за Буџетот, туку само се гласа за него, а притоа е сосема евидентна намерата да се направи такво нешто, со тоа што на дневен ред покрај Буџетот се ставени уште 27 други точки). Уште повеќе, спротивно на чл. 107 од Деловникот на Собранието, токму стенографските белешки од оваа седница ги нема на интернет-страницата на Собранието.

Спротивно на чл. 153 од Деловникот на Собранието, според кој „за секој амандман се води претрес и се гласа одделно“, во матичното тело и во Законодавно-правната комисија воопшто не се расправа за амандманите, со што се изигрува суштината на расправата во матичното работно тело и се оди едноставно на просто надгласување. Се оди и чекор понатаму, односно не се спроведува ниту формално гласање во Комисијата, туку едноставно се читаат одбивањата на Владата за прифаќање на одделните амандмани. На тој начин Владата се става над Собранието (дури и во однос на формалната процедура).

Во извештајот на Комисијата за буџет стои: „На седницата на Комисијата беше прочитано писмено известување за ставот на Владата на Република Македонија по секој амандман“. Истото е повторено и на Законодавно-правната комисија. Тоа значи дека

Спротивно на чл. 153 од Деловникот на Собранието, според кој „за секој амандман се води претрес и се гласа одделно", во матичното тело и во Законодавно-правната комисија воопшто не се расправа за амандманите, со што се изигрува суштината на расправата во матичното работно тело и се оди едноставно на просто надгласување.

пратениците се откажале од тоа да ги слушнат, а камоли да дискутираат за предложените амандмани. Ова е директно дерогирање на Собранието и уривање на политичкиот систем на државата.

Формалното читање на дел од амандманите на Комисијата за финансирање и буџет и Законодавно–правната комисија, без никаква расправа по нив и со едноставно одбивање од страна на претставникот на Владата (се разбира, без никакво образложение), претставува отворено изигрување на правото.

Д) Буџетските цели и начела само ја зајакнуваат оваа определба со барањето за транспарентност, кое подразбира достапност на јавноста во сите фази на подготвување и извршување на буџетот. Тоа значи дека покрај суштинскиот проблем на отсуство на расправа, како обврска на пратениците (што патем значи дека според логиката на претседателот на Собранието, Трајко Вељановски, сите оние пратеници кои не расправеле треба да бидат казнети со намалување на нивните надоместоци, затоа што на тој начин не ја извршиле својата должност), отсуствува и расправата како дел од транспарентноста на процесот на донесување на буџетот. Во процедурата за донесување на буџетот отсуствуваат базичните елементи за расправа и информациите кои треба да ги поседуваат не само избраните претставници на граѓаните, туку и самите граѓани. Тоа се полугодишниот и годишниот извештај за извршувањето на буџетот за тековната година, на кои е обврзано Министерството за финансии со чл. 53 од Законот за буџетите, а кои не се објавени на интернет-страницата на Министерството за финансии, во согласност со законските одредби.[16] Може да се извлече заклучок дека намерата на владејачката политичка структура да го прекрши правилото на транспарентност е видлива уште со отсуството на предбуџетските документи за 2013 година, со што Предлог-буџетот станува сосема нетранспарентен за граѓаните на Република Македонија.

16 На Интернет-страницата на Министерството за финансии ги нема полугодишните и годишните извештаи и нема ниту една завршна сметка на државата од 2009 година па наваму.
http://www.finance.gov.mk/files/u12/ARC_MK_03_13.pdf

Ѓ) Во Уставот, законите или во Деловникот на Собранието нема ниту една одредба која би дала правна основа за менување на процедурите за донесување на буџетот затоа што не можат да се усогласат различните мислења и ставови, односно затоа што опозицијата има поднесено поголем број амандмани.

Напротив, во Законот за буџетите е предвидена можноста Буџетот на Република Македонија за наредната година да не биде донесен до 31 декември во тековната година. Значи, ова е легитимна можност која обезбедува повеќе време за преговарање, договарање и изнаоѓање компромиси. И уште повеќе, според ставот 3 од Законот за буџет, доколку Буџетот не биде донесен до 31 март во тековната година, Собранието на Република Македонија донесува одлука за продолжување на временото финансирање.

Наспроти ова, не само што е исфорсирана забрзана постапка со низа прекршувања на процедурите, туку со цел да се добие поддршка од граѓаните за овие прекршувања или да се создаде впечаток на изнуда, се проширија дезинформации кои поттикнуваат тензии во врска со донесувањето на буџетот, кој е наводно неопходен за да не пропадне државата, односно чие промптно недонесување би се одразило на остварувањата на правата на граѓаните.

## ЗАКЛУЧОК:

Со тоа што власта создала неправна ситуација во која го оневозможила остварувањето на мандатот на пратениците, односно со која им е укинато уставното право за изразување на мислењето, таа е директно виновна за сите активности на опозицијата кои излегуваат од рамките на вообичаениот начин на изразување.

Пратениците имаат право и должност да го заштитат највисокото тело на власта – Собранието и да не дозволат девалвирање на неговата функција.

Граѓаните имаат право на пратеници кои ќе бидат во состојба да ги пренесат нивните мислења и ставови и кои ќе бидат подготвени да застанат во одбрана на нивните потреби и интереси.

Постоењето на закони со кои се негираат уставно загарантираните параметри на парламентарната демократија и со кои им се дава легитимитет на неправни решенија, никако не може да биде основа за отсуство на правото на заштита од ваков вид закони и правото на спротивставување на нивната примена.

Во овој случај може да се примени и образложението дадено во рамките на пресудата на Европскиот суд за човековите права од 2009 година (**ПЕТКОВСКИ И ДРУГИ ПРОТИВ РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА** *(Жалба бр. 27736/03)*) точка 14 до 19.[17] Суштинската порака што Европскиот суд за човековите права ја упатува до власта преку овој случај е дека не може со законски промени и законски решенија да се уредуваат нештата на начин што  ги оневозможува луѓето да ги остварат своите права, односно со кои им се оневозможува заштита на загарантираните права.

По случувањата на 24.12.2012 година и прекршувањата на процедурите и правата на пратениците, тие имаат на располагање повеќе средства за заштита, односно можат да поведат: (1) Иницијативи пред Уставниот суд, со цел да се отстранат законските деформации кои им даваат лажен легитимитет на дел од активностите;

17 http://www.pravda.gov.mk/txt/presudi/mak/petkovski_drugi08012009.pdf

(2) Иницијатива до Уставниот суд за поништување на законите донесени во процедура спротивна на Уставот; (3) Иницијатива пред Уставниот суд за заштита на правата на пратениците; (4) Кривични пријави против сите извршители и наредбодавачи на насилството; (5) Кривична пријава за Велепредавство[18] против Претседателот на Собранието, Министерката за внатрешни работи и министрите кои со своите активности го стимулираа насилството. Во актуелната ситуација секое од овие средства е проблематично, со оглед на тоа дека Уставниот суд, Јавното обвинителство и редовните судови не функционираат како независни. Дополнително, пратениците кои на 24.12.2012 година беа исфрлени од салата за пленарни седници не сметаат ниту на заштита од страна на Народниот правобранител: *„Нема да поднесеме претставки до Народниот правобранител, кој додека се случуваше упадот на полицијата во Собранието се наоѓаше во непосредна близина на Сала 1, односно во Салата на Владата на РМ“, истакна координаторот на пратеничката група на СДСМ, Игор Ивановски.*



Ида Протуѓер

# Буџетот на РМ за 2013 г. и настаните околу него

Дури и буџетот да биде прогласен за легален во процедура за негово оспорување (ако се има предвид крајната партизираност на институциите и на судовите), тој ќе остане впишан во историјата како целосно нелегитимен. Со тоа, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ ќе ја носат одговорноста од нелегитимно трошење на јавните пари и задолжувањето на сите граѓани.

Во понеделник на 24.12.2012 г. за првпат во својата историја Македонија доби нелегитимен буџет. Најважниот документ во една земја - буџетот, беше донесен во крајно дискутабилна и спорна процедура, во приватна режија на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, а поддржана од коалицискиот партнер ДУИ. Неговото донесување беше проследено со уривање на демократијата и експлицитно практицирање на автократија со тоа што опозициските пратеници беа бруталното исфрлени од Парламентот, затоа што го кочеа неговото усвојување.

За разлика од португалскиот претседател Анибал Кавако Силва, кој неодамна најави дека буџетот за 2013 г. ќе го даде на преиспитување пред Уставниот суд (претседателот и владата во Португалија се од иста политичка опција), бидејќи промените во фискалната политика во Парламентот биле оценети како контроверзни, кај нас немаше никакви очекувања дека претседателот Ѓорѓе Иванов ќе настапи во името на сите граѓани, во име на правдата и на вистината и дека нема да го стави својот потпис додека не се расчистат сите дилеми околу легалноста на целата  процедура. Напротив, се чини дека тој не можеше да дочека да го стави својот потпис врз контроверзниот документ и на тој начин да ја „верифицира“ својата лојалност кон партијата што го постави на функцијата и да покаже дека и со негова помош и поддршка е исполнета волјата на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, иако притоа се згазени демократијата и институциите на државата.

Така, дури и буџетот да биде прогласен за легален во процедура за негово оспорување (ако се има предвид крајната партизираност на институциите и на судовите), тој ќе остане впишан во историјата како целосно нелегитимен. Со тоа, ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ ќе ја носат одговорноста од нелегитимно трошење на јавните пари и задолжувањето на сите граѓани.

Но, она што е за граѓаните нова лоша реалност е што „падна“ и последната институција што овозможуваше некаква контрола врз трошењето на јавните пари или, пак, ја подигнуваше јавната свест за ризиците од зголеменото задолжување и за нерационалното управување со парите на граѓаните. Ако се знае дека ниту еден наод на Државниот завод за ревизија (ДЗР) за незаконско и ненаменско трошење на јавните пари немаше институционална завршница, а медиумите како канал за објективно информирање за тоа како се управува со нашите пари се целосно компромитирани, Собранието остана единствената институција каде што може да се изнесат различни аргументи и да се алармира за државните трошења. Сега, со новонастанатата ситуација, го нема веќе ни „инструментот“ Собрание, со што власта има бришан простор за задолжување и трошење.

## Законот предвидува финансирање без усвоен буџет

На овој мрачен настан му претходеше потегот на опозицијата со над илјада амандмани (потег веќе практициран од страна на коалицискиот партнер во власта - ДУИ, тогаш прогласен како демократско право) да го оневозможи донесувањето на буџетот во обем и содржина како што предложи власта. Со оглед на тоа што Владата поддржана од мнозинството гласачи што излегле на избори, сепак, не ја одразуваа волјата на сите граѓани (поддржувачите на опозицијата и неопределените), во демократска земја тие граѓани можат да ги изразат и да се изборат за своите интереси преку институциите на системот, меѓу кои и Парламентот. На 24 декември 2012 г., со узурпацијата на Парламентот, власта им го оневозможи правото на 370 илјади поддржувачи на опозицијата, но и на сите неопределени граѓани што не се согласуваат со предложеното трошење на државната каса, да го искажат тоа во институциите преку народните избраници

на начин на кој го избрала опозицијата и за кој може да дискутира во поширока дебата дали бил единствениот можен. Аргументот дека правото да троши според сопствена волја владејачката партија го црпи од добиената довербата и на избори може да биде наградена или казнета, може да се соочи со контрааргументот дека правото на опозицијата да се спротивстави на, според неа, погрешната политика на трошење, кој, пак, го црпи од огромниот број граѓани што гласале за неа, исто така оди на проверка на избори.

## Вистинската намена на зголемениот буџет во првиот квартал во 2013

Буџетот е еден од најважните државни документи и не може да се нарече нормална ситуација ако тој не биде усвоен пред да започне новата фискална година и не е добро тоа да биде практика. Но, законот предвидува функционирање во „вонредни услови“, ако поради икс-причини буџетот не биде усвоен во предвидениот рок. Во таква ситуација се преминува кон т.н. „времено финансирање“, односно стапува во сила одредба со која на власта ѝ се овозможува да троши една третина од потрошените пари во првото тримесечје од претходната година, што значи дека во таква ситуација власта ќе можеше да троши 197 милиони евра, колку што изнесува една третина од расходите во првиот квартал од 2012 г. или, практично, колку што трошела во јануари лани. Така, наспроти пропагандата дека без буџет е доведена во прашање исплатата на платите, пензиите и социјалните трансфери, тоа може да стане реалност само ако Владата тоа дискрециски го одлучеше, бидејќи пари од даноци секако ќе се слеваат и без усвоен буџет, затоа што граѓаните и натаму ќе купуваат во продавниците, а со тоа ќе плаќаат ДДВ, а ќе тече и натаму уплаќањето придонеси за вработените.

**наспроти пропагандата дека без буџет е доведена во прашање исплатата на платите, пензиите и социјалните трансфери, тоа може да стане реалност само ако Владата тоа дискрециски го одлучеше**

Но, она што навистина можеше да биде проблем, ако не се усвоеше буџетот, беше исплатата на долговите кон стопанството и трошењата со кои можат да се купуваат гласови.

На пример, податоците од Министерството за финансии покажуваат дека во 2011 г., кога имаше вонредни парламентарни избори, во месеците пред изборите (март, април, мај), имало значително

поголемо трошење одошто во другите месеци од годината. Сега, во новото предизборие (за локалните избори), ќе има раздолжувања кон стопанството, зголемени пензии и други трошоци насочени кон целните групи гласачи. Остатокот од сумата што му се должи на стопанството е околу 30 милиони евра, ако се земе предвид изјавата на премиерот дека вкупниот долг бил 90 милиони евра, од кои околу 70 отсто биле исплатени. Тие 30 милиони евра тешко ќе можеше да се обезбедат со времено финансирање на буџетот, а власта можеше да се најде во ситуација да остане нераздолжена кон фирмите пред изборите и со тоа да го навлече гневот на илјадници вработени во тие компании, но и на сопственици што вообичаено се сметаат за донатори на изборните кампањи. Оттука, токму во обидот да ја заврши операцијата „предизборно затворање на долговите", се гледа голем мотив власта да дојде до буџет каков што посакува и каков што го скроила. Исто така, ако постои сомневање кај опозицијата дека власта има намера да користи и јавни пари за да „освои" избори, тоа подразбира и дека поголеми би биле трошоците во првото тромесечје годинава (гориво што би се трошело за митингување низ градовите, разни дискрециски трансфери, зголемени пензии, предвремена исплата на субвенции), во однос на лансната, неизборна година.

Здружената опозиција, како излез од ситуацијата на парализирана работа на собраниската Комисија за финансирање и буџет, предложи план за штедење со кој буџетот за 2013 г. би бил полесен за 204,8 милиони евра.

## Планот за штедење на опозицијата

Здружената опозиција, како излез од ситуацијата на парализирана работа на собраниската Комисија за финансирање и буџет, предложи план за штедење со кој буџетот за 2013 г. би бил полесен за 204,8 милиони евра. Со него, како што аргументираше, власта нема да има потреба да ги задолжува македонските граѓани за да ги покрие трошоците за кои не може да обезбеди пари од приходите, туку ќе ги финансира потребите, главно, со парите што ги прибира од даноци.

Според планот што го претстави СДСМ, 132,4 милиони евра би биле заштеди кај тековните расходи, а 72,4 милиони евра - заштеди кај капиталните расходи. Притоа, партијата соопшти дека кратењето кај овие суми не ги доведува во прашање пензиите, социјалната помош, субвенциите за земјоделците и платите на администрацијата. На пример, партијата предложи кај тековните расходи, ставката „стоки и услуги" да се намали за 106,3 милиони евра и така она што се

не можат да продолжат активностите околу нови училишни спортски сали ако досега изградените немаат добиено употребна дозвола и го немаат решено прашањето со редовното загревање.

трошело во 2012 г. да се намали за 10 отсто. Она, пак, што не е нужно неопходно да се прави во 2013 г., да се одложи за понатаму. Исто така, да се намалат патните и дневните расходи за 10 отсто во однос на нивото од 2012 г., што би значело помалку патувања и дневници за функционерите.

Кај ставките: „комунални услуги, греење", „комуникација и транспорт", „материјали и ситен инвентар", „поправки и тековно одржување" и „други тековни расходи", во Буџетот за 2013 г. Владата предвиде пораст на трошоците. СДСМ, пак, предложи трошењето кај сите овие ставки да се намали за 10 отсто во однос на нивото од 2012 г. Кај ставката „договорни услуги", предлогот беше да се скрати за 20 отсто во однос на 2012 г., а пари за владини реклами и кампањи воопшто да не се предвидуваат. Натаму, СДСМ во планот напиша дека „во услови на ваква криза, во изборна година и во услови кога медиумите известуваат дека има вработени во администрацијата што добиваат плата, а не одат на работа, сметаме дека во буџетот не треба да има расходи за привремени вработувања". Конечно, предлогот содржи и кратење за 26,1 милиони евра кај ставката „разни трансфери", кои не се поврзани со пензиите, платите и социјалните трансфери. Во планот за заштеда кај капиталните расходи во износ од 72,4 милиони евра, главно се предлага замрзнување на проектот „Скопје 2014", како и воздржување од набавки на нов мебел, а со исклучок на амбулантните возила и автобусите за јавен градски превоз, да нема какви било расходи за купување други возила. За предлогот да се замрзнат активностите околу објектите вклучени во „Скопје 2014", опозицијата аргументираше дека „ако се земе предвид досегашното искуство на проблеми со документацијата и повеќекратното зголемување на цените на изградба преку разни анекси на почетните договори, сметаме дека е потребна независна ревизија на комплетната документација поврзана со овој проект". Освен ова, во предлогот стои и одложување на доизградбата на зградата на Министерството за финансии, која, иако било планирано, во изминатите шест години не е изградена.

Во однос на заштедите кај капиталните расходи, партијата посочува и дека „не можат да продолжат активностите околу нови училишни спортски сали ако досега изградените немаат добиено употребна



дозвола и го немаат решено прашањето со редовното загревање“. Во насока на рационално управување со јавните пари, СДСМ побара тие што се предвидени за државната компанија ЕЛЕМ за изградба на скијачки центри, како и од Агенцијата за електронски комуникации за градење на аква-парк и реклами, да се искористат поефикасно.

Но, во својот предлог СДСМ никаде не ги споменува долговите на власта кон стопанството, за чија исплата Владата реши да го задолжи населението така, што буџетскиот дефицит (кусокот меѓу изворните приходи и расходите) го зголеми на 3,5 отсто од БДП или, во пари, 280 милиони евра. Оттука, иако планот на СДСМ изгледа рационално и аргументирано, сепак, според предлозите за кратење на ставките за времени (читај партиски) вработувања, изградба на популистички објекти (аква-парк), се чини дека клучниот судир меѓу власта и опозицијата не е примарно судир на економски концепти, туку партиска битка во која едната страна би се обидела да дојде до изборна победа со поддршка на парите на сите граѓаните, а втората страна би се обидела тоа да го спречи. Здружената опозиција се обиде да спречи „купување избори“ преку амандманска блокада во замена за прифаќање на нивниот план за штедење. Иако непопуларен, тој инструмент можеби беше единствениот во рацете на опозицијата, ако се знае дека сите институции и медиуми се под контрола на власта.

## Колапс на општествените инструменти за контрола на јавните трошења

Бројни примери од општественото живеење покажуваат амбиент на институционален колапс и инструментализација на институциите под налетот на самоволието на еден човек/партија. Освен тоа што ниту еден извештај на ДЗР (како што е споменато погоре) нема институционална завршница, не беше санкционирано оставањето „дупка“ од три милиони евра на ВМРО-ДПМНЕ од вонредните избори во 2011 г. Вториот демократски механизам - вистинито и објективно информирање на медиумите за да можат граѓаните да оформат квалитетна одлука кому да му го дадат правото да управува со нивните пари на изборите, не може да се употреби. Како што е споменато, медиумите се целосно компромитирани и на прсти се

бројат независните. Довербата дадена на изборите во 2011 г. за ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ да ги трошат јавните пари, тие ја искористија масовно да плаќаат медиуми и со тоа да обезбедат информации по „вкус“ на власта. Последен таков пример е Алфа ТВ, каде што, по повеќегодишен мораториум, од лани се слеваат владини реклами, и таа динамика се зголемува правопропорционално на намалувањето на бројот на новинари што критички ја опсервираат реалноста. Последно, наводниот српски сопственик се покажа исклучително добар познавач на „новинарските“ имиња што носат владини реклами, па регрутираше од веќе „освоените“ Сител, Дневник и МРТВ, кои се очекува да ги заменат „неподобните“ од Алфа ТВ (по новогодишните празници и официјално преземена од досегашниот сопственик „Фершпед“, кој ја продаде за 150 илјади евра). Изворот за падот во објективноста на информирањето го отслика и Европската комисија (ЕК) во Извештајот за напредокот на земјата, но не годинава, туку лани, кога наведе дека „Владата е еден од најголемите огласувачи во земјата и постои загриженост дека средствата се наменети кон телевизиски канали што ја поддржуваат Владата“. Натаму, наведено е дека „уредниците и новинарите се соочуваат со зголемен и несоодветен политички притисок и заплашување, што доведува до широко распространета автоцензура“.

Дополнително, надвор од информативните програми власта со стравична платена пропаганда секојдневно ја оцрнува опозицијата со емитување спотови (нарачани од ВМРО-ДПМНЕ, а за кои јавноста нема увид од кои пари се финансираат) и го бомбардира граѓанинот со еднострани информации, со што постои реална опасност тој да биде доведен во заблуда за економските цели што се постигнуваат со актуелната буџетска политика. Очигледен пример беше пропагандата дека ако не се донесе буџетот до крајот на годината, ќе нема пари за плати, пензии и социјални трансфери, иако истите граѓани, консументи на овие информации, и без донесен буџет во законскиот рок, на 1 јануари 2013 г., ќе пазаруваат во продавниците каде што за секој купен производ плаќаат ДДВ, како и разни даноци и придонеси на државата, од каде што, всушност, се финансираат нивните примања.

Оттука, игнорирањето на наодите на ДЗР, на компромитираните медиуми и на Антикорупциската комисија, сосема го стеснија

Довербата дадена на изборите во 2011 г. за ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ да ги трошат јавните пари, тие ја искористија масовно да плаќаат медиуми и со тоа да обезбедат информации по „вкус“ на власта.

просторот опозицијата да дејствува поинаку од блокада на процедурата во Комисијата за финансирање и буџет. Со тој чин, тие го изразија револтот на нивните гласачи дека со буџетот, односно со јавните пари, се управува недомаќински, нерационално, со креирање огромни долгови за наредните генерации.

## Денови на драматично задолжување

Потврда за тоа дека власта не сакаше времено финансирање за да може да се раздолжи со стопанството, кое ѝ е вообичаен донатор на изборите, но и да троши многу во наредниот период, е треескавичното енормно задолжување во изминатиот месец. Само во декември власта се задолжи на внатрешниот пазар со 230,5 милиони евра и дополнително уште со 132 милиона на 8 јануари 2013 г. или вкупно 363 милиони евра за четириесетина дена. Дополнително, со одлука на Парламентот, без опозицијата, власта озакони задолжување на надворешниот пазар од 250 милиони евра кај Дојче банк, со заем во вид на гаранција од Светската банка вреден 155 милиони евра (веќе одобрен од Банката). Со тоа се доаѓа до фрапантна цифра на задолжување од 770 милиони евра во последниот месец и половина или, по жител, секој граѓанин од почетокот на декември досега е оптоварен со нов долг од речиси 400 евра. Ако просечното македонско семејство, според препораките на власта, е двајца сопружници (маж и жена) и три деца, тогаш новото задолжување во изминатиот месец и половина изнесува 2.000 евра по семејство.

За раздолжување на внатрешниот пазар за државни записи што достасуваат, овој месец (на 9 и на 16 јануари) Владата треба да исплати 120 милиони евра, што е многу помалку од сумата што ја прибра. На 13 јануари се исплатија и 183 милиони евра за еврообврзницата издадена во 2009 г. за камата од 9,9 отсто. Но, за нејзина исплата не се користат новите задолжувања од последните 40 дена, бидејќи, како што соопшти неодамна министерот за финансии, за таа намена Владата чувала на сметка близу 200 милиони евра, пари од ланските задолжувања на надворешниот пазар. Буџетскиот дефицит за 2012 г. главно се финансираше со домашно задолжување. Наспроти декларираната политика во основниот буџет за 2012 г.,

каде што не беше предвидено домашно задолжување, со ребалансот се проектираа 60 милиони евра од издадени државни записи. Но, во цела година Владата повлече околу 600 милиони евра (за три- и шестмесечни записи, од кои дел достасале за наплата и се исплатиле).

Заклучокот од сите овие настани е дека сега, во услови на работа на Парламентот без опозиција, новите задолжувања поминуваат со максимум (платена) пропаганда за користа од таквите „инвестиции“ со јавни пари, а минимум отчетност. Ако се знае дека буџетот е само план, а завршната сметка на буџетот е тоа што се реализирало, доказ за минимум отчетност е тоа што завршната сметка на Буџетот за 2011 г. сѐ уште не е објавена на Интернет-страницата на Министерството за финансии. Така, не знаеме колку од она што се фалела владата дека ќе инвестира, навистина е реализирано. Во сегашната ситуација, на граѓаните им е максимално ускратена можноста да дојдат до вистинити и објективни информации за трошењето на нивните пари - дали тие трошења им го подобриле квалитетот на животот или биле трошени за задоволување на лични хирови на оние што го добиле ексклузивното право да го трошат заедничкиот буџет. На опозицијата ѝ е максимално стеснет просторот нешто да промени низ институциите, макар со изнесување различни аргументи од оние на власта (пренесени низ најголем број од медиумите).

Оттука, со оглед на ситуацијата што ја опиша поранешниот гувернер Петар Гошев, дека парите се нивни (на власта), а долговите целосно наши, ќе мора да се изнајдат нови, алтернативни начини како информациите за трошењето на парите да стигнат до што поголем број граѓани, за да можат да донесат вистинска одлука кога на изборите го одбираат чуварот на државната каса.




POLICE

Жарко Трајаноски

# ХРОНОЛОГИЈА НА НАСТАНИТЕ

## 21 ДЕКЕМВРИ 2012

- По вчерашната координација опозицијата предупреди дека власта сака насила да го донесе буџетот, без да води грижа за Уставот и законите. („Опозицијата обвинува за газење на Уставот и законите: Трајко сака со пуч да го протне буџетот“, *Ден*, стр. 1)
- **Игор Ивановски:** „Трајко Вељаноски во име на власта обзнани сценарио за партиски пуч за газење на Уставот и на парламентарната демократија, со кој по насилен пат треба да се донесе Буџетот на Република Македонија. Ова е вовед во опасното сценарио и затоа со време реагираме и апелираме на разум”. („Трајко сака со пуч да го протне буџетот“, *Ден*, стр. 8)
- **Илија Димовски:** „СДСМ креира хаос во Собранието поради тоа што сака да создаде хаос во државата”. („Илија Димовски: СДСМ смислено креира хаос“, *Ден*, стр. 8)
- Опозиционерите вчера не прифатија ни „трета мајка“ за буџетот. Од ВМРО-ДПМНЕ сметаат дека крајната цел на опозиционерите им е да нема избори, зошто само така СДСМ би се спасил од изборниот пораз. („Власта понуди ново решение за буџетската криза: Владата прифати 44 амандмани, опозицијата повторно опструира“, *Дневник*, стр. 3).
- Протестираат земјоделци што уште за годинава не зеле субвенции при жив и здрав буџет, ама се кренале за она „што би било кога би било“ в година. Револтирани се од опозицијата во идно време, ама мирнички се што не им е исплатено тоа што им следува во сегашно време. (Јадранка Костова, „Освести се“, *Фокус*, стр. 2)
- И СДСМ да попушти за буџетот, Албанците ќе блокираат (*Фокус*, стр. 4)
- Опозицијата и власта со различни концепти: СДСМ со германско, ВМРО-ДПМНЕ со американско сценарио за буџетот (*Нова Македонија*, стр. 1)
- **Златко Калеников:** „Ние сметаме дека буџетот за следната година треба да се донесе до 31 декември бидејќи тоа има значителна улога за функционирањето на државата и за целото стопанство”. („ССК: Блокадата ќе го уништи стопанството“, *Нова Македонија*, стр. 3)
- Дел од дебатата за владиниот предлог за буџетот за 2013 година беа и „солзите на Макрадули“, „плачкото Влатко“, ноктето на Благородна (Дулиќ), убиството на Мартин Нешковски и застрелувањето на Диме Ицковски-Поштарот, судскиот епилог за млекарот Душко Илиевски, како и кој колку придонел за пензионерите и што (не) изградил. (Мирче Јовановски, „Индијана Џонс и македонскиот буџет“, *Утрински весник*, стр. 2).

- **Изет Зеќири** од НДП: „Да предложев изградба на фонтана можеби ќе прифатеа, но јас предлагам сериозни инфраструктурни проекти, а тоа за нив не е важно”. („СДСМ не отстапува од својот план за штедење“, *Утрински весник*, стр. 3).
- **Илија Димовски**: „Ја уценуваат економската и финансиска стабилност на секое македонско семејство”. („ВМРО-ДПМНЕ: Ова е уцена на граѓаните“, *Утрински весник*, стр. 3).
- Со прифаќање на мерките за штедење во буџетот на државата за 2013 година можат да се заштедат најмалку 204 милиони евра. Од тоа, две третини ќе биде заштеда кај тековните расходи. Наместо в година да има трошења за патувања и дневници за 18% поголеми од годинава, како што замислила Владата, тие ќе треба да се намалат за 10% во однос на она што биле оваа година. Владата ќе мора да се стегне и за 10% да ги намали другите секојдневни трошоци, како што се тековно одржување, ситен инвентар, телефонски сметки, итн. За 20% ќе мора да се намалат т.н. договорни услуги. Таму владата ги крие трошењата за реклами и кампањи. (Зоран Јовановски, „Лесни задолжувања, тешки последици“, *Утрински весник*, стр. 13)
- Експертите контра СДСМ за блокадите од буџетот: Циркус на очајници без рејтинг. (*Вечер*, стр. 3)
- ССК загрижени од актуелните состојби / **Калеников**: Блокадата на буџетот ја носи Македонија кон банкрот (*Вечер*, стр. 3)
- Пратеничката на СДСМ **Радмила Шеќеринска**, завчера вечер, во бурната расправа во собраниската Комисија за финансирање и буџет за амандманите поднесени од нејзината партија, го обвини пратеникот и шеф на Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ Илија Димовски дека е в.д. уредник на многу медиуми. („Шефот на Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ се закани дека ќе го спружи на насловна страница пратеникот Горан Мисовски: Димовски не одговори на колку медиуми е в.д. главен уредник“, *Вест*, стр. 7)
- **Ставревски** предлага: Нема чепкање во заемот од Светска банка пред избори. И овој предлог неприфатлив за опозицијата. Црвенковски поблизу до бојкот отколку до избори. Груевски ги смирува граѓаните: Нема шанса да ни се случи грчко сценарио. Буџетот ги скара дури и уметниците. Кумановските стечајци бараат пари да се стави крај на нивната голгота. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Зоран Ставревски:** „Нудиме на Социјалдемократскиот сојуз тие 250 милиони евра да ги ставиме на посебна сметка, кај Народна банка. Во договорот што ќе го поминеме на Собрание, доколку се согласува СДСМ, ќе стои дека

тие средства не може да се користат до завршувањето на избори освен кон делот за отплата на обврските кон странство, вклучително и обврзницата”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)

- **Игор Ивановски:** „Предлогот на Зоран Ставревски, да се гласа буџетот и задолжувањето, нови 250 милиони евра, и тие пари да се ставеле на тековната сметка на Народната банка, не е предлог. Тоа повторно е предлог за задолжување и луксуз на владата. Нашиот предлог е да се намалат, да се штеди 204 милиони евра, и во таква ситуација нема да има потреба од нови задолжувања. Ние сме принципиелни, и нови задолжувања не треба да има ни пред, ни за време, ни по избори”. („Нема компромис околу донесувањето на буџетот“, *ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Мерсел Биљали:** „Ако заканата има за цел да се среди законската регулатива и избирачкиот список, тоа е сосема нормално, природно право на тој субјект тоа да го бара. Оти конечно ние мора да имаме, да почнеме со нормални избори. Ако е целта, значи да се избегнува процесот, изборите од стравот дека некој мора да замине од политиката, тоа е тотално неодговорно”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Бранко Црвенковски:** „Јасно, гласно да соопштам. Ако не се измени изборниот закон и не се прочисти избирачкиот список согласно препораките на ОБСЕ и ОДИХР, Социјалдемократскиот сојуз, и не само Социјалдемократскиот сојуз, опозицијата нема да учествува на такви избори”. („Црвенковски: Ако не се промени изборниот законик ќе ги бојкотираме изборите“, *ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Бранко Ѓорчев:** „Ако сите тие пратеници од опозицијата не го одобрат буџетот до 31 декември, ние уметниците од Македонија сме спремни пред нивниот штаб, не да застанеме, да клекнеме на колена и да заплачеме за овие прекрасни објекти”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Мери Георгиевска:** „Јас сум член на ВМРО-ДПМНЕ. Штрајкот е доброволен чин. Сметам дека не ме испровоцира моменталната елита на македонската театарска сцена да ме понесе во штрајк. Културата или не е идеолошка или не е култура воопшто. Јас сум личност со интегритет, а тоа е тоа што најмногу ги погоди личностите кои ми се обратија со уцени на мојот Фејсбук профил. Само можам да ги сожалам, а огорчена не сум, бидејќи горчината создава страв, а во демократско општество чуму страв?“ („Кавга околу буџетот“, *ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Прочистен е избирачкиот список. Избришани се 128 илјади гласачи кои немаат биометриски документи. Ставревски нуди да ги замрзне 250 милиони евра кредит, за да ја увери опозицијата дека не се за изборите. За буџетот нема напредок. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)

- Директорите на установите кои го предводеа маршот по улица „Македонија“, преку плоштадот и Камениот мост до новиот театар, тврдат дека зад маршот не стои ниту синдикатот ниту тие самите, иако во многу културни установи беше истакнато дека Управата ги известува вработените дека им се оправдува отсуството од вежбите ако излезат на протестот. И покрај ваквото известување многумина уметници останаа на работните места. („Уметнички против опозицијата“, *ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- **Зоја Бузалковска:** „Јас барем не сум ги видела сите тие амандмани коишто досега ги дала опозицијата, за да можам да судам за секој поединечно. Меѓутоа, мене ми се чини дека овде станува збор за нешто друго. А она што најмалку би сакала, а тоа е уметниците во Македонија да станат маша на некои политички структури”. („Уметнички против опозицијата“, *ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- **Петар Атанасов:** „Ако имате општество кое е сиромашно, бесперспективно, без право на избор, многу е лесно луѓето да ги убедите да ’застанат‘ на ваша страна. И мислам дека Владата ќе треба да се преиспита каде ја води Македонија и како ја владее, кога успеаја и од професорите, од студентите, еве и од уметниците да направат карикатури”. („Атанасов: Протестот на уметниците беше куклен перформанс на власта“, *ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- ВМРО-ДПМНЕ се залага само за локални избори напролет, не и за предвремени парламентарни. Ова го порача партискиот лидер и премиер Никола Груевски по средбата со претседателите на партиите од коалицијата „За подобра Македонија“ предводена од ВМРО-ДПМНЕ. Никола Груевски: „Нашата цел не е да има предвремени парламентарни избори. Нашата цел е да има локални, а предвремени да има кога ќе дојде време за тоа. Тоа е мојот одговор”. („Лидерска средба на коалицијата ’За подобра Македонија‘“, *ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Власта предлага кредити да се трошат по изборите. Опозицијата не се откажува од блокадата. Црвенковски ја жртвува државата за да се спаси од поразот на локалните избори. (*ТВ Канал 5*, централно издание на Вести)
- Со марш низ центарот на Скопје, уметниците рекоа „не“ на опозицијата која со блокирање на буџетот сака да ги врати назад во лимените бараки, наместо своите дела да ги изведуваат во новите објекти. („Актери, музичари, пејачи маршираа во одбрана на уметноста и достоинството“, *ТВ Канал 5*, централно издание на Вести)
- Црвенковски сака да ја воведе Македонија во хаос, за да се спаси себеси, изјави Премиерот Груевски толкувајќи ја последната закана на опозицискиот лидер за бојкот на претстојните локални избори. („Груевски:

Ова е последна шанса за Црвенковски", *МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)

- Предлогот на опозицијата за кастрење во буџетот, ќе доведе до отпуштање на работници, како и ненавремена исплата на платите во образованието, здравството, полицијата, армијата - предупредуваат од Конфедерацијата на слободни синдикати на Македонија. Од таму бараат итно да се надминат несогласувањата во Собранието и навреме да се донесе буџетот за да не се загрози иднината на државата. Мирјана Андреска: „Предлогот на опозицијата за кратење на капиталните инвестиции е целосно неприфатлив, бидејќи овие средства кои независно за кои проекти се предвидени, треба да обезбедат егзистенција за повеќе илјади работници, кои без нив би останале без работа". („И слободните синдикати со реакции за буџетот", *МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- **Груевски:** „Црвенковски планира бојкот на локалните избори, и од лични, а не од партиски интереси, смислува блокади, уцени и создавање хаос. Блокадата на собранието е само начин за пролонгирање на неговата политичка пензија". (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Уметници протестираа против барањата на опозицијата за кратење на буџетот. Нивни колеги им порачаа дека и со уметност се изразува незадоволство, а на ваков начин се само маша на власта. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Пропадна и четвртата координација кај спикерот Вељаноски: Нема буџет, ама не е ни крај на светот (*Вест*, стр. 1)
- Штом глумците, музичарите, балерините, и играорците излегоа да протестираат затоа што опозицијата го блокира донесувањето на буџетот, навистина сум убеден дека сето ова што ни се случува е театар. Една голема комедија на апсурдот. Власта вади народ на улица за да се бори против опозицијата во Собрание. Посмешна претстава не сум гледал. (Горан Михајловски, „Уметнички манифест", *Вест*, стр. 3).
- **Груевски:** Црвенковски работи за личен интерес, а на штета на граѓаните (*Вечер*, стр. 3)
- Блокадата на буџетот ќе спречи релаксирање на монетарната политика / Богов: Без изгласан буџет, нема поевтини кредити (*Вечер*, стр. 3)
- **Бранко Црвенковски:** „Ако не се дозволи демократија во институциите, тогаш по законитоста на нештата, демократијата ќе избие на улиците". („Груевски до СДСМ: Создавате хаос", *Утрински весник*, стр. 2)
- **Никола Груевски:** „Немам ништо против уличната демократија. И сега има луѓе незадоволни од однесувањето на опозицијата кои се на улица. Не знам само зошто Бранко Црвенковски не дојде да им објасни зошто го блокираат донесувањето на буџетот". („Груевски до СДСМ: Создавате хаос", *Утрински весник*, стр. 2)

- **Стојан Андов:** „Опозицијата има право да води ваква политика, бидејќи овде се работи за буџетот, што значи за виталните интереси на граѓаните, односно за тоа колку ќе се одземе од нив и за што ќе се потрошат тие пари". („Оправдан револт или политички трик", *Утрински весник*, стр. 3)
- **Марија Зарезанкова Потевска**, универзитетска професорка: „Кратење на 3,5 милиони евра, колку што предложи министерот, сепак, е мала сума, Владата треба да прифати скусување на малку поголем износ". („Оправдан револт или политички трик", *Утрински весник*, стр. 3)
- Вчера повторно се појави опасност од нови физички тензии, откако претседателката на Законодавно-правната комисија Благородна Дулиќ одлучи повторно да закаже седница наспроти противењето на социјалдемократите. Опозициските пратеници повторно ја „окупираа" салата каде што требаше да се одржи седницата и ги спуштија микрофоните на земја, со цел да оневозможат било каква расправа. („Се продлабочува кризата во Собранието", *Утрински весник*, стр. 3)
- **Бранко Црвенковски:** „Оваа власт е наркомански зависна од задолжувања и ја турка земјата во грчко сценарио, а ние сме принудени тоа да го спречиме". („Црвенковски: Ќе го спречиме грчкото сценарио", *Утрински весник*, стр. 3)
- **Никола Груевски:** „Нелогично е да барате по пораз на избори да се прифати вашата програма за буџетот... Преку буџетот ја спроведуваме програмата што доби најголем број гласови на минатите парламентарни избори". („Груевски: СДСМ лаже дека на Македонија ѝ следува грчко сценарио", *Нова Македонија*, стр. 2.)
- СДСМ ќе го достави планот за буџетско штедење како еден амандман (*Нова Македонија*, стр. 2)
- На вчерашниот протест се приклучија членови на Македонската филхармонија, Македонската опера и балет, Македонскиот народен театар, националниот ансамбл „Танец", Драмски театар - комедија, Театар за деца и младинци, Театар-Охрид, Битолски театар и Театар-Велес. („И уметниците се поделија околу буџетот", *Нова Македонија*, стр. 19)
- **Мери Георгиевска**, ќерка на Љубиша Георгиевски, контра протестите на уметниците против опозицијата: Јас сум вмровка, ама ова е лудо! (*Фокус*, стр. 1)
- Ова беше наша прва помасовна „интернација" на уметници во политичкиот архипелаг Гулаг! Жална слика. Елитата на духот, цветот на интелигенцијата, привидно разгоропаден, енергичен, а, всушност, понижен, инструментализиран, скршен... (Жарко Јордановски, „Театар на апсурдот", *Фокус*, стр. 2)

- Театар на апсурдот за буџетот за 2013 година: Ќе клечиме и ќе плачеме пред штабот на СДСМ (*Фокус*, стр. 4)
- Премиерот го прифаќа предизвикот: Црвенковски и Груевски ќе се сретнат на улица?! (*Фокус*, стр. 6)
- Институтот „времено финансирање“ овозможува во вакви случаи да функционираат виталните функции на државата. Значи, ќе има и плати, и стипендии, и стимулации. Само ќе нема пари за споменици, за жални врби, скапи мебели, возила, рекламни пропаганди. По патот по кој тргнал Груевски мислам дека, кај и да е, ќе стаса до пролет. И тоа онаа „арапската“. Таму падна Моарем ел Гадафи, овдека ќе падне Грујомер ел Гадафи. (Стевчо Јакимовски, „Грујомер Ел Гадафи“, *Фокус*, стр. 9)
- Актери, социјалци и стечајци бараат навремен буџет (*Дневник*, стр. 2)
- Досега најдарежлива кон опозицијата е актуелната влада на Никола Груевски, особено со завчерашното прифаќање на 44 амандмани во вредност од околу 3 милиони евра. Сите останати македонски влади прифаќале во просек од два до пет амандмани од опозициските редови. („Досега за буџетите само по пет амандмани биле опозициски“, *Дневник*, стр. 3)
- Пратениците на СДСМ повторно беа насилни врз пратеничките од ВМРО-ДПМНЕ. Зарем тоа прилега на еден законодавен дом? (Влатко Ѓорчев, „Блокада на буџетот: Рушење на Македонија и на економијата однатре“, *Дневник*, стр. 15)
- **Бранко Црвенковски:** „Не е нормално пари земени однадвор да се трошат на тениски игралишта, жални врби и споменици, сето ова се непродуктивни трошења што не ги враќаат задолжените пари”. („Црвенковски ја обвини опозицијата[18] дека е зависник од трошење“, *Ден*, стр. 9)
- **Ванчо Узунов:** „Зошто мораме да се задолжуваме кога можеме да скратиме на трошењето 200 милиони евра... Ако го намалиме трошењето, би заштеделе многу, дури и повеќе од тоа колку изнесува самиот долг”. („Експертите за буџетската криза: Да не се задолжуваме, туку да штедиме“, *Ден*, стр. 9)

## 22 ДЕКЕМВРИ 2012

- Тензиите во Собранието се белег и на денешниот ден. Собранието пред експлозија. Новото задолжување на власта ја крена на нозе опозицијата. Компромис мора да има. Власта и опозицијата да научат да се слушаат, сугерираат експерти. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Уште една неуспешна координација за деблокада на буџетот. (презентер): Труби, свирки, протестни песни и кавги татнеа денеска низ Собранието,

18 Грешка во насловот



наместо нормална демократска дебата. Несогласувањата околу новиот буџет и задолжувања ескалираат наместо да се смират. Игор Ивановски (свртен кон Дулиќ): „Вие продолжувате со Вашиот арамилак и со ново задолжување, од тие причини г-ѓо Дулиќ, работата на Законодавно-правната комисија е безпредметна и ирелевантна и од тие причини нема да дозволиме таа да продолжи со работа”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)

- И состојбите ескалираа, а расправата се претвори во хаос и надвикување. Но, под закрила на собраниското обезбедување и на нејзините сопартијци, Дулиќ ја продолжи седницата со налог до собраниските служби да ги водат стенограмите. Одговорноста за хаосот меѓусебно си ја префрлаа. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Игор Ивановски:** „Ова што се случува дефинитивно ги надмина сите граници и на Устав и на Закон, и на Деловник и на здрав разум. Затоа ќе не гледате до крај во оваа сала, на начин на којшто започнавме. Нема да работи Законодавно-правната комисија и да го крши законот, Уставот, Деловникот и да овозможуваме нови задолжувања”. Тито Петковски:„Ако е одговорен политичар, сам ќе излезе сега, ќе се обрати на македонската јавност, и ќе побара сите одговорни политичари да се соберат на едно место, и заеднички да се договориме како да излеземе од овој хаос, во кој самиот Груевски ја внесе. Не само со задолжувања, туку и со начинот на практикување на демократијата”. Состојбата во Собранието ескалираше откако доцна синоќа дојде информацијата дека Владата се задолжи со нови сто и седум милиони евра. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Буџетот ќе се донесе во предвидените рокови, порача министерот за финансии Зоран Ставревски без да објасни како, кога амандманите прво мора да поминат низ комисиите. Лидерот на СДСМ Црвенковски, уште еднаш повтори: од барањата не отстапуваат. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Зоран Ставревски:** „За да се постигне договор треба двајца. Ние понудивме една, две, три, четири работи. Немаме намера понатака да нудиме други предлози, бидејќи немаме што веќе, повеќе од ова, затоа што покажавме висока конструктивност. Треба и другата страна да покаже конструктивност

ако навистина сака договор". Бранко Црвенковски: „Сега е последниот момент кога мора да се каже стоп, кога мора да се стави брана, да се дигне рампа, да се каже доста е! Повеќе не ви дозволуваме. Овојпат цврсто сме решени да одиме до крај. Попуштање нема". Владата до сега прифати 44 амандмани на СДСМ, со кои буџетот се крати за околу 2,5 милиони евра. СДСМ пак бара кратење на државната каса за 204 милиони евра, и да нема нови задолжувања. Пратениците збеснаа. Расправа за буџет со улични манири. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)

- Координаторот на СДСМ, Игор Ивановски, од говорницата на комисијата за финансирање и буџет, која паралелно течеше, порача дека оваа власт ќе заработи кривични пријави. Повика на разумност и власта да не се обидува на сила да го донесе буџетот, бидејќи тогаш последиците ќе бидат несогледливи. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Во ек на ваква тензична атмосфера која не навестува договор, министерот Ставревски уверува дека сепак ќе го донесе буџетот до крајот на годината. Притоа не кажа кој механизам ќе се искористи да се премости заглавената постапка, ако тоа не е регуларната процедура што сега тече во комисиите. Според екс-претседателот на Собранието Андов, поинаков деловнички начин за донесување на буџетот и не постои. Останува единствено власта физички да се пресмета со опозицијата. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- **Стојан Андов:** „Што мислел не знам, меѓутоа тоа е можно на два начина сега. Едниот е тие што поднеле амандмани да ги повлечат амандманите и да се седне да се донесе буџетот. Другиот начин е Владата да ги прифати барањата на опозицијата и да се седне и да се донесе буџетот. Сè друго упатува на договор. Без договор ништо не може да биде различно од овие двете". (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- **Игор Ивановски:** „Овие од власта ја преминаа, буквално, секоја линија. Вчера, додека ние разговараме, тие тајно, од ден за ден, не само што не го намалија својот луксуз и потрошувачка туку се задолжија за нови, верувале или не, 100 милиони евра. Ова што го прават е дефинитивно без усул, дрско, безобразно, и тие веќе ја прават Македонија држава идентична на Грција. Веќе влеговме во Грчкото сценарио". (*ТВ Алсат М,* Вести во 20:00 часот)
- Химна, навреди и кражба на собраниски материјали. Опозицијата агресивна. Буџетот блокиран. (*ТВ Канал 5* , централно издание на Вести во 19:00 часот)
- **Никола Груевски** (снимка од 21.12.2012 г.): „Станува збор за една свесна блокада на целото општество и обид за манипулација дека тоа се прави со добра цел, и дека се прави со добра

намера, демек за заштита на интересите на граѓаните. Всушност, се прави со цел да се создаде хаос во земјата, да се направат штети и Владата да биде виновна за тоа”. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)

- По транзицијата, откажувањето од уставното име и знамето, атрофија на одбраната во 2001 година, симнувањето на македонското знаме во општина Карпош, СДСМ и Црвенковски почнаа и физички да ги напаѓаат Македонците и создаваат отворени конфликти меѓу самите нас. И денес, со физички напади, СДСМ не дозволи нормална работа на Собранието. Пеењето на македонската химна, после сè ова, од страна на пратениците на Црвенковски, изгледаше како цинизам и навреда за Македонците. (*ТВ Сител* , Централен дневник во 19:00 часот)
- Она што дава надеж дека хаосот и меѓусебното уништување нема да се случат е решителноста на министерот за финансии Ставревски, кој најави дека буџетот ќе биде донесен со што оваа закана за македонската демократија ќе биде запрена. (*ТВ Сител* , Централен дневник во 19:00 часот)
- Пеејќи револуционерни песни, опозицијата ја спречи работата на законодавно-правната комисија, и ја обвини власта за ново, тајно задолжување од 100 милиони евра. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- „Нема да дозволиме демократијата да биде суспендирана и да се инсталира партиска држава“ - изјави лидерот на СДСМ Црвенковски. Лидерот на НДП, Османи, побара формирање на влада на широка коалиција по примерот на 2001 година. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- **Игор Ивановски:** „Затоа им треба полиција да ја опколат таа Дулиќ, која што не знае колку тендери во својата фамилија има земено. Затоа им треба со полиција горе, да ги држат и да ја штитат нејзините пратеници. Ние ја пееме македонската химна како македонските херои и борци во Втората светска војна и по неа... По налог на Груевски, во извршување на Трајко Вељановски, тие се однесуваат во овој момент како фашистите, нацистите кога почнаа да го палат германскиот Бундестаг. Во овој момент ВМРО-ДПМНЕ прави директен упад во парламентарната демократија... Погледнете го податокот дека најмногу во времето на Никола Груевски, и од фирмите што тој ги приватизираше, а Ставревски му беше десна рака, се одлеале 4 милијарди долари надвор од оваа држава”. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)

## 23 ДЕКЕМВРИ 2012

- Буџетот на гласање без да заврши амандманската расправа. Опозицијата обвинува за партиско-полициски пуч. Уметници, спортисти земјоделци се обединуваат во „Фронт за Македонија“, против СДСМ. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)

- На вонредна седница, Владата вечерва готви предлог за гласање на буџетот без претходно да заврши амандманската расправа во која опозицијата со над 1.000 амандмани бара кратење на државните трошоци. Од опозицијата обвинија за полициски пуч. Од вечерва ќе спијат пред собраниската дебатна сала. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Зоран Ставревски:** „Буџетот мора да се донесе до 31 декември оваа година. Преголем е влогот и премногу неизвесност и стрес се предизвикува со ваквото однесување на опозицијата, и верувам дека со оглед на тоа дека не функционираат комисиите, постојат други процедури кои овозможуваат да почне пленарната седница. За денес е закажана владина седница. Ние очекуваме да ги добиеме материјалите и врз база на тоа Владата ќе завземе став”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Игор Ивановски:** „Од вчера и денес се спроведува сценариото во коешто, спротивно на Уставот, спротивно на Законот за Собрание, спротивно на деловникот на Собрание, власта треба да го донесе буџетот на шверцерски, шпиунски и незаконски начин, денеска во недела. И утре, лицето Трајко Вељановски, извршителот на ова сценарио, да го насила вметне буџетот на утрешната седница. Од денес попладнево, вечерта, утре, и колку треба, ние од ова Собрание не излегуваме. Ќе бидеме пред Сала 1 колку што треба за да ги спречиме овој партиско-политички пуч”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- По веста дека Владата подготвува план за усвојување на буџетот без амандманска расправа, во тек е итна седница на Централниот одбор на СДСМ, на кој присуствуваат и претставници на опозицискиот „Сојуз за иднината“. Од состанокот се очекуваат заклучоци за идните потези на опозицијата. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- (новинарско прашање): „Што ќе постигнете со ова протестно спиење или како што го нарекувате ’логорување‘?“ **Јани Макрадули:** „Па повеќе ќе биде ’не-спиење‘, бидејќи сакаме навистина да демонстрираме дека доста е на сите прекршувања на закони, доста е на сите кршења на Уставот, доста е на сите работења од страна на Владата против интересите на граѓаните. Денеска дојдовме да работиме во интерес на граѓаните”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Во тек е владината седница на која се разгледува предлог буџетот за 2013, кој иако не ги помина комисиските филтри во Собранието, спикерот Вељановски денес го врати во Владата. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- **Зоран Ставревски:** „Ние нема да дозволиме да страдаат граѓаните и затоа сме решителни да се донесе буџетот”. (*ТВ Канал 5* , централно издание на Вести во 19:00 часот)

- Опозицијата вечерва ќе преноќи во Собранието. „Фронтот на народот" утре пред Парламентот во поддршка на буџетот. (*ТВ Канал 5* , централно издание на Вести во 19:00 часот)
- **Премиерот Груевски** со порака: „Како човек и граѓанин апелирам народот да не се држи во заложништво и да се донесе буџетот". Вели: „Кариерата на Црвенковски не може да биде побитна од судбината на два милиони граѓани". (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- СДСМ со жив штит пред Собранието ќе го спречеле донесувањето на буџетот. Светска банка уште пред шест дена му одговорила на СДСМ дека нема потреба од загриженост за задолжувањето на Македонија. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- Незадоволните граѓани од политиката на блокади се обединуваат во голем Фронт за Македонија. Со масовни протести ќе му се спротивставаат на Црвенковски. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Се продлабочува кризата во парламентот: СДСМ спие во Собрание, Владата на штрек (*Вест,* стр. 2)
- Суетата на Бранко, која е причина за блокада на буџетот го обедини народот: Му го видовме умот / Фронт на народот, фронт за Македонија: Доста ни е од Б.Ц. (*Вечер,* стр. 1)
- Политичарите да ги тргнат рацете од нашите пари и да дозволат средствата од буџетот наменети за плати, пензии, субвенции, социјална помош, итн. да стигнат кај оние на кои најмногу им се потребни, апелираа од новоформираниот Фронт на народот, фронт за Македонија... Фронтот ги повика сите граѓани на масовен протест кој ќе се одржи денеска пред Собранието на Република Македонија. („Му го видовме умот на Бранко и како премиер и како претседател", *Вечер,* стр. 2)
- **Александар Новаковски**, поранешен генерален секретар во Собранието: „Ако буџетот се врати во Владата без извештај од матичните тела тогаш тоа е кршење на Деловникот. Во тој случај претседателот на парламентот ги суспендира работните тела и си зема улогата на цело Собрание во свои раце". („Владата не отстапува, СДСМ подготвува жив штит", *Утрински весник*, стр. 3)
- **Груевски:** Суетата на Црвенковски е причина за блокадите (*Утрински весник*, стр. 3)
- Битка за буџетот: Владата спрема пуч, опозицијата кампува во Собранието / Последен обид на власта буџетот да се донесе шверцерски и шпионски (*Фокус*, стр. 1)
- Граѓаните револтирани: На опозициската блокада и се случи Фронт на народот (*Дневник*, стр. 1)
- Груевски одговори: Нема потреба од лидерска само поради суетата на лидерот на СДСМ (*Дневник*, стр, 1)

- На прашањето да се биде или не, нашите уметници решија - да не се биде, учествувајќи во фарсата наречена „Уметнички протест против неизгласувањето на буџетот“, во режија на власта... А нашата театарска примадона, Јелена Жугиќ, налутено ни соопшти дека и во Франција кога владеела беда, се граделе палати и музеи, но Јелена заборави дека на Марија Антоанета, која му препорача на сиромашниот народ да јаде колачи ако нема леб, тој ист народ ѝ ја скрати главата. (Александра Бубевска, „Марија Антоанета од нашето маало“, *Ден*, стр. 2)
- Груевски бара разумност, опозицијата дежура затворена во Собранието: Буџет само насила. (*Ден*, стр. 4)

## 24 ДЕКЕМВРИ 2012

- ***Во овој дел се обработени ТВ вестите од 24.12.2012 и дневните весници од 25.12.2012***

### 1) Селективно запирање на протестанти од страна на полицијата

- На излезот од Куманово, вчера речиси три часа беа задржани автобусите на опозицијата кои тргнаа кон Скопје, на протестот пред Собранието. Полицијата ги запрела за да изврши технички преглед на автобусите, но од СДСМ Куманово велат дека власта сакала да ги спречи да не стигнат на протестот. („Автобусите на опозицијата запрени кај Куманово“, *Вест*, стр. 6)
- „Сообраќајната полиција, на автобусите кои носеа претставници на опозицијата на протест во Скопје, им нареди да одат на вонреден технички преглед. Автобусите со контрапротестантите продолжуваа за Скопје. Од каде и како знаеше полицијата кого да пушти, а кого да сопре. Ова е невиден срам“ велеа велешани што ја поддржуваат опозицијата. („Автопатот Велес-Скопје еден и пол час блокиран“, *Вест*, стр. 6)
- **Зоран Дамјановски**, градоначалник на Куманово: „По еден саат, едно возило го држат, наводно за технички преглед. Сметам дека ова е врв на деспотизмот и диктатурата што ја спроведува Владата на Република Македонија“. („Стопирани автобуси на опозицијата за да не дојдат на протестот во Скопје“, *ТВ 24 Вести*)
- **Аце Коцевски:** „Утрото кога тргнавме за Скопје голема полициска екипа ги стопираше сите наши автобуси кај бензиската на „Макпетрол“ и ги прати на вонреден технички преглед. А пред тоа беа пропуштени сите автобуси со членови симпатизери на ВМРО-ДПМНЕ”. („Стопирани автобуси на опозицијата за да не дојдат на протестот во Скопје“, *ТВ 24 Вести*)
- Полицајците коректно ни кажаа дека имаат наредба да не застануваат и да ги упатуваат возачите на автобусите

да извршат технички преглед, потврди охридскиот градоначалник Петрески. („Опозициските автобуси на ’вонреден‘ технички преглед“,*ТВ Алфа*)

- Како што дознаваме, вчера уште од утринските часови масовно се повикувале членовите на ВМРО-ДПМНЕ од главниот град и од внатрешноста на протести во Скопје. СМС-пораки им стигнале на членовите од Кисела Вода, Аеродром, Илинден, но и од Кавадарци, Велес и од Прилеп. Меѓу повиканите најмногу имаше „стечајци“, „социјалци“ и „земјоделци“. За разлика од нив, приврзаниците на СДСМ што сакаа да присуствуваат на протестите беа спречени од полицијата. (Игор Чавески, „Покрај локалното, буџетот ќе скрои и парламентарно соочување: Политичката криза ќе донесе предвремени избори?“, *Ден*, стр. 9)

## 2) Утрински протести пред парламентот

- А пред Парламентот тензично. Десетици илјади граѓани да го попречат Црвенковски и неговите поддржувачи насилно да влезат во Парламентот и да го спречат донесувањето на буџетот. (најава на *МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- Од една страна поддржувачите на опозицискиот блок, главно партиски активисти на СДСМ. Преку полициската тампон зона, десеткратно помногубројни граѓаните обединети во „Фронтот за Македонија“... Фронтот протестираше против политиката на СДСМ со став дека се дојдени да ги бранат своите интереси, достоинството, и да го искажат револтот против погубната и штетната политика на Бранко Црвенковски. („Протести пред Собранието“, МРТ1, Дневник 2 на МТВ)
- Претходно огнот го потпали пратеникот Амди Бајрам, кој со овации го дочекаа од Обединетиот фронт, а од симпатизерите на опозицијата доби јајца. Вака им возврати (снимка каде пратеникот покажува среден прст). („Опозицијата на барикади, полицијата со пендреци“, *ТВ Алфа*)
- Дрва, камења, шишиња, компири и јајца беа главното орудие што постојано прелетуваше покрај главите на присутните поддржувачи на двете партии, чија главна пресметка се случуваше кај поранешната Градска болница. (Лепа Ѓоргиевска, „И на улицата напнато“, *Дневник*, стр. 2)
- На сите страни летаа камења, петарди, тврди предмети, јаболка, јајца, зелка и моркови. Двоен кордон на специјалци двапати успеа да спречи големи инцидент кога во еден момент двете страни се обидоа да се пресметаат физички. Меѓу демонстрантите имаше и повредени кои веднаш беа пренесени во градската болница. (Ирена Чачкова, „Народот се пресметуваше со камења јаболка и со јајца пред Собранието; Црвенковски: Груевски сака да го замени Слободан Милошевиќ“, *Ден*, стр. 4 и 5)

- Протестите и контра-протестите резултираа со скршени глави, меѓусебни пцости и навреди. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- По големите протести во кои демонстрантите кои беа дојдени да го спречат обидот на опозицијата за натамошна блокада, се судрија со приврзаниците на СДСМ. За среќа, освен мали инциденти, немаше повредени демонстранти. (*ТВ Канал 5* , централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Тензично, со препукувања, пцости и навреди, напади врз полицијата и врз членовите и симпатизерите на ВМРО-ДПМНЕ течеше протестот што го организираше СДСМ против изгласувањето на Буџетот. Неколку повредени и приведени е епилогот до попладневните часови кога и заврши протестот. („Тензично пред Собранието: СДСМ ја остави Македонија без парламент, а нивните на улица го нападнаа Народниот фронт“, *Вечер,* стр. 2)
- „Обединетиот фронт“ кој вчера се прогласи за непартиски го скандираше името на владејачката партија и премиерот Никола Груевски. („Опозицијата на барикади, полицијата со пендреци“,*ТВ Алфа*)
- „Навистина, оваа влада треба да падни и да победи ВМРО-ДПМНЕ. Сите министри се перфектни”. (изјава на контра-протестанка од „Народниот фронт“) (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)

## 3) Конфликти во Собранието

- Опозицијата се противеше што власта го носи буџетот без да заврши амандманската расправа во матичната Комисија за финансирање и буџет и во Законодавно-правната комисија. (Н.С., „Спикерот Вељановски со полиција ги избрка опозицијата и новинарите од собраниската сала: Буџетот донесен со тепање“, *Вест,* стр. 1, 2, и 3)
- Опозиционерите тврдат дека немаат картички за да влезат, па не дозволуваа да влезат ни пратениците од ВМРО-ДПМНЕ. („Судир меѓу пратениците во Собранието“, *ТВ Алсат М*)
- Пратениците од опозицијата кои преноќија пред Салата 1, не беа во можност да влезат бидејќи вратите беа под клуч, и како што тврдеа, картиците за присуство и гласање не им биле достапни. („Со 64 гласа ’за‘ и 4 ’против‘, донесен буџетот 2013“, *ТВ Канал 5*, централно издание на Вести)
- Во неколку наврати, пратениците на опозицијата се обидоа да го спречат донесувањето на буџетот. Прво, спречувајќи влез во дебатната сала, а потоа и ја запоседнаа говорницата (најава на *ТВ 24 Вести*)
- Потоа пратениците од опозицијата, кои тврдеа дека вчера не добиле картици за да можат да учествуваат на пленарната седница, застанаа пред главната врата на собраниската сала, во обид да ги спречат колегите од мнозинството да влезат во просторијата. Кога тие, сепак, успеаја

да влезат преку споредните влезови, опозицијата се втурна кон говорницата, при што интервенираше обезбедувањето кое го изнесе Вељаноски надвор од салата. (Александра М. Митевска, „Опозицијата го напушти парламентот и излезе на улица“, *Утрински весник*, стр. 3)

- Удар врз државата. На почетокот на седницата нападнат претседателот на собранието Трајко Велјановски. Обезбедувањето го спаси од напаѓачите-пратеници. Во неговата фотеља веднаш се смести пратеникот на СДСМ, Горан Минчев. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Според неофицијални информации кои доаѓаат од редовите на мнозинството, Велјановски бил наводно удрен во целата турканица што почна малку пред 11:00 часот кога требаше да стартува седницата. Опозициските пратеници утрото рекоа дека ги немаат електронските картички за регистрирање, и на тој начин го обвинија Велјановски дека се обидува да ја почне седницата. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Пратеничките Весна Бендевска и Билјана Казанџиска се повредени во турканицата што настана во собраниската сала откако пратениците од опозицијата не дозволија да почне пленарната седница. („Бендевска и Казанџиска изнесени на раце“, *Ден*, стр. 4)
- Со туркање, кршење и навреди, опозицијата се обиде да го спречи почетокот на седницата, на која требаше да се гласа буџетот. Претседателот на Собранието, Трајко Вељановски беше нападнат од страна на опозицијата. Пратениците на СДСМ дивееја во салата 1, газеа по собраниската опрема, дури и се качуваа по масата и столчето каде што седи претседателот на Собранието поради што беа истерани од собраниското обезбедување. (Ј.Ц., „Нема дилеми, снимките и сликите покажуваат, СДСМ предизвикува општа тепачка“, *Вечер*, стр. 3)”
- Дури во еден момент, еден од пратениците на опозицијата и седна на неговото место. Не можам да коментирам која му беше идејата со овој потег, меѓутоа оние со кои што успеав да разговарам како и новинарите овде коментираа дека ова е обид за државен удар, дека никаде во светот не се случува да биде директно нападнат претседател на Собрание бидејќи после претседателот на државата тој е втората централна фигура во македонската политика и секој напад врз претседател на Собрание е практично напад и врз цела држава. („Протести за и против собраниските блокади“, *ТВ Сител*)
- Подоцна во салата влезе министерката за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, која опозиционерите ја обвинија дека предизвикува граѓанска војна. („Судир меѓу пратениците во Собранието“, *ТВ Алсат М*)

### 4) Насилно исфрлање на новинари од галеријата на собраниската сала

- Сомневањата на опозицијата се дека се прави обид да се тргнат новинарите, за специјалци да влезат во парламентот и да ги уапсат опозициските пратеници или да ги извлечат насилно од Собранието. („Новинарите го издржаа првиот напад, од пратениците добија Браво!“, *Ден*, стр. 4)
- Новинарите исфрлени, избркани од собраниската галерија. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Малку пред тоа и новинарите беа исфрлени од галеријата насила, по трет пат откако двапати одбија да ја напуштат за да не гледаат што се случува внатре. Според правилата за ред во законодавниот дом, наредбата за дејствување на обезбедувањето ја дава спикерот Трајко Велјановски. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Некои новинари бараа помош од пратениците од ВМРО-ДПМНЕ. Тие само гледаа, некои се смееја, а некои фотографираа со мобилните за спомен. (С.К.Д., „Новинарите насила избуткани од собраниската галерија“, *Вест,* стр. 4)
- Обезбедувањето буквално го зграпчи за половината новинарот на *Ден*, Тони Ангеловски, а го истурка надвор и новинарот на *Вест* и претседател на Здружението на новинарите на Македонија, Насер Селмани. За новинарките беше донесено специјално обезбедување од жени, за да можат да ги грабнат и да ги исфрлат од салата. (Мери Јордановска, „Насилно избркани новинари од Собранието; Селмани: Секоја сила завршува неславно!“, *Фокус*, стр. 8)
- За по секоја цена, без почитување на деловникот и Уставот, да биде донесен буџетот, „горилата“ испратени од Вељановски, прво со тегнење и влечење ги избркаа новинарите и снимателите од новинарската галерија за да не бидат сведоци на ќотекот кој потоа следеше врз опозициските пратеници... (Тони Ангеловски, „Ќотек за парите: Власта натепа пратеници и новинари за да го донесе буџетот за 2013 година“, *Ден*, стр. 6 и 7)
- Новинарите кои настаните ги следеа од галеријата на Сала 1, беа дислоцирани во прес центарот. (Ј.Ц., „Нема дилеми, снимките и сликите покажуваат, СДСМ предизвикува општа тепачка“, *Вечер,* стр. 3)
- Пратениците на опозицијата со аплауз ги поздравија новинарите додека полициското обезбедување ги бркаше од галеријата. (текст под фотографија) (Н.С., „Спикерот Вељановски со полиција ги избрка опозицијата и новинарите од собраниската сала: Буџетот донесен со тепање“, *Вест,* стр. 2)
- Самостоен синдикат на новинарите и медиумските работници: „Затворањето собраниска седница и насилното исфрлање од страна на полицијата и обезбедувањето на новинарските екипи

значи нивно попречување на работата и нивниот професионален ангажман, а воедно значи и забрана за вистинито и објективно информирање за настаните кои ја засегаат јавноста”. (*Фокус*, стр. 9)

- „Ова е дно на однесувањето на полицијата. Тие што дадоа наредба да ги отстранат насилно новинарите од собраниската сала, ја покажаа вистинската слика за Македонија“ – изјави **Насер Селмани**, претседател на Здружението на новинарите на Македонија, по спроведувањето на акцијата на собраниското обезбедување за отстранување на новинарите од галеријата во собраниската пленарна сала. („Со сила против седмата сила“, *Ден*, стр. 4)
- **Насер Селмани:** „На најбрутален начин, обезбедувањето на Собранието со употреба на сила не спречи да ја извршуваме нашата професионална обврска да известуваме од Собранието, околу седницата за донесување на буџетот”. („И новинарите избркани од собраниската сала“,*ТВ Алфа*)
- **Насер Селмани:** „Ова е неодговорно однесување на власта во обид да се пресмета со новинарите. Тие денес испратија вистинска слика за Македонија. Но, знам дека тие што сакаат да се пресметуваат со новинарите завршуваат неславно”. (Сунчица Стојановска-Заксимовска, Гоце Трпковски, „Партиска војна за буџетот: ВМРО-ДПМНЕ: Спречен државен удар / Црвенковски: Дури дишам, не се повлекувам“, *Нова Македонија*, стр. 1)
- **Насер Селмани:** „Ова е дно на неодговорно однесување од власта со обид да се пресмета со медиумите. Денес тие што дадоа наредба на ваков начин да се пресметуваат со новинарите пратија многу грда слика во светот за Македонија. Ова е вистинската Македонија”. („Со 65 гласа ’за‘ донесен е буџетот за 2013 година“, *ТВ 24 Вести*)
- Власта вчера насилно ги отстрани новинарите од собраниската галерија, за да не можат да известуваат како горилата на власта ги влечат опозициските пратеници по патос и ги тепаат. Овој фашистички режим физички ги отстрани неутралните сведоци на најголемиот срам во историјата на независна Македонија, убивањето на македонската демократија. ( Бранко Героски, „Заслужена шлаканица на новинарите“, *Фокус*, стр. 2)
- Здружението на новинарите на Македонија соопштува дека ги прекинува сите преговори со владата, се додека во земјава не се врати уставниот поредок. („ЗНМ соопштува дека ги прекинува сите преговори со владата“, *ТВ 24 Вести*)
- Телевизија *Телма* како високопрофесионална и независна новинарска куќа остро протестира и се спротивставува на начинот на којшто новинарите, или барем дел од нив, беа исфрлени од собраниската галерија, а потоа и надвор од Собранието. На

нашите новинари им беше ограничено движењето и околу Собранието од каде со потешкотии известувавме за инцидентите. А не ни беше ниту дозволено да поставиме линк. („*ТВ Телма*, Вести)

- **Насер Селмани:** „Здружението на новинарите на Македонија најостро го осудува денешниот инцидент во Собранието каде на насилен начин новинарите беа исфрлени од галеријата од каде ги следат пленарните седници. Со тоа грубо е прекршен Уставот кој ја гарантира слободата на изразувањето и слободата на медиумите. Наредбодавачите на овој срамен чин ја официјализираа цензурата и одлучија да кажат што смеат, а што не смеат да следат новинарите. Новинарите насилно избркани со ништо не ја предизвикаа оваа реакција на обезбедувањето. Ниту постоеше правен основ за нивно отстранување. Бевме отстранети за да не бидеме сведоци на отстранувањето на пратениците од опозицијата од салата за седници. Ова е преседан кој не смее да помине неказнето". („ЗНМ соопштува дека ги прекинува сите преговори со владата", *ТВ 24 Вести*)

## 5) Насилно исфрлање на пратеници од салата за седници

- Пратеници влечени и сосила отстранети. Повреди заработија пратеничките Бендевска и Казанџиска. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Со специјални полициски сили во салата за пленарни седници и собраниско обезбедување пред вратите пратениците од опозицијата беа исфрлени од салата и не им беше овозможено повторно враќање назад. („Пратеници изнесени со сила", *ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Најмалку пет повредени пратеници од опозицијата. Туркани, влечени новинари. Удирања. Ваква беше парламентарната слика денеска. Се носеше буџетот. Опозицијата со сите сили се спротивставуваше на неговото донесување. Власта со бројно полициско обезбедување кое имаше наредба да го исчисти теренот и галеријата, да го донесе по секоја цена. Ова беше финалето во Салата 1 каде се одржуваат пленарни седници, пред да почне дебатата за буџетот. Викотници, искинати палта и џемпери. Пратеници носени на раце во неколкуте минути. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Со државното знаме покриен микрофонот. Со еден збор, никакви услови за старт на седницата. По мерките преземени од собраниското обезбедување, стартуваше пленарната седница. За поплаките на опозицијата дека насила биле изнесени од пленарната сала, информација од МВР во која се вели дека обезбедувањето реагирало по барање на претседателот на Собранието, а согласно Законот за Собрание. Презеле мерки за да обезбедат услови за одржување на веќе закажаната седница. Притоа биле

вербално и физички нападнати од страна на одделни пратеници. „Освен навреди и закани, обезбедувањето беше туркано и влечено за коса“, стои во информацијата од МВР... (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)

- ...од МВР тврдат дека инцидентот се вжештил токму поради однесувањето на опозицијата. Собраниското обезбедување интервенирало во салата за да им овозможи на мнозинството пратеници да си ги извршат обврските добиени од граѓаните. При постапувањето припадници на полициското обезбедување биле вербално и физички малтретирани од пратеници на СДСМ, примале закани, биле гребани и кубани и со јогурт потурени, но и покрај тоа успеале да воспостават ред во салата, велат од МВР за тоа што се случувало во салата, а кое јавноста не можеше да го види. (Катерина Нешкова, Мариела Трајковска, „Сериозен инцидент во Собранието: Буџетот се носеше и се спречуваше со тупаници“, *Дневник*, стр. 3)
- Опозициските пратеници беа исфрлени од големата сала на Собранието. Тоа се случуваше во присуство на колегите од владејачката коалиција, кои сосема пасивно го набљудуваа овој чин и не покажаа никаква колегијална солидарност. („Пратениците од опозицијата исфрлени од Собранието пред очите на Јанкуловска“, *Ден*, стр. 3)
- Тепање, влечење, солзи. Обезбедувањето на ваков начин ги исфрли од собраниската сала пратениците од опозицијата. („Истепани пратеници од опозицијата“, *Ден*, стр. 3)
- Ситуацијата доживеа кулминација кога новинарите беа отстранети од галеријата, по што интервенираа и специјалците кои насилно ги отстранија и пратениците од опозицијата од собраниската сала. („Тежок ден за македонската демократија“, *Утрински весник*, стр. 2)
- Следниот чекор беше „ослободување“ на говорницата од пратениците на опозицијата. Во турканицата што се создала тогаш се повредени пратеничките Маринела Тушева и Радмила Шеќеринска, која колегите на раце ја изнесоа од салата. Пратеникот Митре Вељановски, пак, колабираше. (Александра М. Митевска, „Опозицијата го напушти парламентот и излезе на улица“, *Утрински весник*, стр. 3)
- По неколкучасовната блокада на говорницата, пратениците од опозицијата со обезбедување ја напуштија салата за пленарни седници, по што беше изгласан буџетот. (Ј.Ц., „Нема дилеми, снимките и сликите покажуваат, СДСМ предизвикува општа тепачка“, *Вечер,* стр. 3)
- Само што излегоа новинарите, во пленарната сала упадна полиција во цивилна облека. Се слушна викање, пискање, лелекање и, еден по еден, пратениците од опозицијата почнаа да излегуваат. Кој во солзи, кој со скинато сако, а Игор Ивановски, трчајќи, во раце ја однесе Радмила Шеќеринска,

расплакана, кон собраниската амбуланта. Ја влечеа Радмила по под како крпа, викаа нејзините колеги. (С.К.Д., „Пратениците на опозицијата летаа како партали“, *Вест*, стр. 2)

- **Иво Котевски:** „МВР постапува според надлежностите и според законот. Вчера МВР интервенираше во Собранието на писмено барање од претседателот на Собранието, кое гласеше: ’Согласно Законот за Собранието, да се создадат услови за одржување на веќе закажаната седница на Собранието‘...“ Тој ги негира тврдењата на опозицијата дека интервенирале полицајци од МВР. (С.К.Д., „Интервенција побарал Трајко Вељановски“, *Вест*, стр. 3)
- Во меѓувреме, откако беа отстранети од собраниската сала пред гласањето на буџетот, опозициските пратеници им се приклучија пред парламентот на своите симпатизери. (Лепа Ѓоргиевска, „И на улицата напнато“, *Дневник*, стр. 2)

## 6) Пробивање на кордонот пред Собранието

- Градоначалникот на Струмица, Зоран Заев, од пред Собранието порача дека ако собраниското обезбедување се обиде да ги отстрани пратениците на СДСМ, целата толпа ќе влезе внатре. „Нема да нè запре никој и ќе влеземе во зградата“, рече Заев. (Ирена Чачкова, „Народот се пресметуваше со камења, јаболка и со јајца пред Собранието/




POLICE

Црвенковски: Груевски сака да го замени Слободан Милошевиќ“, *Ден*, стр. 4 и 5)

- Најголемиот инцидент се случи кога се дозна веста дека опозициските пратеници се исфрлени со полиција од собраниската сала. Тогаш лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски ја прескокна оградата со цел да влезе во собранието. (Д.Д., „Народ против народ пред Собранието“, *Вест* стр. 7)
- Откако Црвенковски доби информација дека пратениците се насила изнесени од собраниската сала, ги прескокна барикадите и заедно со неколку илјади приврзаници се упати кон зградата на парламентот. („Тежок ден за македонската демократија“, *Утрински весник*, стр. 2)
- Во еден момент, помала група предводена од Црвенковски се обиде насилно да го пробие полицискиот кордон и да го спречи функционирањето на демократски избраните државни институции. Повредени се неколку лица. („Протести пред Собранието“, *МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- **Бранко Црвенковски**, лидерот на СДСМ, ја помина барикадата и почна да чекори кон другиот табор. Како што симпатизерите на опозицијата се приближуваа до тие од власта, од сите страни се појавија полициски сили, обидувајќи се да го сопрат спојувањето на двата табори и евентуалниот судир. („Бранко Црвенковски на барикадите“, *Ден*, стр. 3)
- Народот, предводен од опозицијата, го проби кордонот, но беше спречен да влезе во Парламентот од специјалци и од ротвајлери. („Власта брутално го суспендира парламентот: Убиство на демократијата“, *Фокус*, стр. 1)
- Во жестокиот судир, полицајците употребија сила, ги извадија пендреците и удираа по луѓето во првите редови, меѓу кои беше и самиот Црвенковски придружуван од соработниците. (Владо Апостолов, „Судир на опозицијата со полицијата пред собрание: Удри пендрекот и по Бранко!“, *Фокус*, стр. 6)
- Полицијата употреби пендреци, кои најмногу беа насочени во првите редови каде што се наоѓаа Црвенковски со целото раководство и лидерите на други опозициски партии. (Д.Т., „Тежок ден за македонската демократија“, *Утрински весник*, стр. 2)
- Полициски кордон ги спречи лидерите на опозицијата да се пробијат до спротивставената група која подоцна на плоштадот „Македонија“ го прослави донесувањето на буџетот. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Ситуацијата остана навидум мирна се до 13.30 часот кога одеднаш неколкуте стотина приврзаници на опозицијата го пробија полицискиот кордон и се обидоа да стасаат до граѓаните кои ја поддржуваа Владата, а стоеја во близина на Триумфалната капија. Тоа повлече брза интервенција на бројните полициски сили, а за првпат беше вклучена и

Единицата за брзо распоредување - ЕБР. Со јајца, јаболка камења и шишиња тргаа во освета мавајќи по полицијата и граѓаните не бирајќи мета. („Тензично пред Собранието: СДСМ ја остави Македонија без парламент, а нивните на улица го нападнаа Народниот фронт“, *Вечер*, стр. 2)

- Бранко Црвенковски тргна против сопствениот народ преку металните огради, како вовед во најдиректниот и најмасовен судир едни против други меѓу самите граѓани, по што би следувало преземање на власта со државен удар. Откако не му успеа пучот, се закани со граѓанска непослушност, а неговите го напуштија и се придружија на фронтот против Б.Ц. (*ТВ Сишел*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Откако полицијата успеа да ги спречи, тие сакаа да ги нападнат граѓаните, дел од „Фронтот за Македонија“. Откако полицијата успеа да го спречи нападот, тие веќе практично беа доведени во ситуација во која што не можат да предизвикаат инцидент и тогаш се свртеа на новинарите. Среќа што тука беше полицијата па успеа да го спречи градоначалникот на Карпош Стевче Јакимовски кој се обиде директно да ме нападне, најпрво со вулгарни зборови, а потоа се обиде и физички да се пресмета со мене, меѓутоа полицајците беа тука. (Александар Спасовски, „Протести за и против собраниските блокади“, *ТВ Сишел*, Централен дневник во 19:00 часот)

## 7) Гласање на буџетот и продолжување на собраниската седница

- **Зоран Ставревски:** „Со предложениот буџет, почитувани пратеници, Република Македонија и натаму ќе остане меѓу четирите најмалку задолжени земји во Европа, со умерено ниво на јавен долг и на државен долг, коешто овозможува меѓународниот рејтинг на Република Македонија и, воопшто, привлечноста на Република Македонија за инвестирање, да бидат на повисоко ниво”. („Со 65 гласа ’за‘ донесен е буџетот за 2013 година“, *ТВ 24 Весши*)
- **Зоран Ставревски:** „Главната цел на предложениот буџет за 2013 година е да се заштити социјалната стабилност на граѓаните во Република Македонија и да се поддржи економскиот раст со капитални инвестиции”. („Со 64 гласа ’за‘ и 4 ’против‘, донесен буџетот 2013“, *ТВ Канал 5*, централно издание на Вести)
- Од салата не беа исфрлени 71 пратеник, од кои 65 гласаа „за“, а четворица се изјаснија „против“. На аплаузот на пратениците од владејачката партија, собранискиот претседавач Трајко Велјановски одговори: „Најголем аплауз заслужуваат граѓаните на Република Македонија“. („Изгласан буџетот за 2013“, *Ден*, стр. 2)
- Во законодавниот дом е изгласан буџетот за идната година со 65 „за“ и 4 „против“, Собранието го донесе планот

за државната каса за 2013-та. Изгласани и законите за зголемување на пензиите и социјалната помош. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)

- По дваесетдневна опструкција донесен буџетот за 2013-та. Во присуство на пратениците од власта и опозициските ДПА и НДП, со 65 „за“, 4 „против“ и ниеден „воздржан“, пратениците го изгласаа буџетот со кој ќе се заштити социјалната стабилност на граѓаните и ќе се поддржи економскиот раст со капитални инвестиции. (*ТВ Канал 5* , централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Со 65 гласа „за“ (на собранискиот екран стои 64, н.з), 4 „против“ и ДПА во салата, пратениците попладнево го изгласаа буџетот за 2013 година. Изгласано е и покачувањето на пензиите и социјалната помош за пет проценти од март догодина. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Собранието го донесе буџетот на Република Македонија за 2013 година. Со 65 пратеници „за“, сублимирано вака изгледа веста на денот од парламентот. Трајко Велјановски: „Констатирам дека Собранието го донесе буџетот за 2013 година. (аплауз) Благодарам, благодарам, благодарам... Сето ова што треба да го правиме, го правиме за граѓаните на Република Македонија. Ја сум цврсто уверен во тоа. Се друго влегува во аналите на македонската парламентарна демократија”. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Буџетот се донесе за само 35 минути и со само една дискусија. Од опозиционерите во салата присуствуваа само пратениците на ДПА кои забележаа дека овој буџет е анти-албански. („Буџетот изгласан: причина за вознемиреност нема, сѐ останато е одговорност на СДСМ“, *Вечер*, стр. 3)
- „Откако новинарите беа отстранети од салата, се спроведе и операцијата за присилно извлекување на опозициските пратеници од салата за пленарна седница. За првпат во историјата на независна и самостојна Македонија, Собранието без присуство на опозицијата и новинарите изгласа буџет”. („Со 65 гласа ’за‘ донесен е буџетот за 2013 година“, *ТВ 24 Вести*)

### 8) Извештаи за повредените

- Повеќе од дваесет граѓани што биле повредени во случувањата пред Собранието побарале лекарска помош во Градската хируршка болница „Св. Наум Охридски“ вчера до пладне... Најголем дел од повредените биле удрени со камен и други тврди предмети. (Менче Атанасова – Точи, „Повеќе од дваесет повредени во вчерашната пресметка: Хоспитализирани пратеничките Бендевска и Казанџиска“, *Ден*, стр. 8)
- Покрај опозициските пратеници повредени беа и дел од протестантите на опозицијата. (Е.А., „3 пратеници во болница, 18 граѓани повредени“, *Вест*, стр. 5)

- **Александар Чапаровски**, директор на Неврохирургија: „Кај нас е пратеничката Бендевска. Таа има потрес на мозокот и ќе биде задржана до денеска, па ако ѝ биде подобро ќе ја пуштиме на домашно лекување”. (Ирена Мулачка, „По вчерашните инциденти во и надвор од Собранието: Повредени 18 граѓани и тројца пратеници“, *Фокус*, стр. 11)
- Бендевска е хоспитализирана на клиниката за неврохирургија поради повреда на главата и потрес на мозокот, а Казанџиска се наоѓа на клиниката за абдоменална хирургија поради удар во стомакот и можност од внатрешно крварење. (Менче Атанасова – Точи, „Повеќе од дваесет повредени во вчерашната пресметка: Хоспитализирани пратеничките Бендевска и Казанџиска“, *Ден*, стр. 8)
- Дека Весна Бендевска нема никакви повреди, туку само е растревожена, па прима инфузија, утврдија и лекарите по целосниот преглед. Тие констатирале дека нема повреди ниту на ногата ниту на кој било друг дел од телото. Докторките велат дека на пратеничката ѝ препишале инфузија за да се освежи, бидејќи била растревожена. („Бендевска симулирала дека е повредена? Како пратеничките на СДСМ се повредени додека стојат меѓу своите!“, *Вечер,* стр. 3)
- **Билјана Казанџиска**, пратеничка на СДСМ: „И потоа бев газена од припадниците на МВР, очигледно дека беа тие, бидејќи не забележав дека тоа го работи собранискотото обезбедување, туку тоа беа луѓе кои беа доведени однадвор. И не верувам дека Јанкуловска ќе преземе мерки, бидејќи таа беше сведок на сите случувања во Собранието. Седеше во првиот ред и цинички се смееше”. („Две пратенички во болница, неколкумина повредени“, *ТВ Алфа*)
- **Радмила Шеќеринска:** „А кога не се согласувавме да ја напуштиме седницата, буквално не фаќаа како да сме стока, не влечеа по под, и меѓу нозете на обезбедувањето, ни удираа клоци и не газеа. Она што го видов од некои, па и жени во обезбедувањето, кои буквално не фаќаа за раце и нозе, ни ги фрлаа кондурите и не буткаа кај нив меѓу нозе, за да потоа полесно не газат, тоа не сум можела да очекувам ни во држава отаде тоталитарноста”. („Две пратенички во болница, неколкумина повредени“,*ТВ Алфа*)

## 9) Протести пред штабот на СДСМ

- Протести и пред седиштето на СДСМ. Незадоволните граѓани застанаа против партијата од *Бихаќка*. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- Инаку, во текот на денот блокирано и каменувано беше седиштето на СДСМ. Лицата кои протестираа не пуштаа никој ниту да влезе, ниту да излезе од партијата. (*ТВ Телма,* Вести)
- Политичката нетрпеливост кулминираше и пред седиштето на СДСМ. Стотина

припадници на „Фронтот на народот“ ја нападнале партијата и искршиле прозорци, а во околината забележителни се и јајца, стакла и камења. Полицијата не успеала да спречи контакт меѓу политички ривали, а опозицијата ја обвини дека не дејствувала. („И пред СДСМ физичка пресметка“,*ТВ Алфа*)

- Околу 11:30 часот се случи инцидент пред влезот на седиштето на СДСМ на улица „Бихаќка“ кога засега неидентификувана група насилно, со џип, се обидела да се пробие во дворот на партијата и за малку ќе прегазела неколку граѓани кои протестирале пред влезот на СДСМ... Педесетина полицајци, засилени со припадници на единицата „алфа“ успеаја да воспостават кордон и да спречат поголем инцидент, а привржаниците на власта ги блокираа улицата и влезот на СДСМ. („Инциденти на Бихаќка““, *Вечер*, стр. 2)
- Во текот на денот беше каменувано и главното седиште на СДСМ во Скопје. („Нападнато седиштето на СДСМ“, *ТВ Алсат М,* Вести во 20:00 часот)
- Инцидент се случи и кај седиштето на СДСМ каде група демонстранти фрлале јајца и камења. Повредени се и неколку жени кои го нападнале седиштето. По интервенција на обезбедувањето на СДСМ, напаѓачите се одвратени да влезат во седиштето од партијата. („Инцидент и пред седиштето на СДСМ“, *ТВ 24 Вести*)
- „Ова е, како да се изразам, безобразлук од Црвенковски, што еднаш не нè остави на власт”. (изјава на граѓанин кој протестира пред СДСМ) (*МРТ1,* Дневник 2 на МТВ)

## 10) Изјави и реакции на политичари, партии, меѓународна заедница

- **Андреј Жерновски:** „Најавивме протест, нешто што е демократско право, загарантирано со Уставот... и во моментов сме каменувани. Тоа е начинот на којшто тие ја разбираат демократијата. Жалосно е што во Македонија се протестира против опозицијата. Она сценарио што го гледавме во Србија, во времето на Слободан Милошевиќ, чие сценарио, чиј концепт беше народ против народ. Ако тоа го прави една власт, тогаш можете да сфатите колку е таа одговорна и какви последици сака да произведе”. („Тензично во и пред Собранието“, *ТВ 24 Вести*)
- **Радмила Шеќеринска**, пратеничка од СДСМ: „Стана јасно зошто требаше да бидете избркани од галеријата, веднаш откако ги избркаа новинарите, упаднаа 50 луѓе, предводени од Јанкуловска и од Ставрески, нè влечеа, удираа и газеа, тепаа жени, нè легнуваа на земја, нè влечеа на под, удираа клоци, тоа е цената на диктатурата”. („Шеќеринска: Додека нас нè удираа, од ВМРО-ДПМНЕ аплаудираа“, *Ден*, стр. 7)
- **Радмила Шеќеринска:** „Не беше тука присутно само собраниското



обезбедување. Очигледно, тоа беа луѓе, што би рекла министерката, со овластувања. Гордана Јанкуловска изгледа им дала дозвола за тепање. Не знаеме само колкумина од нив имаат и дозвола за убивање". („Повредени пратеници", *ТВ Телма*)

- **Миле Кузмановски**, пратеник од СДСМ: „Се обидовме со рацете назад да се спротивставиме. Полицијата не е толку виновна колку што е виновен оној што им дал наредба, а наредбата им беше да нè испотепаат". (Тони Ангеловски, „Ќотек за парите: Власта натепа пратеници и новинари за да го донесе буџетот за 2013 година", *Ден*, стр. 6 и 7)
- **Горан Мисовски:** „Партиите на опозицискиот фронт здружени во коалицијата 'Сојуз за иднината' ќе поднесат кривична пријава против претседателот на Собранието, Трајко Вељановски, затоа што го прекршува Деловникот за работа на Собранието, а тоа е противзаконски и противуставно". (Искра Опетческа, „Итната постапка на буџетот можеше да го спречи хаосот во Собранието", *Нова Македонија*, стр. 2)
- **Стојан Андов:** „Вакво нешто не паметам. Досега не сме доживеале нешто слично. Никогаш насила, со специјалци не биле изнесувани пратениците од Собранието, како и претставниците на медиумите. Ова е невидено". („Стојан Андов: Вакви нешто не паметам", *Фокус*, стр. 7).
- **Стојан Андов:** „Целава ситуација веќе носи политичка криза. Владее

конфузија поради нетранспарентноста од постапките на власта. Очигледно е дека народот што протестира е изманипулиран бидејќи ја нема вистинската информација". (Игор Чавески, „Покрај локалното, буџетот ќе скрои и парламентарно соочување: Политичката криза ќе донесе предвремени избори?", *Ден,* стр. 9)

- **Бранко Црвенковски:** „Од денес Груевски реши, а Македонија го доби својот Милошевиќ. Денеска беа тепани новинари, беа тепани пратеници, беше тепан народ. Денеска, по теркот на тој сатрап од Србија, го нахушка народот еден против друг. Да предизвика крвопролевање, судир, конфронтација. Е, па Никола, ако сакаш да бидеш Милошевиќ, ќе си го добиеш својот 5-ти октомври". („Опозицијата го напушти Собранието на РМ", *ТВ 24 Вести*)
- **Бранко Црвенковски:** „Дури дишам и дури мрдам ќе продолжам и не се повлекувам од оваа битка. Ова е наша земја, ние ја градевме и создававме и пак ќе ја ослободиме. Од утре почнуваме, одиме до крај, запирање нема". („Црвенковски: Ќе ја ослободиме земјава", *Дневник*, стр. 3)
- **Бранко Црвенковски:** „Собрани сме во одбрана на демократијата, Уставот, во одбрана на државата, на сето она што оваа влада, со овие сценарија, сака да го изгази, потоа, според мене, во Македонија веќе нема да има демократија. Груевски се реши да стане Слободан Милошевиќ. Со своето сценарио се обидува да го набуцка народот еден против друг и да предизвика инциденти во земјава. Ако Груевски сака да биде македонски Милошевиќ, ќе го добие петти октомври". (Ирена Чачкова, „Народот се пресметуваше со камења, јаболка и со јајца пред Собранието / Црвенковски: Груевски сака да го замени Слободан Милошевиќ", *Ден*, стр. 4 и 5)
- **Бранко Црвенковски:** „Денеска во Македонија нема Устав, нема демократија, владее диктаторски режим. Од утре почнува општонародна непослушност и општонародно востание. Нè чека голема и тешка работа. Битката ќе ја одработиме, битката ќе ја добиеме. Ова е наша земја. Бидете на повик, од утре почнуваме и запирање веќе нема". (Татјана Поповска, „Демонстрантите на СДСМ со пендреци спречени да влезат во парламентот", *Утрински весник*, стр. 2)
- **Игор Ивановски**, пратеник од СДСМ: „Додека ние бараме пари за нови работни места, тие ги бројат тендерите и споменициите. Не нè пуштија внатре затоа што на овие арамии и апаши им се важни само парите. Тие лопови и фашисти мораа да ја повикаат полицијата да нè отстрани од Собранието. Иако го изгласаа буџетот, денес цел свет гледа која е оваа Македонија. Од денеска не сме држава. Оваа зграда е дом на фашистички платеници". („СДСМ се повлекува од Собранието" (рамка), *Ден*, стр. 7)

- **Игор Ивановски:** „Во парламентот веќе нема враќање, парламент веќе нема. Овој парламент веќе не го признаваме. Победа ќе извојуваме како партизаните во 1945”. („Тежок ден за македонската демократија“, *Утрински весник*, стр. 2)
- Македонија веќе не е држава. Ја уништија фашистичките и криминални пратеници на чело со Милошевиќ на Македонија, Никола Груевски - изјави Бранко Црвенковски повикувајќи на граѓанска непослушност. ВМРО-ДПМНЕ и премиерот Никола Груевски со контра одговор. Велат државните институции го спречија обидот на опозицијата за државен удар и за соборување на власта избрана по легитимен пат. (*ТВ Алсат М*, Вести во 20:00 часот)
- ВМРО-ДПМНЕ: „Државниот удар на Црвенковски не помина и нема да помине затоа што победи разумот”. („ВМРО-ДПМНЕ: Државниот удар не помина“, *Дневник*, стр. 3)
- ВМРО-ДПМНЕ: „Ова е последниот обид за спас на личната кариера на Црвенковски и на малата група политичари околу него, кои се борат за моќ и лична корист... Нападот врз Собранието е напад врз граѓаните. Граѓаните не заслужуваат таков третман. Сите заедно ја имаме одговорноста за градењето на нашата иднина. Ние ќе останеме на страната на народот, зад правниот поредок, законите и институциите. Ние ќе останеме на вистинската страна”. („ВМРО-ДПМНЕ: Спречен е обид за државен удар“, *Утрински весник*, стр. 3)
- Пред малку во директно обраќање до нацијата, премиерот Никола Груевски рече дека нема да потклекне на притисоците, и според него, транзициските трикови на Бранко Црвенковски. Го обвини претседателот на СДСМ дека со три илјади луѓе сакал да ја преземе власта. (главна најава на *МРТ1,* Дневник 2 на МТВ)
- **Никола Груевски:** „Денеска Бранко Црвенковски сакаше со околу три илјади свои приврзаници на сила да освои власт. На Бранко Црвенковски денес му се спротистави народ. Поделени во две групи, имаше најмалку три пати повеќе граѓани кои излегоа да му се спротистават. На Бранко му се случи народ. Така е тоа кога во демократска држава некој ќе се обиде да освои власт со насилство и без поддршка на мнозинството граѓани на слободни и демократски избори. Почитувани граѓани, само во држави каде мафијата е посилна од власта може, и покрај поддршката на народот, да се случи политички преврат. Македонија не е таква држава. Македонија е слободна и демократска држава. Со власт избрана на слободни и демократски избори. Со институции кои функционираат и со поддршка од мнозинството граѓани”. (дел од обраќањето на премиерот до нацијата на *МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- **Никола Груевски:** „Со оѕир дека Бранко Црвенковски најави продолжување на неговото погубно сценарио, сакам да потенцирам дека подготвени сме на

сите можни сценарија, со цел заштита на интересите на граѓаните и заштита на Уставот и на законите. Политичарите од ерата на Гадафи, како Бранко Црвенковски, на пример, ќе го доживеат својот политички крај, ќе заминат во историјата”. (обраќање на премиерот, *ТВ Алфа*)

- Соединетите Американски Држави ги повикуваат политичките партии да се откажат од провокациите и да го почитуваат законот, Уставот и начелата усвоени во Собранието. (*ТВ Алсат М*, Вести во 20:00 часот)
- Реакција од Европската Унија: Конфронтациите да прекинат (*Дневник*, стр. 2)
- Загриженост од САД: Да запрат агресивните и провокативните акции (*Дневник*, стр. 2)
- Европската унија и Соединетите американски држави повикаа на разумност и запирање на тензиите. Мирното изразување на различните мислења е основа на секоја силна и демократска држава, порачуваат Брисел и Вашингтон. (*МРТ1,*Дневник 2 на МТВ)

## 11) Изјави и реакции на експерти и колумнисти

- Експерти за *ТВ Сител*: „Буџетот е донесен како што треба. Се даде сè од себе и се излезе од овој ќорсокак во кој опозицијата сакаше да ја втурне државата”. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- **Стево Пендаровски:** „Во ваква зовриена ситуација странците можат да ја одиграат улогата на медијатори. Вториот начин е целосно да се активираат домашните политички капацитети и власта да контактира со опозицијата”. (Наум Котевски, „Власта и опозицијата мора да седнат заедно“, *Утрински весник*, стр. 1)
- **Звонимир Јанкуловски:** „За суштинските разлики се разговара во институциите. Улицата не е место каде што се решаваат проблемите. Порано сегашната опозиција беше против таквиот начин на надминување на разликите”. (Наум Котевски, „Власта и опозицијата мора да седнат заедно“, *Утрински весник*, стр. 1)
- **Тања Каракамишева-Јовановска:** „Претседателот на Собранието требаше многу порано да реагира и Законот за буџет да биде донесен под итна постапка, особено што можеше да се предвиди дека ситуацијата може да кулминира. Претседателот Вељановски го има тоа право, особено во вакви ситуации, во кои недонесувањето на буџетот може да доведе до посериозни нарушувања во стопанските текови, или пак, други потрајни последици по функционирањето на државата”. (Искра Опетческа, „Итната постапка на буџетот можеше да го спречи хаосот во Собранието“, *Нова Македонија*, стр. 2)
- **Мирјана Најчевска:** „Денес пропадна и онаа последна ронка демократија што постоеше во Македонија. Денес мора да им објавиме војна на диктаторот и на диктаторската клика на ВМРО-ДПМНЕ.

Денес решавањето на работите излезе од институциите и им даде право на луѓето да се дигнат на бунт против узурпаторите на власта. Во Македонија, во моментов, има безвластие. И така ќе биде се додека не си ја вратиме државата”. („Мирјана Најчевска: ВМРО-ДПМНЕ изврши државен удар“, *Фокус*, стр. 8)

- **Уранија Пировска**, Хелсиншки комитет: „Морам да кажам дека сум сериозно загрижена од тоа што денеска се случуваше. Не само за тоа што се случуваше на протестот и однесувањето на полицијата, туку и тоа што имав прилика да го видам внатре во Собранието на Република Македонија откако бев известена дека наводно пратеници од опозицијата биле насила изнесувани од салата на Собранието. Значи, успеав да влезам во Собранието, меѓутоа не ме пуштија да влезам во салата, иако инсистирав. Укажував дека Хелсиншкиот комитет тука е во својство на набљудувач. Меѓутоа, можев да видам како изнесоа двајца пратеници кои што беа повредени. Владееше тотална хистерија и пратениците од опозицијата тврдеа дека биле нападнати од специјалци, односно на сила биле изнесувани од салата на Собранието. Исто така, пред Собранието на Република Македонија со свои очи видов како полицијата употребуваше физичка сила на граѓани кои што наводно го пробија кругот на толпата народ”. (*ТВ Телма*, Вести)
- **Јове Кекеновски:** „Во ова лудило, за кое се виновни и власта и опозицијата, каде е претседателот на државата да ги смири страстите. Неговата задача е да се обиде да ја намали тензијата меѓу својот народ, за да не се истепаат за партиите. Кој ќе одговара доколку се случат поголеми инциденти? Па, не може претседателот да се крие, додека сме на чекор од граѓанска војна”. („Јове Кекеновски: Каде е претседателот на државата?“, *Фокус*, стр. 7).
- Она што нѐ очекува, драги мои, е судири на улица на организираните маси на опозицијата и власта и целосна блокада на Парламентот во обидите на сила да се истурка, не само буџетот, туку и кој било друг негов акт. Протестите, ако се јасно одлучни, ќе носат поместување кон опозицијата и генерално кон промената, бидејќи друго нема да може да ја извлече земјата од криза. (Љубомир Д. Фрчковски, „Николај и Николина“ (колумна), *Фокус*, стр. 17)
- **Биљана Ванковска**, универзитетска професорка: „Ова е трагична слика во која политичарите и нивните партиски војници се подготвени да дозволат бродот да потоне, ама тие да се на победничката позиција. Колатерална жртва сме сите ние”. (Бранко Ѓорѓевски, „Кризата околу буџетот не смее да го парализира општеството: Наместо востанија, ни треба стивнување на страстите“, *Дневник*, стр. 3)

- **Жидас Даскаловски**, политички аналитичар: „Ако во ова зловреме дојде крајот на недемократското владеење во двете најголеми партии, сепак ќе можеме да извлечеме и корист од целата ситуација. Жителите на оваа земја не сакаат граѓанска војна и конфликт и ќе препознаат каде лежи вината за моментните состојби”. (Бранко Ѓорѓевски, „Кризата околу буџетот не смее да го парализира општеството: Наместо востанија, ни треба стивнување на страстите“, *Дневник*, стр. 3)
- **Стојан Кузев**, професор по кризен менаџмент: „Причините што доведоа до ова се водствата на овие блокови, пред сè, водството на опозицискиот блок. За жал, опозицијата очигледно имаше свои намери и сценарија да направи криза”. (Бранко Ѓорѓевски, „Кризата околу буџетот не смее да го парализира општеството: Наместо востанија, ни треба стивнување на страстите“, *Дневник,* стр. 3)
- **Илија Ацески**, социолог: „СДСМ доцна разбра дека во вакво општество до изборна победа се доаѓа преку популизам и национализам. Откако се потрошија институциите, сега остана да се изведе народот. Буџетот е само повод, а не вистинска причина”. (Бранко Ѓорѓевски, „Кризата околу буџетот не смее да го парализира општеството: Наместо востанија, ни треба стивнување на страстите“, *Дневник*, стр. 3)
- **Татјана Стојановска Иванова**, универзитетски професор: „...да се суспендира новинарството, таа седма сила која што секогаш претставува еден вид коректор на одредената гарнитура која што е на власт, мислам дека тоа е урнисување на демократијата”. („Експерти: Политичарите го злоупотребуваат народот“, *ТВ 24 Вести*)
- **Татјана Каракамишева Јовановска**: „Легитимно е правото на опозицијата да го наметнува својот став и да има став по сите прашања за коишто се одлучува во Собранието. И тоа не е спорно. Меѓутоа, од друга страна, легитимно е и правото на Владата, односно на владејачкото мнозинство, да наоѓа механизми со цел да ги спроведе решенијата коишто се утврдени во нејзината агенда”. („Каракамишева: Случувањата се сценарио на опозицијата“, *ТВ 24 Вести*)
- **Тања Каракамишева**, универзитетски професор по уставно право: „Дозволете ми најнапред, да му честитам на народот, на граѓаните на Република Македонија, што буквално успеаја да ги спречат сите оние идеи за насилно уривање на демократскиот поредок, би рекла, не на власта, туку на демократскиот поредок. И дека, едноставно најдоа сенс и разум во себе, сфаќајќи дека насилството на улиците не води никаде и дека едноставно мора да се реши на демократски начин и со демократски механизми”. (гостување на *МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)

- **Тања Каракамишева**, универзитетски професор по уставно право: „... деловнички имаа право уште пет работни дена да дискутираат по интегрираниот текст на буџетот. Што значи, едноставно опозицијата можеше и во рамките на овие пет дена да го изнесе својот став и видување по однос на буџетот. Меѓутоа, тоа не се случи. Како што гледаме, излезе опозицијата од собранието”. (гостување на *МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- **Мирка Велиновска:** „Крајната цел мислам дека и врапчињата ја знаат. Дека Македонија треба да добие таков политички амбиент или таква елита која е подготвена да ги прифати ултиматумите, не само грчки, него и на одредени моќни кругови во Европска унија, за промена на името, за декодизирање на македонскиот етнос”. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- **Ким Мехмети:** „За мене крај е воспоставување на демократијата во оваа земја. Департизација на оваа земја. Оваа држава да не биде сопственост на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ, туку на граѓаните кои гласаат. Ако е тоа крајот, јас сум за тој крај. Оти ние, или ќе стасаме до тој крај, или крајот ќе ни биде ова што е сега – ќе имаме чиста диктатура. Зарем не ви личи сето ова по малку на времињата на Милошевиќ? Каде уште во светот, каде уште во светот, се организираат протести пред седиштата на опозиционите партии? Каде? Само кај нас”. („Мехмети, Ако попушти опозицијата, уште долго ќе живееме во диктатура“, *ТВ 24 Вести*)
- Во услови на повеќедневна тензична атмосфера, во Собранието, протести и барања за побрзо усвојување на проекциите од земјоделците, пензионерите, уметниците, дел економисти вчера коментираа дека сепак донесувањето на буџетот во законскиот рок е исход што ќе ѝ значи многу на домашната економија. Во спротивно, државата немаше да може да функционира стандардно. Тоа е како да имате пари, а банката да не ви дозволува да ги користите. Без донесен буџет државата можеше да се соочи и со намалување на кредитниот рејтинг. Сепак, подобро ќе беше ако буџетот се донесеше со политички консензус, вели Михаил Петковски, универзитетски професор. (Александра Томиќ, „Во тензична атмосфера: Државната каса изгласана“, *Дневник*, стр. 2)
- Доколку владата остане на својот пристап во донесувањето на буџетот, тогаш се отвора посуштинско прашање, а тоа е зачувување на функционирањето на демократскиот систем во Македонија. (Слободан Најдовски, „Нови македонски делби“, *Утрински весник*, стр.13)
- **Билјана Ванковска:** „Ова е грда и погубна слика на тепачка на ’нашата‘ и ’вашата‘ банда, и битка за тоа кој ќе изнесе повеќе партиски војници на улица... Никогаш во историјата Македонците не дигнале рака едни на други (освен кога биле насилно мобилизирани од туѓи армии, пред стотина години), а сега кога имаат

држава се случува нешто налик на граѓански конфликт. Само можам да кажам дека ниту е ова демократија, ниту од улица се доаѓа до демократија”. („Билјана Ванковска: Од улица не се доаѓа до демократија!“, *Вечер,* стр. 4)

- **Владимир Божиновски:** Истото сценарио го гледавме пред две години, кога наместо буџетот, фокусот беше А1 телевизијата, а очекувам дека исто да се случи и кога на дневен ред ќе дојде Изборниот законик. Инаку вакви карневали не се прават за буџет. Ова е познат метод на СДСМ. За да се направи внатрешна кохезија во партијата, се бара надворешен непријател. („Владимир Божиновски: Ова е последен обид на Бранко да ја задржи позицијата!“, *Вечер,* стр. 4)
- СПМ: „Не можејќи да го поднесат нискиот рејтинг и поразот што им претстои на локалните избори, се одлучија да го жртвуваат сопствениот народ и државата да ја турнат во хаос”. („СПМ: Хаосот што го предизвикува опозицијата е надвор од демократијата и правната држава“, *Вечер,* стр. 4)

## 12) Медиумски најави, описи и коментари

- Централната вест на вечерта. Македонија се смири по обидот на опозицијата да ги испровоцира најжестоките меѓуграѓански судири со десетдневната блокада на буџетот заради политичките поени. (најава на *ТВ Сител*)
- Состојбата пред Собранието се смирува. Нападнат претседателот на парламентот Вељановски. Владејачката партија оцени дека е спречен обид за државен удар. Пред парламентот е избегнат директен судир меѓу поддржувачите на опозицијата и „Народниот Фронт“ кој ја поддржа власта. На момент, демонстрантите на чело со Црвенковски го пробија и полицискиот кордон. („Полицијата спречи поголем инцидент“ *МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- **Трајко Вељановски:** „Собранието го донесе Буџетот на Република Македонија за 2013 година”. Граѓаните го добија буџетот. Пензионерите, стечајците и земјоделците можат да здивнат. Опозицијата не успеа во намерата да ги разнебити институциите. Прекршени пет одредби од Уставот. Нападнат и Вељановски. Пратенички им корнеле коси на вработените во собраниското обезбедување. (*ТВ Канал 5* , централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Инциденти, тепачки, тензија. Во ваква атмосфера без опозиција која беше отстранета од собраниската сала, усвоен е буџетот за наредната година. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Пратениците на опозицијата и новинарите изнесени од собраниското обезбедување. Власта сама го изгласа буџетот. Трајко Вељановски: „Собранието го донесе буџетот за 2013 година”. Пред собранието судири на опозицијата и провладините групи.

Најмалку 18 повредени. За експертите, манипулацијата со народот за исполнување на своите цели, вон секоја памет. Македонија осамна на насловните страници на балканските и светските медиуми. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)

- Опозицијата објави: ја напушта работата на парламентот и повика на граѓанска непослушност, откако по нивното протерување пратениците од власта под итна постапка го донесоа буџетот за 2013 година. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Хаос. Протести и инциденти пред Собранието. Парламентарното мнозинство со помош на обезбедувањето успеа да го усвои буџетот, откако сосила од салата ги исфрлија пратениците на опозицијата. (*ТВ Алсат М*, Вести во 20:00 часот)
- Опозицијата ќе ја бојкотира работата на Собранието. Црвенковски најави општа граѓанска непослушност, од ВМРО-ДПМНЕ вратија дека спречиле државен удар. (Сунчица Стојановска-Заксимовска, Гоце Трпковски, „Партиска војна за буџетот; ВМРО-ДПМНЕ: Спречен државен удар / Црвенковски: Дури дишам, не се повлекувам“, *Нова Македонија*, стр. 1)
- Од собраниската сала прво насилно беа исфрлени новинарите и пратениците од опозицијата, а власта експресно го усвои буџетот. („Власта брутално го суспендира парламентот: Убиство на демократијата“, *Фокус*, стр. 1)
- Десетина пратеници повредени, тројца хоспитализирани: Со ќотек до буџет (Опозицијата повика на граѓанска непослушност“, *Ден*, стр. 1)
- Буџетот изгласан: причина за вознемиреност нема, сè останато е одговорност на СДСМ (*Вечер,* стр. 1.)
- Повици за општонародни востанија не можат да предизвикаат поголем граѓански конфликт, туку се наменети за партиска мобилизација, а нам ни треба обединување и стивнување на страстите, потенцира универзитетскиот професор Ѓорѓи Тоновски. (Бранко Ѓорѓевски, „Кризата околу буџетот не смее да го парализира општеството: Наместо востанија, ни треба стивнување на страстите“, *Дневник*, стр. 1)
- Наместо зборови и дијалогот, главната работа на пратениците, дел од нив ја искршија собраниската говорница. Претседател на Собранието мораше да биде бранет од обезбедување. Настрадаа и пратенички од опозицијата. Во највисокиот демократски дом на Македонија мораше да интервенира полицијата. Се отстрануваа пратеници што самоволно ја заседоа говорницата, не давајќи им право на останатите колеги да зборуваат и да раководат со седницата... Нема место за задоволство при нанесувањето удар на политичкиот противник ако истовремено ја боли цела Македонија. (Антонио Спасев (едиторијал), „Разумот да победи“, *Дневник*, стр. 11)

- Власта го има пендрекот, и покажа дека ќе го користи (Младен Чадиковски, „За Македонија се работи!“, *Фокус*, стр. 2)
- За ВМРО-ДПМНЕ ова беше обид на опозицијата за државен удар, кој институциите го спречиле, а СДСМ најави општонародно востание и повлекување од парламентот... Пратениците од опозицијата се обидоа да го тргнат собраниskiот спикер Трајко Вељановски од неговото место, а собранiskoто обезбедување потоа ги отстрани од салата”. (Катерина Нешкова, Мариела Трајковска, „Сериозен инцидент во Собранието: Буџетот се носеше и се спречуваше со тупаници“, *Дневник*, стр. 3)
- Без присуство на медиуми и опозиција, откако собранiskoто обезбедување, засилено од полициска чета однадвор, насила ги истера новинарите и грубо ги одвлече опозиционерите од главната сала во собранието, власта го изгласа буџетот за 2013 година. (Влатко Стојановски, „Хаос, пискотници и тепачки во собранието: Парламентот киднапиран, буџетот шверцуван“, *Фокус*, стр. 4.)
- Протестите пред Собранието, проследени со инциденти, тензии и со напната атмосфера, каде што имаше и повредени граѓани, не беа поле на интерес на водечките телевизиски станици во Македонија. (Мирослава Симоновска, „Ало МТВ, има протести!“, *Фокус*, стр. 9)
- „Египетската пролет“ пред две години почна слично: на една страна едните, на другата другите, меѓу нив ограда, а преку неа летаат камења, шишиња... Продолжи со илјадници жртви и уште трае. Колку ќе трае „буџетската зима“ кај нас? (Стојан Синадинов, „Окупација во 24/7 слики“, *Ден*, стр. 2)
- Премиерот Никола Груевски покажа со прст кон лидерот на опозицијата, посочувајќи дека токму суетата на Црвенковски е причина за блокадите. Лидерот на СДСМ, Бранко Црвенковски, пак, му порача на Груевски дека го добил својот 5-ти октомври. Го спореди со Милошевиќ и му најави дека ќе заврши како него. И двајцата не наликуваат на политичари кои треба да ја поведат земјата во нова политичка, економска, технолошка и општа развојна ера. (Гордана Дувњак, „Проблемите да се решат во институциите“, *Утрински весник*, стр. 12)
- Диктатурата ги испружи своите големи рогови. Стравовладата го покажа грдото лице на тврдиот режим. Со полициски терор, со претепани граѓани, а велат тепан е и лидерот на опозицијата, поранешен претседател на државата и премиер, Бранко Црвенковски. Вмровската власт демонстрираше невидена досега бруталност кон политичките противници. Насила, противуставно и противзаконски е донесен буџетот на Република Македонија. Пратениците на опозицијата силеџиски се отстранети од собранiskата сала. Пратеничката Радмила Шеќеринска понижувачки е влечена по подот. Новинарите со закани се отстранети од

своите работни места од парламентарната галерија да не го видат режимскиот фалсификат и насилие. Премиерот и лидер на ВМРО ДПМНЕ Никола Груевски ја прифати улогата на диктатор и ги суспендира Парламентот и Уставот. (Ерол Ризаов, „Диктатурата ги покажа роговите“, *Утрински весник*, стр. 6)

## 25 ДЕКЕМВРИ 2012 (ДЕН ПОТОА)

- ***Во овој дел се обработени ТВ вестите од 25.12.2012 и дневните весници од 26.12.2012***
- Опозицијата во вон-институционален поход. Не излегува и на избори организирани од владата на Груевски. Буџетот нелегитимен. Власта со влечењето пратеници ја суспендираше демократијата, оценуваат експерти. За МВР виновни за инцидентот во Собранието се пратениците од СДСМ. Од скандалот со новинарите сите мијат раце. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Пратеничките на СДСМ кои по вчерашните настани во Собранието завршија во болница се пуштени на домашно лекување. Најавуваат кривични пријави против Трајко Велјановски. Полицијата вели дека за инцидентите во салата виновна е опозицијата. Дел од пратениците од власта го осудуваат насилието врз нивните колеги истуркани од салата. Опозицијата од вечерва почна со блокади на центарот на Скопје и клучните крстосници во другите градови. Главниот протест ќе биде во сабота пред седиштето на ВМРО-ДПМНЕ. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Од кабинетот на спикерот, активирањето на обезбедувањето го објаснуваат со членот 43 од законот за собрание во кој стои дека спикерот има право да одобри мерки спрема пратениците од кои дел по акцијата на полицијата завршија во болница. („Опозицијата со кривични за Вељановски, пратеничките излегоа од болница“,*ТВ Алфа*, Вести во 22:00 часот)
- Билјана Казанџиска и Весна Бендевска се пуштени на домашно лекување. „Припадник толку професионално ме легна на земја, јас навистина во паѓањето удрив со глава во постаментот за знамињата. А најстрашно беше што тој имаше намера да ме згази и ме згазна со чизмата по ногата. Ме спаси колегата Митре Велјановски..“. - изјави Бендеска. Опозицијата идентификувала 44 лица кои, како што вели, воопшто не се дел од собраниското обезбедување. („Опозицијата со кривични за Вељановски, пратеничките излегоа од болница“,*ТВ Алфа*, Вести)
- **Ермира Мехмети:** „Имаше насилен, присилен акт од страна на обезбедувањето во Собранието, и тоа заслужува осуда, без разлика кои се причините..“. Весна Бендевска: „Нивното немо следење и невклучување ги прави директно соучесници и затоа повеќе не ги сметам за колеги. Не покажаа грам човечност“. („Опозицијата





со кривични за Вељановски, пратеничките излегоа од болница“,*ТВ Алфа*, Вести)

- Новинарите во Собранието не биле насилно отстранети од галеријата. Биле замолени да го напуштат просторот од кој ги следат собраниските седниците, а тие давале отпор. Ова е ставот на Собранието, кој засега само телефонски го соопшти Марјан Маџовски, шеф на кабинетот на претседателот на Собранието Трајко Вељановски, за бркањето на новинарите од собраниската галерија. („За исфрлањето на новинарите, Груевски упатува кај Вељановски“,*ТВ Алфа*, Вести)
- **Насер Селмани:** „Според членот 70 од Уставот, Собранието заседава на јавни седници. Ограничувањето или затварањето на седниците може да се случи само со одлука на Собранието, зад која ќе застанат две третини од пратениците. Таква одлука во овој случај немаше. Тврдењето дека седницата била прекината не е точно, затоа што ние не слушнавме од Спикерот дека ја затвара седницата или дава пауза ... Ако Спикерот на Собранието нема дадено наредба, тогаш некој од надвор дава наредба како да се постапува во Собранието, што е преседан“. („За исфрлањето на новинарите, Груевски упатува кај Вељановски“, *ТВ Алфа*, Вести)
- **Никола Груевски:** „Кажав дека жалам што тоа се случило. Веројатно во целиот тој хаос што настана се донела таква проценка, која според мое мислење не требало да се донесе. Меѓутоа се донела таква проценка и се случило тоа што се случило. Најдобро е за тоа да се обратите во Парламентот. Се надевам дека на некој начин ќе се најде разбирање, односно ќе има дијалог помеѓу луѓето во Парламентот и новинарите. Жалам за тој настан“. („За исфрлањето на новинарите, Груевски упатува кај Вељановски“, *ТВ Алфа,* Вести)
- **Мирјана Најчевска:** ,,Ако станува збор за интернет, блокирање на веб-страни на државни институции се применува, хакирање на државни компјутери, спречување на доаѓање или примање или излегување на информации од државните институции. Може да биде со блокирање на цели државни структури. Да речеме, луѓе се наредуваат пред собранието и не дозволуваат ниту влез ниту излез на пратениците“. („Граѓанската непослушност е несогласување со државата“,*ТВ Алфа*, Вести)
- **Никола Груевски:** „Тој продолжува во стилот на Гадафи. Продолжува да живее во еден свој свет со една сериозна доза на алтруизам, живеење во еден свој свет, каде што верува дека целиот народ е со него, дека сите го поддржуваат и дека треба на сила да се заземе власта“. („За Груевски, Црвенковски е Гадафи, ДУИ апелира на разум“,*ТВ Алфа*, Вести)
- Опозицијата излезе на блокади. Народот, а не полицијата дава и зема мандат, порачаа пратениците. Партиските

претседатели велат дека не паметат вакво насилие. (*ТВ Алсат М*, Вести)

- Тоталитарниот режим мора да падне, изјави лидерот на СДСМ. Премиерот врати: „Црвенковски има патолошка желба да биде на власт по секоја цена". (*ТВ Алсат М*, Вести)
- Тежок срам за демократијата - оценка на Ванковска и Мисини за настаните во собранието. Рамадани и Јашари со став: Албанските партии во сценариото на ВМРО-ДПМНЕ. (*ТВ Алсат М*, Вести)
- **Тито Петковски:** „Не се плашиме. Независно што не исфрлија од Парламентот. Ние можеме и преку директни контакти со луѓето, како што е ова вечерва, пораките да ги соопштуваме од ова место. Ќе продолжиме да се бориме до моментот додека власта не падне". (*ТВ Алсат М*, Вести)
- **Ивон Величковски:** „Не дозволуваме мандатот што ни го дале граѓаните да ни го одземе полицијата. Не дозволуваме министри да си играат со Парламентот". (*ТВ Алсат М,* Вести)
- **Љубчо Георгиевски:** „Оние што ја водат ВМРО-ДПМНЕ денеска, се скарани со основните принципи на демократијата. Тоа го повторувам повеќе години, и мене ми е многу жал што деновиве тоа кулминира пред целата македонска јавност на ваков брутален, на ваков груб начин". (*ТВ Алсат М*, Вести)
- **Андреј Жерновски:** „Не може режим да владее долго време. Ниту еден режим не владеел целосно и долго. Се разбира имало режими коишто се разликувале по начинот на владеење. Меѓутоа тоа што им е заедничко е што сите на крајот завршувале исто, а тоа значи дека биле победени од народот". (*ТВ Алсат М*, Вести)
- **Билјана Ванковска:** „Најстрашното беше третманот на пратениците... Кога се инволвираше и обезбедувањето, лица кои се таму да спречат тепачки, да спречат кривични дела, тие станаа учесници во таа работа. Не можам да сфатам дека толку недостоинствен третман доживеаја пратеници, особено пратенички. Не можам да сфатам дека вицепремиерка беше влечена по земја. И, секако, третманот на новинарите, е оној за кој вие како новинари треба да реагирате и тоа многу жестоко... Факт е дека Македонија влегува во длабока, длабока политичка криза". (*ТВ Алсат М*, Вести)
- **Суад Мисини:** „Постојано, долго време наназад ние предупредувавме на состојбата на заробена држава. Така што, тоа што се случуваше вчера е само кулминација на оваа технологија на владеење што ја спроведува коалицијата на власт... Прекршувањата на Уставот, прекршувањата на законите, прекршувањата на процедурите се *modus vivendi* на оваа власт... Од друга страна, гледаме за првпат една опозиција, во случајот СДСМ, којашто ја наоѓа смислата на постоење во еден настап којшто и не

требаше да биде поинаков“. (*ТВ Алсат М*, Вести)

- Бранко насила сака да ја заземе власта. Тој живее во филмот на Гадафи. („Груевски: Бранко во филмот на Гадафи“ (кајрон), *ТВ Канал 5* , централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Уште една битка на Црвенковски надвор од парламентот со протести и блокади. Иванов: Политичарите да не се гледаат како душмани. Ахмети до Црвенковски: Да се спуштат тензиите. (*ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 19:00 часот)
- **Бранко Црвенковски:** „Ќе организираме и ќе поддржуваме секаков вид протести, митинзи, блокади на сообраќајници и објекти. Во сабота во 12:00 часот ќе организираме протест пред главното седиште на ВМРО ДПМНЕ во Скопје. Крајната цел на сè што ќе правиме во наредниот период е враќање на уставниот поредок и демократијата во Република Македонија. За тоа да се случи, овој тоталитарен режим ќе мора да си замине“. (*ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 18:15 часот)
- **Трајко Вељановски:** „Практично, СДСМ го жртвува Парламентот за партиска пресметка“. („Вељаноски: Редот и поредокот мора да се почитуваат, а државата да функционира“, *ТВ Канал 5*)
- **Никола Груевски:** „Тој отворено кажува дека е цврсто решен да се врати на власт со насилство. Со примена на насилство, со тепање, како што вчера се обиде кога тргна кон пензионерите, земјоделците, студентите и кон сите оние што беа на другата страна... Беше нападната институцијата, не само човекот Трајко Велјановски. Беше нападната институцијата Претседател на Собранието. Беше запоседната институцијата. Да не беше обезбедувањето во самото Собрание, собраниското обезбедување, веројатно ќе беше доведен во прашање животот на Претседателот на Собранието. Собраниското обезбедување со крајни напори го извлече од салата Претседателот на Собранието и беше запоседнато Собранието. Почнаа да се качуваат пратениците на СДСМ на маса, да скокаат, да рипаат, да тегнат микрофони, седнаа на столчето на Претседателот. Симболично кажано, сакаа да покажат дека го заземаат на сила Парламентот на Република Македонија“. („Груевски: Бранко е во филмот на Гадафи“, *ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 18:15 часот)
- Претседателот Иванов со апел за смирување на тензиите. Порача дека е недозволиво во третата деценија од независноста да сведочиме за насилство насочено кон и во демократските институции и уставниот поредок. Шефот на државата изрази жалење за немилите настани, надевајќи се дека случувањата никогаш нема да се повторат. Дури и Али Ахмети побара смирување на тензиите. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)

- За премиерот Груевски, претседателот на СДСМ се однесува како Гадафи. Вели во времето на Црвенковски не се плаќале даноци, а сега владеат закони. Лидерот на опозицијата одговара со најава за улични протести во целата држава и бојкот на парламентот. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- Местото на парламентарците е во Парламентот, а не на улица - порачуваат политичките аналитичари. Сите се против бојкотот на Собранието. Граѓаните не ги избрале за улични востанија. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- Обезбедувањето ги отстрани сите оние кои го нарушуваа редот. Тогаш, по претходно договореното сценарио, Црвенковски со приврзаниците кој ги предводеше, го разби кордонот и се обиде да предизвика хаос. Наместо кон собрание, тргна кон народниот фронт, со единствена цел да се судрат граѓаните. Благодарејќи на разумната постапка на полицијата, инцидентите се спречија. Буџетот се изгласа, а граѓаните се повлекоа. („Анализа: Сценариото на опозицијата почна уште во Парламентот“, *ТВ Сител*, Централен дневник во19:00 часот)
- Видеата од камерите на собраниското обезбедување покажуваат недолично однесување, закани кон колегите, обид за физичка пресметка и, што е најскандалозно, физички напад врз Претседателот на Собранието. Радмила Шеќеринска, една од пратеничките кои се пожалија на повреди, снимките покажуваат дека свесно го провоцирала обезбедувањето. Седната на масата каде што треба да седи претседателот Вељаноски, Шеќеринска се обидувала да ја попречи работата на Собранието. Не помогнале ниту предупредувањата на обезбедувањето. („МВР: Во парламентот имаше напад на институцијата“, *ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Лидерот на СДСМ Црвенковски тргна физички да се пресметува со сопствениот народ. Црвенковски реши да се тепа со повеќе од 10.000 Македонци, само затоа што не ги делат неговите ставови. Паѓаат во вода опозициските оправдувања дека сакале да влезат во Собранието, бидејќи влезот во законодавниот дом е на спротивната страна од онаа на која тие тргнаа во намерата да се тепаат и со граѓаните, но и со новинарите. („МВР: Во парламентот имаше напад на институцијата“, *ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Граѓаните очекуваат решенија, а не проблеми, но решенијата мора да се наоѓаат во институциите на државата. Претседателот Иванов повикува на институционално остварување на политичките интереси. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- СДСМ се одлучи: ги напушта институциите. Граѓанска непослушност, блокади на улици е новото сценарио на Црвенковски. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)

- Црвенковски се однесува како Гадафи. Со насилство сака да се врати на власт. За премиерот Никола Груевски, однесувањето на Црвенковски е поразително за државата. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Снимките од безбедносните камери во собранието ги срушија обидите за манипулација. СДСМ изврши напад врз институцијата Претседател на Собранието, потврди МВР. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Опозицијата почна со блокада на улици, сообраќајници, магистрални патишта, а како што најави претседателот на СДСМ Црвенковски, ќе се приклучи на сите други протести во државата. ( *ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Нема да бидам изненаден ако ми поднесат и кривична пријава за државен удар, вели лидерот на СДСМ: „Нека повелат. Тука сум, јас сум тука. Знаат и каде живеам и каде работам". Еве како ја толкува пораката на премиерот Груевски дека ќе им дојде крај на политичарите од времето на Гадафи: „Више седум години го слушам за мојот крај. Седум години го слушам Никола Груевски како сонува за мојот политички крај. И како повеќе сонува, така повеќе му се шири кошмарот за неговиот политички крај". („Црвенковски најавува голем протест пред ВМРО-ДПМНЕ", *ТВ Телма*)
- **Весна Бендевска:** „Добив професионален удар кој ме катапултираше на земја, каде што ја удрив главата. Меѓутоа, уште пострашно, припадникот започна да ме гази. Да не беше мојот колега Митре Велјановски, неговата намера претпоставувам беше да ме изгази на под. Сеедно, за неколку дена физички ќе се опоравам. Ама, сакам најјасно да соопштам. Овој напад, ни милиметар нема да ме помести во мојата решеност да одам до крај, до последна капка крв, до последен здив, да го бранам народот и мојата земја од македонските фашисти на Николае Груески". (*ТВ Телма*, Вести)
- **Светлана Мазгаловска-Вучетиќ:** „Бевме сведоци, јас лично, додека се вршеше тоа гмечење и тргање буквално на нас пратениците, меѓу кои и жените пратенички во Собранието, Лилјана Поповска, пратеничката и претседателка на Комисијата за еднакви можности, се обиде да ја спречи колешката Маринела Тушева да снима за да има сведоштво за тоа што на нас пратениците и пратеничките ни се случуваше во собранискиот дом. Мислам дека ова не се случува ниту во Пакистан, ниту во Африка". (*ТВ Телма*, Вести)
- **Тања Томиќ:** „Физичката болка мислам дека никој од нас не ја ни чувствуваше во тие моменти. Она што на сите најтешко ни паѓаше беше целосното кршење на демократијата. Почнувајќи од фактот дека не ни дадоа картички за да можеме да се пријавиме и да си седнеме на работното место, до фактот дека колегите немо набљудуваа и не реагираа ниту кога

се вадеа медиумите знаејќи што следува после тоа, ниту кога оние кои се платени со наши пари не влечеа, буквално, како да сме стока“. (*ТВ Телма,* Вести)

- **Соња Мираковска** стравува од воведување тоталитаризам: „Се државме во тој момент цврсто едни за други, на почеток на скалите стоевме жени, и знаевме дека доаѓаат луѓе да не исфрлат надвор од салата. Како би се чувствувале во тој момент? Како се чувствуваат луѓето што ги стрелаат? Ние не знаевме како ќе постапат со нас. Дали ќе не влечат или, не дај боже, ќе пукаат во нас. Но, знаевме дека за неколку секунди доаѓаат на нас... Луѓето кои ја згазија парламентарната демократија не можат да очекуваат почит од нас. Јас верувам дека нема да имаат почит ни од граѓаните на Република Македонија. Јас верувам дека луѓето, еден по еден, ќе сфатат што вчера се случи. Дали можете да замислите, оти тие луѓе, сега веќе сè можат да направат. Можат Уставот да го сменат на таков начин, можат било кој закон да донесат на таков начин“. (*ТВ Телма,* Вести)
- **Фросина Ременски:** „Она што вчера го видовме во Собранието од медиумите и веб-порталите укажува на едно институционализирано политичко насилство во коешто, за жал, учествуваа и државните органи коишто имаат законска обврска да постапуваат еднакво спрема сите, без разлика дали станува збор за пратеници од позиција или пратеници од опозиција“. (*ТВ Телма,* Вести)
- **Владимир Пивоваров:** „Главен и одговорен на ваквата групација полициска, односно, која извршува службени дејствија во Собранието, нормално, по хиерархиска линија доаѓа до министерот. Сите наредби се издаваат по хиерархиска линија, што значи дека министерката претпоставувам дека била запознаена со наредбата издадена за насилно исфрлање на пратениците... меѓутоа, претпоставувам, и Претседателот на Собранието, кој наводно, не видов некоја бруталност дека насилно е нападнат. Тоа е едно сценарио како може да се инсценира напад врз одредено лице за да може да преземе обезбедувањето одредени мерки, односно да ги легализира во законска форма“. (*ТВ Телма,* Вести)
- Крвавиот буџет ќе го закопа датумот за ЕУ („Македонија во нова фаза: Со Устав, без уставен поредок“, *Ден*, стр. 1)
- **Џевдет Хајредини:** „Ова е сценарио на ВМРО-ДПМНЕ и на ДУИ за по секоја цена, без процедура, со газење на деловникот и на правилникот, по цена на крв, да се донесе буџетот“. („ДПА му даде легитимитет на Буџетот“, *Ден*, стр. 2)
- Од писмото на Албанските интелектуалци: „Неодговорното и арогантно однесување на владината коалиција може да создаде непоправлива штета за општественото ткиво, поттикнувајќи спирала на бес, омраза и насилство“. („Албанските

интелектуалци со осуда за власта“, *Ден*, стр. 2)

- **Насер Селмани:** „Снимките што ги видовме на телевизија беа загрижувачки, запрепастувачки, оваа работа не смее да остане неразрешена, а Претседателот на Собранието и собраниските служби должат одговор и тоа под итно. Зошто се случи тоа, кој ја донесе таа наредба, врз основа на која аргументација?“ („ЗНМ ги прекина преговорите со владата“, *Ден*, стр. 3)
- Извештај на Хелсиншки комитет: „Комитетот укажува дека во согласност со Деловникот за работа на Собранието, Претседателот на Собранието заради одржување на редот може да даде наредба за отстранување на еден пратеник, но не и за цели пратенички групи. Ова дотолку повеќе што во случај да не може да се одржи редот во собраниската сала, најпрвин тој треба да даде две усни опомени, а доколку и тоа не придонесе за воспоставување на редот, да одреди краток прекин на седницата“. („Извештај на Хелсиншки комитет: невиден застрашувачки преседан на власта“, *Ден*, стр. 4)
- **Мирјана Најчевска:** „Превратот е завршен со превземање на целокупната власт од Владата на Република Македонија која, според Уставот, е само извршител на одлуките на Собранието. Само влада која ја држи целокупната власт во своите раце може да диктира услови за донесување на буџетот на државата, да прифаќа или не прифаќа амандмани, да распушта комисии на Собранието и да одлучува за скратена постапка во донесувањето на некој закон (во случајов, на буџетот)“. (Преземен текст од блогот *Квадратура на кругот* „Во Македонија е срушен уставниот поредок“, *Ден*, стр. 4)
- **Малинка Ристевска**, Институт за европска политика: „Ова дефинитивно ќе има влијание врз извештајот што ќе го објави Европската комисија. Нормалното функционирање на Парламентот е првиот предуслов за владеење на правото“. (Игор Чавески, „’Крвавиот‘ буџет ќе го закопа датумот за ЕУ“, *Ден*, стр. 7)
- Ако досега спорот за името беше единствениот услов за Македонија да ги почне преговорите, од овој момент ЕУ слободно може да се повикува и на другите услови, а во прв план политичкиот дијалог и слободата на медиумите. (Игор Чавески,„’Крвавиот‘ буџет ќе го закопа датумот за ЕУ“, *Ден*, стр.7)
- Лидерот на опозицијата Бранко Црвенковски најавува „сценарио на улица и граѓанска непослушност“, а премиерот Никола Груевски смета дека се работи за „патолошка зависност од власт“. (Катерина Нешкова, „Црвенковски се радикализира, останатите опоменуваат: Нема политички цели што оправдуваат насилство“, *Дневник*, стр. 1)

- **Сашо Клековски:** „Според речникот, се најавува ескалација, што многу наликува на тоа што Еди Рама го направи лани во Албанија, доведувајќи ја државата до работ на граѓанска војна“. (Катерина Нешкова, „Црвенковски се радикализира, останатите опоменуваат: Нема политички цели што оправдуваат насилство“, *Дневник*, стр. 1)
- ДУИ: „Донесувањето на буџетот е еден од основните предуслови за функционирање на државата и затоа сметаме дека овој есенцијален документ не смее да биде алатка за дневнополитичко пазарење и добивање политички поени“. („ДУИ: Буџетот не е за дневнополитички пазарења“, *Дневник*, стр. 2)
- Во зградата на Собранието единствено налетавме на опозицискиот пратеник Ивон Величковски. Од парламентот информираа дека и претседателот Вељановски е на работа, како и претседателката Салиу. (Мариела Трајковска, „Ден по инцидентот во законодавниот дом: По вревата, молк во парламентот“, *Дневник*, стр. 3)
- СДСМ најавува жестока вонинституционална битка / Блокади на патиштата, протести пред ВМРО / Лилјана Поповска не видела дека ѝ ги тепаат колешките (*Фокус*, стр. 1)
- Едноставно, тешко е да се замисли дека оваа земја, во која диктаторот ги присилува своите партиски војници и послушни чиновници да станат насилници, во која е дозволено брутално да се тепаат пратеници, во која над новинарите се врши директна цензура, а лажните интелектуалци не убедуваат дека виновни се и Хитлер и Евреите, е истата земја за која се боревме пред дваесет години. (Бранко Геровски, „Добро утро: Скриена камера“, *Фокус*, стр. 2)
- Бескрупулозниот инцидент со новинарите ќе ми послужи да аргументирам дека не само МИА и Парламентот, ами новоговорот тече од устите и на премиерот Никола Груевски и на претседателот Ѓорѓе Иванов. Замислете и Груевски и Иванов за мизерниот однос кон новинарите го употребија истиот збор, односно и двајцата рекоа дека жалат за она што им се случи на моите колеги. Од друга страна, здравиот разум претпоставува дека најмалку што можеа да кажат е дека го осудуваат овој во својата суштина недемократски чин. (Владо Апостолов, „Грујоговор“, *Дневник*, стр. 2)
- Интелектуалците од албанската заедница се оградуваат од политичките пратеници, кои ги застапуваат Албанците, а кои за време на вчерашните случувања, молчеле пред нанесените неправди и го поддржале кршењето на демократските принципи. („Осуда од интелектуалците-Албанци“, *Фокус*, стр. 5)
- **Никола Гелевски:** „Само политички идиот или безочен манипулант може да верува дека ’радикалниот‘ СДСМ се обидел



да изврши државен удар. Груевски живее надвор од реалноста. Тоа е диктаторска класика“. (Владо Апостолов, „Диктаторски говор“, *Фокус*, стр. 6)

- **Жарко Трајановски:** „Само во држави каде што мафијата е посилна од демократијата може да се случи вакво нешто. Исто како и мегафоните на Гадафи, и груевистичките мегафони се обидоа да ја убијат вистината, да го покријат силеџиството на нивната банда платеници и да ги прикажат нивните силеџии како ’жртви на тортурата‘. Но, силувањето на македонската демократија овојпат беше снимено. Пропагандната лага на груевистичките медиуми не помина. Сите видовме дека пратениците сами не ја напуштија салата, туку дека беа како партали со сила извлечкани од неа“. (Владо Апостолов, „Диктаторски говор“, *Фокус*, стр. 6)
- **Стојанче Ангелов:** „Како што покажа сила кон Македонците, така да покаже сила и кон командантите на УЧК и по истиот пат за буџетот да се донесе и законот за бранители“. („Ангелов: ВМРО да покаже сила и кон УЧК“, *Фокус*, стр.7)
- **Савка Тодоровска:** „Тоа што се случуваше во Собранието, да влечат жени по под, а другите жени седнати од страна да гледаат и да чукаат, е тоа никаде го нема. И да сакаме да побараме одговорност, нема каде да се обратиме за да се преземат мерки. Насилството се случуваше пред очите на првиот човек на МВР, Гордана Јанкуловска, и пред Народниот правобранител“. (Соња Т. Јанковска, „Додека женските здруженија се згрозени, Лиле Попоска не видела како ѝ ги тепаат колешките“, *Фокус*, стр. 8)
- **Сузана Салиу**, потпретседателка на Собранието: „Не ми беше мило што бев сведок на таков лош амбиент“. (Соња Т. Јанковска, „Додека женските здруженија се згрозени, Лиле Попоска не видела како ѝ ги тепаат колешките“, *Фокус*, стр. 8)
- **Лилјана Поповска** од ДОМ: „Немаше насилство, никој никого не тепаше, јас не видов. И да имало нешто можеби било доколку некој се обидел да нападне некого, па во обид да се спречи, бил повреден“. (Соња Т. Јанковска, „Додека женските здруженија се згрозени, Лиле Попоска не видела како ѝ ги тепаат колешките“, *Фокус*, стр. 8)
- **Радмила Шеќеринска:** „Со повредената нога ме влечеа и насила нѐ истераа од салата. Дојдоа Ставрески и Јанкулоска, тие даваа инструкции како да нѐ исфрлат од таму, за да можат да го донесат буџетот. Ставрески даваше сигнали како да се одвива целата ситуација. Среќа што снимаа со мобилни телефони и има докази, бидејќи потоа ќе измислеа дека ние сами сме се удирале“. („Шеќеринска: Ставрески даваше сигнали за акцијата“, *Фокус*, стр. 8)
- По насилното донесување на буџетот, во Македонија ништо не е и не може да биде исто. Диктатурата е почеток на крајот на оваа власт... Скопје е преплавено со графити „Преку Грујо ми

е“, кои вредните приврзаници успеваат да ги замачкаат. Барем засега. (Ристо Поповски, „Диктатура“, *Фокус*, стр. 9)

- Државата беше блиску до целосен колапс и до граѓанска војна. Доколку не се донесеше буџет, ќе престанеше да функционира. Како автомобил без бензин. Како фабрика со сопрена линија за производство, како мозок без крв и кислород. Ако, пак, се судреа две политички спротивставени групи на луѓе, ако во еден миг паднеше крв, ќе почнеше првата граѓанска војна во Македонија. (Мирка Велиновска, „Агендата на Бранковата ситна душа: Црвенковски сака на власт без избори, за да го затвори македонското прашање“, *Нова Македонија*, стр. 1)
- **Амди Бајрам**, карикатурата на македонската политичка сцена кој во нормални општества би се игнорирал и никој не би го зел во коалиција, стана парадигма на политичката реалност во Македонија. Што подолу, што понетолерантно, што попримитивно, што попровоцирачко, што покоруптивно, што повеќе без образ и што повеќе без личен морал и елементарна култура, тоа проаѓа во моментов. (Слободанка Јовановска, „Среден прст за Македонија“, *Утрински весник*, стр. 2)
- „Кога ги избркаа новинарите од галеријата, ни стана јасно дека ќе биде гадно. Колегите направија кордон околу говорницата. Поради бременоста, јас се повлеков во заднина, близу до седиштата. Пратениците на ДУИ, во меѓувреме, влегоа во салата. Потоа, низ двата влеза, почнаа да влегуваат специјалците. Со едната група влегоа и Гордана Јанкулоска и Зоран Ставрески и седнаа на седиштата“, раскажува Тушева. Таа вели дека припадниците на обезбедувањето почнале да ги влечат пратениците од опозицијата кон излезот од салата и дека ги тегнеле за палта и за нозе. Кој давал отпор, добивал клоци. Пратениците од мнозинството, според неа, мирно го набљудувале сето тоа. Лилјана Поповска ѝ рекла да не снима и да се повлече за да не ја повредат, а Амди Бајрам довикувал дека ќе има ќотек. „Кога почнаа да ја влечат Радмила Шекеринска по земја кон вратата, се доближив до толпата. Некој одзади ми рече да не снимам и почнаа да ми го тегнат телефонот и да ме туркаат кон излезот. Го стиснав телефонот до мене и успеав да го зачувам. Ме туркаа надвор и, на крајот, ми пристапија колегите од СДСМ и ме извлекоа од метежот“. („Собранискиот хаос низ објективот на пратеничката Тушева“, *Утрински весник*, стр. 3)
- Кога опозиција гази полиција (насловна на *Вечер*)
- „Додека се караат, се навредуваат, си разменуваат тешки зборови, се нарекуваат фашисти, апаши, крадци, сè е во ред, но оној момент кога ќе се пипнат, е тоа веќе добива друга димензија, почнуваат офкања, се симулираат повреди. Тука овој настан ги премина

тие граници", вели Ацески и додаде дека лекот за оваа состојба е познат. Тоа се предвремени демократски избори - локални и парламентарни во пакет". („Социолошко-психолошка анализа на насилството: Кога ќе се пипнат пратениците, се добива друга димензија, *Вечер,* стр. 2)

- Црвенковски не им го испорача на неговите приврзаници тоа што им го вети, дека по митингот пред Собранието ќе бидат власт. Со јуришот кон Фронтот на народот не успеа да ги претепа тие што се против него. Сега најавува дека ќе ги нервира граѓаните на Македонија со постојани блокади на патиштата. На избори нема да оди ако не ги организира тој лично со силен меѓународен мониторинг. („Опозиција го напушта собранието, се сели на улица: Откако не успеа да ги претепа сега Бранко ќе ги нервира Македонците", *Вечер,* стр. 3)
- Сметаме дека припадниците на обезбедувањето вработени во МВР имаат сторено кривично дело попречување на службено лице во извршување јавни овластувања („Насер ѝ раскина на Теута", *Вест,* стр. 2)
- Собраниската служба за односи со јавноста вчера соопшти дека новинарите не биле исфрлени туку „замолени" да ја напуштат галеријата во собраниската сала за пленарни седници. Оттаму дадоа кус одговор дека наредбата за тоа не ја дал претседателот на Собранието Трајко Вељаноски, туку службата за безбедност која самата така одлучила. „Новинарите не беа избркани туку беа замолени да ја напуштат галеријата и да се префрлат во прес-центарот", велат од Собранието. („Новинарите биле 'замолени' да излезат, не исфрлени", *Вест,* стр. 3)
- Ова на што се дрзна СДСМ е надвор од сите правила во Уставот и надвор од сите правила на демократијата. Не може да не сакаш да бидеш опозиција, а народот те сместил таму. Не може да не сакаш да почитуваш мнозинска волја, а да се претставуваш за демократ. Тоа е тоталитарен ум. (Илија Димовски, „Каде со тој ум?", *Дневник*, стр. 13)

## 26 ДЕКЕМВРИ 2012

- Паднаа првите прекршочни пријави за инцидентите пред Собранието. СДСМ со кривични против Велјановски и Јанкуловска. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- ЗНМ не се откажува. Со претставки бара да се открие кој нареди да се отстранат новинарите од салата. Спикерот се брани: Јас не дадов таква наредба. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Ана Павловска-Данева:** „Насилното извлекување на новинарите, камерманите и фоторепортерите, од страна на обезбедувањето, токму пред да започне насилното исфрлање на пратениците од опозицијата од Собранието, без да се изгласа одлука со двотретинско мнозинство на пратениците, е прекршување на член 70

од Уставот на Република Македонија... За нас, Собранието на Република Македонија веќе не постои”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)

- Дилемата е разрешена. Одговорни за насилното отстранување на новинарите од собраниската сала се припадниците и припадничките на собраниското обезбедување, соопшти претседателот на собранието Трајко Велјановски. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Врз пратеничките пак била употребена сила согласно Деловникот на Собранието, изјави основачот на македонското женско лоби и претседателка на собраниската комисија за еднакви можности, Лилјана Поповска. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- МВР ги стегна првите пријави за учесниците во понеделничките протести во и пред Собранието, а опозицијата за Трајко Велјановски и Гордана Јанкуловска. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- СДСМ со кривична пријава против спикерот Велјановски и други високи функционери за насилството во Собранието. Од законодавниот дом излезе и НДП на Руфи Османи. (*ТВ Алсат М*, последно издание на Вести)
- ЗНМ бара одговорност за отстранувањето на новинарите од собраниската галерија. Велјановски уверува: Не дадов таква наредба. Ќе има истрага во собраниското обезбедување. (*ТВ Алсат М*, последно издание на Вести)
- **Зоран Заев:** „Допрва ќе се пука“ (на кајрон и аудио запис). (презентер): Зоран Заев ја откри позадината на инцидентите во Собранието. (*ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 19:00 часот)
- И спикерот бара да се најде виновникот кој ги избрка новинарите од Собранието (*ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Потпретседателот на СДСМ, Зоран Заев, во разговор со новинар на НЕТПРЕС кој се претставил како сопартиец од Крива Паланка, најавува дека неговата партија нема да оди на избори и дека допрва ќе се пука. Градоначалникот на Струмица вели: Не сум пренесен во целост. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ во 19:30)
- На Црвенковски нема да му успее насила да се врати на власт, вели премиерот Груевски. Царот е мртов, само нема кој да му каже. Лагите го доведоа до крајот на политичката кариера, констатира Груевски за лидерот на СДСМ. (*МРТ1*, Дневник 2 на *МТВ* во 19:30 часот)
- Заев се заканува со црни сценарија. Ќе се пука ако напролет се одржат избори. Допрва ќе се пука (на кајрон и аудио запис). (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Полицијата идентификуваше дел од насилниците пред собранието. Кривична пријава и за напаѓачот на пензионерот кој заработи ќотек на митингот на СДСМ. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)

- (на кајрон, дел од интервјуто на Црвенковси за ХТВ) Црвенковски ја оцрнува Македонија и пред меѓународната јавност за да се добие лош извештај од Европската комисија, сметаат политиколозите. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Се подготвува ли и сценарио за отцепување на општините каде СДСМ не е на власт? (а во прилогот стои: Црвенковски прави нов обид за државен удар и насилно превземање на власта. Аналитичарите кој ги консултираше *ТВ Сител* препознаваат сценарио кое ќе кулминира со отцепување на општините каде СДСМ веќе ја има локалната власт.) (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- **Мирка Велиновска:** „Ние имавме случај на отцепување на една општина (се смее н.з). Општина Карпош ги затвори вратите човече. Прогласи неработен ден. Во државата Македонија. Ги суспендира законите на оваа држава. Утре може да ни се деси на локални избори да ги отцепи општините. Да забрани населението да излага на избори. Ќе проба". Она на што исто така предупредува Велиновска е моментот што според нејзе кај Црвенковски не постојат црвени граници, и од тие причини таа нема дилеми дека актуелното раководство на СДСМ е подготвено да создаде и граѓанска војна само да ја оствари целта: враќање на власт. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- ЗНМ поднесе претставка до Парламентот и МВР за протерувањето на новинарите од Собранието. Спикерот Вељановски се огради од одговорност и ја префрли на собраниското обезбедување. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Суспендирана е парламентарната демократија и некој за тоа треба да понесе одговорност, реагираат тројца поранешни претседатели на парламентот по инцидентите во Собранието. ( *ТВ ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Лилјана Поповска од македонското женско лоби, го оправда однесувањето на собраниското обезбедување и не изрази жалење по бруталното исфрлање на пратеничките од собраниската сала. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- **Вељановски:** Не наредив исфрлање на новинарите и пратениците / Оф мори мајко, што зборува Трајко (*Ден*, стр. 1)
- **Руфи Османи:** „Главната одговорност за овој тежок политички и правен скандал, главно, и припаѓа на актуелната Влада бидејќи токму таа ѝ даде повод на опозицијата за блокада на парламентот преку сценарио за донесување на законот за безбедносните сили". („И партијата на Руфи Османи го напушта Собранието", *Ден*, стр. 2)
- ..претседателот на Република Македонија се претвори во обичен гласноговорник на власта управуван со далечински управувач. („ВМРО-НП: Иванов се вклучи во погребот на македонската демократија", *Ден*, стр. 2)

- Транспарентност Македонија: „...на нелегален начин се изгласа и буџетот, со претходно физичко отстранување на пратениците од опозицијата, за што не постои никаква уставна ниту законска можност“ („Транспарентност Македонија: Вељановски подмолно го протна буџетот“, *Ден*, стр. 3)
- Собраниското обезбедување самото донело одлука да ги исфрли новинарите како партали, а претседателот Трајко Вељаноски воопшто не знаел дека тоа се случило. („Обезбедувањето го води Собранието на Трајко“, *Ден*, стр. 4)
- **Ким Мехмети:** „Во ваква ситуација секој што ќе реагира ќе се прогласува за бранковист. Последен пример е писмото што го напишаа неколкумина албански интелектуалци. Тоа не беше објавено во ниту еден албански медиум, а тоа е така бидејќи сите медиуми се под контрола на ДУИ“. („Само ДПА ќе биде опозиција на седницата за пратенички прашања: Албанците го преспаа буџетот“, *Ден*, стр. 5)
- **Трајко Вељаноски:** „Откако се случи првиот инцидент, кога и јас, како претседател на Собрание, бев нападнат, кога беше уништена и техниката, а обезбедувањето мораше да ме извлекува од пленарната сала, надлежното собраниско обезбедување, имајќи предвид дека галеријата е во суштина дел од пленарната сала, донело оцена дека галеријата мора да биде празна за да не се случи некој поголем инцидент. За оваа оцена, кога станува збор за присутноста на новинарите, како претседател изразувам жалење. Ќе побарам да се поведе постапка од надлежните институции да се утврди одговорноста за настанот“. („Вељаноски: Ќе проверувам кој ја дал наредбата за новинарите“, *Дневник*, стр. 3)
- Република Македонија за 2013 нема ниту развоен, ниту неразвоен, ниту ексапанзивен, ниту рестриктивен, ниту десничарски, ниту, пак, левичарски буџет. Ние правно формално и немаме буџет. Се разбира, како и секој режим, и нашиот ќе тврди дека тоа не е така. Ако пак веќе мораме да прифатиме дека имаме буџет, тогаш можеме да заклучиме дека нашата држава во 2013 влегува со т.н. пендрек-буџет или попрецизно Гоца-буџет. (Кире Наумов, „Опозицијата го почувствува замрзнатиот асфалт“, *Дневник*, стр. 15)
- Бранко го помина својот Рубикон. Прв се проби низ кордонот. Прв изеде ќотек. Тоа не се заборава. Да знаевме порано дека пендрекот му е мајката, ќе ги замолевме Грујо и Гордана – аман, дајте малку испердашете ги алтруистиве, да се кренат на нозе. (Бранко Героски, „Само пендрек за алтруисти!“, *Фокус*, стр. 2)
- Деновиве забрзано се зацврстува перцепцијата дека на Груевски, потпомогнат со претседателската марионета, не му е ниту до демократија, ниту до реформи, туку дека сака авторитарно и апсолутистички да владее. (Александар Димитров, „Дефинитивно, збогум за ЕУ и за НАТО?“, *Фокус*, стр. 2)

- **Насер Селмани:** „Штетата е направена, сега на потег се институциите за да го спасат, на некој начин, нивниот образ и образот на земјата пред светот". („ЗНМ пред МВР бараше одговорност", *Фокус*, стр. 3)
- **Бранко Црвенковски:** „Техничка, експертска, концентрациска, широка... каква и да е, само да биде влада што нема да има друга работа освен да организира фер и демократски избори, бидејќи само така ќе учествуваме на избори". (Влатко Стојановски, „Со ваква влада не одиме на избори!", *Фокус*, стр. 3)
- Од СДСМ истакнаа дека утврдиле оти дури 44 лица што учествувале во насилната „чистка" не биле од собраниското обезбедување, бидејќи на себе немале беџови за идентификација, што е спротивно на Законот за Собрание. (Валентина Стојанчевска, „Терористи или народни избраници: Приватни обезбедувачи и 'Алфи' ги тепале пратениците?", *Фокус*, стр. 6)
- **Иво Котески:** „Шоферот на министерката е и нејзино обезбедување, па затоа неговото место е покрај министерката. Исто така, сите останати обезбедувачи имаа овластување од Министерството за внатрешни работи". (Валентина Стојанчевска, „Терористи или народни избраници: Приватни обезбедувачи и 'Алфи' ги тепале пратениците?", *Фокус*, стр. 6)
- **Јани Макрадули:** „Додека партиската паравојска не нарекуваше 'ѓубриња комуњарски', зад нив и Вељановски и Ставревски (со левото раче), со невидена злоба и омраза, даваа наредби како да не исфрлат. Целиот бес поради искомплексираноста ја истури врз пратениците, особено врз дамите, баш онака како што Груевски го подучува од спотовите за третманот на жена во Македонија". (Валентина Стојанчевска, „Терористи или народни избраници: Приватни обезбедувачи и 'Алфи' ги тепале пратениците?", *Фокус*, стр. 7)
- **Зоран Заев:** „Точно е дека реков дека ќе има пукање. И вас ќе ви повторам. Да, навистина ќе има пукање! По она што се случи во понеделникот пред Собранието, но и во Парламентот, јас очекувам сега навистина да пукаат во нас". („Заев: Ќе има пукање", *Фокус*, стр. 9)
- За рушење на власта по српско сценарио, СДСМ нема доволно народ зад себе. („СДСМ залудно протестира ако не учествува на избори: Црвенковски нема критична маса за српско сценарио", *Нова Македонија*, стр. 1)
- **Сашо Клековски:** „Ако целта на СДСМ е да ги натера институциите да проверат дали се законски одлуките на Собранието поврзани со настаните од пред три дена, тогаш би добиле поголема поддршка од граѓаните. Ако се протестира само за да се протестира, тогаш тоа ќе има краток век". („СДСМ залудно протестира ако не учествува на избори: Црвенковски нема

критична маса за српско сценарио“, *Нова Македонија*, стр. 3)

- Во функција на создавање предуслови за формирање техничка влада, НДП препорачува да се основа парламентарна комисија предводена од опозицијата со еквилибрирана застапеност на опозицијата и на позицијата за да се констатираат вистинските виновници за физичкото и правно насилство во парламентот како единствен механизам за повторно враќање на дијалогот во институциите. („НДП бара техничка влада и предвремени избори“, *Нова Македонија*, стр. 3)
- **Трајко Вељановски:** „Имајќи предвид дека беше најавено дека опозицијата нема да дозволи буџетот да се донесе и беа најавени протести и инциденти, врз основа на Законот за Собрание побарав од собраниското обезбедување да обезбеди редовен тек на седницата. Потребните мерки ги планираат и преземаат припадниците на собраниското обезбедување. Откако се случи првиот инцидент, кога и јас како претседател на Собрание бев нападнат, кога беше уништена и техниката, а обезбедувањето мораше да ме извлекува од пленарната сала, надлежното собраниско обезбедување, имајќи предвид дека галеријата е во суштина дел од салата, донело оцена дека таа мора да биде празна за да не се случи некој поголем инцидент“ („Вељановски ќе бара одговорност“, *Нова Македонија*, стр. 3)
- **Насер Селмани:** „Основа за кривични пријави има, но ние прво ќе почекаме одговор од надлежните институции затоа што веруваме дека поголемиот дел од нив се професионалци, кои знаат да го препознаат непрофесионализмот помеѓу своите колеги. Жалењето што го изразија и премиерот и претседателот е добар потег што ни влева уште поголема доверба дека институциите ќе си ја завршат својата работа“. („Вељановски ќе бара одговорност“, *Нова Македонија*, стр. 3)
- Пред се, длабоко жалење за трите повредени пратеници и за 18 повредени граѓани на 24 декември. Насилство не може да се оправда ниту со една политичка цел. За среќа, Скопје 2012 не беше повторување на Тирана 2011, кога погинаа три луѓе. (Сашо Клековски, „Балкан е ова, бе!“, *Нова Македонија*, стр. 11)
- Опозицискиот СДСМ најави дека ќе поднесе кривични пријави за сите државни функционери кои „учествувале во партиско-полицискиот пуч што бил спроведен во Собранието на Република Македонија”. („Кривични пријави за случувањата во Собранието“, *Утрински весник*, стр. 4)
- Има луѓе што уште не можат да разберат дека кога еден човек ја презема контролата врз сите институции на системот, суспендирајќи го Уставот и




МАКЕДОНИЈА

парламентот, се вика диктатура. Не мора да има стрелања, војска пред Владата, парламентот и полициски час за да се случи тоа. Има и такви државни удари кога сите демократски контроли на власта се отстранети. Македонија сега е во таа фаза. (Ерол Ризаов, „Уа Бранко алтруист“, *Утрински весник*, стр. 6)

- Блокадите на главните раскрсници ќе траат до петок, а треба да кулминираат со протест пред седиштето на ВМРО-ДПМНЕ во Скопје, в сабота во 12 часот“. („Сојуз на иднината го почна отпорот“, *Утрински весник*, стр. 6)
- Народниот правобранител Иџет Мемети уште вчера почна да ја преиспитува својата улога на општествен борец на правата на човекот, затоа што такво драматично нарушување на тие права се одвиваше токму пред неговите очи... Како ништо да не се случило во салата пред тоа, бранителот на човековите права ѝ се заблагодаруваше на Владата што одобрила повеќе пари за институцијата што ја води. (Љупчо Поповски, „Македонска галерија на срамот“, *Утрински весник*, стр. 12)
- Само за месец јануари, од државната сметка ќе бидат потрошени близу 60.000 евра за пратеници кои се откажаа од работата во Собранието. За разлика од пратениците кои доверба добиле од народот и се плаќаат од парите од народот преку Буџетот, обичниот граѓанин отказ добива ако три дена последователно не се појави на работното место. („Ќе дејствуваат од улица, а ќе земаат плата од државата: Бојкотираат се, ама 1000 евра месечно, не!“, *Вечер,* стр. 1 и 3)

## 27 ДЕКЕМВРИ 2012

- Новинарите го исвиркаа Вељановски за бркањето од собраниската галерија. Тој пак, се амнестира. Интервенцијата врз пратениците за Вељановски, оправдана. За опозицијата, тиранија. Пратенички прашања, без опозиција. Таа прашуваше пред Собранието. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Имер Алиу:**„Сцени на насилство во разните парламенти, дури и во Европската унија сме виделе постојано. Меѓутоа, влечење на новинари, извлекување од парламентот, ова е едно ново откритие”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Никола Груевски:** „Изразив жалење за непријатностите со кои што се соочија новинарите тој ден. Потоа следуваше и објаснување и од страна на претседателот на Собранието, кое што вчера беше лиферувано до медиумите по писмен пат, така што можам да кажам дека тој случај си има своја постапка и ќе има веројатно своја завршница”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Имер Алиу:** „Ваше е лично прашање дали жалите или не. Граѓаните бараат од Вас, како Премиер на оваа земја да ја преземете одговорноста и да ги осудите и да ги преземете сите законски чекори

во однос на тоа, тие кои се одговорни конкретно за случајот од понеделникот со новинарите, да ја сносат одговорноста". (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)

- Додека бега од одговорност за инцидентот со новинарите, Вељановски потврди за отстранувањето на пратениците наредба дал лично тој. А дека непослушните ќе бидат отстранети ги предупредил и координаторите на пратеничките групи на СДСМ и на НСДП. Лаже, одговорија од опозицијата. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Трајко Вељановски** (кајрон): „На координативна средба непосредно пред седницата ги запознав присутните меѓу кои и потпретседателот Јани Макрадули и координаторот на НСДП и ЛП Горан Мисоски дека согласно член 43 од Законот за Собрание на РМ ќе дадам (на кајронот пишува ќе дадат, м.з.) одобрување на овластените службени лица на органите на државната управа за постапување согласно споменатиот член. Одобрувањето беше доставено до одделението за внатрешен ред на Собранието, веднаш по завршувањето на координацијата". („Дрска лага и манипулација, одговараат Макрадули и Мисоски, Координација имаше, но за наредба на службите, не стана збор", извор: МИА)
- **Јани Макрадули:** „Јас ќе поднесам тужба за клевета и навреда. Навистина, згрозен сум од оваа гнасна манипулација која се сака да се сервира". (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Горан Мисоски:** „Трајко Вељановски е човек без образ и без морал. Тој дозволи неговите колеги, пријатели и пратеници, со брутални полициски методи да бидат исфрлени од пленарната седница. Неговото денешно соопштение е крајно дрско и безобразно. Тоа не е вистина. Тоа е лага. Затоа јас сакам да ги повикам сите колеги пратеници којшто присуствуваа на таа координација да ја проговорат вистината". (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Приведен пијан прилепчанец кој со џип влета на протестите на опозицијата (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Со свирежи и извици новинарите го дочекаа претседателот на парламентот Трајко Вељановски, по понеделничката седница на која по целиот хаос што се случуваше, и тие беа исфрлени од собраниската галерија. Инцидентот со новинарите беше и едно од прашањата за премиерот Груевски. Го поставија од ДПА, единствените опозиционери кои беа во Собранието, на седницата за пратенички прашања. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- **Трајче Грујоски**, борец од НОБ: „На секоја седница на Парламентот правеа џумбуш. Тропаа на тенџериња, викаа, урлаа. Али никој не им рече, замолчете". (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Аналитичари Албанци сметаат дека тоа што се случуваше во понеделникот во Парламентот е сценарио на власта. Им забележуваат на пратениците Албанци,

што се нафатиле да бидат дел од него. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)

- Арифи ги повика новинарите на продолжување на дијалогот со Владата (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Новинарите го исвиркаа спикерот Вељановски и ја напуштија седницата за пратенички прашања. Протест поради понеделничкото насилно отстранување од салата. И СДСМ организираше пратенички прашања, ама на отворено, пред Собранието. Добија можност стечајци, притворани, претставници на невладини. (*ТВ Алсат М,* Вести)
- НДП со став: Буџетот за идната година е кулминација на финансиската дискриминација врз Албанците. Од партијата велат дека наместо инвестиции ќе има емиграција. (*ТВ Алсат М,* Вести)
- Редот и поредокот мора да се почитуваат. И Вељановски и Груевски жалат за инцидентот со новинарите. (*ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Откако најави и пукотници, Заев ја подготви и пешадијата (*ТВ Канал 5*, Вести во 19:00 часот)
- Со пародија на Парламентот од каде излегоа и рекоа дека нема да се вратат, пратениците од СДСМ и денеска ги спроведуваа методите на непочитување на институциите на Република Македонија и на системот на државата. Пред помал број љубопитни граѓани глумеа седница за пратенички прашања. („СДСМ со пародија на Собранието во паркот 'Жена Борец'", *ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Спикерот на Парламентот во интервју за МИА тврди дека сторил сè што е во негова надлежност буџетот да биде донесен во редовна процедура и да спречи инцидент од секаков вид. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ во 19:30 часот)
- **Насер Селмани:** „Изразување на незадоволство со викање, свиркање и скандирање, не е наш стил, или не е начин на кој ние сакаме да изразиме незадоволство. Ако сакаше некој да се солидаризира со нас требаше да не праша нас, како сакаме ние да го изразиме тој протест, а не да ја злоупотребуваат позицијата за не знам кои цели". („Злоупотреба на собраниските известувачи", *МРТ1*, Дневник 2 на МТВ во 19.30 часот)
- **Вељановски порачува:** Политичките амбиции се минливи, само промените се вечни. Жали за случувањата, но направил сè што може. (*ТВ Сител*, Вести)
- Потребна е храброст и надминување на теснопартиските интереси за успех на Македонија. За амбасадорот Волерс во една демократија нема место за насилни инциденти. (*ТВ Сител*, Вести)
- **Заев открива:** Тој ќе ги организира демонстрантите за саботниот протест, и тој ќе им плати автобус. (*ТВ Сител*, Вести)
- Власта и опозицијата во меѓусебни обвинувања за насилна смена на власта:

Државен удар без удар (*Ден*, стр. 1)

- **Јани Макрадули**, потпретседател на Собранието: „Вистинските пратенички прашања се овде. Нѐ исфрлија на улица, но нема да нѐ замолчат". („Опозицијата со свој уличен парламент", *Ден*, стр. 4)
- Процедурата, односно членот 128 од Деловникот, налага извештајот, откако ќе заврши претресот на амандманите во Комисијата за финансирање и буџет (КФБ), да биде потпишан единствено од претседателот на Комисијата. Во случајов, потписот на претседателот (Марјанчо Николов) го нема, туку стојат потписи на група пратеници. Потпис нема ни на извештајот од Законодавно-правната комисија, чиј претседател е Благородна Дулиќ. („Документи за кршење на процедурата: Легитимноста на буџетот", *Ден*, стр. 7)
- **Гордана Силјановска:** „Дијалогот се води во парламентот, а не на улица и со рушење полициски блокади". („Наместо од говорница, ќе разговараат преку адвокати: Парламентот да не се сели во судница", *Дневник*, стр. 1)
- Одамна помина времето на уличната демократија и пуч-демократијата. (Димитар Мирчев, „Апел за држава", *Дневник*, стр. 13)
- Собранискиот канал воопшто не ја сврти камерата кон новинарите, така што граѓаните кои од дома ја следеа седницата за пратенички прашања, воопшто не можеа да видат што се случува во салата и дека новинарите го исвиркуваат претседателот. („За срамното и насилно уривање на демократијата: Новинарско Уа за пучистите!", *Фокус*, стр. 1 и 3)
- Македонија денес има само едно легитимно барање – да ѝ се врати демократијата. Со оваа влада, тоа е невозможно. Само фер и демократски избори, со нови правила на игра, избори што ќе ги организира неутрален фактор, а не Груевски, се решението на оваа криза што ја предизвика еден инфантилен популист и насилник. (Бранко Героски, „Џабе везат", *Фокус*, стр. 2)
- Да им се спротивставиме на насилниците кои ја силуваа демократијата и го узурпираа нашиот граѓански суверенитет, со полициско дислоцирање на јавноста и опозицијата од Собранието! Ако не се спротивставиме на неправдата, и ние стануваме соучесници во чинење неправда, се наведува во соопштението потпишано од Роберто Беличанец, Мерсељ Биљали, Никола Гелевски, Бранко Героски, Владимир Милчин, Жарко Трајаноски. („ГЕМ бара оставка од Вељаноски, Груевски и од Јанкуловска", *Фокус*, стр. 4)
- **Лилјана Георгиевска**, предводничка на кумановските стечајци: „Само со гаќите на Прометеј можат да обештетат неколку стечајци". („Со гаќите на Прометеј да обесштетат стечајци", *Фокус*, стр. 5)

- МВР го призна првиот инцидент и ги уапси пијаните возач и совозачот на џипот, кој завчера во Прилеп се втурна во масата и повреди тројца. („Бесни насилници со автомобили газат демонстранти!“, *Фокус*, стр. 5)
- **Бранко Црвенковски:** „Можеби некој ќе праша зошто пред седиштето на владејачката партија? Па, зашто токму таа партија ја узурпираше државата и ја претвори во партиска држава”. („СДСМ: Ништо нема да нè спречи!“, *Фокус*, стр. 5)
- **Насер Селмани:** „Тој ден во Собранието се прекрши домашното и меѓународното законодавство прифатено од Република Македонија, кои ја гарантираат слободата на изразувањето и правото на јавноста да биде информирана. Се прекрши член 16 од Уставот и член 10 од Европската конвенција за заштита на човековите парава и слободи. Практично се случи цензура, бидејќи некој реши да им каже на новинарите што смеат да следат, а што не смеат”. ( интервју, „Нема да дозволиме насилство врз медиумите“, *Утрински весник*, стр. 4.)
- **Кирил Божиновски:** „Целта на Црвенковски и на неговите најблиски соработници е да придобијат што повеќе луѓе и да нè втурнат во состојба на инциденти и нереди. Секој од нас треба да се запраша дали вреди да се дава легитимитет и макар минимална поддршка на човек како Црвенковски. Изборот е едноставен - или Македонија ќе оди назад или ќе продолжи да чекори по патот на реформите, промените и напорите за создавање и градење подобра иднина”. („Полемика на Кирил Божиновски и Андреј Петров за инцидентите“, *Утрински весник*, стр. 5)
- **Андреј Петров:** „Сигурен сум дека си чул за Слободан Милошевиќ, но дали се сеќаваш на Николае Чаушеску, кој има исто име, но и слични методи на функционирање со твојот шеф, кој се обидуваш да го браниш со потписот на едно срамно писмо”. („Полемика на Кирил Божиновски и Андреј Петров за инцидентите“, *Утрински весник*, стр. 5)
- Македонија оди кон катарза и ослободување од стравот што го сее режимот. Запирањето на овој процес со сила и закани можат да ги донесе првите жртви од што стравува Гошев и сите слободоумни луѓе на оваа држава. Политичката борба треба да се одвива низ институциите на системот и во парламентот. Ама кога таму ги тепаат народните избраници и се исклучува јавноста и кога низ собраниските ходници маршираат полицајци испратени од власта, тогаш барикадите на улиците стануваат парламент. Докажано низ историјата многу пати. (Ерол Ризаов, „Исвиркани Вељановци..”., *Утрински весник*, стр. 10.)
- Сите клучни снимки од настанот кои докажуваат што се случуваше во салата јавноста ѝ ги должи на Маринела. Кога се случи блицкригот, во моментите кога сите бевме исфрлени од салата, мене ми се

помрачи умот. Стојам пред салата, пред мене три реда битанги во вратоврски, и сфаќам дека Маринела е уште во салата. Радмила последна брутално ја исфрлија тројца, Маринела остана. И одеднаш, меѓу нозете, под нозете на битангите, ја гледам Маринела како лежи. Едвај ја извлековме. Се молиме дека сè ќе биде во ред со неа. Случајот со Маринела е многу специфичен, не само затоа што е трудна, не само затоа што нејзините снимки се бесценети, туку и заради простиот факт дека таа не беше во нашата група што стоеше пред говорницата. Таа не попречуваше буквално ништо. (Гордан Георгиев, „Проклет понеделник“, *Утрински весник*, стр. 11)

- Новинарите на Велија Рамковски вчера во Собранието направија скандал дофрлувајќи му погрдни зборови на претседателот на Собранието Трајко Вељаноски. Уште еднаш, нивните сопствени интереси ги спроведуваа во форма на божемно новинарство. Новинарите се срамат од нив. („Новинарите на Велија го посрамотија новинарството - уште еднаш“, *Вечер*, стр. 1, 3)
- **Никола Груевски:** „Има постапка и ќе има завршница. Треба да се осудат таквите чинови од сите страни”. („Груевски вети завршница за инцидентот со новинарите“, *Вест*, стр. 2)
- Советот за радиодифузија вчера ги повика сите институции и политички субјекти да им овозможат на новинарите непречено извршување на нивните професионални задачи. („Советот за радиодифузија со поддршка за медиумите: Оставете ги новинарите да работат“, *Вест*, стр. 3)

## 28 ДЕКЕМВРИ 2012

- Собранието продолжува да работи без опозиција. Мнозинството ја прифаќа одговорноста за сите одлуки. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Опозицијата со претставки до Хелсиншки. Се жалат дека Вељановски ги снимал и тајно. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Тачи знаел за инцидентите и пред да се случат. Му најавиле странски дипломати. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Владејачката ДУИ оценува дека бојкотот што го избра СДСМ, не е најдобриот пат. Али Ахмети ќе се залага партијата на Црвенковски да се врати во Собранието. (*ТВ Алсат М*, Вести)
- Претседателот на ДПА Мендух Тачи, тврди дека политиките на СДСМ се лажни и вештачки. ДПА останува во Собранието и бара ДУИ да ја напушти Владата. (*ТВ Алсат М*, Вести)
- Пратениците во Собранието одобрија Македонија да ги земе новите кредити од Светската банка и Дојче банк во вкупна вредност од 300 милиони евра. (*ТВ Алсат М*, Вести)

- Ахмети со план да ја врати опозицијата во Собранието. И Фуле со порака за помирување и политички дијалог. (*ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Народните избраници дадоа зелено светло за заемот од Дојче банк од 250 милиони евра, и за 50 милиони долари од Светска банка. Опозицијата не беше на седницата. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ)
- Сценарио коешто опозицијата го спроведува деновиве е идентично како во 2010-та и 2011-та година, кога преку создавање политичка криза, СДСМ ги блокираше институциите на системот. Сè е исто само овојпат мотивот е друг. (*ТВ Сишел*, Вести)
- Со поддршка на СДСМ и противење на ВМРО-ДПМНЕ советниците во општина Охрид го изгласа пет милиони потешкиот буџет од лани, за 2013-та година. (*ТВ Сишел*, Вести)
- Вчера два часа стечајните работници го блокираа влезот и излезот на Куманово кон Скопје, гневни што уште нема решение за нив бидејќи не се влезени за буџетот за идната година. („Продолжува отпорот на опозицијата", *Ден*, стр. 3)
- **Уранија Пировска:** „Владата и министерката за внатрешни работи ќе треба да одговорат зошто на таа собраниска седница присуствуваа претставници на специјалните единици. Ќе треба да се одговори на многу прашања, а исказите што ги добивме од пратениците ќе ни овозможат да водиме соодветна постапка. Направен е преседан со тоа што е згазен уставниот поредок на Република Македонија. Од тој ден демократијата во државава е мртва". (Тони Ангеловски, „Мирен протест или нов судир на пладне", *Ден*, стр. 5).
- **Едмонд Адеми**, политички аналитичар: „ВМРО-ДПМНЕ и ДУИ останаа без маските, и само истрајноста на опозицијата и граѓаните ќе доведат до пад на овој режим". („Воинституционалната борба и уличната демократија: Да се биде Крале Марко или граѓанин", *Ден*, стр. 7)
- **Димитар Башески:** „Јас со овој чекор, вака сам, му ја изразувам мојата поддршка на Здружението на новинарите на Македонија и на македонските новинари воопшто, на оној број професионалци и слободољубиви луѓе кои бараат и имаат право да добијат одговор за насилството извршено врз нив и врз слободата на информирањето". (Александра Бубевска, „Димитар Башески го напушти Друштвото на писателите: Нема иднина во која писателите се слуги", *Ден*, стр. 4)
- Демократски сојуз: Да се формира комисија за инцидентите во Собранието (*Дневник*, стр. 3)
- **Али Ахмети:** „Го осудуваме настанот со новинарите во Собранието. Медиумите треба да се оставаат да си ја вршат професионално својата работа без разлика дали нам ни се допаѓа нивното

известување. ДУИ ќе придонесе опозицијата да се врати во Собранието". („Ахмети ќе ги смирува Груевски и Црвенковски", *Дневник*, стр. 2)

- Колку повеќе некои политичари ги бараат странците, толку повеќе тие упатуваат на решавање на проблемите во рамките на институциите на државата. Од идејата за меѓународно посредство што го побара Црвенковски се откажаа и САД и ЕУ и ОБСЕ („Опозицијата бара спас кај странците, тие ја упатуваат на дијалог", *Дневник*, стр. 3)
- **Жидас Даскаловски:** „Барањата на СДСМ и на ДПА, а во други констелации и на ДУИ, за редуцирање на суверeноста на Македонија до ниво на протекторат се радикални обиди за делегитимирање на власта во полза на партиски интереси. Непочитувањето на државните институции е меч со две острици бидејќи иако партијата во опозиција може да има моментна корист од наметнувањето на меѓународната заедница во политичкиот систем, на долги патеки тоа ги поткопува темелите на државата". („Опозицијата бара спас кај странците, тие ја упатуваат на дијалог", *Дневник*, стр. 3)
- Сите политички лидери во Македонија треба заедно да најдат решение за отворените прашања, напиша вчера еврокомесарот за проширување Штефан Филе на својот твитер-профил. („Опозицијата бара спас кај странците, тие ја упатуваат на дијалог", Дневник, стр. 3)
- И уште нешто да потсетам, има многу млади пратеници во салата и многу други повозрасни, кои веројатно не ни сонувале дека ќе се најдат таму, дека и во минатото, како на пример во 2004 година кога претседаваше покојниот Љупчо Јордановски имало обиди да се попречи работата на Собранието, се тропаше со ѕвонци и разно разни тракатанци, се шетаа пратеници со транспаренти во салата, беше и тој како спикер опколен со пратеници од тогашната опозиција, од ВМРО-ДПМНЕ, му беше дури одземена и картичката за да не може да ја води седницата, но тоа не резултираше со исфрлање на опозиционите пратеници од собраниската сала! (Владо Бучковски, „Ќе има ли крај на политичкото лудило?", *Дневник*, стр. 14)
- Понеделникот беше лош ден за Македонија, но сигурно ќе беше 100 пати полошо ако успееше походот на Црвенковски за меѓумакедонски судир, ако не се донесеше буџетот и ако успееше рушењето на уставниот поредок од страна на СДСМ... Диктаторот се наоѓа на улица екс „Бихаќка", денешна „Павел Шатев". Таму има неограничена власт веќе 21 година, уште од 1991 година. (Влатко Ѓорчев, „Диктаторот од 'Бихаќска' ја нападна Македонија", *Дневник*, стр. 15)
- „...протестното исвиркување беше идеја на новинарите од *Фокус* на која се придружија и други колеги, а само

Селмани си знае зошто има потреба да го приватизира потегот и да зборува за некакви обиди за злоупотреба. (Владо Апостолов, „За нештата да станат појасни“, *Фокус*, стр. 2)

- **Пол Волерс:** „Оспорувањето на правото на сите пратеници да учествуваат на пленарни седници е недемократско”. („Според Волерс исфрлањето на опозицијата е недемократско“, *Фокус*, стр. 3)
- Тој 24.12 е прекрасен ден затоа што конечно и народот и светот виде каква брутална власт имаме. Недемократска, неконструктивна, безидејна, насилна, без политичка култура и толеранција и без чувство за дијалог. Дефинитивно се потврди дека Никола Груевски не е премиер, туку властодржец. (Стевчо Јакимовски, „Хорот на гуските“, *Фокус*, стр. 9)
- Лидерот на СДСМ никако да сфати оти ако веќе решил да оди на улица, тогаш мора да има предвид дека силата на улицата ја дава токму народот. Улицата не е дворот на Бихаќска, каде што „папата“ си ги реди фигурите на своите кардинали. Улицата не е дури ниту „елитистичкото“ собрание, каде што приврзаниците на Црвенковски можат да кинат жици, да сечат микрофони, да кинат лампиони и да маваат по своите колеги, да дивеат врз говорницата во анархистичка екстаза. (Зоран Димитровски, „Црвенковски на улица со народот што го остави на улица“, *Нова Македонија*, стр. 12)
- Ахмети ќе ја враќа СДСМ во парламентот (*Утрински весник*, стр. 1)
- **Зоран Јовановски:** „Сето ова што се случуваше во парламентот, кршењето на Деловникот, Законот и Уставот, тепањето и исфрлањето на пратениците од опозицијата надвор од Собранието, како и насилната цензура на новинарските слободи, власта го направи само за пари, и тоа за многу пари, за преку 400 милиони евра само во овој краток период. Со тоа власта покажа дека за да ги грабне парите е спремна сѐ да направи. Тие пари на власта ѝ се потребни за да си обезбеди поддршка за своето опстојување. Власта одбра на сила да го задолжи секое четворочлено семејство во Македонија за нови 800 евра”. („Опозицијата жестоко реагира“, *Утрински весник*, стр. 8)
- Мислам дека понеделничките настани ќе ја парализираат Македонија во нејзиниот политички и демократски, па и економски развој во наредните десет години. Македонија, по понеделникот, веќе не е земја на која ѝ треба помош да се развива, туку е земја на која ѝ треба помош да се стабилизира. (Соња Крамарска, „Повеќекратно политичко убиство“, *Утрински весник*, стр. 12)
- Замислете она што им се случуваше на пратениците од опозицијата во Собранието да им се случеше на пратениците од ДУИ. Замислете да гледавме како специјалните сили на полицијата наречени „собраниско

обезбедување“ го влечат и клоцаат по подот додека го исфрлаат надвор командантот на ОНА, Али Ахмети. Замислете како на Теута Арифи, да кажеме со скршена нога, ѝ пристапуваат четворица силни момци и како со крпа го бришат собранискиот под со неа. Замислете, бремената Ермира Мехмети од седиштето во парламентарните клупи да биде влечена врескајќи за помош со цел да биде исфрлена од собраниската сала. И замислете, Талат Џафери, кој би сакал да им помогне на Теута и Ермира, да беше кренат на клоци и да му беше искината облеката додека го изнесуваат од Собранието. Што ќе се случеше? (Ѓорѓи Спасов, „Што ќе беше ако му се случеше ова на ДУИ?“, *Утрински весник*, стр. 13)

- Тешко се издржува без вистината, без таа да се дознае, видете го мракот со инцидентот во Собранието, во кој се криеја снимки, изјави, сведоштва, вистини. Како да дознаат луѓето што навистина се случува, како да дознаат дека тоа не смее да се случува - со наредба на власта со тупаници, насилно да се изнесуваат новинари и пратеници, за да се создаде политички среќен човек кој ништо не знае, затоа што повторно, по наредба на власта, се создаваат живи мртовци. (Билјана Секуловска, „Од уво на уво“, *Вест*, стр. 19)
- Во онаа ТВ-бурекчилница што ја користат како владина исповедница за гревовите, ударното трио Силвана Бонева, Владанка Авировиќ и Благородна Дулиќ, зајакнато со наводно засрамениот Влатко Ѓорчев, раскажуваше дека морале да ги отстранат новинарските екипи оти тие имале стативи, камери и фотоапарати кои од галеријата можеле да паднат врз пратениците. Што се замислуваат? Дека некоја будала ќе зијани камера, и тоа баш на нив? Знаат ли тие колку чини една камера? По оваа исповед на измачените пратенички, Силвана Бонева блесна со генијална идеја да ги стават новинарите зад непробојно стакло. Тоа е еден од начините пратениците од власта да се чувствуваат побезбедни. Веројатно, власта би била најбезбедна кога би ги ставиле новинарите и зад решетки. (Горан Михајловски, „24 декември“, *Вест*, стр. 3)

## 29 ДЕКЕМВРИ 2012

- Власта во полициско-опозициски обрач. Мирни протести на отпорот. Црвенковски даде пауза за празниците. (*ТВ Алфа*, Дневник)
- Треба малку да се опаметат – сега јас малку и политика во ова ќе внесам, меѓутоа еве навистина да покажеме еве колку е поубаво кога сме сите сложни, кога заедно пееме, се радуваме. А тие нека си мислат зошто во најголемите пости го вознемируваат народот, рече меѓу другото директорката на домот за деца без родители „11 Октомври“, Ристенка Атанасова. („Директорката на

'11 Октомври' ја искара опозицијата", *ТВ Алфа*, Дневник)

- Околу три илјади приврзаници на СДСМ денеска одржаа протестен собир пред седиштето на ВМРО-ДПМНЕ, во центарот на Скопје. На присутните им се обрати првиот човек на СДСМ Бранко Црвенковски, кој рече дека Владата ја убива демократијата, а државната помош и вработувањата се вршат исклучиво со партиска книшка. На протестот се обратија и други членови на опозицијата, а за време на новогодишните празници протестите ќе бидат запрени. (*ТВ Алсат М,* Вести)
- **Бранко Црвенковски:** „Денес сме собрани токму пред оваа зграда, затоа што со години во оваа земја човек не може да се вработи во администрацијата ако нема партиска книшка. Затоа што не може да се избере ниту судија, ниту обвинител дури тука не дојде и не се заколне на верност на нивната партија. Затоа што ако си земјоделец, и ако сакаш да си ги земеш субвенциите или да добиеш државно земјиште да го обработуваш, прво ќе те проверат дали си на нивните партиски списоци. Затоа што ни социјалната помош повеќе не ја делат по социјални установи туку по нивните партиски седишта". (*ТВ Алсат М,* Вести)
- **Андреј Жерновски:** „Но, џабе Груевски, народот е тука и не можеш да го спречиш. Џабе МВР ги стопира автобусите. Гордана дај, Гордана знај, Гордана нема крај!





До крај ќе одиме. Нема враќање назад. Дозволете пред сè да ги поздравиме новинарите и снимателите. Вие сте тука добредојдени. Еден голем аплауз за нив. Тука никој нема да ве тепа. Тука сте на сигурно. Слушам вчера објаснување зошто ги отстранија новинарите: за да не паднела камера на некоја скапоцена глава, дпмне-овски пратеник. До таму одат небулозите". (*ТВ Алсат М*, Вести)

- Опозицијата пред седиштето на ВМРО-ДПМНЕ. Протестите ќе мируваат за празници. Потпретседателот на СДСМ Заев, не беше меѓу лидерите на денешните протести. (*ТВ Канал 5*, Вести)
- Опозицијата одржа протестен собир пред седиштето на ВМРО-ДПМНЕ во Скопје поради случувањата во Собранието. Најавија продолжение на протестите, но дури по Нова Година. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ во 19:30 часот)
- Во период кога државата е пред Европската унија, неодговорните политичари кои се плашат дека нема да дојдат на власт, спроведуваа сценарио на улична демократија. Социјалистите на конгрес побараа: Стоп за рушење на државата. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- СДСМ се преброи пред штабот на ВМРО-ДПМНЕ. Масовноста изостана на денешниот митинг. Црвенковски ќе мирува до среда. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)

## 30 ДЕКЕМВРИ 2012

- Политиката и во новогодишните честитки. Црвенковски порачува: Среќна Нова, ама за нас враќање нема. (*ТВ 24 Вести*, Дневник)
- Лилјана Поповска по втор пат за инцидентите во Парламентот. Била извадена од контекст. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Народниот правобранител загрижен за насилствата врз пратениците и новинарите. Интервју. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Бранко Црвенковски вели дека 2013-та година ќе биде уште потешка за граѓаните. Во новогодишна видео порака објавена денес, тој им вели на граѓаните да не очекуваат ништо добро, а државата ја нарекува партиско-полициска. Опозицијата вчера ги прекина протестите започнати веднаш по тензиите во и надвор од Собранието, и најави дека од среда ќе продолжи со т.н. „Граѓански парламенти". (*ТВ Алсат М*, Вести)
- Бранко Црвенковски: „Или ќе продолжиме да живееме понижени, замолчани, стуткани, згазени во страв и во срам, или ќе го кренеме својот глас. Ќе се бориме и ќе се избориме за своето достоинство. Ќе ја добиеме оваа битка за својата иднина и иднината на нашите деца. Трето нема". (*ТВ Алсат М*, Вести)
- Политички бурна година која заврши со насилство во законодавниот дом (*ТВ*

*Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)

- Година на опасно живеење (*Ден*, стр. 1)
- Во саботата, конечно, бевме сведоци на мирни и достоинствени протести против власта. Немаше насилство, изостана недоличното однесување, а за физички пресметки и да не зборуваме. Значи, се можело! Ама кога нечестивиот ќе ја однесе шегата. (Сотир Костов, „Во име на народот, не е сè дозволено“, *Дневник*, стр. 16)
- Којзнае уште колку наместени избори ќе моравме да изгубиме, да не беше онаа негова грандиозна глупост од 24 декември, кога нашиот диктатор и официјално ја суспендира парламентарната демократија и со тоа не ослободи од мачната обврска да легитимираме уште еден негов божемен триумф. Сега, Никола, веќе нема образ да го бара тоа од никого ниту, пак, начин на тоа да не принуди. Може само да одлучи да продолжи сам да си се реизбира. Како монарх. И онака од Македонија направи монархофашистичка диктатура. (Бранко Героски, „Новогодишен подарок“, *Фокус*, стр. 2)
- Денеска треба да одржиме парастос за најголемата жртва од полициската акција во законодавниот дом што ја проследивме на 24 декември. Да, денеска вадиме 7 дена од убиството на душата на демократијата во Македонија. (Јадранка Костова, „Парастос за демократијата“, *Фокус*, стр. 2)
- Опозицијата ја обвини полицијата дека повторно ги блокирала патните правци, ги контролирала возилата и не дозволувала автобусите да дојдат во Скопје. („На протестот пред штабот на ДПМНЕ опозицијата најави: Нема назад, од среда секој ден на улица!“, *Фокус*, стр. 4)
- Ова што се случи во парламентот на 24.12.2012 е, и колку што времето одминува, ќе се кристализира како вододелница на македонската транзиција кон диктатура. Запрен е демократскиот од, и мислам дека е потполно уништена нашата европска перспектива. Тоа е ТОА што е сторено, Вие трагични кловнови на диктатурата! Само преку овој настан ќе Ве паметат Вас и нашиот општ идиотизам, кој доследно го изразувате. (Љубомир Д. Фрчкоски, „Насилството и крвавите кловнови“, *Фокус*, стр. 10)
- **Јани Макрадули:** „...згрозен сум од гнасната манипулација на Вељановски дека ни најавил примена на сила, тоа не можам да го разберам. Останува на времето кога Трајко ќе признае дека бил во 9:58 со Димовски кај Мијалков да ја добие задачата и да му наредат како треба да каже... Премиерот е нарачател, но кривична одговорност има најмногу кај Гордана и Трајко, па дали тие во судската постапка ќе го кажат нарачателот – ќе видиме“. („Јани Макрадули, пратеник и кандидат за градоначалник на Скопје од СДСМ: Пред да го спроведе сценариото на Груевски, Велјановски беше на консултации кај Мијалков“, *Фокус*, стр. 13)

- Политичката криза е главната недовршена задача од 2012 („2013 - Година на тешки политички одлуки“, *Нова Македонија*, стр. 1)
- За да се оствари правото на пратениците да учествуваат на седницата, тие што го попречуваа тоа беа отстранети. Тука, друга филозофија нема. (Дарко Јаневски, „Киселото млеко на Пол Волерс“, *Нова Македонија*, стр. 12)
- Една седмица по трагичниот ден кога македонската, и онака слаба демократија, доживеа самрак и часови до почетокот на Новата година впечатоците се средуваат, но вознемиреноста останува. Власта практично го дерогираше поредокот, користејќи ги сите механизми за наметнување на својата волја како единствено релевантна, а опозицијата што го напушти парламентот ја освојува не само улицата туку влегува и во филм наречен „Отпор“, веќе виден во соседството. (Билјана Ванковска, „Ние за-едно“, *Нова Македонија*, стр. 13)
- Преку ноќ беше формиран т.н. Фронт за Македонија, контрапротест на протестот на СДСМ, како врв на протест против протестите во земјава, на кој му недостигаше искра да ја турне земјата во насилна граѓанска војна. (Слободанка Јовановска, „Година на секој против секого“, *Утрински весник*, стр. 2)
- **Димитар Димитров:** „Уверен сум дека нема човек во Македонија кој не ја доживеа болно драмата со буџетот и кој не посакува таа да остане зад нас. Тоа беше општ национален пораз, во кој нема победени и победници. Непосредно, најголеми губитници се претставниците на народот – пратениците”. („Песимистички прогнози за 2013 година: Кризата е длабока, перспективите мрачни“, *Утрински весник*, стр. 4)
- **Мирјана Малеска:** „Да се исфрлат насила пратеници и новинари од законодавниот дом, да не се почитуваат законските и деловнички правила, колку и да се несовршени, е апсолутно неприфатливо. Ако поминеме преку ова како да не се случило, легитимираме насилство, легитимираме владеење на луѓе, а не владеење на правила”.(„Песимистички прогнози за 2013 година: Кризата е длабока, перспективите мрачни“, *Утрински весник*, стр. 4)
- Сите политички лидери во Македонија треба заедно да најдат решение за отворените прашања. Политичките несогласувања не треба да се решаваат со насилство, и не треба да влијаат на работата на новинарите, наведува Филе на својот профил на Твитер. („Статус на Фејсбук: Еврокомесарот со новогодишна порака до македонските политичари/ Филе: Претстојната пролет одлучувачка за Македонија!“, *Вечер,* стр. 2)
- Бранко го повика народот на буна против Груевски (*Вест,* стр. 5)

## 31 ДЕКЕМВРИ 2012

- МВР ја отфрли претставката на ЗНМ за исфрлањето на новинарите од собраниската галерија. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)

## 1 ЈАНУАРИ 2013

- Не е употребена прекумерна сила врз новинарите во собраниската галерија од каде беа исфрлени, децидна е министерката Јанкуловска. Не сакаше да го коментира заклучокот на внатрешната контрола, но на новинарите им порача да се вразумат и да се вратат на преговорите со Владата. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- МВР наведува дека претседателот на Собранието побарал да се воспостави ред во собраниската сала и да се создадат услови за отпочнување пленарна седница. За новинарите што се наоѓале во галеријата било оценето дека треба да им се укаже да ја напуштат салата и случувањата да ги следат од прес-центарот. Повеќето новинари така постапиле, а помал дел се конфронтирале со собраниското обезбедување. („Јанкуловска ќе бара начин да ги надмине недоразбирањата со ЗНМ“, *Дневник*, стр. 4)
- За новинарите кои известуваат од македонскиот парламент, според СВКПС, постоела процена „дека треба да им се укаже да ја напуштат салата сè до создавањето услови за нормално работење на Собранието и почнувањето на седницата“. („МВР не нашло прекумерна употреба на сила врз новинарите“, *Утрински весник*, стр. 3.)
- Пред неколку дена беше спречен обид за насилно заземање на парламентот и погазување на волјата на гласачите од последните парламентарни избори, од пред година и пол. За среќа, иако со последици за угледот на државата, Македонија не дозволи уривање на долго градената демократија и легитимно избраната власт на слободни и фер избори, ниту пак блокирање на земјата и штети врз граѓаните со неизгласување на буџетот, рече Груевски во своето новогодишно обраќање и додаде дека носителите на овој недемократски чин имаат шанса да повратат дел од загубениот углед на земјата доколку набрзо се вратат во парламентот и учествуваат на следните локални избори, кои мора и ќе бидат како и претходните фер, слободни и демократски. („Опозицијата ја одби поканата на премиерот за враќање во парламентот“, *Утрински весник*, стр. 3.)
- Премиерот Груевски може да има какви сака новогодишни желби. Ние, во повеќе наврати, кажавме дека на избори може да се оди само со променет изборен закон и со пречистен избирачки список, според препораките на ОБСЕ и ОДИХР,

ни изјави потпретседателот на СДСМ, Гордан Георгиев. („Опозицијата ја одби поканата на премиерот за враќање во парламентот“, *Утрински весник*, стр. 3.)

- Мислев дека по ваков обид за пуч што се смета за најголем удар по стабилноста на државата ќе уследи бран на апсења на сите пучисти. Разузнавачките и известителни специјални служби кои будно ги следеле непријателите на државата сигурно ги знаат сите планови за соборување на целиот државен врв, на претседателите на државата и собранието на премиерот, на генералштабот и за освојување на слободарската и независна МРТВ. Од сето тоа ништо. Ни спектакуларни апсења, ни камери, ни лисици, ни специјалци со капуљачи. Наместо пуч, работата излезе пуф. (Ерол Ризаов, „Како од пуч стана пуф“, *Утрински весник*, стр. 6)
- Меѓутоа во Македонија се случи нешто што не се случило по 1989 ниту во Русија, Узбекистан или Белорусија. Пратениците и медиумите беа исфрлени насила од страна на специјални сили за брза интервенција! Затоа сосема е оправдан апелот на опозицијата за демонстрирање на граѓанската непослушност инаку концепт промовиран од страна на Енри Дејвид Торо уште во 1849. Во есејот „Отпор кон власта“, Торо се повикал на граѓанска непослушност протестирајќи поради ропството во САД и војната во Мексико. Својата непослушност ја изразил со неплаќање данок прифатена од страна на бројни истомисленици. (Нано Ружин, „Граѓанската непослушност е потреба на демократијата“, *Утрински весник*, стр. 13)
- Да потсетиме, и по ќотекот на пратениците од опозицијата, и насилното извлекување со 40-тина полицајци од МВР, галеријата остана затворена за новинарите. („Секторот за внатрешна контрола ја одби претставката од ЗНМ: Нема бруталност врз новинарите во Собранието“, *Вест*, стр. 2)

## 2 ЈАНУАРИ 2013

- ЗНМ контра МВР:Не може никој да не е одговорен, а цел државен врв да жали за насилното бркање новинари. Опозицијата ја продолжува битката од улица. На избори само ако не ги организира Груевски. Поделеноста, особено етничка и политичка, најголем предизвик за 2013-та. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Гордан Георгиев:** „Али Ахмети повторно после понеделникот нема кредибилитет, интегритет да посредува во било што. Тој и неговите пратеници беа неми, но за жал соучесници во настанот во Собранието”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Опозицијата ќе ги бојкотира изборите. За нив повеќе не се важни ниту имплементацијата на препораките на ОБСЕ, ниту прочистениот избирачки список. Кабинетот на Груевски е

недемократски, и тој не може да организира фер и демократски избори, е ставот на здружената опозиција. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)

- **Гордан Георгиев:** „Ставот на партијата е дека нема да одиме на избори. Условите коишто се спомнуваат, гледам дека Јас сум цитиран и Заев, беа важечки до пред 'Црниот понеделник' кога се случи насилството во Собранието и со пратениците и со новинарите. Претходните услови, се сеќавате беше избирачки список, и препораките на ОБСЕ и ОДИХР, коишто власта не ги прифаќаше. Од тој ден, од тој понеделник, тие услови веќе стануваат ирелевантни во ситуација во која имаме диктаторски режим, којшто не може да организира нормални, слободни фер избори. Затоа повторувам, ние на следните избори нема да учествуваме". (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- ЗНМ не се разбра со МВР. Нема одговор зошто новинарите беа избркани од собраниската галерија и кој ја донел одлуката. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- СДСМ објави дека ќе ги бојкотира претходните локални избори. Исфрлањето на пратениците од салата во Собранието покажувало дека не може да се гарантира демократски изборен процес. (*ТВ Алсат М,* Вести)
- СДСМ безусловно се откажа од изборите. Немало да ги исполнуваат новогодишните желби на Груевски и Ахмети. (*ТВ Канал 5*, централно издание на Вести)
- СДСМ ја отфрли иницијативата на Премиерот Груевски за враќање на опозицијата во Парламентот и за настап на локалните избори. И Заев и Георгиев, во интервју велат во март ќе оделе на избори само со измени на изборниот законик и прочистен избирачки список. Од владејачката ВМРО-ДПМНЕ велат барањата им се веќе исполнети. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ во 19:30 часот)
- Бранко Црвенковски и СДСМ играат мајтап со јавноста и гласачите. На избори не одат а можеби и ќе одат зависно од тоа колку нереди и инциденти ќе предизвикаат по улици и колку странска интервенција и посредување ќе успеат да навлечат за потреби на свои интереси. Како и да е, Македонија станува заложник на кариерата на Бранко Црвенковски. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)
- За ЗНМ е несфатливо Секторот за внатрешна контрола и професионални стандарди при МВР да не утврди никаква одговорност за исфрлувањето на новинарите од собраниската галерија, иако за таа постапка претходно изразија жалење претседателот на Република Македонија, претседателот на Собранието и претседателот на Владата, се вели во соопштението на ЗНМ. („ЗНМ: Одговорите на МВР не се однесуваат на поднесената претставка",*ТВ Сител*, Вести)

- СДСМ блиску до бојкот на претходните локални избори. Конечната одлука зависи од подготвеноста на Владата да одржи фер и демократски избори. Здружението на новинарите и натаму бара да се утврди одговорноста за насилното исфрлање на новинарите од собраниската галерија на 24 декември. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Препораките на ОБСЕ/ОДИХР се вметнати. ДИК потврди дека Избирачкиот список е прочистен. Генерално, сè е средено. Кои барања сега ги има СДСМ? Секогаш ќе има ситни препораки, кои можеби ќе треба да се вметнат, но тоа не значи дека сите треба да бидат исполнети, вели политикологот Владимир Божиновски. („Иако сите барања на опозицијата беа прифатени, СДСМ со бегање од избори ја заплеткува ситуацијата", *Дневник*, стр. 3)
- Има ли во државата некој што ќе преземе одговорност за партиско полицискиот пуч, праша Георгиев, според кого, актуелната власт нема капацитет да организира фер, слободни и демократски избори. („Георгиев: Кој ќе одговара за партиско-полицискиот пуч?", *Фокус*, стр. 5)
- **Џим Бумелха**, претседател на Меѓународната федерација на новинари: „Ја осудуваме одлуката да се отстранат новинарите од јавна дебата за крупна тема од јавен интерес... Со давањето наредба да се отстранат новинарите, властите посакаа да бидат тие што ќе решат за што ќе се известува". („Исфрлањето на новинарите од собраниската галерија: За претставката на новинарите одлучувала сестра на пратеничка од ВМРО-ДПМНЕ!", *Фокус*, стр. 7)
- **Арне Кониг**, претседател на Европската федерација на новинари: „Одлуката е повеќе обид за контрола на информациите отколку загриженост за безбедноста. Нашите колеги заслужуваат извинување и ветување дека такви мерки нема да се повторат". („Исфрлањето на новинарите од собраниската галерија: За претставката на новинарите одлучувала сестра на пратеничка од ВМРО-ДПМНЕ!", *Фокус*, стр. 7)
- Алејата на великаните и бесмртните во МАНУ и натаму е во вселенски мир и спокојство. Научниците академици работат на стратегијата за иднината на Македонија. За дешифрирање на тој лавиринт им треба апсолутна тишина. Ќе ја добијат уште малку, сега водата ни е до гуша. Штом нарасне поплавата уште два прста, ќе викнат хорски - еурека. (Ерол Ризаов, „Оставката на писателот", *Утрински весник*, стр. 6)
- Со денови јавноста ги слуша изјавите на државниот врв кој се оградува од собраниските случувања. Што е уште почудно, од една страна изразија жалење за инцидентите, а од друга страна, пак, внатрешната контрола пресуди дека полицијата не пречекорила никакви овластувања. Ако инцидентот не се

случил, а новинарите не биле допрени ниту со прст, ниту пак некој присилно ги изнел од нивната „втора работна канцеларија“, тогаш за што изрази жалење државниот врв и на што се однесуваа дадените верувања, дека ситуацијата ќе има разврска? (Даниела Трпчевска „А, политичка одговорност?“, *Утрински весник*, стр. 12)

- Македонија станува заложник на кариерата на Бранко (*Вечер,* стр. 1)
- ЗНМ се чуди и како Секторот за внатрешна контрола воопшто не утврди одговорност за исфрлувањето на новинарите, на толкаво жалење што претходно го изразија како претседателот на Македонија Ѓорге Иванов и на Собранието Трајко Вељановски, така и премиерот Никола Груевски и неговата заменичка Теута Арифи. Ако одлуката била уставна и законска, зошто државниот врв изрази жалење?, прашува ЗНМ. Патем, потсетува дека сè додека институциите не го расветлат случајот, ЗНМ останува на одлуката за прекин на разговорите со Владата. („ЗНМ прашува: Ако исфрлањето на новинарите е уставно, зошто жали државниот врв?“, *Вест,* стр. 4)

## 3 ЈАНУАРИ 2013

- Собранието ги казни опозиционерите. Пратеничката плата скастрена на една третина. Реакција на опозицијата: Кратењето на платите е мала цена за демократијата. Вељановски прво нека каже кој ги влечеше пратениците и новинарите. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Соопштение за јавноста на СДСМ: „Го повикуваме режимот да продолжи и понатаму со партиско полицискиот пуч, слободно нека спроведува фингирани истраги, нека бегаат од сопствената одговорност, нека продолжат да глумат дека се е нормално во државата, нека превземаат мерки против опозициските пратеници”. Соопштение за јавноста на ВМРО-ДПМНЕ: „СДСМ не реагираше кога нивните пратеници кршеа државен имот, кој директно е платен од граѓаните, кога нападнаа Претседател на Собрание, се закануваа на пратеници и ги покриваа собраниските камери, за да граѓаните не го видат нивното сценарио. Очигледно на пратениците на СДСМ им се битни само финансиските примања и воопшто не се секираат за тоа на кој начин го уриваат угледот на Македонија”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Изет Зекири**, пратеник на НДП: „Најпрвин Собранието, односно тимот што одлучил намалување на плата да формира тим за анализирање на состојбите што ги имавме во Парламентот, за суспендирање на демократијата и тој тим мора да одговори кои се причините за скандалозното исфрлување новинари од парламентот и употреба на сила против пратениците. Потоа кој дал наредба за таа интервенција во парламентот и кои се предлог мерките за разрешување на овие проблеми”. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)




- Еден ден по најавата дека СДСМ нема да учествува на локалните избори, своето учество на нив го потврди ДПА. Претседателот на партијата, Мендух Тачи, најави дека се заинтересирани само за општините каде што живеат Албанци, но овојпат нема да настапат во Кичево. И забележува на Владата за многу работи, но не спори дека таа може да организира фер избори. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- **Зоран Заев:** „СДСМ на моментот на поднесување на листи, има одлука да не се учествува на избори. Јас како нејзин потпретседател прв тоа ќе го сторам. Нема да поднесам кандидатура за градоначалник на Струмица, и апсолутно сум целосно со ставовите на мојата политичка партија на чие чело и раководство сум. Не можеме да живееме бесконечно во оваа диктатура, и се надевам дека односите ќе се нормализираат во државата. Оваа власт е најодговорна и треба да ги преземе неопходните чекори". („Заев: Ако Црвенковски се премисли, победувам на избори", *ТВ Алсат М,* Вести)
- **Борис Кондарко:** „...интенцијата и смислата на законот е ради транспарентност и доверба во работата и одлучувањето на изборните органи да биде застапена опозицијата. Со ова се остава еден простор, една голема празнина која реков понатаму може да отвори и други технички и административни, но не толку технички и административни колку правни, можеби политички прашања кои би ги довеле во прашање или би ги проблематизирале изборите воопшто". („Претседателот на ДИК се сомнева дека без опозиција може да се спроведат избори", *ТВ Канал 5* , централно издание на Вести)
- **Александар Петрески:** „Јас мислам дека избори нема да има, бидејќи избори без опозиција не се тоа избори. Тоа е веќе едноумие. И дека такви избори не му користат на никого. Тогаш значи победниците ќе се знаат однапред, како што впрочем беше во комунизмот. И мислам дека нема да дојде до сето тоа. Мислам дека или ќе имаме демократски избори, или воопшто нема да има избори". („Петрески ќе почитува одлука за бојкот на изборите", *ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Бранко Црвенковски треба добро да размисли што ќе понуди за пресврт. Едно е сигурно. Бојкотот не е дел од решението. Тоа е дел од проблемот.



Бојкотот на изборите повеќе личи на напуштање на надежите отколку на платформа за победа. (Ерол Ризаов, „Кого ќе бојкотира СДСМ“, *Утрински весник*, стр. 10)

- **Јове Кекеновски:** „Бидејќи немаше волја политичката криза да се надмине со медијаторство на домашни посредници, очекувам непосредно пред изборите до израз да дојде посредничката улога на меѓународната заедница. Тогаш на иста маса ќе седнат двете спротивставени страни и избори ќе има, дури и можно е опозицијата која го бојкотира Собранието, да се врати и во законодавниот дом“. („Експертите не веруваат во најавите за бојкот на изборите: Бранко ќе бојкотира, а градоначалниците на СДСМ најавуваат победа“, *Вечер,* стр. 3)
- **Муса Џафери:** „Ова е нивна опција која може да биде фатална за нив. Ние не би требало да дозволиме да ја молиме до бескрај опозицијата за да учествува на локалните избори. Се работи за битка на локално, а не на централно ниво“. (**„Џафери: Нема до бескрај да ја молиме опозицијата“**, *Вечер,* стр. 3)

## 4 ЈАНУАРИ 2013

- СДСМ во вторник ќе каже под кои услови ќе учествува на локалните избори. Власта бара опозицијата да се врати во Собранието. (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Апел од Брисел за политичките случувања во земјава. Себастијан Брабант: „Ги повикуваме да се однесуваат на начин кој е во согласност со уставот и законите и да делуваат низ парламентарната процедура што е во најдобар интерес на граѓаните кои ги избрале да ги претставуваат“. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Опозицијата продолжува со протестите во Скопје и во другите градови низ земјава. Како што изјавија социјалдемократите излезот од оваа ситуација го гледаат во техничка влада. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Заев очекува СДСМ да донесе мудра и разумна одлука. Зоран Заев: „Ќе

испорачаме најверојатно барање и цели, којшто според нас треба да бидат прифатливи и за власта”. (*ТВ Канал 5* , централно издание на Вести во 19:00 часот)

- Европската унија со загриженост ги набљудува политичките судири во и околу собраниската зграда и ги повикува сите страни веднаш да запрат со агресивни и провокативни акции. Брисел бара дијалог во Парламентот. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ во 19:30 часот)
- Без одлагање да се стави крај на конфронтациите. ЕУ не го поддржува повикувањето на граѓанска непослушност и продолжување на протести и блокади на раскрсници низ Македонија од активисти и поддржувачи на СДСМ. (*ТВ Сиӣел* , Централен дневник во 19:00 часот)
- Што ќе работат и од што ќе живеат ако продолжат со бојкот и нереди по улици? Нема да има членови на СДСМ ни во Парламентот, ни градоначалници, ни идни директори или членови на општински совети. За ова раководство на СДСМ, најважно е Бранко Црвенковски да остане лидер а членството да заврши на питачки стап. (*ТВ Сиӣел*, Централен дневник во 19:00 часот)
- Протести низ бројки: За Црвенковски не стојат повеќе од 290.000 пензионери кои имаат за 40 отсто повисоки пензии, ниту 300.000 студенти кои добија бесплатно студирање. На улиците не излегуваат ниту 350.000 граѓани кои добија легализација на дивоградбите за само едно евро по квадрат. СДСМ и Бранко Црвенковски доживеаја фијаско и на уличната политика. (*ТВ Сиӣел* , Централен дневник во 19:00 часот)
- Република Македонија ќе ја изгуби позитивната препорака и шансите за датум за преговори со Европската унија поради бојкотот на изборите од Бранко Црвенковски. Странски дипломати за *Сиӣел* велат дека земјата во која лидери на опозицијата предводат тепачки со специјалци, и со сопствениот народ нема големи шанси да стане дел од Европската унија. Домашните експерти пак, го делат истиот став, и дополнуваат дека бојкотот на изборите дефинитивно значи губење на кандидатскиот статус. (*ТВ Сиӣел*, Централен дневник во 19:00 часот)
- ЕУ ги повикува лидерите на сите политички партии и нивните поддржувачи без одложување да им стават крај на конфронтациите и да делуваат преку расправа во Собранието. (*ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- И вечерва во Скопје и во неколку други градови ширум земјава здружената опозиција организира протестни собирања и граѓански парламент под отворено небо... Потсетуваат дека на 24 декември, или како што го нарекуваат „црниот понеделник“, во земјата беа суспендирани Уставот, собранискиот деловник, законите, пратеничкиот интегритет и конечно суспендирана беше демократијата. Порачаа дека власт која

спроведува насилно владеење треба да си замине. („Протест пред ’Рекорд‘“, *ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)

- Опозицијата цврсто решена да ги бојкотира изборите (*Ден*, стр. 1)
- Продлабочувањето на политичката криза би можело да се избегне со формирање друг вид влада. („Емилијан Станковиќ: На избори само со техничка влада“, *Ден*, стр. 4)
- Алберт Муслиу: „Ако пред две години се одеше на избори баш поради блокада на парламентот, сега ситуацијата е поекстремна и најлесно се решава со нови избори”. (*Ден*, стр. 5)
- ВМРО-ДПМНЕ веќе изјави дека барањето е неприфатливо и го сметаат за уцена зашто власта е добиена на фер и демократски избори. И ДУИ и ДПА се категорично против таква влада. („Барањето на СДСМ без поддршка: Техничка грешка е да се бара техничка влада“, *Дневник*, стр. 1)
- Во овој момент, одлука за бојкот на мартовските избори се уште нема, вели Ивон Величковски, претседател на Либералната партија. („Кај сојузниците на СДСМ бојкотот не е на дневен ред“, *Дневник*, стр. 3)
- ВМРО и СДСМ не сакаат да слушнат за средба. („Странците ќе ги соочат Груевски и Црвенковски“, *Фокус*, стр. 5)
- ЕУ ги повикува лидерите на сите политички партии и нивните поддржувачи да стават крај на овие конфронтации, без одложување. Ги повикуваме да се однесуваат на начин кој е во согласност со Уставот и законите, но и да дејствуваат низ расправа во Собранието што е во најдобар интерес на граѓаните кои ги избрале за да ги претставуваат нивните интереси во парламентот, додава (Себастијан) Брабант, со што испрати порака дека Брисел сака опозицијата да се врати во законодавниот дом и да не помислува на бојкот на претстојните локални избори. („ЕУ повика да се смират страстите во Македонија“, *Нова Македонија*, стр. 4)
- Освен базичните предуслови за прочистен избирачки список и изборна регулатива со вклучени препораки на ОБСЕ/ОДИХР, сега логично се поставува прашањето кој ќе ги организира изборите. Ако овој режим покажа дека можат да тепаат за буџет, да тепа буквално за пари, тогаш зошто би се воздржала да користи сила и на избори, рече портпаролот на СДСМ, Емилијан Станковиќ. („СДСМ однадвор јасен, а внатре маглив“, *Утрински весник*, стр. 3)
- Завчера во изјава за *Утрински весник* универзитетскиот професор Денко Малески во таа насока рече дека „доколку опозицијата сака да предизвика странска интервенција“ може да ја очекува изненадување наречено молк. („СДСМ однадвор јасен, а внатре маглив“, *Утрински весник*, стр. 3)
- Тогаш сметавме дека немаме друг избор. Ако нема регуларни избори, тогаш натпреварот нема никаква смисла. Не ни

беше важно колку пратеници ќе имаме во Собранието. Дали еден, двајца илиниту еден, што можеше реално да се случи и да не ги бојкотиравме изборите. На тој начин ние го искажавме нашиот револт и незадоволство, се потсетува Гошев. („Гошев: Не е лесно да се донесе одлука за бојкот“,*Утрински весник*, стр. 3)

- Едвај стотина граѓани, главно активисти платени од Сорос, секоја вечер главно ги блокираат скопските улици: Фијаско на уличната политика на Бранко (*Вечер,* стр. 1)
- Ако не одат на избори, на СДСМ ѝ се заканува исчезнување или внатрешен раскол (*Вечер,* стр. 3)
- Според СДСМ, овој режим повеќе нема никаков кредибилитет да гарантира дека ќе организира фер, слободни и демократски избори, па бара да се формира техничка, експертска или каква и да е друга влада, со мандат да организира фер избори и да го обави тоа. Во СДСМ велат дека партијата нема да учествува во таа привремена влада. („Вонреден конгрес на ’Павел Шатев‘ - СДСМ ќе го договара бојкотот на изборите“, *Вест,* стр. 2)

## 5 ЈАНУАРИ 2013

- Експертите предупредуваат: политичките превирања ќе удрат врз економијата (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- **Теута Арифи:** „Имајќи го предвид фактот дека последните настани апсолутно ги размрднуваа внатрешните односи, внатрешните политички односи, мислам дека ќе треба да почнеме да размислуваме за излез од ситуацијата, за да можеме да добиеме еден што подобар и покоректен извештај во април. Како што се знае тој извештај се работи, треба да се работи од Комисијата, значи не треба ние да го доставуваме, но секако дека ќе известува за нашите состојби и како таков мислам дека треба да се работи да отприлика да се враќаат работите на позитивна насока”. („Арифи: Можно е странско посредништво за излез од кризата“, *ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Министерот за правда, Блерим Беџети, смета дека се исполнети условите за демократски и фер локални избори со измените во изборниот законик предложени од власта. Останатите препораки на ОБСЕ и ОДИХР ќе се имплементираат за други видови избори. Затоа тој смета дека опозицијата не треба да ги бојкотира изборите во март. Во интервју за *Алфа*, министерот Беџети тврди дека судството е под контрола на судските органи, а не под политичка или лично негова. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Аналитичарите Владимир Мисев и Алберт Муслиу со став дека бојкотот на локалните избори што го најави опозицијата нема да предизвика никаков ефект. Муслиу вели дека проблемите треба да се решат на маса.

Според Мисев, СДСМ треба да излезе на локалните, ако сака да подготви терен за подобар резултат на парламентарните. (*ТВ Алсат М*, Вести)

- **Владимир Мисев:** „Мислам дека не и одговара на опозицијата, т.е. на СДСМ одржување на предвремени парламентарни избори. Мислам дека има добри шанси во определен дел од градовите да извојува победа, или да ги задржи градоначалничките места таму каде што има добри кандидати, што секако е добра подготовка за одржување на регуларни, редовни парламентарни избори. Оваа ситуација која што треба да се создаде, гледаме дека не пали и не подготвува терен за промена на рејтинзите на политичките партии”. Алберт Муслиу (превод од албански јазик): „Треба да се постигне каков било компромис за што опозицијата покажала одлучност да опстои на своите позиции и не прифаќа надминување на проблемот без решение. Во наредните недели треба да се иницира некој разговор меѓу двете страни за кој сигурно ќе се вмешаат и нашите меѓународни пријатели. Треба да се сменат позициите не само на опозицијата, туку и на владејачката партија. Најголема одговорност е кај владата, бидејќи таа е одговорна за развојот на општеството”. ( *ТВ Алсат М*, Вести)
- Внесоа ли раздор во СДСМ најавите за бојкот на изборите. Кнедлата тешко ја проголтуваат градоначалниците и пратениците („Врие во СДСМ!?“, *ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Отпор против отпорот на Црвенковски. Нема единство во СДСМ за бојкот на локалните избори. Личната одлука на лидерот ја носи партијата во бездна. Кулминацијата на максимата: Или си СДСМ или не си. (*ТВ Сител* , Централен дневник во 19:00 часот)
- **Роберто Беличанец:** „Ако вие речете дека сум неутрален на така поставеното прашање, вие не сте неутрален. Вие сте идиот во смисла на она што Аристотел го зборувал за идиотите: идиоти се тие којшто не учествуваат во политиката”. Црвенковски слободно може да заборави на гласовите од на 30 проценти неопределени според сите анкети. (*ТВ Сител*, Централен дневник во 19:00 часот)

## 8 ЈАНУАРИ 2013

- Прва фаза пред бојкот. Кој се условите на социјалдемократите за да излезат на избори? (*ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)
- Социјалдемократите вечерва на вонредна седница на проширениот Централен одбор ги дефинираат условите под кои ќе се откажат од бојкотот на изборите. Од партијата не исклучуваат вечерашниот мини конгрес сепак да донесе заклучок оти партијата воопшто нема да учествува на изборите.

(„Вонредна седница на централниот одбор на СДСМ“, *ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)

- СДСМ на состанок за локалните избори. Протестите продолжуваат. (*ТВ Алфа*, Дневник во 19:00 часот)
- Една од најверојатните опции е Црвенковски да испорача за власта неприфатливи услови, по што и дефинитивно СДСМ нема да учествува на локалните избори, што е неприфатливо и за меѓународната заедница која преку Брисел порача дека е против бојкот на Собранието и изборите. Од ВМРО-ДПМНЕ велат дека со или без СДСМ, локални избори ќе има во законскиот термин. („СДСМ на седница на Централниот одбор од 19 часот ќе одлучува дали ќе учествува на локалните избори“, *ТВ Канал 5*, централно издание на Вести во 19:00 часот)
- Која струја ќе победи? На Заев да се оди на избори, или онаа тврдокорната да се бојкотираат? Се најавува дебата до доцните часови. Извори од партијата брифираат дека сѐ се одвива во крајно конспиративна атмосфера и дека само Црвенковски и неколкумина околу него знаат што ќе биде конечното решение. Според дипломатски кругови, меѓународната заедница е зачудена од барањето за техничка влада. (*МРТ1*, Дневник 2 на МТВ во 19:30 часот)
- Вечерашната седница на централниот одбор е најавено дека ќе почне веднаш по протесниот собир што пред половина час почна на “Рекорд“, во центарот на Скопје. На овој собир што се организира уште во неколку градови, опозицијата организира „граѓански парламент“ од каде што јавно и се поставуваат прашања на Владата за проблемите во државата. ( *ТВ Телма*, Вести во 18:30 часот)
- Откако најави бојкот на локалните избори, сѐ поверојатно е дека Црвенковски ќе се пишмани и ќе испорача нови услови за учество на изборите во март. („Црвенковски се пишмани за бојкотот?! Бранко со нов список на желби за да оди на избори“. *Вечер*)
- Денес со ВМРО-ДПМНЕ може да се постигне „единство“ само ако СДСМ одлучи да се самораспушти, Бранко да се самозапали и потоа целата критичка јавност да сфати и да прифати дека нема поубав, попаметен и поспособен од Груевски... Груевски не е лидер, туку диктатор, кој нема капацитет да направи компромиси и да ја обедини нацијата. (Бранко Героски, „Да се договориме Грујо да биде најубав“, *Фокус*, стр. 2)
- Смената на Трајко Вељаноски би можела да биде најприфатливиот начин за враќање на опозицијата во Собранието и за нејзино учество на локалните избори. („СДСМ со компромис за излезот од политичката криза: Спикерот надвор, опозицијата назад во парламентот“, *Ден*)

## 9 ЈАНУАРИ 2013

- Влада на доверба. Со нови министри за полиција, правда и финансии - услов од Црвенковски за нови избори. Власта без одговор. Експертите поделени: за едни непристојна уцена, за други можност за реанимација на демократијата. („Црвенковски бара преговори“, *ТВ 24 Вести*, Дневник во 20:00 часот)







# Како „Вестите“ ги доживеаја вестите – Вонредната состојба низ очите на информативната телевизија 24 Вести

Сеад Ризвановиќ, уредник во
телевизијата 24 Вести

# Како „Вестите“ ги доживеаја вестите – Вонредната состојба низ очите на информативната телевизија 24 Вести

### 23 декември, недела 2012 година

Недела е секогаш најздодевниот ден за медиумите. Ден во кој министрите секогаш се „присетуваат“ на најбаналните проекти, кои се дел од нивните секојдневни обврски, но кои ги промовираат баш тогаш. И тие, како и општините, или некои здруженија, добро знаат дека во „празните“ денови можат да протнат секакви небулози. Тогаш и новинарите ги спуштаат критериумите, додуша веќе се ретки таквите што ги имаат, ама ајде, тоа е друга приказна. И неделата на 23 декември не беше многу различна. МВР беше поднело кривични пријави за некои двајца што наводно криумчареле оружје. Фондот за здравство спектакуларно ја изненади јавноста со најавата дека шалтерите ќе работат и во втора смена, полицијата повторно не знаеше кој ги каменува возовите, а имаше и по некоја весела вест што ги навестуваше празниците, се сечеа гранчиња на Водно во најава на Бадниковите свечености.

**Проблемите околу донесувањето на буџетот почнаа кога опозицијата бараше скратување на трошоците за 2013 година за околу 200 милиони евра.**

Ама оваа недела, сепак, имаше и нешто различно од другите недели - под полна пареа работеше Собранието. Колегата Филип Ѓурчиновски, кој овој период ја имаше среќата да биде собраниски известувач, беше почестен со работа и за викенд. Активностите околу донесувањето на Буџетот, противењето на опозицијата да се донесе ваков Буџет, превирањата во Законодавно-правната комисија и скршениот нокот на претседателката на комисијата, пратеничка на владејачката ВМРО-ДПМНЕ, ја зовреа атмосферата. Проблемите околу донесувањето на буџетот почнаа кога опозицијата бараше скратување на трошоците за 2013 година за околу 200 милиони евра. Опозицијата од Владата побара намалување на непродуктивните

**Лагата дека доколку не се донесе Буџетот нема да има пари за пензии, социјална помош или плати се пласираше отворено преку устите на министрите и преку рекламните спотови. Пропагандната машинерија на власта веќе не се ни трудеше да направи суптилна манипулација, туку отворено, преку директни лаги, ја манипулираше нацијата.**

трошоци, како парите наменети за проектот Скопје 2014 или парите за владините реклами. Се разбира, овие барања беа неприфатливи за Владата, која ја обвини опозицијата за блокирање на донесување на Буџетот и, воедно, за обид за блокирање на функционирањето на целата држава. Иако обвинета дека буџетските пари, всушност парите на граѓаните, Владата константно ги троши за саморекламирање, Владата во овој момент, сега преку владејачката ВМРО-ДПМНЕ, преку провладините медиуми во оптек пушти серија рекламни спотови во кои ја обвини опозицијата за намерно блокирање на Буџетот. Но, она од што ние новинарите сега бевме шокирани беше намерното протнување на флагрантна и отворена лага, која без грам грижа на совест беше пласирана во јавноста. Лагата дека доколку не се донесе Буџетот нема да има пари за пензии, социјална помош или плати се пласираше отворено преку устите на министрите и преку рекламните спотови. Пропагандната машинерија на власта веќе не се ни трудеше да направи суптилна манипулација, туку отворено, преку директни лаги, ја манипулираше нацијата. Тврдењата на експертите дека тоа не е точно, дека и самиот Никола Груевски како опозиционер во 2004 г. го блокираше буџетот на ист начин во Собранието, дека тогаш буџетот се усвои во март, беа залудни. „Вистината“ на Партијата стана единствена официјална вистина.

И, така, неделата пред 24 декември тежината на расправата требаше да се префрли во Комисијата за финансирање и буџет. Но, тогаш почнаа првите изненадувања за опозицијата. Нејзиниот претседател, пратеникот на опозициската СДСМ Марјанчо Николов, наиде на затворени врати на салата. Иако, според опозицијата, напладне било закажано продолжение на седницата на Комисијата за финансирање

и буџет на која требаше да продолжи расправата за амандманите на опозицијата за Буџетот. На нашето прашање зошто сега седницата не се одржува, бидејќи во претходните денови пратениците од владејачката коалиција држеа маратонски говори и не даваа да се прекине нејзината работа, од СДСМ за 24 Вести немаа одговор. Она што беше симптоматично дента за новинарите е што најава дека седница ќе има немаше ниту на официјалниот собраниски сајт, каде што пишуваше дека нема седници на работните тела, ниту пленарна седница. И во целата таа неизвесност и мачна атмосфера добив повик од еден колега од редакцијата. Вели дознал неофицијална информација дека Владата подготвува план за носење на Буџетот по секоја цена.

- Добро - му велам - не дека не очекувам сè од оваа власт, но како ќе го направат тоа?

- Е, вака: спикерот Вељановски ќе ја извести Владата дека нема услови парламентарните комисии да ја завршат работата во законскиот рок, кој истекува на 24-ти, а потоа Владата ќе продолжи нова скратена верзија на Буџетот, која уште во понеделник по скратена постапка би се изгласала на пленарна седница.

- Дооообро - му викам - штом теоретски е можно, претпоставувам дека постои опција (нели, воден од мудроста на претседателот Иванов) дека сме „шашави, ама функционираме". Сепак, малку се подзамислив, бидејќи ја видов изјавата на вицепремиерот Ставревски дека Владата има резервна варијанта за донесување на Буџетот и дека тој ќе биде донесен пред Нова година. Подоцна ова ми стана појасно, ама нејсе.

Втора работа, која најави дека работите може да станат драматични, е соопштението од новоформираниот „Фронт на народот", најавен како „здружување на граѓани што се загрижени за недонесувањето на Буџетот". Тој Фронт најави и дека утре ќе оди пред Собранието и од опозицијата ќе бара да не го блокира донесувањето на Буџетот. Е, сега, ние новинарите некако се навикнавме на овие инстант-здруженија, кои по обичај никнуваат во одбрана на некаква владина политика, па така, искрено, и овој Фронт ни се виде како продолжение на образецот. Во основачите на тоа здружение пишуваше дека стојат земјоделци, артисти и спортисти, па претпоставив дека се работи за истите актери, активисти на владејачката ВМРО-ДПМНЕ,

кои изминативе денови глумеа стечајци, социјалци, земјоделци, а, шокантно, и самите актери од театрите глумеа жртви, ама - изненадувањата никогаш не престануваа. Се јавија и од опозицијата. Пратеникот на СДСМ Игор Ивановски соопшти дека се сомневаат дека власта се готви на незаконски начин да го донесе Буџетот преку партиско-полициски пуч, но дека опозицијата нема да дозволи Буџетот да се донесе незаконски. Опозициските пратеници најавија дека ќе продолжат да преспиваат во Собранието и нема да дозволат власта преку каков било маневар да го донесе Буџетот. Премиерот Груевски побара од опозицијата да престане со блокадите, бидејќи граѓаните живееле во грч дали ќе има пари за плати, пензии, социјална помош. Тврдењата на експертите дека се работи за лага не беа споменати во говорот на Груевски. Доцна во саботата СДСМ одржа итен состанок на централното претседателство. Во очекување на заклучоците, ми се јави колега од телевизијата и ми вели: СДСМ реши дека нема да дозволат носење на Буџетот по секоја цена и маса народ, предводена од лидерот на СДСМ Бранко Црвенковски, се упати пред Собранието. Е, тука веќе се запали црвената светилка во редакцијата на 24 Вести. Досегашните расправии во комисиите, неофицијалните информации за тоа што ќе прават власта и опозицијата, станаа второстепена информација. Маса луѓе пред Собранието, особено опозициска маса, е настан што не смее да помине непренесено на вистински начин. Особено што собирањето на народот почна во доцните вечерни часови, што беше дополнителна околност. Одлуката беше донесена веднаш: пред Собранието, во најбрз можен рок, да се постави линк за директно вклучување во вестите и, се разбира, за моментално следење на состојбата. Од вестите во 22 часот на 23 декември телевизијата 24 Вести веќе почнува директно да ја следи состојбата пред Собранието. Но, она што секогаш станува предмет на расправа во вакви моменти е кој да застане да известува во такви вонредни моменти. Јас, како дежурен уредник на вестите утредента, не бев опција. Собранискиот известувач, исто така, се чува за утре, дежурната екипа од дента е веќе преморена. Сите во телевизијата беа изненадени што пред екраните во 22 часот во неделата и после, во 24 часот, го видоа главниот и одговорен уредник на телевизијата, Боби Христов. Со микрофон во рацете, во нему познат репортерски стил, Боби ја извести јавноста дека пред Собранието се собира

**Опозициските пратеници најавија дека ќе продолжат да преспиваат во Собранието и нема да дозволат власта преку каков било маневар да го донесе Буџетот.**

народ, а во вестите го вклучи и претседателот на СДСМ, Бранко Црвенковски. Запрашан зошто опозицијата се реши на ваков чекор, Црвенковски вели: „Дојдовме тука пред Собранието бидејќи власта незаконски, неуставно и спротивно на Деловникот донесе одлука да не дозволи тоа да се случи. Ние нема да дозволиме да се газат законите и Уставот, пратениците внатре во собранието и ние надвор нема да дозволиме носење на Буџетот вака. Ние од сега остануваме тука пред Собранието, а утре наутро ги повикувам сите граѓани да ни се придружат тука и да не дозволиме тоа да се случи“.

Е, сега се мислам: тој „Фронтот на народот“ реши да дојде против опозицијата, опозицијата се собира против Владата, утре ќе биде интересно пред Собрание. И навистина беше така.

## 24 декември, понеделник 2012 година

Во новинарството постои една состојба што во исто време е убава желба и клетва. Секој новинар сака да има за што да пишува, а во однос на бурноста на настанот, се добива и читаност и гледаност, нели. Од друга страна, најдраматичните настани се, по правило, црни за некоја страна и се знае дека некој ќе настрада, што и да се случи. „Црниот понеделник“ навистина ветуваше дека ќе има „материјал“ за работа, но денот ги надмина сите очекувања. Среќата да бидам уредник на вестите на 24 декември ми се падна мене. Поради тензичната состојба пред Собранието, во редакцијата се појавив пред 8 часот. По краткиот брифинг со главниот уредник, Боби Христов, решивме да имаме вонредни вести во 9 часот и да правиме нови вести на секој час, со директно вклучување пред Собранието. Се разбира, тука веднаш ми се создадоа дилеми: Дали ќе успееме да ја реализираме таа задача, бидејќи добро ми е јасно што значат вести на секој час, особено кога се работи за настани што се менуваат од секунда до секунда. Но, нејсе, дилемите не траеја многу во услови кога ми беше многу јасно дека состојбата не допушта никакво друго пренесување, бидејќи буквално не се знае што може да се случи пред Собранието. За да се покријат сите аспекти од случувањата се решивме како редакција да пратиме двајца новинари надвор, каде што се собираа приврзаниците на власта и на опозицијата, и репортер

внатре во Собранието, кој ќе ги следи внатрешните случувања. Пратениците на опозицијата ноќта ја поминаа внатре во зградата и брифираа дека не отстапуваат од планот за недопуштање на власта да го донесе Буџетот на таков начин. Во првите вести се јавија и првите технички проблеми, предизвикани, сепак, од „виша сила". Линкот што требаше да почне да зрачи пред Собранието имаше проблем со вклучувањето, бидејќи полицијата не дозволуваше автомобилот на 24 Вести да се паркира во Жена паркот. Во такви услови веднаш се организиравме и веќе снимените материјали од утрото ги пративме во телевизијата, а се договорив со колегата Филип Ѓурчиновски да го вклучиме телефонски во вестите. Она што Филип го опиша беше дека пред Собранието веќе се собрани приврзаниците на опозицијата, но и дека од две страни се наоѓа и новоформираниот „Фронт на народот". Уште рано наутро дојде до физички контакт: дел од навивачките групи што дојдоа да ја поддржат владината позиција за донесувањето на Буџетот по секоја цена ги нападнаа приврзаниците на опозицијата. По интервенцијата на полицијата двете групи се раздвоиле, но сепак еден 77-годишен старец беше повреден од камен. Колегата Мишко Иванов од Собранието јави дека пратениците на опозицијата стојат пред вратите на големата пленарна сала и најавуваат дека нема да пуштат никој да влезе и да почне седницата. Првите вести го најавија денот, а ние во редакцијата бевме искрено изненадени од бројот на приврзаниците на власта пред Собранието. Сепак, мене низ глава ми помина една мисла: доколку власта без грам грижа на совеста донесе олку народ, кој треба да ги тепа своите сограѓани, ме фати страв. Тоа значеше дека владеењето ќе се брани со сите средства, со специјалците пред Собранието, но и со наводните поддржувачи на Буџетот. Во тој контекст дојде и веста дека Владата седницата одржана доцна вечерта го донела дополнетиот предлог на буџетот за 2013 година и го доставила до Собранието на усвојување. Ова значеше дека се потврдуваат предвидувањата од претходниот ден дека власта ќе го донесе Буџетот по секоја цена. Она што остана како куриозитет е дека подоцна ниту пратениците на опозицијата, ниту новинарите, го видоа дописот за праќањето на Буџетот до Владата, ниту го видоа вратениот Предлог-буџет од Владата до Трајко Вељановски. Едноставно, овие документи не ги виде никој и останува надежта дека еден ден независна комисија ќе може да направи увид

до собраниската архива и да види како е изведена таа операција и до каде е отидено со прекршувањето на Деловникот и на законите. Второто изненадување за нас во 24 беше тоа што во следните вести, во директното вклучување меѓу насобраната маса, го видовме уредникот Боби Христов. Втурнат меѓу опозицијата и провладините демонстранти, Христов ги прашуваше луѓето зошто се дојдени. Така ни остана и најсмешната реплика од тој ден. Откако претходно се закани дека ќе ни ја искрши камерата, провладин демонстрант беше запрашан зошто штрајкува. Тој вели: „Па, да се донесе буџетот“. Боби го прашува: „Ако не се донесе што ќе се случи, ќе нема ли пари?“ „Па, не“, вели тој, „пари ќе има, Македонија секогаш ќе има пари“. Тогаш со полукисела насмевка видовме дека тие луѓе се дојдени по партиска наредба, дека не знаат за што протестираат, но беа подготвени да тепаат сè по ред, и опозиција и новинари, впрочем исто како и нивните идеолошки ментори од позицијата на власт, што подоцна и го докажаа во практика.

Во првите обиди за спинувања дента беше соопштението на Претседателот на Собранието, Трајко Вељановски, во кое соопшти дека пратениците на опозицијата не учествувале на координацијата свикана кај него. Опозицијата ова го отфрли како смешно, со барање до Вељановски да ги почитува законите и Уставот, а не да пишува партиски соопштенија. Како продолжуваше денот, така дојдоа и вообичаените поплаки од опозицијата дека нивните автобуси се





сопираат низ цела Македонија и не им се дозволува поминување. На ова реагирав веднаш: првиот слободен новинар итно го пратив кон излезот на Куманово, од каде што во вестите го вклучивме и градоначалникот на Куманово, Зоран Дамјановски-Циц. Во драматичниот апел Дамјановски предупреди дека се ограничува неговото движење и дека полицијата не смее да го задржува него и илјадниците кумановци што се упатија на протестот во Скопје. Од Велес во вестите го вклучивме Аце Коцевски, кој кажа дека автобусите им биле пуштени откако се заканиле дека ќе го блокираат меѓународниот автопат. Од Охрид пуштивме аматерска видеоснимка од мобилен телефон од која се гледа како полицијата ги задржува автобусите на опозицијата. Она што го забележавме е дека по емитувањето на сите снимки во вестите, полицијата почна да ги пропушта автобусите. Случајно или не, до денес не дознавме. Веќе околу пладне од колегата Мишко Иванов дознавме дека внатре во собраниската зграда почнал хаосот. Дека собраниското обезбедување го изнело претседателот Вељановски надвор од салата и дека во целата мешаница се повредени пратеничките на СДСМ Весна Бендевска и Билјана Казанџиска. Веста веројатно се прошири и пред Собранието, каде што двете насобрани групи почнаа да се мавaат со разни предмети, а секој момент се очекуваше да почне и отворен судир. Во целата мешаница на информации дојде и таа дека полицијата го привела и скопјанецот Н.Ѓ., алијас Комадант Коки, водач на навивачка група блиска до опозицијата, а колегите од теренот јавуваа дека меѓу насобраниот провладин „Фронт на народот“ гледаат некои припадници на агенциите за обезбедување, дојдени без униформи. Во меѓувреме ние решивме да направиме рокада - Филип Ѓурчиновски, кој си е природен собраниски известувач, да влезе внатре, Мишко Иванов да дојде во редакцијата, а Марина Узунов да продолжи да ги следи протестите. Тогаш ја дознавме првата шокантна вест. Филип Ѓурчиновски видно возбуден ми јави дека новинарите се избркани од собраниската сала. Првично не ми беше јасно што сака да каже, мислев дека се работи за затворање на седницата, но знаев дека тоа мора да се направи со двотретинско мнозинство, а без опозицијата, додека таа не е во Собранието, не може да се изгласа такво нешто. Ама Филип беше јасен, ми вели: „А, бе, дојде обезбедување и насила нè

извади. Насер Селмани не сакаше да излезе, се држеше за шипките, ама го фатија за мишки и го изнесоа“.

Во редакцијата завладеа немир. За првпат, некои од нас помлади, некои поискусни новинари, се сретнавме со ваков момент. Веднаш почнавме да вртиме по експерти, да видиме во кој случај новинарите може да бидат избркани од Собранието. Од сите го добивме истиот одговор: Не може никој да ги избрка така, освен доколку не се изгласа затворена седница. Тогаш Филип излезе надвор кај масата народ и драматично побара да се вклучи во вестите. Бидејќи се работеше за термин меѓу две изданија на вестите, среде емитување на друга програма, реагиравме веднаш. Ја прекинавме програмата и се вклучивме пред Собранието за да видиме дека дел од опозиционерите ја пробиле полициската блокада и се упатиле кон Собранието. Видовме дека интервенираа специјалците и ги вратија назад. Веднаш, во следните вести, работите ни станаа појасни.

Пратениците на опозицијата ги пратија првите аматерски снимки од мобилните телефони на кои се виде како собраниското обезбедување ги тегне и ги влече опозициските пратеници надвор од салата. Се разбира, сите бевме шокирани, но нѐ полазија и морници. Веднаш, ама веднаш, во себе инстиктивно си го поставив прашањето: Ако вака со полиција насила влечат пратеници избрани од народот, кои уживаат и пратенички имунитет, што ли ќе прават со обичните граѓани, со новинарите, со невладините активисти, сите оние што не им се по волја. Видовме како се влечат бремени жени, видовме како Шеќеринска со повредена нога ја влечат по подот како крпа, но ги видовме и министерката за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, како немо го гледа сето тоа, и министерот за финансии, Зоран Ставревски, како со раката им вели на полицајците да продолжат да ги изнесуваат неговите колеги како вреќи за ѓубре.

Следното изненадување на нас од 24 Вести се случи на кратките паузи за јадење дента, кога се вклучувавме и на социјалните мрежи, на Фејсбук, на Твитер, да видиме што се случува. На сите страни луѓето го постираа името на 24 Вести, пишуваа дека единствено на нашиот медиум гледале што се случува пред Собранието. Ми се јави и колешка од ЗНМ и ми вели на телефон: „Супер сте, човече, сите седиме пред телевизор и гледаме 24 Вести, профи сте, топ“. Во тие

моменти искрено сè уште не ми беше јасно што предизвикуваме во јавноста. Ние работевме и пренесуваме што се случува, но подоцна дознав дека 24 Вести била единствена телевизија со линк пред Собранието. Навистина шокантно.

Некаде попладнето лидерот на опозицијата Црвенковски, во драматичен говор пред Собранието, најави дека опозицијата се повлекува од неговата работа. Кажа дека се погазени Уставот, законите и дека од денес Владата нема никаков легитимитет и дека опозицијата започнува со протести. Тогаш решивме да прекинеме со линкот, бидејќи насобраната маса се разотиде. Набргу и ЗНМ излезе со соопштение дека ги прекинува сите преговори со Владата и дека бара да се казнат одговорните за бркањето на новинарите. Такво нешто не се случи со пишувањето на овој текст и единствено образложение што го доби јавноста беше тврдењето на Трајко Вељановски дека обезбедувањето само проценило дека треба да ги избрка новинарите. Се разбира, се слушна и коментарот на пратеничката Благородна Дулиќ од ВМРО-ДПМНЕ дека постоела опасност некој новинар со камера да мавне по пратениците.

Вечерта, во директното телевизиско обраќање на премиерот Груевски, се тврдеше дека опозицијата се обидела да изврши државен удар, иако не кажа дека МВР поднело кривични пријави за тоа. Кажа дека му е жал што новинарите се избркани од Собранието, без да каже кој ќе понесе одговорност. Како врв на лицемерието беше благодарницата до „спонтано“ насобраниот народ, кој дошол да го одбрани Буџетот.

## 25 декември – Епилог

Следниот ден 24 Вести продолжи да работи во нормални услови. Веќе со извежбан стомак ги пренесовме соопштенијата на МВР дека пратениците од опозицијата се виновни за тоа што им се случило, на владејачката ДУИ дека Буџетот не смеел да биде причина за политички битки, мислењата на провладините експерти дека сè било законски и дека опозицијата е виновна што била тепана. Се разбира, многу подоцна дознавме дека и во Собранието на пратениците на опозицијата им биле одземени пратеничките картички, случка што ќе остане да биде расчистена од некоја идна власт. Она за што сите се согласивме во редакцијата беше истото што го слушнавме и од нашите колеги: Телевизијата 24 Вести, која претендира да биде информативен канал, македонски Си-ен-ен, го положи тестот. Реагираше онака како што треба во кризни услови. Исто така, знаевме и дека 24 декември преставува пресвртница во македонските политички случувања. Знаевме дека по „црниот понеделник“ ништо веќе нема да биде исто.



Катерина Цаневска-Арсовска

# Собраниската галерија – ЈАВНОСТ или ЧИСТИЛИШТЕ

И тој 24 декември на галеријата, каде што се секојдневно новинарите, снимателите и фоторепортерите бевме сите новинарски известувачи. Во салата беа влезени пратениците од владејачкото мнозинство, а од другата страна влезе и опозицијата. Почна инцидентот, спикерот Вељаноски од обезбедувањето беше извлечен, две опозициски пратенички беа повредени и сите медиуми го регистрираа тоа.

Наеднаш, влезе претставник од обезбедувањето и ни рече да ја напуштиме галеријата. Новинари и сниматели никогаш досега не биле отстранети од галеријата. Не сме присуствувале само кога тука седеле претставници од дипломатскиот кор. Некои од колегите почнаа да стануваат, но веднаш изреагиравме дека не смеат да нѐ исфрлаат и да не ни дозволуваат да си ја вршиме работата.

За да се отстранат медиумите мора да се гласа и предлогот треба да добие двотретинско мнозинство или 82 пратеника да гласаат позитивно. Тоа не се случи и затоа никој нема право да ги брка медиумите.

По десетина минути влегоа неколкумина од обезбедувањето и повторно, овојпат со повисок тон, се обидоа да ни наредат веднаш да заминеме. И овојпат останавме. Реагираше претседателот на ЗНМ, Насер Селмани, кој беше со нас на галеријата. Го бараше шефот на Кабинетот на Вељаноски да го праша зошто ова се случува и да укаже дека не смее никој да ги спречува новинарите. Селмани се обидуваше и да интервенира кај директорот на Центарот за комуникации на ВМРО-ДПМНЕ, Илија Димовски, кој беше во салата, но немаше никаков одговор. Неколкумина му пративме пораки на Димовски, кој беше под нас во салата, но немавме одговор. Дури не ја сврте ни главата кон нас, иако се обидовме и со викање да му го привлечеме вниманието.

По ова ни беа блокирани мобилните телефони и не можевме да се јавуваме никаде, а и Интернетот беше исклучен.

Во третиот обид, засиленото обезбедување буквално почна да ги влече новинарите и да ги исфрла од галеријата. Непримерно, грубо,

невидено беше истуркан и влечен и Селмани, и неколкумина други колеги. Останав последна. Ме фатија за раце две припаднички од обезбедувањето, почнаа грубо да ме влечат кон излезот, а некој, рекоа дека им бил  шеф, да ми вика: „За кого работиш?". Почна и тој да ме влече грубо. Му реков да не ме фаќа и турка. Она од што се шокирав беше кога ми се сврте и ми се закани : „Не сега, ќе дојде време јас кога ќе те пипкам и туркам". Сосила ме извлекоа надвор од галеријата. Истиот господин ми рече: „Докажи дека сум ти го кажал тоа". Сигурна сум дека тој господин не е дел од собраниското обезбедување. Дваесет години сум собраниски известувач, сум известувала и од други парламенти, а сум набљудувала и избори. Никаде никој не ме нападнал така. Сум известувала од воениот конфликт, куршум ми помина покрај глава во Тетово, ама ова не сум го доживеала. Со дел од обезбедувањето разговарав, им кажав дека си ја вршеле само задачата, но не смееше некој сосила да влече новинари, а најмалку заканите од нивниот шеф или надреден. Модринките и набиениците неколку дена ми создаваа болка.

„Не сега, ќе дојде време јас кога ќе те пипкам и туркам"

Инаку, ситуацијата беше тензична од пред две недели во Собранието, но дека до ова може да дојде, никој не очекуваше. Новинарите не смее никој да ги напаѓа. Во саботата, поради тоа што сум се „дрзнала" да поставам прашање, пратеник од власта се обиде со прашање да ми одговара и ме етикетираше дека сум новинар близок до опозицијата. Потоа, во неформален разговор, дури и ми беше соопштено дека ќе ме ставел во колумна.

Она што ме разочара е што не слушнав ниту збор за насилството врз новинарите на јавниот сервис МТВ и на некои од приватните телевизии со национална концесија. Тоа го премолчеа како да не се случило, а утредента го пренесоа „жалењето" на државниот врв за настанот. Непрофесионално и неколегијално.

Убавка Јаневска

# Блокади

Членовите и симпатизерите на СДСМ утрото на 24 декември тргнаа од градовите од внатрешноста на државата кон Скопје на протест пред Собранието на Република Македонија. Протестот беше закажан како поддршка за пратениците од опозицијата во нивното настојување да се спречи донесувањето на Буџетот за 2013 година и заложбите за штедење и блокирање на новото задолжување на државата пред странските кредитори.

Полицијата им ги заплени автобусите, а велешките социјалдемократи го блокираа автопатот. Драмата се случи рано утрото, околу 8 часот, на 24 декември 2013 година на автопатот Велес - Скопје.

Атмосферата на автопатот, веднаш на излезот од Велес, беше тензична кога таму стигнаа новинарските екипи. Активисти на опозициската СДСМ, заедно со кандидатот за градоначалник Аце Коцевски, со кордон од луѓе стоеја на блокада пеејќи ја македонската химна. Пред нив беа запрени возила во долга колона. Ги немаше автобусите во кои пред неполн час се качија од центарот на Велес за да патуваат на протестот пред Собранието во Скопје. Дел од активистите на опозицијата им се доближија на новинарите и им соопштија дека полицијата, со образложение дека автобусите треба да одат на вонреден технички преглед, им рекла да се симнат од нив. Потоа автобусите биле испратени на технички преглед.

„Имате двоен аршин, ги пуштивте автобусите и автомобилите со вмровски обележја, а нас нè стопиравте без образложение“, им порачаа на полицајците активистите на СДСМ.

Дел од нив се расправаа со полицијата велејќи ѝ дека главната вина за хаосот во земјава ја носат премиерот Никола Груевски и министерката за внатрешни работи, Гордана Јанкуловска, кои наредиле да бидат запрени за да не стигнат во Скопје. Други се пожалија дека биле нападнати од разгневени возачи. Возачите, пак, се жалеа на блокадата.

„Ми го скина копчето, јас сум Ванчо Трифунов, државен секретар во министерството за економија и денес тргнав на работа, но господата предводени од Аце Коцевски тресkaa по колата, а еден господин овде ми

го грабна телефонот и на инсистирање на неговите другари ми го врати“, рече Трифунов.

„Како не му е срам да лаже, каков телефон, па овде има толку многу луѓе, тие нека кажат дали нешто сум му зел“, одговори прозваниот активист на СДСМ.

Бројот на возила во колоната се зголемуваше зашто постојано доаѓаа нови. Дел од возачите реагираа на тоа што мораат да стојат, но дел го оправдуваа протестот велејќи: „Катастрофа жива и за нас и за нив, каква е оваа демократија“.

Новинарите го прашаа кандидатот за градоначалник на здружената опозиција Аце Коцевски што се случува на автопатот и зошто активистите на СДСМ не се во Скопје. Тој одговори:

„Сè започна откако со автобусите стигнавме кај бензинската пумпа на Макпетрол на Штипско џаде. Нè запре сообраќајна полиција, а беа присутни необично голем број полицајци. Јас бев водач на колоната. Проверуваа документи и на мое инсистирање нè известија дека автобусите ќе ги пратат на вонреден технички преглед. На моето прашање зошто имаат двојни аршини, затоа што пред нас ги пропуштија автобусите со контрапротестанти, одговорија дека не е до нив и дека тие спроведуваат наредби од одозгора. Јас ги предупредив дека со тоа што го прават вршат дискриминација и дека поради тоа, доколку за 5 минути не ни ги вратат автобусите, ние ќе го блокираме патот. Затоа го блокиравме патот. Им поставив втор услов: доколку не ги вратат автобусите за уште 5 мин. ние ќе го блокираме автопатот. Бидејќи не го исполнија барањето по 5 минути, јас ја предводев групата и пеш се искачиме и го блокиравме автопатот. Прва кола што ја стопиравме беше колата во која бил државниот секретар од Министерството за економија. Ние не знаевме кој е. Јас застанав пред колата. Тој беше упорен, не сакаше да застане. Ме удри малку со браникот, но возеше бавно. Јас удрив со двете раце по хаубата и тогаш застана, го отвори прозорот и направи мал инцидент со нашите активисти. На автопатот ги сопревме сите возила, а ги пропуштаме

**„Имате двоен аршин, ги пуштивте автобусите и автомобилите со вмровски обележја, а нас нè стопиравте без образложение“,**

возилата на Итната медицинска помош и колите со болни лица. Ми пријдоа некои полициски униформирани лица што не ги познавам. Ме прашаа дали знам дека автопатот е меѓународен пат и дека не смееме да го блокираме. Јас одговорив дека знам и дека ќе го деблокираме веднаш штом ќе ни ги вратат автобусите. Се собраа многу возила и граѓани. Од Струмица, Битола, а ги има и од другите градови. Малку недостасуваше да дојде и до поголеми инциденти. Со командирот на сообраќајната полиција преговаравме и јас прифатив да ги блокираме само автобусите, а другите возила почнавме да ги пропуштаме. Командирот неколку пати ми рече во доверба дека на своја рака ги враќа автобусите без да добие наредба од одозгора“, рече Коцевски.

Атмосферата полека, но сигурно стануваше тензична. Повеќемина активисти на СДСМ од Велес бараа да дадат изјави. Димче Климкаров рече:

„Нас нѐ извадија од автобусите и чекаме додека пред очи ни минуваат автобуси полни со поддржувачи на власта, кои се полни со вработени од јавната администрација, вработени од Дервен, Колска, Шумското стопанство Бабуна, од училиштата, од болницата и од другите државни институции, кои денеска требаше да бидат на работа.

Гневни сме и блокадата ја поставивме со цел да ни се вратат автобусите и да заминеме таму каде што тргнавме, на мирен протест, пред Собранието. Не можеме да се помириме со селективноста на полицијата дека ги пропушта автобусите полни со административци, а нашите ги испрати на технички преглед.

Морам да признам дека полицијата не беше насилна со нас. Изјавија дека извршувале наредба. Од наша страна немаше никакви физички инциденти, но имаше вербални со приврзаниците на власта. Возачите на нивните автобуси и покрај запирањето од страна на полицијата продолжуваа да возат со намалена брзина, па затоа моравме да им застанеме на патот“, рече Климкаров.

Први на блокадата, пред автобусите, на политичките противници застанале неколку жени од СДСМ во Велес.

„И пред стоковната куќа ни правеа проблеми, ама тргнавме некако. По два километри возење, значи кај бензинската пумпа на Макпетрол, нѐ симнаа, ни ги зедоа автобусите и ги испратија на технички преглед.

Одоздола до горе, до автопатов, одевме пеш. А, долу уште под параклисот ’Света Петка‘ видовме како автобусите со нивни приврзаници, на ВМРО ДПМНЕ, доаѓаат од кај Башино село и си продолжуваат кон автопатот. Јас таму долу на таа блокада излегов прва и застанав пред првиот автобус. Другите ми викаа тргни се, ама јас одлучив да стојам и кога автобусот со мала брзина доаѓаше кон мене. Им викнав: ’Ајде газете ме, и татко ми го даде животот за Македонија, па што ако ме згазите, ни јас, но ниту вие, ќе отидете за Скопје‘. И другите жени застанаа до мене. Јас им реков: ’Легнувајте на асфалтот‘, а тие ме послушаа. Тогаш дотрча Коцевски и почна да нè разубедува да се тргнеме. На крајот не можев да не го послушам и се тргнав, а се тргнаа и другите. Ама ако не беше тој, ви кажувам дека ќе лежев, па ќе видевме што ќе правеа“, рече Цвета Тодоровска.

Колоната со запрени возила се зголемуваше, затоа што на автопатот кон Скопје доаѓаа автомобили и автобуси од Штип, од Струмица, од Битола и од други делови на државата. Дојде уште еден автобус со партиски активисти на СДСМ од Струмица во кој беше и Марјан Даскаловски. Тој беше водач на пат на една група симпатизери на опозицијата.

„Полицијата нам ни го запре автобусот кај местото викано Три Чешми кај Штип. На возачот му рекоа дека автобусот ќе треба да го носи на технички преглед на што ние реагиравме. Изби расправија оти ние не попуштавме, не дававме да тргне автобусот назад кон Штип. Во сета таа нервоза имаше и кошкање, а мене полицијата ми го скина ракавот од палтото. Никако не попуштивме, па зарем дванаесет автобуси што тргнаа од Струмица за Скопје да завршат во Штип. Ние сме во вториот автобус, а по нашиот идат уште десет. Еве сега се обидувам да го најдам првиот автобус, и тој бил запрен овде кај Велес. Така ми рекоа сопартијците на мобилен телефон. И сакам да кажам дека ние не сме насилници, ништо лошо не правиме со тоа што одиме во Скопје на мирен народен протест. И можно ли е во демократска држава само симпатизерите на опозицијата да се запираат, а да се пропуштаат автобусите со поддржувачите на власта. И тие, исто како нас,  одат на протест во Скопје“, рече Даскаловски.

По речиси час и половина, автобусите на велешките членови на СДСМ се вратија од техничкиот преглед на автопатот. Блокадата беше веднаш прекината. Тие заминаа кон Скопје, исто како и автобусите на СДСМ од другите градови од источна Македонија, по што сообраќајот се нормализираше.





# РЕАКЦИИ ОД
# ЦИВИЛНИОТ СЕКТОР

## ГЕМ[19]

ГЕМ бара оставка од претседателот на Собранието Трајко Вељаноски заради овозможување на полицијата да изврши упад во собраниската власт, што претставува насилно уривање на уставниот поредок на Република Македонија. Одговорноста на Трајко Вељаноски се состои во следново:

1) Прекршување на чл. 70 од Уставот на Република Македонија: „Седниците на Собранието се јавни. Собранието може да одлучи да работи без присуство на јавноста со двотретинско мнозинство гласови од вкупниот број пратеници". Без двотретинска одлука (за работа без присуство на јавноста), Трајко Вељаноски овозможил насилно исфрлање на новинарите од Собранието, кога бил гласан Законот за буџет.

2) Прекршување на други десетина членови од Уставот кои ги уредуваат правата на пратениците и нивниот мандат. Со овозможувањето насилно да се истераат група пратеници од Собранието за време на собраниска расправа, Трајко Вељаноски е одговорен за ускратувањето на нивните уставни права и за повреда на нивниот мандат.

3) Кршење на Законот за Собранието на Република Македонија, особено член 43 став 4: „За одговорноста за нарушување на редот во Собранието од страна на пратениците и надворешни лица кои учествуваат во работата на Собранието одлучува и донесува мерки претседателот на Собранието по претходна консултација со потпретседателите и координаторите на пратеничките групи". Трајко Вељаноски самоволно донел одлука за спроведување мерки без претходна консултација со потпретседателите и координаторите

19 http://www.gem.org.mk/vesti/1297-gem-bara-ostavki-od-veljanoski-jankulovska-i-gruevski

на пратеничките групи, а дел од нив биле и насилно истерани од собраниската сала, заедно со другите пратеници од опозицијата. 4) Кршење на бројни одредби од Деловникот на Собранието на Република Македонија. Трајко Вељаноски ги пречекорил своите овластувања со наредбата за насилно отстранување на опозициските пратеници од седницата. Имено, „Претседателот на Собранието ќе му го одземе зборот на пратеникот, кога тој со својот говор на седницата го повредува редот, а на истата седница два пати е повикан да се придржува за редот на седницата". (чл. 92 ст. 2). Исто така, „Претседателот на Собранието го отстранува пратеникот од седницата, кога и покрај опомената, односно одземањето на збор го нарушува редот на седницата или употребува изрази со кои се нарушува достоинството на Собранието. Пратеникот кој е отстранет од седницата, должен е веднаш да ја напушти салата во која се одржува седницата. Ако претседателот на Собранието не може да го одржи редот на седницата, ќе одреди краток прекин на седницата". (чл. 93). Трајко Вељаноски издал наредба за насилно отстранување на најголемиот број од опозициските пратеници без да даде опомени и без да се обиде да го одржи редот на седницата со краток прекин на седницата.

ГЕМ бара оставка од министерката за внатрешни работи Гордана Јанкулоска заради:

1. Попречување на јавен собир од страна на полицијата, која преку нееднаков третман (запирање и пренасочување на одредени автобуси, а пропуштање на автобусите на провладините протестанти) оневозможила поголема група граѓани да го остварат правото на мирен протест пред Собранието.
2. Прекумерна употреба на сила од страна на МВР за време на протестите пред Собранието.

3. Кршење на Уставот преку насилно протерување на јавноста од собраниска седница, без соодветна двотретинска одлука од Собранието.
4. Кршење на Уставот преку насилно протерување на избрани пратеници од собраниска седница, без соодветна одлука за одземање на мандат на пратеник, или пак за отстранување на пратеник (согласно Деловникот на Собранието).\
5. Манипулирање на јавноста дека МВР успеала „да спречи насилно блокирање и уривање на државниот поредок“ и активно учество во насилно уривање на државниот поредок, преку неуставен упад во Собранието - преку протерување на јавноста и легитимно избраните народни претставници од собраниска седница.

ГЕМ бара оставка од премиерот Никола Груевски заради:

1. Повреда на темелните вредности на Уставниот поредок (повреда на начелото на „поделбата на државната власт на законодавна, извршна и судска, а со насилното отстранување на пратениците од страна на владини службеници повредени се политичкиот плурализам и погазена е волјата од изборите.)
2. Повреда на правото на мирен протест и правото на слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување информации, како и воведување цензура во јавниот сервис, која со Устав е забранета.
3. Воведување полициска диктатура во Република Македонија преку преземање апсолутна контрола врз законодавната власт, која согласно Уставот, има надлежност да ја контролира Владата. Насилното суспендирање на законодавната власт од страна на извршната власт е одлика на диктаторски режими. Полициското протерување на новинари и опозициски пратеници од Собранието е јасен показател за полициска држава. Затоа, ГЕМ ги повикува сите граѓани на Република Македонија активно да му се спротистават на груевистичкиот режим и полициската држава преку граѓанска непослушност и други форми на демократски отпор. Да им се спротиставиме на насилниците кои ја силуваа демократијата и го узурпираа нашиот граѓански суверенитет, со полициско дислоцирање на јавноста и опозицијата од Собранието! Ако не

се спротиставиме на неправдата, и ние стануваме соучесници во чинење неправда.

Роберто Беличанец, Мерсељ Биљали, Никола Гелевски, Бранко Героски, Владимир Милчин, Жарко Трајаноски

## ХЕЛСИНШКИ КОМИТЕТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА[20]

### Удар врз уставниот поредок на Република Македонија

Хелсиншкиот комитет со загриженост ги следи последните случувања на македонската политичка сцена. Претставници на Комитет на 24.12.2012 година, за време на протестот на „Фронтот на народот" од една страна и симпатизерите и членовите на опозицијата од друга страна, од самиот почеток ги следеа случувањата во својство на набљудувачи од аспект на почитување на правата и слободите на граѓаните за време на јавен собир.

Комитетот најостро ги осудува насилството и говорот на омраза кој беше присутен на собирот, а кој резултираше со телесни повреди на граѓани. Притоа, иако полициските службеници во најголем дел професионално ја извршуваа својата должност сепак во неколку случаи беше нотирана примена на несразмерна физичка сила над граѓани кои го пробија полицискиот кордон, но и селективно приведување и непотребни присилни мерки врз двајца граѓани.

Понатаму, по информација од медиумите дека во собраниската сала се случува насилство врз пратеници од опозицијата, претставниците на Комитетот влегоа во Собранието и беа сведоци на видно вознемирени, расплакани и со искината облека пратеници, од кои еден беше во бесознание, а неколку пратенички беа изнесувани со цел да им се укаже медицинска помош.

Веднаш по овие немили настани започна собраниската расправа по предлог буџетот за 2013 година, поради што претставници на Комитетот се упатија во собраниската галерија со цел да ја

20 http://www.mhc.org.mk/announcements/95#.UNwzn6x9pSM

набљудуваат пленарната седница, што не ни беше дозволено. Истото се случи и со насобраните новинари кои уредно го пријавиле своето присуство.

Комитетот со загриженост констатира дека со ваквите дејствија се врши удар на уставниот поредок на Република Македонија а случувањата преставуваат досега невиден застрашувачки преседан спротивен на основните принципи на правната држава и владеењето на правото. Особено загрижува фактот што пратениците од опозицијата изјавија дека биле насилно отстранети од собраниската сала од страна на припадници на специјални полициски единици.

Комитетот укажува дека согласно Деловникот за работа на Собранието, претседателот на Собранието заради одржување на редот може да даде наредба за отстранување на еден пратеник, но не и на цели пратенички групи. Ова дотолку повеќе што во случај да не може да се одржи редот во собраниската сала најпрвин тој треба да даде две усни опомени, а доколку и тоа не придонесе до воспоставување на редот, да одреди краток прекин на седницата.

Хелсиншкиот комитет поседува фото и видео материјали од опишаните настани кои на јавноста ќе и бидат презентирани во вид на посебен извештај.



## ТРАНСПАРЕНТНОСТ МК[21]

**Реакција по повод политичкото насилство и притисоци во Собранието на РМ на 24.12.2012 г.**

**Транспарентност Македонија** најостро ги осудува насилството и говорот на омраза како и насилното протерување на пратениците од опозицијата од Собранието на РМ. Исто така, го осудуваме и насилното протерување на новинарите од Собранието на РМ.

Претседателот на Собранието на РМ на нелегален начин, со прекршување на Деловникот и Законот за Собранието, ги испратил до Владата извештаите од надлежните комисии на кои се расправаше по амандманите, за што нема мандат пред да се исцрпи амандманската расправа, пред да се донесат заклучоци и пред извештаите да бидат потпишани од пратениците од комисиите и претседателите на тие комисии, со што флагрантно ја суспендира демократијата, законите и процедурите.

На исто нелегален начин се изгласа и буџетот, со претходно физичко отстранување на пратениците од опозицијата, за што не постои никаква уставна ниту законска можност. Според Законот за Собрание, претседателот на Собранието може како крајна мерка да ја прекине седницата, доколку нема услови за нејзино одржување и ништо повеќе од тоа.

Конечно, со флагрантно прекршување на членот 70 од Уставот на РМ, кој предвидува дека седниците на Собранието се јавни, ги отстрани новинарите од Собранието, без да донесе одлука со 2/3 – тинско мнозинство од вкупниот број пратеници, што како можност ја дава Уставот на РМ, доколку Собранието сака да работи без присуство на јавноста. Со ова, претседателот на Собранието ја укина јавноста во РМ и веќе нелегалната процедура ја пресели во политичкото подземје.

Транспарентност Македонија укажува дека со ова директно се уназадува демократијата во РМ, со последици за сите граѓани на оваа држава.

21 http://www.transparentnost-mk.org.mk/novsajt/?p=1792

## ИНСТИТУТ ЗА ЧОВЕКОВИ ПРАВА[22]

### Реакција на Институтот за човекови права по основ на вчерашните случувања во и пред Собранието

Институтот за човекови права (ИЧП) најостро ги осудува вчерашните инциденти во и пред Собранието на Република Македонија и искажува жалење за атакот врз уставниот поредок на нашата земја со случувањата кои преставуваат застрашувачки преседан спротивен на основните принципи на правната држава и владеењето на правото.

Уставот на РМ, како највисок правен акт, во членот 16 го гарантира слободниот пристап кон информациите, слободата на примање и пренесување на информации, а воедно во член 70 пропишува дека седниците на Собранието се јавни. Правото на слободен пристап до информации е загарантирано и во многу меѓународните документи. Деловникот на Собранието пак, поставува обврска за информирање на јавноста за работата на Собранието и на работните тела и пропишува можност граѓаните на Република Македонија да ги следат седниците на Собранието и на работните тела од галериите. Претставниците на средствата за јавно информирање, во согласност со прописите за внатрешниот ред на Собранието, можат да присуствуваат на седниците на Собранието и на седниците на работните тела заради известување на јавноста за нивната работа.

Бруталното и неосновано отстранување на новинарите и снимателите од галеријата на собраниската сала од страна на службите за обезбедување вчера, е спротивно на демократските начела, се коси со домашниот правен поредок и меѓународните стандарди и всушност официјализира и одобрува цензура. Нивното отстранување следеше непосредно пред започнувањето на седницата на Собранието на РМ со што јавноста беше спречена да биде континуирано информирана за работата на Собранието, а со спречувањето на вистинито и објективно информирање од јавноста беа сокриени настаните кои следеа и кои особено ги засегаат сите граѓани. Недостојната слика на насилното

22 http://www.ihr.org.mk/mk/pocetna/206-reakcija-na-ihr-slucuvanjata-vo-sobranie.html

отстранување на опозициските пратеници од собраниската сала која во крајна мера покажува непочит  кон граѓаните на РМ кои ги изгласале тие пратеници е спротивно на начелата на демократијата.

ИЧП исто така искажува огорченост од начинот на кој беше применета сила од страна на припадници на обезбедувањето и на Министерството за внатрешни работи врз демократски избраните претставници на граѓаните.

Плурализмот во едно општество дозволува да се применат разни форми изразување на сопствената мисла, особено кога станува збор за дебати и расправи за политиките на Владата и за прашања од јавен интерес, како што е носењето на буџет.

За ИЧП е неприфатливо и спротивно на демократските принципи постапувањето на службите за обезбедување со кое се прекршени правата на слобода на мисла и изразување, нарушен е личниот интегритет и ограничена е слободата на движење на пратениците, а воедно истите беа спречени да ги обавуваат своите работни обврски согласно Уставот, законите и Деловникот на Собранието.

ИЧП го осудува навредливото и непримерно однесување на одредени претставници на законодавниот дом кое не доликува на улогата и функцијата која што еден пратеник треба да ја извршува во законодавниот дом и да претставува пример за граѓаните кои ги застапува.

ИЧП изразува сериозна загриженост и го осудува насилството и говорот на омраза присутни на вчерашните протести пред Собранието, како и воочената примена на несразмерна физичка сила над граѓани, селективно приведување и употреба на присилба или физичка сила врз двајца граѓани.

Извинувањето кон новинарите за нивното отстранување од Собранието во моменти кога се расправа за исклучително важни прашања, како што е Буџетот за 2013 година не е доволно и ИЧП бара од власта да ги утврди виновниците за таквите случувања и истите да ја преземат одговорноста за тоа.

ИЧП ги повикува институциите на системот најитно да покренат постапка заради целосно, ефикасно и детално утврдување на одговорноста и употребата на сила врз претставниците на законодавниот дом на

РМ и бара да се утврди кој го издал овластувањето за употреба на физичка сила и која постапка е следена при примена на истата, како и да се утврди легитимноста, оправданоста и пропорционалноста при употребата на физичка сила против претставниците на законодавниот дом. Во спротивно, ќе се смета дека институциите на системот се користат исклучиво во насока на остварување на политички интереси на Власта, спротивно на интересите на граѓаните на РМ, правниот поредок и сите меѓународни инструменти кои кои Македонија ги има ратифукувано.

## ЦИВИЛ[23]

### Хаос и насилство во Македонија

Во Македонија денеска се случува хаос и насилство. Незамисливо е службеници на обезбедувањето во македонскиот парламент физички да ги нападнат народните избраници од редовите на опозицијата, да ги тепаат и влечат по ходниците.

Пред очите на македонската јавност и светот, денеска во Македонија се суспендираа сите правила и принципи на демократијата, Уставот и законите.

Цивил – Центар за слобода најостро го осудува насилството врз граѓаните, нивните претставници во парламентот и новинарите.

Повикуваме на разум и враќање на законитоста и почитувањето на човековите права и слободи во Парламентот, на улиците на главниот град и во целата држава.

Владините претставници и парламентарното мнозинство, раководните структури на обезбедувањето и полицијата, како и насилниците од редовите на овие структури веднаш да му се извинат на македонскиот народ и да поднесат одговорност за своите постапки.

23 http://civil.org.mk/haos-i-nasilstvo-vo-makedonija/?lang=mk

## РЕАКЦИЈА НА АЛБАНСКИТЕ ИНТЕЛЕКТУАЛЦИ[24]

### Не во наше име!

Последните случувања поврзани со подмолното и скандалозното усвојување на Буџетот за 2013-та година создадоа необични тензии во нашата држава, сериозно повредувајќи го интегритетот на демократските институции, слободното изразување и претставување на граѓаните. Неодговорното и арогантно однесување на владината коалиција може да создаде непоправлива штета за општественото ткиво, поттикнувајќи спирала на бес, омраза и насилство. Сведоци сме на веќе видени сценарија, што ни дава за право да се плашиме од можните исходи. Да не заборавиме – сите големи општествени прекршувања во овој регион започнаа со повреда на доброто финансиско владеење. Навлегувањето на режимот на Милошевиќ во сојузните резерви на Поранешна Југославија, како и пирамидалните штедилници во Албанија и безбројните финансиски манипулации, се примери кои нè потсетуваат дека секој пат кога управата ја заменува економијата со манипулација, епилогот е неизбежен – кршење на сите општествени принципи и чекорење кон бездна!

Не постојат ветувања или фрази за европска ориентација, со кои може да се скрие денешниот пораз за демократијата. Бруталната повреда на буџетската постапка, насилното отстранување на новинарите и поттикнувањето на уличен конфликт се чекор назад во развојот на државата, притоа создавајќи состојби кои се невидени во независна Македонија. Аплаузот на присутните пратениците во Собранието по усвојувањето на Буџетот претставува оправдување на насилството врз граѓаните, колегите-пратеници и новинарите, кои за прв пат искажаа храброст за сериозно противење на владиното едноумие.

Нелегитимната и насилната постапка на контроверзниот проект „Скопје 2014" сега е воздигнат на институционално ниво. Денешните настани беа страотна комбинација на инцидентите од Собранието во 2007 година и на диригираната тепачка на Плоштадот Македонија во март 2009. Никој нема да остане безбеден по грдата повреда

24 http://plusinfo.mk/vest/73248/Ne-vo-nashe-ime-----------------------------

на демократските процедури и никој нема да остане негибнат од енормните трошоци на нетранспарентниот и лудиот проект „Скопје 2014“.

Однесувањето на владината коалиција нè обврзува нас како Албанци, граѓани - но во прв ред како даночни обврзници на оваа држава - да истакнеме дека досегашното молчење не е оправдување, како и да потсетиме дека албанското општество во оваа држава е пошироко и поразновидно од политичките партии. Со поддржувањето на буџетот кој дискриминира, се чини дека претставниците на ДУИ заборавија дека оваа одлуката го повредува не само нивното малцинско гласачко тело, туку и сите Албанци-даночни обврзници во оваа држава, без разлика на партиската определеност или социјална положба. Дотолку повеќе, со своите насилни гласови и преку активното, доброволното и неделивото учество во политиката која ги понижува, дискриминира и изолира албанците во Македонија, ДУИ го легитимираше проектот „Скопје 2014“ кој е дискриминаторски и создава поделби.

Во исто време, апсурдното молчење на Демократската партија на Албанците не мотивира да се сомневаме во согласувањето на нивните оштри зборови со воздржувањето од фактичко опозиционо однесување, со што би се оправдало само-фалењето на водачот на оваа партија како лидер на албанската опоцизија. Оттука, се поставува прашањето – чија опозиција се, на народот или владетелот?

Со активното поддржување на ДУИ и масовната согласност на ДПА кон нивниот сегашен и поранешен партнер, г. Никола Груевски, се поставува прашањето, дали албанците во Македонија се претставени како етничка група – воопшто, како граѓани? Да не се залажуваме, соочени со изборот меѓу интересот на албанскиот народ и тесно-партиските интереси, албанските лидери го избраа г. Груевски.

Оттука, преку ова писмо, ние долу-потпишаните изјавуваме дека согледувајќи ја денешната неправда, свесни за недостигот на задоволителен албански медиумски простор во Македонија, како и за ниското ниво на легитимно политичко претставување на албанците во Македонија, се дистанцираме од:

- албанските пратеници кои беа присутни на седницата на која беа изгласани буџетот и останатите правни акти на наведениот начин;

- албанските претставници во Владата, кои гласаа за суспендирање на правната држава;

- сите албански политички претставници, на власт или опозиција, кои преку пасивното однесување и молчење помогнаа во инсталирањето на насилство и ограничување на слободата на изразување и информирање.

Со оглед на истакнатото, имаме одговорност, национална и човечка обврска да истакнеме: НЕ ВО НАШЕ ИМЕ!

На крај, ја повикуваме меѓународната заедница, особено нејзиниот дел во Скопје, да ги оправдаат нивните прокламирани ставови за вредностите на парламентарна демократија, слобода на изразување, одговорно владеење и борба против корупцијата, со конкретни дела. Колку и да изгледа минорно – секое избегнување од овие принципи ја поддржува поразителната политиката за „смирување“, на грб на иднината на државата.

Декларацијата е потпишана од: **Арсим Зеколи, Фејзи Хајдари, Беким Имери, Едмонд Адеми, Елида Зулбеари, Ениса Мурсели –Ѓокај, Ѓакуш Кабаши, Муја Златку, Орхан Цека, Рамадан Рамадани и Семи Мехмети.**




Министерство за Надворешни работи
Ministry of Foreign Affairs
Град Скопје
City of Skopje
Град Скопје
City of Skopje
Тутунска банка
ALPHA BANK
York


SK 981-VK

# КОЛУМНИ

## Кој направи државен удар[25]

**Како се вика човекот под чија контрола е Владата, парламентот, претседателот на државата, гувернерот, судството, новинарството, Црквата, полицијата, Армијата...**

Кој направи државен удар. Опозицијата или власта. Бранко Црвенковски или Никола Груевски. Како се вика човекот под чија контрола е Владата, парламентот, претседателот, гувернерот, судството, новинарството, Црквата, полицијата, Армијата... Кога со сите овие институции на државата раководи еден човек кој единствено го има и клучот од државната каса, тој се вика диктатор, а системот - диктатура. На католички Бадник, 24 декември, 2012 година, кога поголемиот дел од Европа и светот празнуваа, премиерот Никола Груевски со специјални полициски единици го зададе завршниот удар врз кревката демократија, која веќе шест години е во кома. Од вчера 25 декември во Македонија се суспендирани Уставот и парламентот со полициски терор и со нелегална процедура е усвоен буџетот. Тоа нема друго име освен диктатура.

Кој направи државен удар. Опозицијата или власта. Бранко Црвенковски или Никола Груевски.

Државните удари, пучови и преврати обично прават полициски, воени, паравоени и параполициски и други вооружени и насилнички формации. Се апсат политичките лидери легално избрани на демократски избори, се суспендира парламентот и сите институции. Пред тоа, прва гине вистината. Се воведува строга медиумска цензура. Никој не најавува однапред дека ќе направи државен удар. Тоа се активности кои се одвиваат во најголема тајност. Дали опозицијата во Македонија со оружје и насилни формации на 24 декември апсеше легално избрани преставници на власта, дали ја блокираше која било институција на системот со оружје и со употреба на сила, со бруталност и насилство. Такво нешто не видовме. А што видовме и ние и светот во божикната честитка на власта. Прво видовме специјални единици на полицијата во парламентот како ја убиваат вистината.

25 http://www.utrinski.mk/?ItemID=99F1AB0D9AFE83488DF05BD9A99DEA1A

Со закани и грубости беа исфрлени новинарите од своите работни места во парламентот. Такво нешто не се случило никогаш во целата 68-годишна историја откако Македонија има парламент. Имало разни инциденти, новинари да бидат влечени или удрени, навредувани и слично, но да се избркаат од работните места со тепање и пцости од специјалци такво нешто не паметам. На некого многу му требаше да не видат новинарите што ќе се случува во пленарната собраниска сала.

Кога во парламент специјалци во цивил тепаат пратеници и ги исфрлаат од салата кај што треба да одлучуваат, кога ечат вресоци на народните избраници по собраниските простории, како се нарекува тоа. Потресните сцени што го обиколија светот на понижување на демократијата со исфрлање на пратениците од салата и нивно подмолно удирање долу по нозете од обучени полицајци против терористи и криминалци, на очиглед на повеќе нивни колеги и пратеници, министри претставници на власта нема друго име освен терор и голем срам. Беше тоа доживотна црна дамка на сите што организирале вакво силеџиство. Сликите од овие потресни сцени и од овој злосторнички акт врз демократијата и човековите права и слободи се вртат на социјалните мрежи колку и да ги блокира власта, колку и да спинуваат владините апологети и подбуцнувачи. Замолчувањето на новинарите во парламентот нивното оневозможување да си ја работат својата работа, нивното отстранување да не го видат големиот резил е чин кој јасно го разоткрива сценариото да се суспендира парламентот и Уставот. Грубо е прекршен член 16 од Уставот со замолчување на новинарите и спречување на слободата на говорот и јавното информирање. Отстранувањето на пратениците со интервенција на специјални полициски единици е уште едно од низата флагрантни кршења на Уставот.

Премиерот во своето обраќање до јавноста по насилството врз пратениците и новинарите ја одбегна квалификацијата државен удар. Тоа го препушти на неговата партија. Тој лично се задоволи со констатацијата дека станува збор за „неуспешен насилен обид

за уривање на демократските институции и легитимно избраната власт на слободни и фер избори“. Или веднаш ќе уследат големи апсења за „организаторите“ на насилното уривање на институциите на системот, или за Груевски уривање на демократските институции е ако опозицијата бара во легална демократска процедура контрола на буџетските пари и предизборно задолжување на државата. Таа расправа највообичаена во цел свет Груевски уште во првите денови ја оквалификува како блокирање на државата и сеење хаос. Според него и неговите истомисленици, сите немаат право да знаат како се трошат нивните пари. Тоа било работа само на демократски избраната власт и на клучарот на државната каса.

Жалењето на премиерот што се случила една мала непријатност и што биле исфрлени со грубости новинарите од своите работни места да не видат кој и зошто ги тепа пратениците не било во негова надлежност. Вакво лицемерство е типично за Никола Груевски. Да не остане покусо, многу жалење изрази и претседателот на државата. И јас него го жалам.

Да, тоа не е во надлежност на премиерот кога јадат ќотек новинари и пратеници, но тоа еден ден ќе биде во надлежност на правната држава ако Македонија некогаш стаса дотаму.

**Ерол Ризаов**



## Ѓубриња комуњарски...[26]

Со овие зборови лицата кои ги испратија Груевски, Ставрески, Јанкулоска и Вељаноски се обраќаа кон нас пратениците кога не тепаа и исфрлуваа од пленарната сала во Собранието. Да бидам искрен, беа помалку такви на број, но и покрај пената од устата што им излегуваше, јасно се слушаше: „Вие не сте пратеници, вие сте ѓубриња комуњарски!“. Не знам со кои зборови се обраќаа кон дел од професионалните новинари, но методите на тегнење и виткање раце беа исти.

На тоа следи аплауз и овации од едни членови на ВМРО-ДПМНЕ. Мислам зборот пратеник не го заслужуваат и затоа нема да го употребувам повеќе, а за колеги и да не зборуваме, а ако бидам искрен, ќе се запрашам и - колку луѓе имаше меѓу нив!

Затоа, јас немам дилема дека во ваков парламент, недемократски како најблаг збор, не ми е местото.

Затоа, јас немам дилема дека во ваков парламент, недемократски како најблаг збор, не ми е местото. Како потпретседател на Собранието, јас имам положено заклетва дека ќе го штитам Уставот и откако со партиска паравојска ме ифрлија од моето работно место, дадено од граѓаните, немам намера да им давам никакво алиби на криминалците од власта и да бидам декор во нивното газење на уставот и законите.

И додека партиската паравојска нè нарекуваше “ѓубриња комуњарски”, зад нив и Вељаноски и Ставрески (со левото раче), со невидена злоба и омраза, даваа наредби како побрзо да нè исфрлат. Целиот бес поради искомплексираноста ја истурија врз пратениците, особено врз дамите, баш онака како што Груевски ги подучувa од спотовите за третманот на жената во Македонија.

Дополнително побеснаа зашто бевме сплотени како еден, функциониравме како саат, не дозволивме да наседнеме на нивните провокации. Поцрвенеа од бес зошто на нивната разјареност одговоривме со Химната на Македонија. Беше како на филм. Слика која никогаш нема да ја заборавам, врисоци кои постојано ќе ги слушам, солзи кои постојано ќе течат. Ударите по мојата рака од лицето Трајко се како помал убод од комарец, море мува како

26 http://goo.gl/gURsx

да застанала, но крвта во нивните очи ја врежав во специјалната мозочна кора задолжена за паметење и непростување.

На параполицајците за урлањето „ќе видете Вие, ѓубриња комуњарски“ не им замерувам - во недостиг на стручност, тоа им било условот кога ги вработувала Гордана. Ама нарачателите мора да бидат казнети согласно Устав и закон, за ниту еден друг политичар во иднина не го повтори ова, односно ниту да помисли. Ако ова помине без казна, тогаш нема ништо и од Македонија.

Иако, да бидам искрен, ваквата пракса може на некоја следна, понеодговорна влада, да ѝ даде шанса по ист терк да менува Устав, закони, и други практични потреби. Затоа, тука не цитирам членови, параграфи, одлуки, не елаборираме за глупоста да не ни дадат картици, тука велам, очигледно е дека Груевски тргнал со партиска полиција да ја силува демократијата, а на нас останува да видиме дали тоа ќе му го дозволиме.

Кога зборувам за настаните, сакам да го искоментирам однесувањето и на преостанатите присутни во салата. Деновиве многу повеќе од 25 отсто од пораките што ги добивам за поддршка се од сограѓани Албанци, згрозени од односот на дел од членовите на ДУИ, особено од аплаузот за буџетот на Сарачини и од коментарот на Талат Џафери, кој триумфално влезе во салата и пред да нè нападнат, цинично ни довикна дека сега ќе ни требало спас.

Моите сограѓани Албанци се згрозени, зашто знаат што направив јас за Теута Арифи, кога дел од ДПА ја нападна во Собранието пред некоја година и како успеав да спречам во мојата канцеларија поголем инцидент, особено на еден сегашен актуелен министер. Теута деновиве повторно ја избра Груевата Македонија. И благодарам на Ермира, која застанувајќи во одбрана на колешките од опозицијата, што ја избра европска Македонија. За разлика од некои, членовите тоа не го заборават и затоа им благодарам на поддршката и верувам во многу заеднички проекти во спојувањето на двете страни на Вардар.

И кој е одговорот на власта? Сами сме се тепале, ние сме напаѓале и што уште нема гнасно да излажат. Затоа мораа да ги тргнат медиумите, но поради нашата организираност, не само Македонија,

туку и целиот свет виде кој е на власт во Македонија и чии деца ќе се срамат дека нивните родители се единствените политичари во светот, кои испратиле полиција по пратеници, единствени политичари кои со еден удар удрија по 370.000 граѓани кои ги избрале тие пратеници да зборуваат во нивно име. Како во вицовите со Мујо и Хасо, кога судијата го прашува „од каде убодот со нож", а одговорот е „па, се спрепнал на скали". И тоа седумнаесеттина пати.

Затоа, овој фашистички чин, овој партиско-параполициски упад, не смее да помине тука така, тој не смее да биде слика за нашата Македонија, ова нема врска со борба за доаѓање на власт. Борбата за Македонија е највозвишена цел, паѓањето на оваа диктатура е само првиот чекор.

П.С. Бидејќи гарант, кај да е, Грујо ќе оди кај Миленко, се надевам дека Протуѓер ќе му објасни да не ги меша Хипократ и Хипокрит, алтруист и аутист, Миленко и Мирка.

**Јани Макрадули**



## Јалови приказни[27]

Два дена поминаа откако новинарите на брутален начин беа исфрлени од галеријата на пленарната сала во македонското собрание, а во јавноста го слушнавме само „жалењето“ на премиерот Никола Груевски и „растревоженоста“ на претседателот на Ѓорге Иванов. Претседателот на Собранието, Трајко Вељаноски, пак, се скри зад штурото соопштение на службите во законодавниот дом („ новинарите не биле избркани од Собранието, туку биле замолени да ја напуштат галеријата и да се префрлат во прес-центарот“, „оваа одлука не ја донел претседателот на собранието Трајко Вељаноски, туку службата за безбедност“). А за Министерството за внатрешни работи, очигледно, ништо не се случило во собраниската галерија.

Ова може да се заклучи од извештаите на полицијата, каде до детал ги имаат објаснето случувањата во салата,поткрепено со снимки и фотографии, но ниту збор не напишале за оние што гледаа - одозгора.Ниту камера не фатила, ниту фотоапарат, ниту телефон на пратениците, оние што сликаа кога на Благородна Дулиќ опозицијата и го повреди ноктето. Кој и зошто интервенираше, во собраниската галерија? Кого началникот на Шестата управа испрати горе на тераса да тегне и исфрла насилно новинари, додека тој доле во салата исфрлаше пратеници? Ако не дал никој наредба, а момците од Шестата управа сами влегле во собраниската зграда и проценувале кого да „кренат на клоци“, тогаш имаме сериозен проблем.

Тогаш целата Шеста управа, на чело со началникот, не знаат дека во Законот за Собрание на РМ, во члено 43, се вели: „Овластените службени лица на органите на државната управа не можат без одобрение од претседателот на Собранието да имаат пристап во просториите од ставот (1) на овој член (простории на Собранието), ниту да преземаат мерки спрема пратениците, работниците во Службата и спрема други граѓани“. Ако Службата сама одлучила да исфрла новинари, што би ја спречило истата таа служба некогаш да ѝ текне  да го исфрли и претседателот на Собранието, ако веќе без негово знење влегува и дејствува во парламентот!?

27 http://goo.gl/W2fmd

Ама, јалова е приказната, колку и да се убедуваме, дека Шестата управа се  екипирала во полн состав, се собрала во закондавниот дом, па сама носела одлуки за дејствување, кога и врапчињата научија, согласно Уставот и законите, дека полицијата дејствува по наредба! И додека законодавниот дом и МВР молчат, абер пак стигна од владата. Преку гласноговорникот на извршната власт, на новинарите им порачаа – „доволно ви е извинувањето, сега барајте заеднички јазик“.

Во правна, држава, секој одговара пред законот и законот за сите е ист. Не е важно дали завчера полицијата влечеше пратеници од власта или опозицијата, завчера чуварите на редот, мирот и државниот поредок го влечеа системот по земја. Како што напиша МВР, опозицијата била исфрлена оти „извршила напад врз институцијата Претседателот на Собранието и спречувала функционирање на институциите“, сега МВР и Вељаноски треба да одговорат што спречија медиумите и која била проценката за нивно „исфрлување“ од собраниската галерија? Зашто, медиумските екипи ниту ја блокираа работата на Собранието, ниту беа хулигани, ниту дивееја, ниту беа државни агресори, ниту пак спречија функционирање на институцијата, а не го нападнаа ниту претсдеателот Вељаноски. Тие само - работеа!

Катерина Гетева

„Овластените службени лица на органите на државната управа не можат без одобрение од претседателот на Собранието да имаат пристап во просториите од ставот (1) на овој член (простории на Собранието), ниту да преземаат мерки спрема пратениците, работниците во Службата и спрема други граѓани“

# ИНТЕРВЈУА

## Јасна Котеска – Треба да ѝ се даде отпор на лагата

**Кои би можеле да бидат причините место во демократија да се стремиме кон тоталитаристичко општество во кое мнозинството грубо владее со малцинството? (Такви примери имавме последниве денови, но и претходно се случувале ситуации на надгласување)**

Деновиве читав интересна анализа за германското списание „Сигнал“ од 1944 година. Ова списание излегува во времето кога Германија е на завршната точка на својот политички тоталитаризам. Во него нема ништо „тоталитарно“. Само пропагирање на вредности. Реклами за парфеми, чорапи, мачки на насловните страници. Во еден број од списанието има дури и пофален текст за Ганди. Поентата е дека во ова семејно, нацистичко списание нема ништо што би го одвратило дури и денешниот читател - пацифист. Има само одвраќање од идеологијата, а пумпање на вредностите: негување на традицијата и домот, повеќе деца, нега, убавина, итн. Накратко: пропаганда и упатства како да се биде човек. Станува збор, значи, едвај за пропагирање на малограѓанските вредности. Малограѓанските вредности самите по себе не се тоталитарни. Сепак, тие се јаслите (или можеби веќе колецот) за одгледувањето на апстрактната машинерија што потоа го прави возможен тоталитаризмот.

Обратно од уверувањата, тоталитаризмот не е тотална мобилизација и политизација, туку сосема обратно, тотална деполитизација и застрашувачка пропаганда на нормалноста!Обратно од уверувањата, тоталитаризмот не е тотална мобилизација и политизација, туку сосема обратно, тотална деполитизација и застрашувачка пропаганда на нормалноста! Тоа што се случува во Македонија во моментот е само довршување на еден проект започнат постепено, пред шест години, како битка за вредностите: за трето дете и против абортус,

завладејување со медиумите, силење на семејните патријархални вредности, приближување до црквата, инсталирање на поданичкиот менталитет, итн. Кога по некое време Владата со тупаници ја брка опозицијата од Парламентот, луѓето инстинктивно тоа го доживуваат како нормално. Дури и кога чувствуваат дека не е сосема законско. Било постапно, значи нормално е, зар не? Тоталитаризмот, со други зборови, е возможен само таму кадешто се прекинати сите разговори за политичкото. Овој прекин е во срцето на владеењето на последново ВМРО ДПНМЕ од првите нивни денови пред шест години. Истото суспендирање на политичкото деновиве се одвиваше пред нашите очи во македонскиот Парламент.

**Дали патриотизмот може да се поистовети со национализам, кој евидентно е во пораст речиси низ цела Европа?**

Колку е еден човек пожесток во јавната манифестација на љубовта кон својата нација, толку во таа љубов треба само повеќе да го прочитаме очајното посакување за бегството токму од неа! Затоа го имаме парадоксот на најголемите патриоти кои редовно се пензионираат во семејни куќи на Мајами.За мене вербата во нацијата не само што не е пацифистичка утеха, туку многу пострашно. Национализмот е веројатно најтрауматската работа на која еден човек е осуден. Ова го знаеме од Кјеркегор: најтешко е да го сакаш својот сосед. Па уште и ако треба да се идентификуваш со него... Па уште и ако треба да го воздигнуваш... Во национализмот има вградена перверзија – инхерентна, впрочем, за секое припаѓање. Колку е еден човек пожесток во јавната манифестација на љубовта кон својата нација, толку во таа љубов треба само повеќе да го прочитаме очајното посакување за бегството токму од неа! Затоа го имаме парадоксот на најголемите патриоти кои редовно се пензионираат во семејни куќи на Мајами. Психоаналитичкото име за овој тип националистички жестења е секако траумата. Но, за нас без тие куќи по светот и за

нас што остануваме дома, политичкото име за овој „патриотизам“ е – корупцијата. За мене: подобро е да ја сакаш својата нација така што само минимално ја поднесуваш, одошто да ја лажеш и да ја крадеш.

**Колку ни тежи идентитетскиот пакет на патот кон европското друштво, не приближува или не оддалечува?**

Нашиот државен пакет во моментов вклучува толку многу различни работи, од раната антика до доцниот футуризам, што сè повеќе наликуваме на еден доцен опис на Фројд за хистеријата.Прашање е што всушност го претставува нашиот идентитетски пакет во моментов. Нашиот државен пакет во моментов вклучува толку многу различни работи, од раната антика до доцниот футуризам, што сè повеќе наликуваме на еден доцен опис на Фројд за хистеријата. Кога Фројд патува за Америка во 1909 година тој го опишува психоаналитичкото распаѓање на идентитетот преку метафората на шопингот. И вели дека дисоцијацијата на личноста личи на човек што тргнал во шопинг па се враќа дома со бројни кутии и кеси. Не може да го држи целото купче со двете раце и со десетте прсти, па најнапред паѓа еден предмет од неговата прегратка, тој застанува да го собере, но друг предмет веќе истовремено паѓа од неговите раце и така натаму. Нашиот идентитетен пакет во моментов нè оддалечува од европското семејство, ако заради ништо друго, тогаш заради хистеријата. Човек не мора да биде психијатар за да ја види нашата автентична национална хистерија. Нам сега најдобро би ни дошол еден долг, долг одмор, ако заради ништо друго, тогаш заради национално и идентификациско смирување.

**Трагањето низ корените, првично насловено антиквизација, сега нè одведе во неокласицизам, барок и рококо финализирани во проектот „Скопје 2014“. Колку таквите промени ќе придонесат вистински да се осознаеме?**

Нема да придонесат и тие веќе подолго време не придонесуваат. Вистинското осознавање е лажен филозофски проблем. Никој

никогаш нема да успее себеси вистински да се осознае. Тоа е прастара филозофска дилема исто толку и филозофска вистина. За жал, во нашето историско време ја видовме таа филозофска пукнатина успешно преработена и употребена од тековната Влада, со конкретна прагматична цел: завладејување со сите ресурси во државава (од материјални и финансиски, до човечки и стилски), како и целосно покорување на што годе подразбираме под инстанцата : здрав разум. Скопје 2014 се инсталираше како корупциски проект на една шизофрена влада и тој не е ништо друго освен споменик на еден себичен владетел. На тој проект веќе му го дадовме епитетот хистерија, како што проектот заслужува, но нам допрва ни претстои реинсталација на некаква нормалност, истата таа нормалност што претходно беше целосно капитулирана и укината од Владата.

---

**Една од најупотребуваните синтагми во годината што измина е слобода на говорот, на медиумите, како коректив во демократското општество. Каде завршува слободата на медиумите а каде започнува пропагандата?**

---

Сè повеќе мислам дека идните граѓански отпори не треба веќе да бидат насочени само кон уривањето на корумпираната власт, туку многу поважно – кон уривањето на медиумските инфраструктури што го потпомагаат и го овозможуваат непреченото владеење на власта.Во понеделникот, по настаните во македонскиот Парламент, кога опозицијата беше отстранета од Парламентот, а владејачката партија го изгласа буџетот за 2013 година, во четири часот попладне пуштив телевизија за да сфатам што се случувало. Вестите на Сител телевизијата тој ден беа застрашувачка, монструозна манифестација за силата на Бернајс пропагандата во медиумите во денешна Република Македонија. Сè повеќе мислам дека идните граѓански отпори не треба веќе да бидат насочени само кон уривањето на корумпираната власт, туку многу поважно – кон уривањето на медиумските инфраструктури што го потпомагаат и го овозможуваат непреченото владеење на власта. Нашата битка, битката за враќањето на нормалноста во Република Македонија ќе мора да започне пред сè како битка против медиумската манипулација во Република

Македонија, како прашање за ревоспоставувањето на правото на достоинствен живот на она што граѓаните го чувствуваат како нивната нормалност, наспрема пропагандите.

**До каде може да нè одведе екстремната поделба на општеството по сите основи – политички, етнички, верски?**

Вашите читатели треба да знаат дека нашава кореспонденција ја водиме само еден ден по настаните во македонскиот Парламент од 24 декември 2012. И сè во оваа размена е обоено од тие настани, барем за мене. На Вашето конкретно прашање: може и треба да нè доведе единствено до – отпор! Луѓето од мојата фела веќе немаат избор да глумат интелектуалци. Ниту кој било друг да се држи до своето јато. Неутралноста никогаш не била добар избор. Никогаш, а особено сега. Мислам дека најстрашната работа што сега би можела да ни се случи е превидување на тој колапс помеѓу тоа што го гледам со свои очи во реалноста и тоа што диктираните медиуми ми велат дека треба да го видам преку медиумите. Во тој застрашувачки јаз на реалноста би рекла дека е еден битен чинител на постоењето – да дадеш отпор против лагата.

Додека не ја знаеме вишата промисла, „човековите права“ овде и сега се вредноста за која човек вреди да се бори. Еден единствен човечки живот во таа номенклатура е вреден за борба.

**Колку синтагмата човекови права има реална компонента во денешното глобално општество, или само станува збор за идеалистичка визија?**

За мене тоа не е идеализам. Толеранцијата кон секундантот, кон детето, кон цветот, кон плочникот, кон каменот – тоа не се само поетски метафори. Човековите права во таа хиерархија на вредностите се инхерентно антропоморфни. Не ја исклучувам можноста дека целото човештво, во својата најавтентична и најхумана верзија, е само тоа - неважен хуманизам. И тоа е во ред. Додека не ја знаеме вишата

промисла, „човековите права“ овде и сега се вредноста за која човек вреди да се бори. Еден единствен човечки живот во таа номенклатура е вреден за борба. Денес постојат валидни филозофски системи што го бранат правото на животните над правото на луѓето. Или правото на растенијата над правото на луѓето. Или правото на минералите над правото на луѓето. За мене тоа има смисла. Ние луѓето не сме единствените што полагаме право на постоењето на оваа планета. Ова за што досега зборувавме во интервјуво се само правата на луѓето меѓусебно да се борат за секој еден член еднакво како и за секој еден друг. Но, тоа не значи дека човечките права се и единствените права на оваа планета. Ние сме толку доцна дојдени на оваа планета, што можеби нашите права во таа хиерархија лесно би требало да бидат вторични или само последователни.

Сегашниот статус на лустрацијата е како кога човек би си гризнал месо од сопствената подлактица, додека истовремено пее македонска народна песна, но низ заби. Во тој чин признајте има извесна меланхолија, секако и натрупана тага, не е смешно, но веќе не е ниту особено тажно, дури ни за тој што самиот се гризе. Затоа што сето наликува на симулакрум.

**Имајќи ги предвид личните искуства, дали можеби лустрацискиот процес се претвори во механизам за политичка одмазда?**

Од првиот момент кога во декември 2005 година јавно зборував за конфронтацијата со комунистичкото минато до ден денес, непрекинато зборувам за нужноста од транспарентност на сите комунистички досиеја на принципот на Викиликс и на агендата на Асанж. За мене тие принципи се водечки. Достапност на сите досиеја од комунистичкото минато до сите други луѓе на принципот „сите за сите“, ставање на сите досиеја на интернет, без рестрикција, без медијација на политичките структури и на лустрациските тела, и најважно - без исклучок. Тие комисии за лустрација, впрочем, претпоставувам, се крајно здодевни. Самите изгорени од достоинството на својата задача. Веќе напола од нивната задача беше јасно дека никој нема сериозно да им ја сфати задачата на „чистачи“. За мене прочистувањето со минатото беше лична нужност. Сегашниот статус на лустрацијата е како кога човек

би си гризнал месо од сопствената подлактица, додека истовремено пее македонска народна песна, но низ заби. Во тој чин признајте има извесна меланхолија, секако и натрупана тага, не е смешно, но веќе не е ниту особено тажно, дури ни за тој што самиот се гризе. Затоа што сето наликува на симулакрум. Денешната лустрација се сведе на реално шоу во кое сите перформираат напад или одбрана, крварат помалку, но потоа ги облекуваат пиџамите и легнуваат во 11 часот навечер пред камерите да се угасат. Не е дека не ги боли, но никој не умира, и никој не оди во затвор, значи, сѐ е во ред. Што па јас тогаш сѐ уште имам да ја влечкам мојата семејна траума по весниците?

**Дали во современото општество постои механизам кој може да ја „измери“ вистината? Поточно, чија вистина повеќе „тежи“?**

Постои една вистина и таа се случила. Но, за да стане видлива потребни ѝ се медиумите за сингуларноста на вистината да излезе на виделина. Медиумите се баш токму толку застрашувачки важни. Како никогаш порано во човечката историја.Нема. Нема вистина што тежи повеќе од другата, ако нема бекап во медиумите. Тоа не значи дека вистината самата по себеси не постои. Таа постои, јас сум универзалист во таа смисла: постои една вистина и таа се случила. Но, за да стане видлива потребни ѝ се медиумите за сингуларноста на вистината да излезе на виделина. Медиумите се баш токму толку застрашувачки важни. Како никогаш порано во човечката историја.

**Според Вашите согледувања, во кој правец се движи човештвото ако се земат предвид глобализациските процеси, рецесијата во пазарните односи и дехуманизацијата на човековиот дух?**

А која сум пак јас да зборувам во името на целата глобализација? Ако глобализацијата е унификација на целото човештво заради хуманизација на универзумот, создавање ред во хаосот, тогаш никој од нас не е повикан да зборува во особена смисла.

Сакам да ви пренесам едно сведоштво од почетокот на векот: „Ме прашувате како тоа Франц се плаши од љубовта, а не се плаши од животот? Мислам дека не е така. Тој го гледа животот сосема различно од другите луѓе - парите, берзата, девизната централа, машината за пишување – за него тоа се сосема мистични работи, загатки кон кои има поинаков однос од сите нас. За него канцеларијата е нешто крајно тајно, восхитувачко, како што е локомотивата за малото дете. Наједноставните работи на светот не ги разбира. Дали некогаш со него сте биле во пошта? Дали сте виделе како смислува телеграма и како бара шалтер кој најмногу му одговара, и како потоа патува од еден до друг шалтер, а кога ќе го најде „вистинскиот“ шалтер, како тогаш плаќа и ги зема ситните пари назад, па пресметува што му вратиле, сфаќа дека добил една круна повеќе, па ја враќа кај госпоѓицата на шалтерот? Потоа тивко заминува, ги пресметува парите повторно долу, на последното скалило, и одеднаш сфаќа дека круната што ја вратил всушност била неговата. Стоите наспроти него не знаејќи што да направите, а тој се преместува од нога на нога и размислува што да направи следно. Да се врати е тешко – горе има маса луѓе. 'Остави го тоа' му велам, а тој ме гледа преплашено. Како може тоа да го пушти? Не му е нему до таа круна, сепак не е во ред. Има една круна помалку. Како да ја остави?“ Ова е исповед на Милена Јесенска за Франц Кафка. Мислам дека ова ја објаснува глобализацијата многу подобро одошто кој било од нас денес веќе би можел да ја објасни.

*„Граѓански“, 29 декември 2012 година*


2008
Internet

## Арсим Зеколи – ДУИ НЕМА ’РБЕТ ДА ЈА БРАНИ ШЕЌЕРИНСКА КАКО ШТО ТАА ЈА БРАНЕШЕ ТЕУТА ОД ДПА[28]

„Се сеќавате на случувањата од пред неколку години кога луѓе од ДПА ги бркаа колегите од ДУИ низ Собранието. Се сеќавате и на тогашната реакција на Шеќеринска против нападот врз Теута Арифи. Денеска се случува обратното, но за жал ДУИ ја нема таа доблест и ’рбет да направи разлика помеѓу чест и кукавичлук. Затоа и се почувствувавме обрзани да како луѓе реагираме против насилството, во овој случај кон сегашната опозиција. Но, ве уверувам дека на ист начин би реагирале и доколку некој на таков насилнички начин постапи и кон Силвана Бонева или Мерале Узеири, Зијадин Села или Александар Спасеновски“, вели Арсим Зеколи, еден од групата албански интелектуалци кои денеска излегоа со соопштение во кое остро го осудуваат насилството што се случи вчера во македонскиот Парламент и начинот на кој е донесен новиот буџет...

---

**Господине Зеколи, какви се реакциите од вашето денешно соопштение? Го постигна ли тоа ефектот кој го очекувавте?**

---

Реакциите се различни , а за ефектите треба другите да кажат. Сепак, пресудното при составувањето на соопштението беше обврската да како луѓе, како граѓани и Албанци го изразиме принципиелниот став за несогласување со политики засновани врз аргументи на сила или мајоризација. Ставот на оваа група луѓе, која е во пораст судејќи според социалните мрежи, за случките во Собранието и буџетот е заснован врз искуствата на Албанците од ситуациииите кога тие како заедница беа директни цели на наведените аргументи. Целта секако не беше да предизвика рекации на оние кои ионака имаат став против или во полза на одредена политика, туку обраќање до обичните луѓе кои чувствуваат дека нешто навистина не е во ред, но не умеат или немаат можност тоа да го артикулираат. Целта беше да се охрабрат луѓето дека нивните инстинктивни чувства за коректност и некоректност, нивниот суд заснован на здрава логика и разум е

28 http://goo.gl/dO6ip

побитен и поискрен отколку владини или партиски оправдувања. Се сеќавате на случувањата од пред неколку години кога луѓе од ДПА ги бркаа колегите од ДУИ низ Собранието. Се сеќавате и на тогашната реакција на Шеќеринска против нападот врз Теута Арифи. Денеска се случува обратното, но за жал ДУИ ја нема таа доблест и ’рбет да направи разлика помеѓу чест и кукавичлук. Затоа и се почувствувавме обрзани да како луѓе реагираме против насилството, во овој случај кон сегашната опозиција. Но, ве уверувам дека на ист начин би реагирале и доколку некој на таков насилнички начин постапи и кон Силвана Бонева или Мерале Узеири, Зијадин Села или Александар Спасеновски. Секако, има оптужби и подметнувања упатени кон нас, прикриени со партиски флоскули или лажен етно-патриотизам, но нашиот став е принципиелен и не им обрнуваме премногу внимание, бидејќи им ги знаеме мотивите.

**Ги критикувате и ДУИ и ДПА за однесувањето во Парламентот, односно за изгласувањето на буџетот. Кое е Вашето објаснување за нивната таква постапка, со оглед на тоа што се спротивставени партии?**

Објаснувањето за таквиот однос е во наследената, длабоко етаблирана политика на кроење буџет според интересите на крајно тесен круг личности од врвот на ДУИ, кои директно профитираат од заткулисните дилови со нивните патрони од ВМРО-ДПМНЕ, без никаков или минорен ефект врз граѓаните, кои тие наводно ги претставуваат. Погледнете го водството на ДУИ и најдете некој од нив кој се има истакнато на полето на Економијата, вклучително нивниот министер за економија или господинот Фатмир Бесими. Во исто време, кога прифаќате такви дилови, вие станувате и предмет на условувања, било како партија, лидер или министер. Така да, се поставува прашање и колкава автономија има воопшто ДУИ во водењето на своите политики, посебно оние поврзани со распределба на буџетските средства. Воедно, по студентиот туш од Ангела Меркел, која го обзнани крајот на надежите за евро-интеграции, ДУИ и нема веќе премногу избор или простор за негодување, туку е принудена да прифаќа и извршува без премногу право на приговори и забелешки. Господинот Ахмети

и министерката Арифи можат да се сликааат и тешат заедно со Филе и Санино, но реално, таа слатка мамка за Албанците веќе нема ефект. Што се однесува до ДПА, по толку „дриблинзи“ изведени од нивна страна во последната година, не сум сигурен дали и тие самите воопшто веќе знаат која е нивната политика. Настрана мачистичките, вревливи, медиумски заводливи изјави за „запалки“ и бранење на правата на Албанците, не гледам некој нивен конкретен ангажман во сферата на економските права на Албанците. За разлика од господинот Изет Зеќири, кој со своите прецизни критики и сугестии ги фрла во сенка комплетно двете пратенички групи. Гласањето на ДПА против буџетот, сепак, не ги амнестира од одговорноста како опозиција да реагираат против гушењето на демократијата и газењето на пратениците, а посебно на пратеничките. Местото на ДПА беше надвор од таа просторија. Не мораа да бидат заедно со СДСМ или другите, но секако не смееја да бидат во друштво со оние кои ја суспендираат демократијата на така брутален начин. ДПА можеби не е виновна за буџетот, но е секако со-одговорна за срамот со малтретирањето на пратениците и новинарите.

**Што е поголем проблем за Вас во врска со буџетот: тоа што го сметате дискриминирачки за Албанците или што со висина од 2.7 милијарди евра ќе значи нови задолжувања на државата?**

Проблемот е во недостатокот од транспарентност и отстуство на правична застапеност на граѓаните. Тоа е фундаментот, сето друго е надградба. Секој од нас живее и ја развива оваа држава со својот денар, мал или голем, и има право да види полза од буџетот. Сепак, било која реална анализа на економијата во земјата ќе покаже на фрапантна дискриминација на регионите во кои живеат Албанците, и тоа е факт кој не може да се прикрие со фриволни подметнувања, спинови или коалиции со ДУИ. Затоа нагласивме во соопштените дека како даночни обрзници ова прашање не’ тангира и нас, дури и повеќе од даночните обрзници од македонска националност. Што се однесува до тие милијарди кои ги споменувате, знаете, позајмувачите нема да ги интересира националноста или религијата на оние кои ќе морат да го исплатат долгот. Албанци или Македонци, долгот ќе

го исплаќа средната класа, младината сведна на минимум плата и нашата сиромаштија.

**Многу ретко се случувало Албанци во Македонија да ја нагласат својата улога како граѓани и даночни обврзници, туку најчесто артикулирањето на политичките интереси го правеле преку партиите или преку невладини организации со јасна политичка профилираност. Дали се менува нешто на тој план? Во соопштението велите: албанското општество во оваа држава е пошироко и поразновидно од политичките партии.**

Тоа е погрешен впечаток во македонската јавност, поради јазичните бариери. Меѓу Албанците има жестока дебата за економската и социјална состојба, што се пресликува, главно, преку опаѓањето на бројот на гласачи на овдешните избори, како израз на незадоволство од економската состојба. Таквите обвинувања и подметнувања упатени кон Албанците само служат да се прикрие често игнорантскиот однос на дел од Македонците кон Албанците. Има два моменти кои се многу важни и често не се доволно објаснети во јавноста. Албанците, како и сите други, еволуираат во своите барања според потребите на времето. И воедно им станува јасно дека албанските политички партии се, пред и над се', партии (со тесно-профитерски клановски интерес), политички (според начинот за опстојување или доаѓање на власт) и дури на крај албански (зависно од профитот или загубата што можат да ја имаат со нагласено или потиснато користење на етничкиот префикс). Тежнеења кон промени секако дека има, и тие стануваат се' погласни. На сцена се' повеќе стапува нова генерација професионални, вистински високо образовани млади луѓе, кои не прифаќаат да бидат партиски приврзоци на полу-писмени и корумпирани политичари. Благодарение на образование стекнато надвор или следејќи примери од други земји, покрај своето знаење, овие млади луѓе покажуваат дека ја ценат и вредноста на личното достоинство и елементарна етика во општеството. Притоа, тие не се воопшто помали патриоти од сегашните манипулатори, ниту пак имаат потреба или прифаќаат да некој им држи лекции или одредува што е патриотизам, а што не. Напротив, нивната национална свест е

многу поразвиена, поискрена и во склад со современите реалности, но наместо пароли се искажува преку дела и лична одговорност.

---

**Гледајќи ги сцените што се случија вчера во Собранието и пред него, што сметате за поголема опасност: меѓуетничката или меѓупартиската нетрпеливост?**

---

И двете нетрпеливости - етнички или меѓупартијски - се надворешни изблици на вистинскиот недостаток и вистинскиот проблем кај нас - отстаство на владеењето на правото. Кога нема владеење на правото, правна држава, тогаш неправдата се јавува во многу форми и облици, некогаш етнички, другпат партиски, социјални, регионални, религиозни итн. Тоа во склоп со катастрофално рапидното тонење на економијата ќе содазва уште повеќе тензии и судири. Додадете ја и сегашната изолација и интегративна стагнација, и веќе имате крајно опасен коктел на мотиви за незадоволство и нетрпеливост. Стравувам дека во македонскиот политички кампус овие тензии ќе резултираат со уште посилен пробив на политичата сцена на луѓето со мускули, пиштоли и манипулативна омраза. Како што тоа се случи со албанските политички партии во последните неколку години. Зарем очекувате било која нормална, чесна, совесна личност да прифати да биде изложена на такво насилство и нечесност? Е, тоа е наследството добиено од господата Груевски и Ахмети, неамнестирајќи ги ни останатите политички првенци во земјата. Нивната политика на мобилизација на членство, базирана врз лажен патрииотизам и полтронство, сервилност кон лидерот можеби привремено ќе им обезбеди рејтинг-победи, но порано или подоцна и нив и сите нас ќе не’ осуди на историјски порази.

---

**Верувате дека може во Македонија да се случи обединување на граѓанска основа (заедно Македонци и Албанци) или е тој ден сѐ уште далеку?**

---

Етничките разлики се евидентни, постојат и ќе постојат и не треба да се гледаат како проблем или пречка кон обединување. Прашањето е околу што треба да се обединат? Граѓански опции, мулти-културализам,

заедништво - сето тоа се формули лансирани од политички побуди, додуша често со чесни намери, но сепак политички. Вистинските мотиви за обединување на луѓето се секогаш од приватен или групен карактер, но со вакво разногласие и неслога во самите етнички заедници е илизуорно да се расправа за некакво транс-етничко унијатство. Растот на свеста на граѓаните за лажниот патриотизам, братството по криминал и профит, согледувањето на патриотските сили во нивната вистинска светлост секако ќе придонесат кон разместување на силите во општеството. Тоа е процес кој е започна и ќе трае, но битното не е во брзината, туку во квалитетот врз кој тој процес ќе се гради.

**Миодраг Мишолиќ**



## Петар Гошев – Ако Груевски продолжи со конфронтации можни се и жртви[29]

**Господине Гошев, во Собранието и надвор од него, се случи тежок инцидент по повод донесувањето на буџетот на Република Македонија за следната година. Беа активирани групи за притисок, при што оние на власта бараа итно донесување, а опозицијата сакаше тоа да го спречи. Конфликтот во Парламентот се пренесе и на улица. Колку оваа ситуација беше и е опасна, и тоа не само за спротивставените партии, туку за цела Македонија?**

Пред приближно три години, на една средба со премиерот Груевски попатно му реков: „Ако на овој начин ја продолжите конфронтацијата во државата, не ја исклучувајте можноста од меѓусебни жртви. Потоа, се разбира, не ќе ви остане ништо друго, освен како Понтиј Пилат да си ги миете рацете од одговорноста за жртвите, префрлувајќи си ја меѓусебно вината“. Не ја коментираше забелешката.

На 24 декември 2012 настаните во Парламентот и пред него беа на работ да проголтаат нечии животи. За среќа, имаше „само“ повредени. Битката за „освојување“ на јавноста преку монтирани улични протести е опасна игра. Креирањето на таква „култура“ во ниско развиена, и згора на тоа мултиетничка и мултиконфесионална држава, е игра со оган во „оксигенски шатор“. Од тоа што се случи, но и од други настани, се чини дека власта мисли дека може да ги дозира реакциите, односно конфликтите. Не е свесна кога, каде и колку дозираната социјална навигација може да се покаже како предозирана и сè да експлодира. Вистина, не знам до каде сето ова може да оди, но знам дека сме вратени на почетокот на настаните во некои бивши ЈУ-републики непосредно пред распадот на бившата СФРЈ. А, ние тогаш со не мала доза на задоволство велевме дека не дозволивме такви настани да ни се случат.

Со нив, прикаските за инвестициски рај се смешни, исто како и тврдењата дека сме функционална демократија.

29 26.12.2012, http://goo.gl/fqtjb

**Што мислите, дали групите кои бараа побрзо усвојување на Буџетот, знаат за што, всушност, се работи. Тие, пред сè, бараа буџетот да се донесе за да имало пари за пензии, субвенции и социјална помош. Но, од друга страна, барањата на опозицијата воопшто не се однесуваат на овие буџетски ставки. Може ли улицата да биде арбитар за донесување и изгледот на буџетот во една држава?**

Македонија е потоната во лаги: лаги за историјата, лаги за националното битие, лаги за економскиот развиток, лаги за јавниот долг, лаги за вредноста на проектите, лаги за тоа каде всушност сакаат да ја одведат Македонија.

Групите што ѕемнеа и ѕемнат надвор се, всушност, сликата на очајот во кој лагата се голта како вистина за она што постојано им се губи од хоризонтот: лебот, топлиот дом, недофатливата извесност, работните места за себе и за своите деца. Повеќето од нив не знаат што е буџет и буџетски процес на подготовка и усвојување. Не знаат колку може да изнесува јавниот долг. Не знаат на кој начин најбрзо се губат пензиите, платите, социјалните трансфери и пред се работните места. Во општата безнадежност создадена од македонските елити, тие само го гледаат својот лидер во неговата уста од која чекаат директива да тргнат по искоренување на злото. А, злото е тоа што ќе им биде посочено од нивниот вожд. На крајот на прикаската, сепак, ќе сфатат, но толку доцна колку што е доволно нивниот вожд да замине со неговите кочии полни со нивната надеж.

За разлика од нив, вождот знае дека во сиромашна земја во изборот помеѓу „нужностите" (основните средства за преживување), од една страна и слободата (човековите права) од друга страна, тие, смрзнатите, очајните, во суштина уплашени и истовремено разгневени, ќе се определат против својата и сободата на другите. Со тоа уште еднаш ќе се потврди дека тие не знаат дека слободата, односно политичките права и вистинската демократија се нераскинливо поврзани со нужностите (средствата за преживување), односно дека тие двете се, всушност, едно исто, нераскинливо поврзани и меѓусебно условени. Затоа, толку лесно „пали" клетвата: „овие се против вашите пензии,

против вашите субвенции, ние ќе ви ги дадеме“, без разлика од кои извори и со какво задолжување. Тој страв за губење на основните намирници или ветувањето дека ќе ги добијат, деспотите го користат безмилосно за евтина и лесна манипулација.

И Милошевиќ знаеше дека устав не се носи и прави преку референдумско изјаснување. Но, така го донесе. И муслиманскиот претседател на Египет знае дека уставот не треба до го носи преку референдум, па, сепак, го стори тоа. И Груевски знае дека буџет не се прави на улица, но, сепак, ја користи. Сите спомнати и неспомнати го знаат тоа добро, но, сепак, се надеваат дека со тоа ќе возат доволно долго додека нивните кочии не заминат безбедно, оставајќи не сите други во ѕифт прашина за да не видиме каде ќе отпатуваат. Значи, одговорот за тоа дали улицата може да биде арбитар при донесувањето на буџетот во една држава е позитивен. Но, колку долго ќе може така, ќе зависи од тоа колку брзо и колку повеќе луѓе ќе ја сфатат причинско-последичната врска меѓу нужните стедства за живот, од една и слободата и демократијата од друга страна. Дотогаш, тие, изведените на улиците, само ќе се залажуваат дека со тоа одлучиле во своја полза.

---

**Како го оценивте предлогот на опозицијата за штедење? Сметате ли дека станува збор за добар предлог во време на рецесија? И може ли таков предлог да помогне во намалувањето на јавниот долг и буџетскиот дефицит, за кој Светската банка предвидува дека годинава ке биде дури 3,7 отсто, како и за начинот на враќање на веќе постоечките долгови?**

---

Првпат една опозиција кај нас бараше помал буџет. И побара конкретно поинаква структура и намена на средствата. Поради тој факт, ако не поради друго, предлогот заслужуваше барем пристојна дебата, а не евтина манипулација за тоа кој, наводно, е за исплаќање на пензии и субвенции и кој, наводно, не е за тоа.

За прикаските дека во услови на рецесија државата треба повеќе да троши, веќе зборував во друга прилика. Да повторам нешто накусо: мала и целосно отворена економија, каква што е нашата,

нема многу да си помогне со зголемување на дефицитите врз основа на странско задолжување. Тоа повеќе им помага на земјите од кои позајмува и од кои претежно се увезува. Згора на тоа, пак, ако добар дел од позајмените пари ги троши на увозни екстраваганции, бескорисноста, па дури и штетноста од зголемувањето на долгот станува уште поголема. Растот на економијата не се поттикнува на тој начин, но растот на контата, на тие што однапред се знае дека ќе ги добијат тендерите, сигурно се случува.

Во овие околности барањата на опозицијата не беше најнужно да се стремат кон намалување на долгот. Доволно беше ако со нив се спречеше неговото натамошно неразумно зголемување и, особено, ако се подобреше структурата на расходите со што би се подобрила нивната ефективност врз економијата и ублажувањето на сиромаштијата. И токму за тоа власта и опозицијата требаше одговорно да разговараат. Но, таа, власта, има свој проект и вели дека за тоа гласале граѓаните на парламентарните избори. Тоа наводно било доволно таа натаму да не прашува никого и да не прифаќа ништо. Сите други треба само отстрана да гледаме и да се восхитуваме на нејзините изуми. За жал, власта има криво разбирање на демократијата. Всушност, нема никакво разбирање. Таа смета дека добиената подршка на изборите од една четвртина или од една петина од вкупниот број избирачи и дава право брутално да го игнорира мислењето на останатите, да ги задолжува колку сака и како сака и да врши дистрибуција на материјалните средства само низ нејзината призма. Ако е така, Тито имаше речиси плебисцитарна подршка од граѓаните на бившата СФРЈ, Милошевиќ во одредени периоди имаше не помалку од три четвртини поддршка од неговите Срби, Хуго Чавез сигурно има повеќе од Никола Груевски, Хитлер пред војната, исто така, имаше поголем процент на поддршка од процентот на кој се повикуваат лидерите на нашата сегашна власт. Значи ли тоа дека тие беа демократски лидери и дека управуваа во интерес на своите нации?

Што се однесува до буџетскиот дефицит, да се потсетиме дека тој беше првично проектиран на 2,5 отсто од БДП. Откако Владата увиде дека приходите не се остваруваат во согласност со проектираното, односно согласно нејзините желби и откако подразбра дека натрупувањето

на долгот кон приватниот сектор веќе не може да го крие, одеднаш го најде решението во дополнително зголемување на буџетскиот дефицит на 3,5 отсто, без расправа во Парламентот. Но и тоа не и е доволно. Светската банка вели дека тој, сепак, ќе биде поголем и од тоа, односно 3,7 отсто од БДП. Меѓутоа, јас велам дека ни тоа не е точно, бидејќи во дефицитот не се вклучени достасаните неизмирени обврски на Владата кон приватните компании врз основа на данокот на додадена вредност и обврските по основ на договорите за дело. За колку de facto е поголем, ние не знаеме, сè додека не се изврши непристрасен увид од надворешна контрола. Тој проблем бездруго го знаат и претставниците на Светската Банка во Македонија, но тие од кариеристички мотиви, или можеби од некои други, не ја известуваат за тоа централата во Вашингтон кога и се обраќаат со барање на Македонија да и се додели некоја нова кредитна линија или гаранција за некое позајмување од други кредитори. Ќе се согласите, тоа не е одговорно однесување. Тоа не е здраво, прудентно макроекономско управување со ризиците во доменот на јавните финансии.

**Што мислите за прифатените 44 амандмани од страна на власта во рамките на 1.225 поднесени од опозицијата, кои се однесуваат на износ од само 3,1 милион евра, односно само 0.13 отсто од вкупниот буџет и во ситуација кога опозицијата бараше кратење или барем дискусија за износ од 204 милиони евра?**

Во дадената ситуација тоа не беше одговор и излегување во пресрет на барањата на опозицијата, туку прашина во очите на јавноста која требаше да поверува, односно да биде излажана по кој знае кој пат, дека власта е кооперативна и дека на другите не им е целта подобар буџет, туку блокирање на работата на државата. Таа претстава и беше потребна на власта како подготовка за тоа што потоа имала на ум да направи - брутална интервенција кон пратениците на опозицијата. Дека ни на крај памет не им паѓало да се нагодуваат со опозицијата, говореа многу пред тоа оркестрираните и режирани собирања на народ за „вразумување“ на опозицијата. Така што, сè се случуваше во согласност со односот на силите во Парламентот и другите државни

институции, но не и во согласност со вкупната слоевитост и потреби на општеството.

Инаку, не е проблемот во тоа што власта би изгласала буџет без трошка влијание на опозицијата. Таква е нашата вкупна досегашна практика. Но, во последниов случај имаме неколку клучни нови моменти. Првиот е што оваа власт, како ниедна досега, крои буџети темпирани за краткорочно купување гласови, претворајќи го изборниот систем, како што веќе реков, од систем „еден човек-еден глас“ во систем „едно евро-еден глас“, со таква функционализација не само на редовните приходи на буџетот, туку и на креираниот јавен долг.

Вториот нов момент е забзаното темпо на раст на јавниот долг (надворешен и домашен), кој, доколку не забави, се заканува да ја поткопа финансиската стабилност на земјата. Овие две карактеристики се веројатно една од причините што ја натерало опозицијата да предложи позначајна корекција на предлогот на буџетот од било кога, користејќи веќе проверена процедурална постапка во Парламентот - да го блокира процесот на донесување на еден акт за да изнуди дијалог и компромис. Опозиција која во таква ситуација - големи нерационални трошоци и отворен пат кон презадолжување на земјата - не би реагирала со сè што и стои на располагање, дефинитивно би била неодговорна и не би имало потреба да седи во Парламентот. И така стигнавме до главното прашање што целосно ја демаскира нашата нефункционална демократија: процедурата што важи за едниот партнер во власта, не важи за опозицијата. Следува тепачка, насилно исфрлање на опозицијата од Парламентот, грди слики за нас низ светските медиуми и изјви дека тоа било обид за неуставно соборување на легитимно избраната власт. Всушност, го имаме спротивното: неограничена со ништо власт. А, власт без ограничувања неможе по дефиниција да биде демократска власт.

---

**Како гледате на постапката за задолжување пред избори, која веќе вторпат ја практикува актуелната власт? Лани пред парламентарните избори се задолжи кај ММФ со 220 млиони евра, а годинава за подршка на буџетот од Светската банка се земаат 50 милиони долари, додека вкупниот износ кој власта сака да го земе**

**од Светската банка изнесува 220-250 милиони евра. Мислите ли дека ваквото задолжување пред избори може да се оправда, или е, сепак, непримерен преседан?**

Не е преседан. И други го правеле тоа и го прават. Централното прашање е дали тие средства се наменети за водење здрави политики, дали одговорно се насочени за поттикнување на економскиот раст на земјата од кој ке имаат полза сите граѓани или, пак, средствата се наменети за дерогирање на изборниот систем, претворајќи го, како што реков, во систем „едно евро- еден глас", за задоволување на материјалните апетити на врхушките, за „купување" на медиумите, кои наместо објективно информирање нудат „детергенти" за перење на секоја аномалија на власта. За жал, во услови на изобилство од наведеното однесување, и кредитите што се земаат далеку пред изборните циклуси не се со самото тоа попречени да стигнат таму каде што не треба, односно да значат нефер предност за партиите на власт.

**Владата во петокот продаде државни записи во износ од 100 милини евра, а за неделава е се најавени нови задолжувања за уште 135 милиони евра. Дали Владата со ова сака да се обезбеди со пари пред избори и евентуално си правеше резервна варијанта во случај да не го донесеше Буџетот? Дали ваквото задолжување не ги прави дискусиите околу буџетот беспредметни со оглед на фактот што Владата и на ваков начин може да најде пари за трошење?**

Треба да се знае дека усвојувањето на буџетот во Парламентот значи дека се усвоил закон. Буџетот е закон. Владата е должна да го спроведува буџетот исто како што е должна да постапува во согласност со другите закони. Со усвојувањето на буџетот се усвојува и колку може да изнесува новото задолжување, односно тнр. буџетски дефицит. Во Буџетот е запишано, исто така, колкав дел од новиот долг ќе се оствари со домашно задолжување, колкав дел од надворешно задолжување. Владата мора да се движи во рамки на усвоениот дефицит од страна на Парламентот. Владата не смее без Парламентот

да се задолжува повеќе од дозволеното. Затоа дискусиите во Парламентот не смеат да бидат беспредметни. Ако е така, тогаш настапува опасно безвластие, суспендирање на парламентарната контрола над извршната власт и суспензија на демократскиот систем. За жал, „креативноста“ на оваа влада нема крај. Пред извесно време, таа, без Парламентот, објави дека буџетскиот дефицит го зголемува од 2,5 на 3,5 отсто. Со дремливата опозиција, и нејзините „кукли“ во функција на пратеници, си протнала матни измени во буџетот со кои може да си толкува дека таа има право тоа да го прави. Се сомневам дека тоа може да издржи проверка на уставноста, бидејќи извршната власт узурпира една од најважните надлежности на Парламентот. Тоа е опасен преседан со кој извршната власт бега од парламентарната контрола и еден ден може да осамнеме со долгови за кои никој ништо не слушнал.

Друго е прашањето што во Парламентот лидерите, значи и премиерот, си имааат свои „кукли“, а не пратеници, претставници на народот. Тие „кукли“ се подготвени, за милоста на својот лидер, да му изгласаат сѐ, буквално сѐ, независно колку и да е тоа штетно за интересите на земјата, бидејќи нивниот лидер знае сѐ и најмногу ја сака земјата. Сите сме сведоци со каков жар куклите- пратеници ги имаат брането своите партиски лидери и истовремено премиери и тогаш кога врапчињата знаеле колку се тие корумпирани и за колку кратко време, од голтари, што би рекол нашиот народ, станале, на пример, богати „колку еден среден бизнисмен“. Тоа продолжува во континуитет. Ние, de facto, немаме систем на поделба на власта. Извршната има јавнато речиси секого. А, тоа не е состојба во која е можна функционална демократија.

Затоа, поголемите позајмувања на Министерството за финансии деновиве и поголемото трошење кон крајот на годината е редовна неубава практика . Тоа не е добро за монетарната политика на која и годи рамномерна дистрибуција на трошењето на Владата во текот на годината. Другото е клучно: строгото придржување до усвоениот буџетски дефицит, определен од страна на Парламентот и релизација на вкупниот буџет таков каков што е усвоен од Парламентот. Но, видовме дека владата манипулира, мами, во врска со буџетскиот дефицит. Тоа е недозволиво, бидејќи тоа, всушност, е мамење со јавното задолжување.

**Што покажува ова за односите меѓу власта и банките, кога тие се подготвени за една недела да и помогнат на државата со 235 милиони евра? Дали банкарите се во џеб на власта и таа може да побара пари од нив кога сака или тие од сопствен интерес го прават тоа за набрзина да свртат поголеми суми на пари? Кои банки , според вас, би можеле да изнајдат волку средства, вака брзо, за ова значително количество државни записи?**

Банките не кредитираат од љубов, туку од интерес. Можно е некој менаџер или акционер да кокетира со власта заради „одржување добри односи", па, така, нешто повеќе од оптимално да вложува во државни хартии од вредност. Но, тоа може да бидат исклучоци и не тоа не е перманентно. Ако банките имаат подобри алтернативи за кредитирање, тоа тие и ќе го прават. Освен тоа, ретко која друга институција во пазарна економија води и е обврзана да води сметка за ризиците, како што е тоа случај со банките. Надвор од таквиот вид на однесување во некои пошироки рамки, би се говорело за постоење на посебна состојба во општествениот систем - подлабоко потиснување на пазарната економија и на сопственичките права.

**Што треба да се направи за да не се случува ваква буџетска драма, или криза?**

Ние немаме буџетска криза. Да е само тоа во прашање, не би бил толку загрижен. Ние имаме политичка криза како перманентен дефицит на демократија и култура на дијалог и како перманентна узурпација на јавните ресурси од мали групи, кои постојано испишуваат неславни стрници од нашата ќопава парламентаарна демократија.

Ако неодамна Латинка Перовиќ имаше причина да изјави дека „народот не е вечна категорија" и дека „историјата е полна со гробници на пропаднати народи", додавајќи дека „Србија исчезнува, не го разбираме времето", што да кажеме ние, со нашите неспоредливо потешки проблеми со петкратно помалубројна нација? Го разбираме ли ние времето? Ја знаат ли нашите челници нашата вистинска

ранливост? Го гледаат ли тие секојдневното топење на нашата национална супстанца? Го гледаат ли нашето заостанување, нашиот непрекинат егзодус и мислат ли дека пендраците ке ја зацврстат државата? Значи, не мислам дека буџетот е нашиот проблем. Болеста е подлабока: економска, политичка и длабоко културолошка и етичка криза, со непрекинат тек. Тоа не се лекува со фаланги по улиците кои како загари се нас`скуваат против инакумислечките.

---

**Какви се вашите прогнози за стапката на раст на македонската економија за оваа година? За да има раст на годишно ниво, третиот квартал треба да прикаже раст на БДП од 1,5 отсто. Дали е ова можно со оглед на фактот што паѓа и индустријата и трговијата на мало, а раст има само кај градежништвото, кое на сила го пумпаа власта со државни градежни проекти само за економијата да не покаже пад? Исто така кои се вашите прогнози за 2013 година- Светската банка предвидува 1 отсто раст, а ММФ 2 отсто раст. Која е вашата прогноза?**

---

Уште во средината на годината сметав дека не ќе можеме многу да се оддалечиме од нулата. Сега се говори дека е можно да завршиме и со мал минус. Но, слушнав дека некој се погрижил во последниве месеци да се активира ОКТА, па можеби тоа ќе не задржи околу позитивната нула. И претстојната нова година ќе биде исклучително тешка. Кредитната инфузија краткорочно ќе помогне за да не се види целокупното фијаско на економската политика на Владата, која го исуши целиот резервоар на гориво со неразумно, непродуктивно трошење, започнато уште со доаѓањето на власт. Нема добри вести од европската економија. Сликите што ги емитиравме од и околу Парламентот дополнително ги отежнуваат работите во врска со можниот прилив на странски инвестиции. Во секој случај, ќе биде уште една година за преживување, а не за раст и развој.

---

**Како Македонија ќе се справи со доспеаните обврски од јавниот долг во 2013 година, а и во 2015, кока треба да вратиме уште една еврообврзница и во 2016, кога имаме, исто така, големи**

**износи за отплата? Има ли Македонија и оваа власт капацитет да ги рефинансира овие долгови во ситуација кога светските пазари на капитал бараат високи камати ако сакаме да издадеме нова еврообврзница и во ситуација на европска должничка криза кога капиталот не е лесно достапен и во самата Европа, а камоли за нас? И што мислите за необјавувањето на точните износи на ратите што земјата треба да ги враќа од година во година во следните 5 години? Дали ова може да се оправда?**

---

Македонија веќе во овој момент тешко се справува со јавниот долг. Да не беше така, владата немаше така агресивно да бара ново, високо задолжување, прибегнувајќи дури и кон употреба на сила кон тие што се обидоа тоа да го попречат. Освен тоа, немаше да ја крие висината на вкупниот јавен долг и немаше да дозволи да не ги измирува редовно обврските од домашниот јавен долг. Владата е влезена во циклус на кредитна зависност од кој неможе да излезе без некои последици - и економски и политички. Неа и требаат кредити за враќање на доспеани кредитни обврски, кредити за измирување на долговите кон приватниот сектор, кредити за дупките што зјаат за завршување на проектите од „Скопје 2014", кредити за создадените обврски за делење субвенции, итн. Во овој момент зависноста на владата од кредити, за да ја одржи сликата за себе, а што постојано ни ја турка пред нос како за „дарежлива" и „градителска" власт, е еднаква на потребата на ноторен алкохоличар од чашка ракија без која рацете нема да престанат да му се тресат. Без нови кредити целата концепција им се руши како кула од карти. Лично мислам дека натамошното одржување на тој концепт на водење економска политика се приближува кон својот крај. Ако однатре немаме капацитет да прекинеме со тоа, ќе стигнат скапи предупредувања однадвор.

Владимир Петрески

# КУЛТУРА

## Реакција на ЈАДРО по повод насилството на власта[30]

ЈАДРО – асоцијација на независниот културен сектор, застанува на браникот на демократските принципи и слободата на реагирање, критичко мислење и дејствување во Република Македонија. Изминативе години сведочиме на сè постеснет простор за слободно дејствување во секој сегмент во општеството. Насилието во политичкиот и социо-културниот простор кулминираше со насилието во собранискиот дом.

Членовите на ЈАДРО, со сите свои заложби, со својата мисија и целите ќе застанат во одбрана на секој обид на уривање на демократскиот социо-културен простор. Некој мора да покаже дека во оваа земја постојат граѓани кои доброволно, без ниту една партиска боја, решиле да создаваат слободно и да придонесуваат за својата земја без диригентскиот пендрек на власта.

Изминативе денови се соочивме со врвот на насилничкото одземање на граѓанското право за реакција, различно мислење и учествување во одлуките кои не ја засегаат само власта туку сите граѓани на Република Македонија. Би сакале да ја потсетиме власта дека ова е демократска земја и дека каков било знак на тоталитарно и диктаторско однесување нема да се толерира.

30 http://jadroasocijacija.org.mk/?p=348



Она што се случуваше деновиве е во целосна спротивност со принципите на граѓаните здружени во ЈАДРО, кои како своја мисија ја имаат заложбата преку преку критички и конструктивен дијалог да се укаже на ретроградните културни политики, со воведување прогресивни, инклузивни и демократски јавни политики и практики во сферата на културата и во општеството, пошироко.

Доаѓа време да се запрашаме дали во теоријата и во практиката постои позиција која дава шанса да не се западне во канџите на темниот посед на малкумина кои владеат. Сакаме ново засновање на слободата во Република Македонија. Нема да дозволиме манипулација со културните и политичките парадигми која се прави сите овие години и која стана инструмент на насилие. Во општетсвото на спектаклот во кое се практикува најлесно моќта, а чии заложници сме, инсистираме искуствата на слободата да бидат забележани, запаметени и земени сериозно предвид.

Во вистински превртениот свет, лагата станува миг на вистина. Не сакаме да живееме веќе во таквата замена на тези. И остро ќе се бориме со помош на оние стратегии на отпорот кои најобро ги познаваме (нови културни практики, политики и самоорганизирани акции) против сите облици на лажна демократија, празни флоскули и ветувања зад кои се затскрива диктатура.






## Слободата, нужност а не избор (до мојата 25-годишна ќерка и нејзината генерација)

Драги мои,

Сакам со вас да поразговарам за нешто многу важно, како што повеќе пати сме разговарале на ваше барање, за теми за кои вие сте ме сметале за свој добар соговорник. Пред петнаесетина години, во октомври 1998, повеќе од сто илјади млади Срби станаа активисти на младинското движење, кое служејќи се со револуционерни методи, се организираа во сила која го предизвика колапсот на Слободан Милошевиќ во соседна Србија. Со многу силна волја, ментална и психичка посветеност, интелектуална непомирливост, со креативен дух, иманентен само на енергијата на

млад и прогресивен ум, се сплотија во проектот под наслов „ОТПОР“. Тој проект имаше за цел да стави темели на една нова Србија која ќе ја градат по урнекот на напредните демократски земји.

Принципите врз кои се здружија беа извлечени од неуспехот на сите дотогашни понуди. Така се случи студентите и младите да станат носечката енергија на промените, да ги разбудат и информираат своите родители дека вистината не е таа што е на поробените ТВ екрани, туку онаа од реалниот живот на улиците, да ги мотивираат останатите низ пример на лична храброст, да бидат духовити таму каде што се може со цел да се креира современа порака. Проектот се роди како резултат на будење на една изгубена и фрустрирана интернет генерација. Тоа беа млади луѓе, личности, кои не се согласија дека ќе сркаат нешто што некој друг им дроби.

Долг би бил списокот на совпаѓања кога би сакале да ги набројуваме фактите кои ќе ја потврдат паралелата помеѓу режимот од Србија од времето на Слободан Милошевиќ или која било друга диктатура и Македонија во последниве шест години.

Деновиве сме сведоци на последната автентична потврда за постоењето на брутален режим во нашата земја. Актуелната власт, составена од заколнати демократи и интегративци, ни покажа дека по само десетина дена притисок, со легитимни демократски средства, без да изброи до десет, посегна по единствено решение што можеше да и падне на памет, употреба на сила. Туркани, омаловажувани, тепани се народни избраници, употребена е сила да се отстранат новинарите од работното место. Вакви стандарди во овие времиња немаат повеќето африкански држави.

Драги мои, јас сега сум на возраст од 46 години. За себе сметам дека сум била секогаш немирен дух, пркосна, бунтовен човек кој сакал да го менува светот. Можеби не успеав да го сменам светот, но се обидував секогаш да фаќам чекор со времето, да зрачам со енергичност, непомирливост, ентузијазам, верба дека секој може да придонесе по нешто и за сопствениот напредок и благосостојба, но и за заедничкиот. И тоа чесно, и не на сметка на неуспехот на другиот. Ова е време кога нашата заедничка татковина покажува потреба како никогаш досега од вашата духовна агилност, од вашата осуда, од вашиот прекор, од вашата младост, од вашата енергија, од вашиот пркос, од вашите идеи за подобра иднина, од вашиот

креативен потенцијал, од вашиот ум и знаење, од всадување на вашата прилагодливост на новите текови и технологии, од вашиот интелект и поглед на светот, од вашиот инает да направите од ова парче земја постојан фестивал на напредокот, на убавината, на богатството на духот, на културните богатства, на неизмерните таленти, место каде ќе се слави умот, разумот, радоста и пријателството. Помогнете да ги вратиме заедно категориите чест, чесност, пријателсво, пожртвуваност, посветеност, солидарност.

Победете ги оние кои покажаа дека се успешни единствено во тоа да направат криминални богатства за себе и темен вилат за сите нас. Работите нема да се случат сами од себе. Јас ќе бидам на барикадите ама револуцијата никаде не ја донеле генерации кои го минале зенитот или пензионери. Од вас зависи. Од дилемата да заминете и да сонувате цел живот гравче и ајвар или да останете да чмаете понизно молејќи некој партиски моќник да заработите корка леб. Одберете да го преосмислите и пресоздадете тоа што го имате. Своето. Останете непоткупливи на тој пат.

Овие денови се пишува историјата на младата македонска демократија. Не останувајте дома завиткани во ќебе. Шансата да се запишете во неа ја имате. Некои 25-годишници пред вас ковале планови за востанија во некои други времиња.

Македонија е прва земја на списокот на мизерија во светот. Тоа создава повеќе од обврска.

Не дозволувајте Влатко Ѓорчев да ја дизајнира вашата иднина и иднината на оваа земја. Вие заслужувате многу повеќе од евтините приказни на некои медиумски гладијатори и арамии. Имате цели животи пред вас. Заради самите себе, заради вашите животи, но и заради обврската да оставите нешто зад себе. Заради слободата која за вас е нужност, а не избор.

Софија Куновска

## Отворено писмо до Бранко Ѓорчев

Драг Бранко,

Во приказната на Јордан Плевнеш извајана во сонот на Владо Цветановски, „Среќата – нова идеја во Европа", ти беше мојот сопруг. Скриени под чаршафот, во една од сцените на секоја претстава, заедно, со шепот, ги делевме тајните на нашите актерски срца. Ти и јас бевме таткото и мајката на Европа во таа претстава. Имавме голема одговорност пред публиката за претстава која во себе носеше огромна цивилизациска тежина видена преку нашиот македонски творечки дух. Ја одигравме заедно и на сцената во Париз во „Ромен Ролан". Тоа беше времето кога твоите безмилосни непријатели беа на власт и кои немаа пари да го исплатат ниту мојот крваво заработен хонорар на време. Тешко се справувавме со монолозите од кои бликаа симболи што ние како актери моравме реално и вистинито да им ги кажеме на публиката. Целиот процес на работа, таа 1997, сè уште го паметам, како вчера да беше. Бев гневна на себе оти не можев сè да проголтам од таа богата театарска трпеза, но на крајот бидна фантастична премиера.Тогаш конечно го разбрав и на своја кожа тоа што мојот професор Љубиша Георгиевски ни го кажуваше – дека нашата одговорност е иста како онаа на пилотот и лекарот! Дека театарот бара жртви, многу поголеми од кој било партиски систем, но и дека театарот може да го менува системот (човекот). Тогаш бев и негов асистент на Факултетот за драмски уметности. Негови цитати и методи користам и денес, понекогаш и заборавам да кажам дека се негови – зашто се како мои, како дел од мене. Тој ми го остави аманетот за актерската одговорност. Неговите часови беа часови на Театарот-сон и мојата кариера ја почнав токму во неговата претстава „Ју-антитеза".

Твојот татко, ненадминат актер, Ацо Ѓорчев, и Љубиша Георгиевски беа пријатели на мојата мајка, Цветанка Трпкова. Ги почитуваше и обожуваше само на нејзе својствен начин. Сите тројца како уметници од иста бранша со различни специјалности сигурно биле често неразбрани, неприфатени и понижувани. Не само поради нивната партиска (не)определеност, туку пред сè поради нивната оригиналност, интелект, талент и лудост. Тие беа силни индивидуалци кои оставија

печат врз сите нас. Тоа е цената што секој вистински уметник ја плаќал, ја плаќа и ќе ја плаќа. Не за своето семејство, туку за својот народ. За разлика од тебе, никогаш не сум била член на која било партија и од ниедна партија не сум барала да ме заштити. Ниедна партија ниту знаела, ниту можела да ги исполни моите уметнички соништа. Ниедна партија не можела да ги артикулира моите уметнички ставови. Но, исто така, до сега ниедна партија не можела да ја купи мојата мисла, да го освои моето срце или да го штити моето семјество. Никогаш не било до нив, туку до мене! До нас! Сите мои внатрешни превирања и немилости во кои сум била фрлана од сите досегашни партии – сум ги артикулирала самата - на сцена, или во „Студентски збор", тогаш, или на ТВ или во други печатен медиуми. Отворено, јасно и гласно!

Не знам колку твојот татко би се гордеел со тебе, кога би бил жив? Не знам ни дали таткото на Мери се гордее со неа? Уметникот треба да има став. Уметникот-интелектуалец е должен да го каже тој став. Твојата уметничка сила и моќ и твојот талент се многу повисоки и подуховни од кои било партиски интереси. Би било многу чесно и машки од твоја страна кога јасно и гласно ќе го артикулираш тој став. Онака како што му доликува на еден актер како тебе, достоинствено и без навреда и омраза, па дури и да се работи за твојата длабока верба во партијата и нејзините идеали. А ти, како актер, доколку имаш таков идеал - треба да го придобиеш народот кон себе. Твојот глас не само што во моментов фрли сенка врз твоето семејство, туку фрли сенка на срам и сомнеж врз целиот народ. Не знам колку твојот татко би се гордеел со тебе, кога би бил жив? Не знам ни дали таткото на Мери се гордее со неа? Но знам сигурно дека постапката на Мери ни во сон нема да ја помати големината и светлината на делото на нејзиниот татко, кој во секој политички систем имаше можност да го артикулира својот став, пред сè како режисер и интелектуалец, а потем и како политичар! Дали тоа некого загрозувало или не, дали тоа некому се допаѓало или не – тоа е друго. Љубиша Георгиевски го кажа својот став. Мери Георгиевска застана цврсто зад својот став – пример кајшто крвта не бива вода! Дали ТИ можеш да го кажеш својот став? Храброста да се говори од свое име е ненадмината, па макар и се косела со сите останати ставови! Сакам да знам, јас како твој колега од комшиските клупи на ФДУ, каков е тој став, што ти го имаш?! Кои се твоите критериуми, како директор на Драмскиот театар, за тоа

како се станува актер во таа куќа?! Како се добива режија и како се бира драмски текст?! Сакам да знам врз каква основа се поставени тие критериуми? Семејни? Партиски? Или високо уметнички? Сакам да го знам сето тоа за да можеме заедно да седнеме и да изградиме ЗАЕДНИЧКА УМЕТНИЧКА СТРАТЕГИЈА за иднината на младите уметници и за иднинината на Македонија, оти нели, уметниците се авангардата во општеството! За утре никој од нас повеќе да не ја изрече таа срамна реченица што си ја постирал кај Мери на ФБ, која те извалка тебе и твојата партија – а ја воздигна таа на која и' беше упатена: „...не заборавај зошто те вработија...сигурно не е затоа што си најпаметна , најубава и најталентирана“.

Јас не познавам јазик на цинизам, јазик на уцена, јазик на дискриминирање, јазик на лага и јазик на омраза! Ако ми одговориш на овие „непознати јазици“ јас нема да те разберам. Но познавајќи те барем малку, не си ни ти толку добар актер, за да можеш овие јазици да ги престориш во свои – преку ноќ.

Сегашнава политика го купи животот на уметникот, ја испогани неговата душа, ја наполни неговата уста со кал, ја лоботомизира неговата волја, му даде отровен материјал за да сее отров меѓу народот.Уметникот не би смеел да се интересира за политика, сѐ додека политиката не почне да се „интересира“ за него! Сегашнава политика го купи животот на уметникот, ја испогани неговата душа, ја наполни неговата уста со кал, ја лоботомизира неговата волја, му даде отровен материјал за да сее отров меѓу народот. Сега е време за „Мизантроп“, сега е време за „Ричард трети“! Играв и во двете претстави кои во времето на „комуњарите“, твоите крвни непријатели, беа поставени (првата од Владе Милчин, втората од Рахим Бурхан). Темата и тогаш беше популарна и длабоко го засегаше тогашниот систем - но не и забранета!

Ова време е време на темнина на уметноста! И театарот и филмот лежат закопани под бетонската градина на плоштадот на Скопје. Ова време е време на темнина на уметноста! И театарот и филмот лежат закопани под бетонската градина на плоштадот на Скопје. Индивидулациите крвнички и безмилосно јавно се черечат на парчиња, додека најстрашните од сите аргументи – аргументите на мислењето на мнозинството се нивните гробари.

Уметникот не треба да користи партиски пароли, уметникот не повикува на омраза! Должноста на уметникот е да ја повлече врз свои плеќи сета историја на еден народ – кон иднината, онака како што во најубавата сцена во нашата заедничка претстава ти симболично го влечеше товарот на страшната европска историја, говорејќи монолог од кој коските се смрзнуваа. Јас го познавам, сакам и почитувам тој Бранко!

Смрт за политиката – слобода за уметноста!

Сè додека се тие слепи пред кичот, сиромаштијата, примитивизмот, варварството и духовната беда во сопствената земја – Македонија нема да види бел ден.

П.С. Земја во која актерите се слуги на владејачките структури – нема иднина. Сè додека нивниот актерски глас се одбива од ѕидините на оваа земја и не излегува надвор од неа – Македонија нема да постои. Сè додека тие си постилаат црвени черги по маалските кина и театри по кои победоносно чекорат, Македонија ја чека маалска судбина! Сè додека се тие слепи пред кичот, сиромаштијата, примитивизмот, варварството и духовната беда во сопствената земја – Македонија нема да види бел ден. Сите вие, „колеги“, ја знаете приказната за Кралот лав. Во моментов се наоѓаме на средина од дејствието кога вие, во улога на хиените, го растргнувате полуживиот преостанат плен. Крајот и малите деца го знаат!

**Синоличка Трпкова**

## До Друштвото на писателите на Македонија, Скопје

Драги колеги,

Би сакал, вака јавно, да ви ја соопштам мојата одлука дека го напуштам Друштвото на писателите на Македонија во кое бев член повеќе од четириесет години. Се решив на овој чекор во знак на протест што ДПМ не се огласува со ниту еден збор како поддршка на своите колеги новинари (најголемиот број од нас писателите според работната кариера сме всушност новинари) кои, спротивно не само на Уставот и законите во земјата, туку и на сите меѓународно прифатени норми кога е во прашање слободата и независноста на новинарството, со употреба на физичка сила беа исфрлени од Парламентот на Република Македонија, додека си ја извршуваа својата професионална работа.

Јас со овој чекор, вака сам, му ја изразувам мојата поддршка на Здружението на новинарите на Македонија и на македонските новинари воопшто, на оној број професионалци и слободољубиви луѓе кои бараат и имаат право да добијат одговор за насилството извршено врз нив и врз слободата на информирањето. Овој мој чекор не е повеќе отколку еден обид да дадам знак дека сум меѓу оние кои одбиваат да се согласат со задушувањето на слободата воопшто и посебно на слободата на говорот. Тоа е главната битка што ја води и Меѓународниот ПЕН, во која во една мера, како долгогишен претседател на Македонскиот ПЕН и како сегашен почесен претседател, сум учествувал и учествувам. Далеку од тоа да се послужам со онаа подзастарена и патетична крилатица дека писателите се совест на народот. Никој нема право да биде совест на народот ниту совест на било кој друг, секој си ја имаа својата сопствена совест.

Што ќе беше деновиве ако не беше новинарството, ако не беа известувачите, камерманите? Како ќе знаевме дека пред Парламентот едни наспроти други се Македонците? Самите Македонци едни спроти други, доведени тука како божем некакви паравоени одреди кои треба да се пресметаат меѓу себе „во името на народот“.

Како ќе знаевме дека еден број уметници, артисти, со партиска клетва, но не со клетва и во наше име и за наше добро кои не сме партијци, тргнаа по улиците на Скопје, носејќи го пред себе транспарентот на кој со големи букви пишуваше „Уметност", збор кој додека тие го влечкаа, ронеше солзи од тага. А тие неколкумина се добри артисти и дотолку изневерата е поголема и моралниот момент пожесток. Затоа, во еден умен и нежен текст, артистката Синоличка Трпкова, на Бранко Ѓорчев, му пишува: „Сакам да знам, јас како твој колега од комшиските клупи на ФДУ, каков е тој став, што ти го имаш?... Земја во кој актерите се слуги на владеачките структури – нема иднина".

**Димитар Башески**



## Заложници[31]

Историјата, пак, веќе уште од пред неколку дена, им го сврти грбот на овие луѓе, инаку актери.

И, сега, еве и јас, како Синоличка, ќе речам: Земја во која писателите би биле слуги на владејачките структури – нема иднина. Адорно го има речено она: После Аушвиц, не треба да се пишува поезија! Се разбира, тој не беше во право. Треба да се пишува и уште повеќе отколку досега. Сакам да верувам дека кога го кажал она дека по Аушвиц не треба веќе да се пишува поезија, сакал всушност силно да посочи до каде може да стигне човековата бестијалност, особено поттикнувана од крволочни идеологии.

Дали ДПМ е должно да им изрази своја поддршка на новинарите? Се разбира дека не е. Секој постапува онака како што мисли дека треба да постапи. Но, пак, постапките се оние кои во најголема мера ни помагаат да се запознаеме и да се познаваме едни со други.

Морам да признаам дека за прв пат во животов пишувам текст по наговор, иако сметам дека сите ние треба да дадеме придонес на сето она што се случуваше на 24.12. пред Собранието.

Арно ама во мене се појави една грда институција која долго време ( неколку саати) ме држеше во заложништво. АВТОЦЕНЗУРАТА!

Една од најгрдите човекови особини поврзани со стравот за сопствениот конформизам. Па бидејки не сум конформист по "професија" решив да превземам некои чекори. Имено пред извесно време соопштив дека се откажувам од моите деца, внуци и останатата родбина во нивни интерес, за да немаат последици од моите " неконтролирани" постапки.

Е па штом е така и штом тоа го направив можам слободно да си пишувам, да си јадам г...а без некој да страда заради мене. Ме прашувате од кај ми е идејата за ваков потег?! Многу едноставно , бев предупреден посредно и непосредно и по телефон и директно да внимавам на моето однесување и на моето пишување. Им порачав ич да не ги боли за мене што и како бидејки мојот живот полека но сигурно згаснува и немам што да изгубам, дури ни српот и чеканот

31 http://a1on.mk/wordpress/archives/77686

бидејки тоа ми го зедоа “ визионерите” наши, кои ме убедуваа дека допрва ке видам што е живот.

Добро, си реков, ај да видам. Очи ми истекоа, нерви ми се истенчија, станав Годо ама од поубавиот живот ни трага ни глас. Напротив секој ден тонев од грдотија во грдотија. Има тука и моја вина, ама не до толку.

И наеднаш станав заложник на една иста политика ама имињата на пропагаторите на “ круцијалните” идеи се менуваа. Сите властодршци ми беа блиски по некој начин. И бев збунет. Им ги гледав програмите си личат ко јајце на јајце и си поставував прашања: А чуму ни е многупартиски систем кога сите до еден се грижат за мене како да сум им најблизок род. Сите подеднакво се грижеа и за Државата ни. Дали забележувате дека пишувам во минато свршено време. Да тоа време помина , ама настапи едно друго време, време кога полутаните, не многу докваканите, до вчера беа апсолутни анонимуси, а денеска токму тие владеат. И многу пати сум си поставил прашање кај е проблемот што сето ова се дозволува.

Најверојатно ќе да е во генетскиот код.  Кога Севишниот го создавал човекот, имам чувство дека меѓу последните го создал Македонецот. Дали ќе да е од замор, дали ќе да е од заситеност, во секој случај направил едно чудо утки во нашиот код. Па како може луѓе да живееме како заложници на некои персони кој ако не влезеа во политиката ќе беа тоа што беа. никој и ништо.

И наеднаш заложници нивни стануваат уметници, интелектуалци, занаетчии. Аллллооо до кога? Ова ало си го упатувам и себе си.

До кога ќе дозволуваме разни полумедиокритети да си играат со нас? До кога ним ке им се улизуваме? До кога ке бидеме нечии полтрони и дупелижачи? И после сакаме да си одат! Е како да си одат кога им е убаво. Ем не под......т, ем им го лижеме задникот. А бе убајна.

Да се вратам на 24.12. Што сакавме, сто очекувавме. Кога сето тоа се случуваше во соседните земји им се восхитувавме. Се соживувавме со Србите, со Бугарите, навивавме за нив ко да сме на фудбалски натпревар и им се восхитувавме кога ја освоија до вчера нашата Скупштина, ги бодревме и им честитавме на Бугарите кога го освоија Собранието. Супер, од сосед по сосед. Арно ама, секогаш има едно

АРНО АМА. Мечката заигра и во нашиот двор и што направивме ние Библиските и Античките? Си ја пикнавме главата под перница со мислата НЕМАМ ЈАС НИШТО СО ТОА, НЕКА СИ ВАДАТ ОЧИ.

Е море драги мои комшии, пријатели ако може во иднина да не ја навредуваме Библијата и Антиката пикајќи се ние во таа историја. Ало Антички , па Цане Македонски би се срамел дека го својатате и се поистоветувате со него. Срамота. Што направивме сите ние кога нашите очи (новинарите) на сила ги вадеа од галеријата на Собранието? Што направивме сите ние кога како најдолна стока ги влечеа пратениците и пратеничките од салата? Да ви кажам ли? Нејќете? Да знам, вистината боли, ама седнати ко стрини пред ТВ гледавме кој турски серии, кој патриотски емисии, кој турбофолк музика слушаа. Неможеа друго и да видат и да чујат. Ги превртев сите канали и информациите кој што ги добивав од терен и мислев дека се лага. Па според Националните телевизии во нашава напатена земја течеше само мед и млеко. И тогаш на Фејсбук видов пост „Браво Боби Христов“ и нормално веднаш свртев на 24 часа и конечно ја видов вистинската слика.

Цане Македонски би се срамел дека го својатате и се поистоветувате со него.

Тажно! Лидерот на опозицијата стои достоинствено, меѓутоа тагата во очите му се гледаше. Беше изневерен од своите скопски сопартијци. Да не беа довитливите струмичани, итрите прилепчани немаше ни толку да има. За прв пат го видов БЦ толку лут и бесен, толку што не му преостана да ја руши бариерата и да тргне по цена да “ попие” некој пендрек. Па добро бе господо чувари на народот знаете ли кого удиравте? Ај што е лидер на опозицијата, ај што бил Премиер,ама човеков беше Претседател на Македонија и не ја посрамотиниеднаш никаде како што многу често го прави тоа позицијата. Срамота. Да се немало намус, да се немало почит. Ја влечкаа Радмила Шеќеринска ко да е крпа за бришење душеме и во исто време заборавaат дека таа Дама ја донесе до подотворена врата Македонија во ЕУ.

Ама нема везе, таа е СДСМ, а штом е од таму треба да се ништи. Мотото на позицијата е- кој не е со нас е наш непријател! Глупости, ама глупости. Од кај таа идеја. Едноставно не се согласувам со нив а тоа не значи дека ми се непријатели. Напротив сите ги доживувам, барем така сакам, како конструктивни противници.

И за крај уште нешто. Јас бев, сум и ќе бидам тоа што сум. Луѓето ме препознаваат иако не сум политичар. Седат, пијат ракија , кафе (лажам за кафето), мезат со мене иако не сум, ама ич не сум моќен.

А вие кутрите кога ке си отидете од власт, а? Што очекувате? Свесни ли сте дека сите ваши заложници ке ви свртат грб. Знаете ли како се вртат сончогледите? Од кај да знаете, кога не сте земјоделци, а штрајкувате и добивате субвенции како земјоделци. Уским уметници, кога сме веке кај титулата Уметник да им се обратам на моите бивши колеги. Драги мои, си ве сакам, ама постои разлика меѓу Уметник и човек кој се занимава со Уметност. Ја воочувате разликата , нели?

А, доста веќе. А, да, само уште една молба: Ослободете ме од вашето заложништво, пуштете ги моите деца , внуци и сите млади луѓе да живеат.

Во некоја друга прилика за типовите кои се фалат со гениталии.

Бидете ми живи и здрави и Господ нека ни е на помош.

**Марин Гермов-уметник без книшка**

**Марин Бабиќ**

## Десет дена потоа

Поминаа десет дена од датумот кога, според календарот на древните Маи, се очекуваше пропаста на светот. Тоа беше и ден кога некои од македонските „уметници“, главно директори, избраници и миленици на власта, се решија да паѓаат на колена не само пред неа (зашто мораат), туку и пред опозицијата, ако затреба (?!). Тоа што се случи пред десет дена за македонските уметници, во 21-иот век, е рамносилно на крај на светот, оној уметничкиот, кој претпоставува дигнитет, достоинство, право на мислење, на личен став, на отпор, на соочување со вистината и грдата реалност што ја живееме, **сега и овде**; сцената на уметниците им служи, да потсетам, за со сета снага да се борат за другата, уметничката вистина што треба да допре во гледалиштето и да наведе на размислување, на преиспитување, често да поучи, да пробуди емоции, да продухови. Се прашувам, која публика ќе им поверува на горе споменатите “уметници” кога на сцената ќе ја продаваат својата уметност, додека (во догледно време) заборавот не го избрише срамот, не само нивниот, туку за жал и на целата уметничка бранша, во чие име, како директори и уметнички директори на национални установи, членови на разни совети, комисии итн., назначени само со цел да бидат слепи послушници на партиските наредбодаватели, се дрзнаа да изигруваат маченици и да коленичат во име на посветлата иднина за културата во Р.Македонија. Можеби мојата реакција е задоцнета, со оглед на уште пострашните збиднувања во македонскиот парламент, во деновите што следеа, кога претставниците на народот од владеачките партии беа неми набљудувачи, со измиени мозоци, како да се роботи (а можеби и се?!), на невиденото насилие врз нивните колеги, **исто така претставници на народот**, во име на “државните интереси “, што секој нормален човек го оставаат не само без текст, туку и без здив; но, ми беше потребна временска дистанца за да го смирам во себе насобраниот гнев, кој ја блокира чистата мисла и може да повреди и по некој недолжен, на пример, оние присутни во толпата, кои не беа уметници, туку **морале да се покорат на наредбите**, за да не бидат избркани од работните места; во таа фарса малкумина имаше актери (жални фигури), кои притоа не знаеја како подобро да се затскријат и кои веројатно се големи должници на актуелната власт.

> Некои од македонските „уметници“, главно директори, избраници и миленици на власта, се решија да паѓаат на колена не само пред неа (зашто мораат), туку и пред опозицијата, ако затреба (?!).

Длабоко во себе знаат дека Мери Георгиевска е во право кога вели дека театарот не го чини градбата, туку луѓето кои работат во неаМногу сум љубопитна како се чувствуваат сега, десет дена потоа, по се’ што се случи, директорите “уметници”, што стоеја гордо исправени на импровизираната сцена и со толку силен емотивен набој се “бореа” за изгласување на државниот буџет од кој добиваат само трошки? Или можеби знаеја што следува? Ми беше чудно што не ги видов и во првите редови на таканаречениот Народен фронт? Тоа се маркантни ликови, последниве години често присутни и на телевизиските екрани, кои е тешко да не се препознаат. Или можеби беа и таму, но сега добро скриени? Каде беа да се соочат со “страшниот” непријател отспротива... победоносно да ја водат толпата... да фрлат и по некој камен, ако затреба... да загинат за „народните права“... за „народниот“ буџет... да ја завршат срамната претстава во која, како на врвни уметници, за какви ги сметаат, или се сметаат, им беа доделени главните, животни улоги? Сигурна сум дека како награда за покажаната храброст и пожртвуваност ќе бидат членови на ансамблот што ќе создава во старо-новиот театар, но длабоко во себе знаат дека Мери Георгиевска е во право кога вели дека театарот не го чини градбата, туку луѓето кои работат во неа. **Стара и позната вистина.**

Во Новата 2013 година им посакувам уште поголеми успеси во одбрана, прво на власта **(за нив не е битно која власт)**, а потоа од се’ срце и на уметнички план.

**Лилјана Велјанова**

## Тажната земја во која уметниците ја поддржуваат диктатурата

Уметниците често предничеле во промовирањето, заштитата и борбата за демократија.

Уметниците, заедно со работниците, студентите и академската фела вообичаено биле први во промовирањето, заштитата и борбата за демократијата. Тие оделе чекор понапред, се спротиставувале на власта и барале поголеми слободи, повеќе простор за различност, повеќе демократија и помало влијание на властодршците.

Во изминатите 20 години нашите уметници ниту еднаш единствен пат не излегоа организирано во одбрана на човековите права, против било која акција на власта, полицијата, не се спротиставија на затворањето на медиумите, не им пречеше инволвирањето на Македонија во воени акции, не поддржаа права на маргинализирани групи.

За разлика од уметниците кои материјално и нематеријално го поддржуваат движењето Окупирај го Волстрит, или сите оние кои го поддржуваат мирот и правата на обесправените,

Нашите глумци и уметници станаа во одбрана на власта, во заштита на диктатурата, во поддршка на неконтролираната моќ.

Не, тие не излегоа да ги поддржат стечајците, ниту работниците од Охис, на крај памет не им беше да застанат покрај лекарите, не ги возбудија ни внатрешно раселените. Никако. Тие станаа против опозицијата, против поставувањето на прашања, против барањето за одговорно трошење на парите на граѓаните.

Имам полно разбирање за истакнатите партиски војници и луѓе кои немаат врска со уметноста меѓутоа добиле вработување кое сега треба да го бранат. Имам разбирање за болниот човек кој изгубил врска со реалноста и за тоа е награден со награда за животно дело. Но немам разбирање за Дејан Лилиќ и таквите како него.

Која мака го натера така торжествено да застане во одбрана на фашизмот. Во која драма влезе и кој ли текст го читаше? Дали тоа

**Нашите глумци и уметници станаа во одбрана на власта, во заштита на диктатурата, во поддршка на неконтролираната моќ.**

беше Хамлет, или Ромео и Јулија, или можеби Мртвиот актер, или се му се смешало па се замисли за Александар големиот таткоубиец? Или можеби влезе во кожата на Бај Гањо оди за Романија и се изгуби во лавиринтот на сопственото незнаење?

Она што знам со дигурност е дека ми се одмиле уметноста во Македонија, и македонскиот театар и оваа држава во која се е наопаку.

**Мирјана Најчевска**



## Искра Гешоска – граѓанка на Република Македонија

Не сум човек кој знае да држи говори, Господ не ми дал дар да покренувам маси. Но затоа, имам дар да ја сакам и препознавам слободата и, уште повеќе - сите алармни лампи да ми се запалат кога ја нема, кога полека се измолкнува!

Моите родители ме учеа дека љубовта се покажува и докажува со и преку слободата. Кога љубиш некој, треба не само да му дадеш слобода туку и да го учиш незимерно и непокорно да ја бара и да ја брани. А слободата го елминира стравот од соопштување, од слободно изразување. Слободата подразбира постојано критичко преиспитување на оној кој го љубииме и на она што го љубиме. Ако е така како што ме учеа моите родители, тогаш дали ние имаме слобода во оваа земја!

Е, па, ако дамите и господата кои се во мигов челници и владејачи со државата велат дека се патриоти, што подразбира дека имаат љубов за татковината и за граѓаните во неа, тогаш зошто ни ги одземаа слободата и правото да мислиме и да говориме. Петре М. Андреевски, велеше „Правото на мислење си го одредувам според тоа колку слобода си имам дадено на располагање. Но бидете убедени дека, кога не се согласувам со себеси, не се согласувам со никого". Оваа Власта, не сака и не дозволува друг да мисли. Таа, и кога ти допушта да мислиш, го скицира твоето мислење, го рецензира, го цензурира, го лекторира и ти го меморира. Таа сака да мислиши според образец што ти е даден како урнек за непогрешно мислење. Слободата на мислење ти е под постојана контрола. Власта мисли  дека сите умни зборови само на нејзе и` прилегаат. Ако слушне дека и ти ги користиш, може легално да ги конфискува. Тебе не ти прилега ни срамот од кого таа не се срами. Што ни останува тогаш? Или да молчиме пред тоа што го слушаш или да замижуваме. Зашто човекот и онака замижува пред вперен пиштол, пред кремата палка, пред отворен нож.

Замижува при ненадејно кивање каде се треба да се одработи во идеална тишина. Се разбира, за да не го откријат. Замижувавме при промоција на сопствената глупост, со која единствено може да се пофали. Замижува пред некои непрофилирани човечиња кои скокаат

од радост дека станале министри, иако не знаат кој ресор го водат.

Но, може и друго да одбереме - ширум да ги отвориме очите и гласно да проговориме, без страв да се спротиставиме и храбро да му кажеме НЕ на слепилото кое таа го произведува и проповеда“

Кажи, не се снебивај, велеа моите родители!

И што да му кажам на мојот покен татко, кој се борел во втората светска војна за слобода и кој цел живот се обидуваше вака или онака да биде слободномислечко битие. Што да му кажам денес кога оние кои сакаат да се претставаат лажно како татковци на оваа земја, насилно и брутално ми покажуваат дека љубовта е покроност и молк и дека слободното, критичко мислење и реагирање треба да се дисциплинира и санкционира со корупција, со блокирани сметки со бркање од работа.

Што да и› кажам на мојата мајка, актерка, која изговорила илјадници реплики на сцената посветени на слободата и против угнетувањето. Како да и› објаснам дека во нивното време им било дозволено повеќе маневрирање во просторот на слободата отколку сега. Како да не се засрамам пред неа кога и› говорам за нејзините колеги уметници и културни работници кои станаа поданици за некој денар повеќе и за лажна и правлива моќ, кога нејзината генрација авангардни театарски уметници, во времето на комунизмот биле храбри и од сцената смело упатувале критики непокорувајќи се на барањата од тогашниот државен врв

Овие луѓе не ни дозволуваат да ја сакаме својата земја. Овие луѓе ни ги крадат животите.

Овие луѓе се крадци. Го украдоа правото на политичко, ја украдоа културата, го украдоа соживотот, ги украдоа пријателствата, ја крадат и лажираат историјата, ни го избербатија и пљачкосаа домот.

Нè заглавија во полулажна историја за да нè зашемаетат со цел да не ја забележиме нивната одговорност и нивното уништување на сегашноста и на иднината, за да ги прикријат валканиците кои ги спремаа сега и тука. Историјата може да биде адут, но не и лажна утеха. Затоа јас повеќе сакам да мислам на иднината, без да се заборавааат притоа поуките од минатото. И затоа треба да се спротиставиме на сите оние кои нè втурнаа во едно време и место за чие грдо наличје

**Овие луѓе се крадци. Го украдоа правото на политичко, ја украдоа културата, го украдоа соживотот, ги украдоа пријателствата...**

не ни можевме да си замислиме. Иднината не смее да продолжи без нас, без граѓаните. Таа од минатиот понеделник се одвива на улиците. И ќе се одвива тука се› додека заробените и потчинетите институции не ја вратат слободата и не ги исполнат барањата на граѓаните.

Споменичната разбигрижа веќе нема да им помогне.

Време е за витештво, кое верувам дека истрајно ќе застан наспрема секој облик на насилие!

Сега не ни преостанува ништо друго туку да се запрашаме дали во овој свет кој се лизга кон својата пропаст, кој се убива без тоа да го забележи, постои јадро на способни луѓе кои можат да се справат со лагата и да го наметнат хоризонтот на вистината, да создадат приказна која ќе пружи отпор на догмата во која веќе не веруваме.

Дами и господа, почитувани граѓани ние се наоѓаме во позиција на луѓе кои навидум предоцна дошле на претставата, откако вратите на театарот веќе се затворени. Меѓу чиновите има шанса вратите уште еднаш да се подотворат. Ајде тогаш да јурнеме внатре, во врелото на оваа општествена претстава и во темнината да го побараме сопственото место! Го испуштивме почетокот на дејствието и ништо не можеме да сториме околу тоа. Туку ајде да пробаме понатаму да бидеме интегрален дел од текот на претставата и што е можно поенергично и повнимателно да учествуваме во нејзината драматургија и режија.

**Искра Гешоска**

# ИНТЕРВЈУА

## Зоја Бузалковска – Уметникот треба да е дежурно око за општествените аномалии[32]

Само оној кој си го извалкал достоинството може да се плаши јавно да ги искаже своите ставови, зашто знае дека оние од другата страна го чекаат на пусија, за да го потсетат на времето кога „неговите“ биле на власт и кога тој се однесувал исто или полошо, вели нашата режисерка и професорка на Факултетот за драмски уметности, Зоја Бузалковска.

Нејзината јасна и недвосмилена порака, испратена до уметниците непосредно пред нивниот протест, (сега веќе на крајот на изминатата година), и тоа во име на „загриженост за донесување на буџетот за 2013 година“, имаше една и единствена цел – заштита на нивниот интегритет, но и на лицето на уметноста, а тоа, пак, е само еден од поводите за интервју со познатата македонска режисерка.

Тука се, секако, и состојбата на театарската сцена, политиката во театарот, последните податоци од Заводот за статистика за опаднатиот интерес за театарските претстави, ставањето на живата уметност во сенка, арт-активизмот...

---

**Генерално, веќе го видовме Вашиот став по повод протестот на „уметниците“ зад параванот „буџет за 2013“. Како би го дефинирале овој потег што го направи дел од македонската културна сцена? Дали е ова екстремна злоупотреба на културните работници, и станаа ли со ова актерите „слуги“ на власта?**

---

- Со излегувањето на улица, дел од културните работници практично се обидоа да ѝ помогнат на власта да си ги истурка своите цели и

32 http://www.plusinfo.mk/mislenje/694/Umetnikot-treba-da-e-dezhurno-oko-za-opshtestvenite-anomalii

интереси. Повикот кој беше испратен, удираше токму таму кадешто секој од нас е најосетлив - доизградбата на Старо-новиот театар или на Македонската филхармонија. Со тоа на најперфиден можен начин беа залажани и оние, кои, кога малку повеќе би го разбирале поширокиот општествено-политички контекст во кој настана блокадата на изгласувањето на буџетот, никогаш не би излегле на улица. Но, да се дозволи да се биде алатка во рацете на власта, за нејзините лични интереси, може само ако се подели профитот. И тоа е за мене поразително сознание, а го имам од поодамна. Тогаш реков дека овој потег е уште еден бескрупулозен обид на власта да продолжи со своето расипништво на парите од граѓаните, во кој уметниците ќе и послужат како маша за политиката на континуирано осиромашување на народот заради личното богатење на неколкумина. Но, не можев ни да претпоставам колку побезочна ќе стане пресметката со сите оние кои ќе ѝ застанат на патот на таа намера и во што ќе се претвори. Со огромно жалење и револт гледав како новинарите и пратениците како партали беа исфрлани и истуркувани од собраниската сала. Многу ме интересира дали по само еден или два дена, голем дел од луѓето кои излегоа на протестот не се почувствуваа токму така, како што предупредив - изманипулирани?

---

**За волја на вистината, не беа многумина од уметниците кои јавно негодуваа дека не сакаат да влезат под оваа категорија „уметници-бунтовници за буџет“? Мислите дека дел од уметниците се принудени и злоупотребени, (оние кои протестираа), а дека другите се исплашени? Станува ли културата заложник на политиката и средство за самопромоција?**

---

- Политиката е длабоко навлезена во сите пори на општеството. Ја има таму каде што не смее да ја има. На територијата на културата таа просто ги урива уметничките вредности и, преку тоа, промоцијата

на општо-човечките вредности, а во други области - дури загрозува човечки животи, зашто компетенцијата е заменета со подобноста. Уметноста нема и не може да има ништо заедничко со политиката. Директорите на театрите не смеат да бидат поставени на раководните функции само затоа што се членови на одредена политичка партија, ниту пак актерите треба да бидат примени во одреден колектив од истите причини. Несфатливо е што со години никој во театрите не разговара за концепти, автори, квалитетот на актерскиот и останатиот креативен состав, драматургијата или одредената режисерска естетика. Како ова да стана неважно. Тогаш, што јас им предавам на своите студенти? За што ги подготвувам? Каде ги испраќам? И како ним да им зборувам за тоа дека сцената е естетски простор кој не смее да се извалка, а тие да ми поверуваат? Уметниците се поделени - одамна и со остра црта. И со тоа, креацијата е убиена. А за стравот, зборував повеќепати досега. Но, од пред неколку дена, не знам дали има човек во државава кој не чувствува страв. Ако има таков, греши што не се плаши, зашто значи дека е во заблуда или дека не ги разбира работите докрај. Во моментот кога извршната власт, преку прескокнувањето на инстанца во законодавниот дом, го прегази Уставот и донесе одлуки кои се противзаконски и противуставни, граѓанинот бездруго ќе се почувствува незаштитен. Може ли тој да верува во било какви законски, судски инстанци, оттогаш наваму? И во кои? Кому да се пожали? Кого и кај кого да тужи? Ако највисоките претставници на власта се однесуваат противзаконски - кој ќе ги штити интересите на народот? Од пред неколку дена наваму ништо во оваа држава веќе не е исто како досега. Дефиницијата за ова што ни се случува е своеволие од времето на Калигула. Безвластие. Башибозук. И ние можеме да се правиме дека не го разбираме тоа и да продолжиме понатаму обидувајќи се да заборавиме, но последиците допрва секојдневно ќе нѐ потсетуваат дека тоа навистина се случи и дека го видовме со сопствените очи!

**Уметниците имаа доволно причини во изминатите години да се кренат на протести, што во нивната сфера, што во знак на поддршка и солидарност на загрозени човечки права и на други категории. Зошто македонските уметници се толку долго во хибернација? Обично, во светот, во знак на поддршка, актерите се собираат дури да реагираат и за луѓето кои живеат во област каде ќе се гради фабрика што би им го загрозила животот. Себични ли се нашите уметници или ни недостига повеќе свест и совест?**

- Мислам дека тоа е делумно така, поради тоа што еден голем дел од уметниците се преселија од уметноста во политиката. И тука не зборувам за оние кои како експерти за одредена област партиципираа во власта во рамките на своите компетенции. Тука пред сè мислам на оние кои просто имаа потреба да станат членови на партии и да земат партиска книшка. Е тоа е веќе голем проблем! И посебно ако се знае дека тоа го направија со многу конкретен интерес и калкулација за она што би го добиле со ваквата постапка. Со тоа, нивната уметничка слобода умре. Со продавањето на душата, пак, на „ѓаволот", почнаа да умираат и институциите со кои некои од нив раководат. Ги продадоа светите места на нашата култура, и тоа за мали пари. Уметникот секогаш мора да биде дежурно око за аномалиите на општеството, прогресивна сила, некој кој не може да биде ниту обвинет ниту уценет, кој има чист образ, кој не дозволил да биде купен од само еден начин на мислење. Само оној кој си го извалкал достоинството може да се плаши јавно да ги искаже своите ставови, зашто знае дека оние од другата страна го чекаат на пусија, за да го потсетат на времето кога „неговите" биле на власт и кога тој се однесувал исто или полошо. Има области кои мора да бидат имуни на политиката. Уметноста со политиката може и треба да се занимава само од сцената и само преку делата на драмските автори. Бесполезно е да излезете на улица и да кажете дека сте излегле како уметник, ако сте активен член на партија. Кој ќе ви верува и зошто би ви верувале? Уметниците во светот, кога излегуваат на улица, излегуваат како ѕвезди со личен, најчесто бескомпромисен став, а не како претставници на одредени политички опции и тоа е она што ги прави моќни. И ако погледнете низ

историјата, тие секогаш досега биле на страната на обесправениот, повредениот, пославиот, оштетениот, поробениот, хендикепираниот. Скандалозно е да излезете да ја браните власта. Од кого?

---

**Дали сликата што ја видовме на протестот може да ја пресликаме и директно во театрите? Се случува ли и таму ист „театар“ како овој што го видовме? Улоги да добиваат само подобните, а театарот да ни е далеку од искрен и квалитетен, особено штом не е слободен?**

---

- Да. Ова пред неколку дена беше кулминацијата на таквиот „театар“. Кордоните кои ги видовме пред некој ден, со панцири и кучиња, седат во канцелариите на државните институции од културата, маскирани во директори и совети за аудиции за вработување и не пропуштаат ништо што не е „нивно“ или лесно поткупливо да стаса до сцената. Со ваквата ситуација, театарот стана играчка на малкумина и битно го измести поимот за квалитет, па така денес се глорифицираат дела кои во поширок контекст се безначајни. Со тоа, секојдневно се симнуваат критериумите и очекувањата на публиката, која го диригира комерцијалниот ефект, за некои директори денес најзначаен, а театарот станува млитав и тотално дистанциран од општествено-политичкиот контекст во кој се создава.

---

**Како би ја оцениле состојбата во која се наоѓа сега македонскиот театар, во корелација со последните податоци од Заводот за статистика дека посетеноста на театарските претстави е намалена и дека ја губат публиката за 34, 2 отсто споредено со сезоната 2010/11 година?**

---

- Состојбата на македонскиот театар е сè полоша и полоша. Сосема е изместен од контекстот на времето во кое се создава. Нема острица. Сиот е потонат во компромиси. Доминантен интерес во многу куќи станува заработката. Нема ништо што би испровоцирало, замислило, воодушевило. Сцените се полни со материјална и духовна сиромаштија. Но се разбира, секогаш има исклучоци.

**Како гледате на поетиката и репертоарот на македонскиот театар во целина. Дали состојбата во која се наоѓа, ветува подобар пат во иднина? Или...? Значи ли нова театарска зграда по автоматизам и театарска квалитетна понуда?**

- Тука не може да се стави знак на равенство во сите театри. Оваа година изгледав неколку претстави од Битолскиот театар и морам да кажам дека тие презентираа едно завидно ниво, независно од тоа која од нив ми се допадна повеќе, а која помалку. Прилепскиот театар веќе неколку години има одличен репертоар. Видливо е и тоа дека МНТ има доста јасна и чиста репертоарска политика во последниве година-две. На репертоарот се повторно големите драмски класици, а наскоро чекаме премиера на најновиот текст на Дејан Дуковски. Во пост-продукцијата гледам дека куќата еднакво се грижи за сите свои претстави и за тоа да имаат континуитет на репертоарот. Тоа е одлично. А што се однесува до новата театарска зграда, се разбира дека не значи по автоматизам квалитетна понуда. Но, од зградите во кои се создава театар, честопати се чита свесноста на една држава за огромното значење на живата уметност за нејзиниот сопствен духовен развој и за негување на најголемите човекови духовни вредности. Нивниот пад во нашето општество е толку драматично силен, што одамна треснаа на дното. Кога ќе го видите „Иван Вазов“ во Софија, ЈДП или Народно позориште во Белград, МХАТ во Москва или Националниот театар во Лондон вие го читате кодот на таа земја во областа на театарот. Во таа смисла, навистина и се радувам на новата зграда и верувам дека ќе биде едно посебно доживување да се твори во неа.

**Колкава е грешката што ја прави Министерството за култура со овие т.н. капитални инвестиции, но, и со инвазијата од споменициите, на сметка на живата уметност?**

- Тоа е веќе друга приказна. Меѓу реалната цена на чинење на сите тие силни објекти и онаа која ја слушаме секојдневно по медиумите има огромна разлика. Освен тоа, не гледам низ историјата дека било која, многу поразвиена од нашата, економија, си дозволила

да гради толку многу објекти истовремено. Една моја колешка ми предлагаше наместо хонорарите што ни ги должи Министерството за култура по година и по две за добро и навреме завршената работа, да одиме да си земеме по некоја вреќа песок и по некое столбче, лавче и Александарче од градилиштата кои ги има на секој чекор, па можеби ќе ги продадеме на некој самопрегорен Антички Македонец што гордо шета по македонските улици и со восхит ги фотографира новите градби, за добри пари. Што не излегоа моите колеги еднаш да кажат со какви буџети работиме претстави со години наназад? И, посебно некои од нас. Списоците кои ги гледаме не се доволни за да знаеме кој и зошто ги добива вистинските прилики во оваа држава. Другите само го пополнуваат просторот. Иронијата е што, секогаш кога буџетите се срамно мали, а средствата за изработка на сценографијата или костимите стасуваат два дена пред премиера или воопшто и не стасуваат, одговорот е - нема пари. Таквиот одговор, во моментот кога владата гради еден куп непотребни кич објекти со чудовишни размери, ми звучи бесрамно и сосема ги поразува моите надежи.

---

**Каде е тука меценството? Имаме ли сенс за таква поддршка на културата?**

---

- Не, за жал немаме. Изгледа нашите богати луѓе немаат сенс за театарот и за културата воопшто. Со восхит гледав како некои мецени во Москва одделуваат огромни средства за театрите во кои творат нивните идоли. Престиж е во такви развиени општества да си финансиер на театар, кој ќе прерасне во водечки театар во земјата. И притоа не зборувам за донации од пет или десет илјади евра кои овде не можеме да ги добиеме во никој случај. Финансиската поддршка на театрите кои се квалитетни и во кои вреди да се инвестира, од банки и фирми во Москва, изнесува и по повеќе милиони долари годишно.

---

**Колку силно верувате во моќта на театарот? Ја има ли се уште потребната сила да „поместува планини“ или ова е време на генерации кога предност им се дава на некои други „дискурси“?**

---

- Да не верувам, одамна веќе немаше да се занимавам со театар. Но вака, фрлен на буниште, малку може да промени. Треба да му го вратиме остенот. Опасно е што новите генерации стануваат апатични, однапред изморени од сето што ги опкружува, заштитени од механизми кои ги држат во незаинтересирана состојба за реалноста, наспроти виртуелната стварност која ја прифаќаат како излез или како бегство. Во таа смисла, голем дел од нив се и лесно поткупливи што има директна врска со социјалниот амбиент кој се менува само на полошо во повеќе од дваесет години транзиција. Уценети се со комотни плати и по некоја улога еднаш во две-три години. Ако се добри, ќе им дадат и да надсинхонизираат во некоја серија. Оти, и тоа кај нас стана работа на престиж и подобност. Не може секој да го прави.

**Како гледате на арт-активизмот како механизам за позитивни промени во општеството? Се плаши ли дел од нашите уметници да го артикулира општествено-политичкиот и социјален контекст во своите дела (од најразлични причини)? Каде и зошто исчезнаа сопствениот став и јасното уверување кога треба да се манифестира критичката позиција кон стварноста?**

- Не се согласувам дека сосема исчезнаа. Но, повеќе напаѓаат од заседа. Од илегала. Илегалата се некои театри по помалите градови кои на политиката не ѝ се во крупен фокус или некои независни проекти. Како и на други места, така и во театарот, власта се покри. Не може некој да прави претстава во која, условно, ќе „плука" самиот на себеси. Глупаво е. Иако, видовме дури и такви обиди. Наградени. Кога оние кои ја прават претставата се предмет на критика во самата претстава, а демек не се. Одлично прикривање. И истовремено, исклучително неморален чин.

**Што работи во моментов режисерот Зоја Бузалковска, и што во блиска иднина може да очекува публиката од неа на театарската сцена?**

- Мојот интерес оваа година се движи помеѓу Чехов и Пинтер. Едни два сосема различни и, истовремено, многу блиски света. И, тесно поврзани со општествено-политичкиот и социјален контекст во кој живееме. Важно е еднаш да се проговори од меинстрим сцената. Е тогаш имаме напредок. Тоа веќе по малку почна да се случува, а се надевам дека оваа година ќе ми се случи и мене.

**Анета Ристеска**



## Мери Георгиевска – Се плашам кога Македонец крева рака на Македонец[33]

**„Дали е време вистинските уметници да се ослободат од тешките стеги на среброљубието“, вели Мери Георгиевска, костимографката**

Мери Георгиевска, која работи како костимографка во МНТ, предизвика многубројни реакции на социјалните мрежи поради својата „смелост“ да објави јавно дека не се согласува и нема да учествува на протестите на уметниците за донесување на буџетот. По нејзината изјава се појавија неколку многу остри реакции, навреди и етикетирања од страна на нејзини колеги, но и реакции кои застанаа во нејзина одбрана.

**Мери, Вашата реакција и осуда по повод протестите на уметниците очигледно ја погоди суштината. Беа ли изненадување за Вас реакциите на Вашите колеги од театарот или можеби очекувавте жестоки напади, со оглед на одбраната на сопствената позиција?**

Не очекував ништо повеќе и ништо помалку откако го искористив моето најлегитимно право да го објавам преку социјалната мрежа Фејсбук она што веќе на сите им стана познато. Со брзина на светлината бев нападната само од тројца мои колеги, од кои двајцата се огласија преку сопствените Фејсбук-профили, а едниот користејќи го профилот од сопругата. Изненадувањето беше големо. Тие го изманипулираа мојот став мислејќи дека обезбедуваат сопствен политички „триумф“ во општеството. Мојот став ниту по содржина ниту по порака не беше упатен кон нив. Јас застанав во заштита на уметноста, која не би смеела да стане залог на фолклорна уцена и употреба на истата како залог за манипулација и пропаганда од страна на малкумината.

33 http://www.utrinski.com.mk/default.asp?ItemID=A48220A8B00F814DB293F009AC172389

**Изјавивте дека верувате во уметноста, но изгледа дека не ја разбираат уметноста сите еднакво. Дали Ве погодува тоа, дали Ве разочарува ваквата поделба на уметници и уметници?**

Поделбата на уметниците не е ништо ново ниту во Македонија ниту на Балканот, а и светот ако сакате. Во историјата има изобилство од примери за тоа како општествените односи влијаеле и влијаат врз уметноста. Со традиција во историјата, и црквата и државата како и богатите патрони ја финансирале уметноста се› со цел да се зголеми нивната моќ и престиж. За жал, денес на глобално ниво се› повеќе и повеќе ескалира фактот дека пазарните сили се тие кои го одредуваат успехот или неуспехот на истата.

Се прашувам дали Микеланџело кога ја сликал Сикстинската капела бил ослободен во процесот кон сопственото творештво од страна на политиката? Се прашувам дали Нелсон Рокефелер кога во однос на модерниот абстрактен експресионизам се изрази со зборовите „free enterprice painting" дали не ни понуди политичка дефиниција на уметноста? Секое големо уметничко дело, ќе се сложите, претставува субјективен коментар и набљудување на состојбата на светот.

Во овој случај, во кој бев директно нападната со тешка артилерија од страна на артисти чиешто егзистирање одамна не памети уметност во вистинската смисла на зборот, останувам згрозена и вџашена од нивните непријателски резерви испукани кон мене, мојот ценет татко - Љубиша Георгиевски и кон целото мое семејство.

**Можеби најразочарувачко во сето ова е што фелата се подели, што наеднаш се вадат толку валкани работи, што едни за други уметниците упатуваат лични навреди и зборуваат кој колку е способен. Ве поколеба ли малку целата оваа ситуација?**

Ниту еднаш не се поколебав за она што јавно го кажав, сѐ уште стојам зад истите зборови. Не мислам дека фелата се подели. Таа беше поделена, само што не се зборуваше јавно за тоа. Сега се поставија јасно и гласно прашањата од типот: Дали е време вистинските

уметници да се ослободат од тешките стеги на среброљубието? Дали мистичноста и духовноста на уметниците треба да се постави над земните и светски грижи, после се›? Дали вистината кај уметниците ќе стане универзална, дали ќе се обедини и дали ќе стане посилна од корумпираноста на истата ?

---

**Кое е според Вас местото на уметноста денес во нашата земја, колку сето ова плаши, ако зборуваме за вистинските вредности?**

---

Македонија изобилува како ретко која земја со неизмерно голем број талентирани уметници, на кои треба да им се даде подеднакво право да творат. Нема да дозволам да си поверувам ниту на секунда дека моите јавно декларирани непријатели чија бројка е само тројца, и уште неколкумина зад нив, ќе ме поколебаат мене и мнозинството кое отворено го изрази своето гадење од нивната безпричинска последичност во вид на коментари од најнизок, најподол и најнеинтелигентен вид.

---

**Која е задачата на уметникот, токму во вакви времиња?**

---

Уметникот има и нема задача.Тој не смее да си дозволи да стане заробен од психата на потрошувачката култура. Уметникот отсекогаш ја содржи во себе политиката, но не треба да ја исцрпува!! Тој треба да твори секогаш и во секакви услови. Како што ќе рече големиот француски постмодернист и постструктуралист, Жан Бодријар:„уметникот, односно уметноста треба да доживее целосно ослободување“.

---

**Штрајкот на уметниците ескалира и со здружување во Фронтот за Македонија. Какво е Вашето мислење за тоа и дали по реакциите и заканите за Вас како „предавник“ и за Вашето работно место, се плашите дека тие навистина може и да се остварат?**

---

Со мојот јавно искажан став сакав да порачам, да предложам една друга тактика со која само мислев да ја обесхрабрам уличната демократија, за која веќе се виде што може да донесе. Мојот став се состоеше во тоа што уметникот треба достоинствено да истрае во своето творештво со малите, а ако треба и со никакви материјални средства. Тоа е достоинството на еден уметник. Денес кога го пишувам ова ме плаши уличниот немир, мракот на периферијата, насилието, толпата во која по правило страдаат невините, се плашам кога Македонец крева рака на Македонец, ме плаши лагата на глобализацијата, ме плашат националистички и верски насилници, ме плаши зачестениот звук на брзата помош по скопските улици, ..... заради нашата Македонија и нејзиното постоење !!

Не ми паѓа на памет да помислам дека мојата иднина е загрозена од мојот став јавно произнесен на Фејсбук, зад кој како што реков се› уште стојам !! Штрајкот е доброволен чин. Мислам дека господинот Бранко Ѓорчев сакајќи да ми ги извади очите ми наслика веѓи. Му благодарам!!

---

**Рековте дека сте член на ВМРО, но и дека сте личност која има свој интегритет. По сите овие реакции мислите ли дека денеска е можно да се има интегритет и дали според Вас е можно да се вратиме на вистинската уметност, на онаа за која велите дека може да мириса убаво и кога произлегува од најголема „дупка“?**

---

Да, јас сум член на ВМРО-ДПМНЕ од нејзиното формирање. Вработена сум во МНТ само од пред две години. Моето долгогодишно професионално искуство го добив како фри ленсер. Во мојата кариера имам потпишано над сто професионални театарски проекти, изработено над 60 интервјуа за моето списание кое е сега во мирување. По професија сум академски графичар, а во моментов сум на докторски студии на ФДУ. Имам и две магистратури, една по дизајнерски науки, една по уметност на менаџмент и продукција. Повторно му благодарам на господинот Бранко Ѓорчев што ме потсети како сум вработена и колку долго. Замислете, еве веќе цели 2 години !

**На крајот, верувате во демократско општество, но по сето ова што се случува, сметате ли дека постои тоа кај нас или, сепак, тоа зависи од нашиот однос кон него?**

Денес, кога зачекоривме на прагот каде што поимот „дуалитет“ се брише како таков од страна на Универзумот, на прагот кон самосвеста и колективната свест, на прагот на ерата на Водолијата чие што мото е „Водете љубов, не војна“ верувам во Господ и во демократско општество. Верувам во семејството и во мојата татковина Македонија !!

**Најпосле сите ние сме „политички суштества“, како што рекол Аристотел.**

А што се однесува до нашата одговорност, мислам дека уметноста секојдневно не› потсетува сите нас уметниците дека ние сме тие кои треба да ја разбудиме истата во нас!! Па, да ја разбудиме, зошто да не?

Ние сме тие кои сме одговорни дали ќе и направиме на истата еутаназија под рефлексот на индиферентноста, па ќе треба после супер херојот- Феликс Бомгартнер да го молиме да скокне во бездната за да не› спаси.

Сунчица Уневска

## Слободан Унковски – НА 24 ДЕКЕМВРИ СЕ СЛУЧИ ГЕНЕРАЛНАТА ПРОБА НА ЕДНА МОЖНА ГРАЃАНСКА ВОЈНА ВО ЗЕМЈАТА[34]

Имам почит за она што го стори Мери Георгиевска и тоа таа го артикулира преку своето уметничко кредо. Немаме реакција на друга група, не се изземам тука и себе си, за да ги објасниме ставовите. Независните гласови, гласовите на храброст и слободно мислење треба да се појават

Македонија во 21 век ја гледам онака како што не сум сакал да ја видам - растурена, поделена, со неизвесни последици по неа. Процесите кои ја зафаќат не гледам дека скоро би имале позитивен развој и се плашам од она што може да се случи. Имаме минатата недела една кулминација, која можеби не е и конечна и дефинитивна и сите треба да сме замислени. Треба да направиме чекори за собирање на нашето национално ткиво заедно - рече деновиве во гостувањето на телевизијата „24 часа“ (домаќин беше Мишко Иванов) македонскиот режисер Слободан Унковски, од чиј настап преземаме некои од позначајните, по нас, сентенци.

**ПОДЕЛЕНО ТКИВО** За Унковски последните 7-8 години е направено доста за да се подели ова ткиво, тоа постојано е делено и хранета е таа поделба, па сега имаме посебни кафулиња, па не можете да мрднете ако не сте во одредена партија, па дури одиме и кон истопартиски бракови!

За Унковски она што се случи во понеделникот (24 декември) е само генерална проба на можна граѓанска војна во земјата. “Така беа дефинирани страните, тука беше полицијата со попис на целиот инвентар кој го има (кучиња, специјалци), сите страни како да чекаа некаков повик ... ама главната битка беше во Собранието. Го вежбавме тука апсурдот (прашањето беше дали во земјава се случува театар на апсурдот) подолго време, гледаме работи кои се случиле и кои се дефинираат различно и гледаме еден виртуелен свет - се

34 http://www.globusmagazin.com.mk/default-mk.asp?ItemID=723438BCC16FB747B6F895DF51E5FB15

прикажуван некаков живот кој нема врска со реалноста! Тоа е театар на апсурдот. Агендите, темите на пиесата која се игра, не се објавува - гледаме само што се случува нешто длабоко во утробата на земјава и дека една болест таму се развива.

Запрашан дали може да режира нешто такво кое сега го прави власта, Унковски рече дека тој е човек со богата фантазија и може да режира многу работи, но дека ова е прашање на срам. „Ако на една точка го изгубите срамот, тогаш можете се да правите - власта си ја турка својата агенда и кога нема процедурални основи и затоа таа се определи за грубост, бидејќи, финансиерите се нестрпливи, постои глад за пари и тука имаме нервозно однесување на партијата. Гледајќи како фунционираат одредени служби и министерства, мислам дека државата има добиено удар кој го прави некој кого не го знаеме, не го гледаме и затоа таа се однесува претерано нервозно.

**„СПОНТАНО“** Анализирајќи ги постапките на власта тој вели дека се што се случувало во Македонија и што сега се случува е под диктат на партијата која владее. Сите „спонтани“ работи се јасни, тој народен фронт (односно Фронт на народот) се појави и сега на Фејсбук за еден ден собира голема маса народ. Еден актер, член на Младите сили на ВМРО ДПМНЕ го гледате на сите партиски манифестации а сега е еден вид на портпарол на Фронтот (Роберт Велјановски) па јасно е од каде се влечат конците.

На прашањето зошто ја нема авангардата и зошто уметниците говорат само за буџетот, режисерот вели дека кога е државата единствен финасисер и кога тие пари се делат на таков начин што вие морате да бидете со партиски врски и влијанија, секако за нив е важно дали има буџет. Но, тука имаме манифестација пред настан - не дојде до неусвојување на буџетот а имаше протест! Досега немало ниту еден штрајк за плати на актерите, за зградите, ама претходно, значи тој протест не им послужи нив, на протестантите, туку му служеше на некој друг. - Јас бев во зградата на старата МНТ и имав проба, кога тргна процесијата (протестот на уметниците). Работам со врвни актери, еден или двајца од актерите по мобилен беа потсетени дека се членови на партијата, а имаше повик и до млади актери кои се тазе примени. А од писмото кое директорот на Драмски Бранко Ѓорчев и го пиша на Мери Георгиевска е јасно дека вработувањата се некаков услов понатаму тие

кандидати да ги вратат услугите - кажува Унковски. - Мери Георгиевска е единствена која јавно реагираше на овој притисок и иако нејзината позиција е посложена отколку кај другите, заради нејзиниот татко. Тој (Љубиша Георгиевски) беше на многу функции во партијата на власт. Имам почит за она што го стори и го објасни во едно интервју за Утрински како мотив и тоа го артикулираше преку своето уметничко кредо. Немаме реакција на друга група, не се изземам тука и себе си за да ги објасниме ставовите. Независните гласови, гласовите на храброст и слободно мислење треба да се појават.

**ПАРТИСКИ КОМИСИИ** Унковски укажува во настапот дека денес вработувањата не само во театарот одат преку партиски комисии. „Имаме илјадници примери - луѓе победуваат на конкурси за компјутерски места, за лекари и тоа се кандидати со најдобар просек. Па, преку ноќ им се менуваат бодовите, бидејќи, тие не припаѓаат онаму каде што треба да припаѓаат. Квалитетот воопшто не е важен - институциите се гојат со кадри кои немаат никакви квалификации, не припаѓаат на милјето каде се вработени.

“Мое мислење е дека работите во македонскиот театар драматично се менуваат на полошо. Некогаш најдобрите претстави се правеа во Драмски (директор беше Ристо Стефановски а режираше тогаш таму и Љубиша Георгиевски) а нам ни доаѓаа разни комисии, ДБК и ни ги бранеа претставите, но поголем дел од нив ние сепак ги поставивме! А тоа демек беше страшниот, опресивниот систем а ова сега би требало да е демократијата! Драмски беше изложен на финансиски и други санкции, но театрот не беше забранет и борбата не беше на улица, туку таа борба беше уметничка во театарот, преку претставите”.

Министерството и државата полека ги дефокусираа работите во театарот, да се оди кон кабарињa и слично. Практично, системот нема интерес за живата културата, да речеме во однос на некој споменик, кој ќе трае додека трае. Кај живата културата една претстава ќе трае од седум до десет вечерва а политиката е заинтересирана за монументалност, за глобално менување, за на нови критериуми.

**ПОВОРКА** Новите генерации кои ќе го премавнат стравот од притисоци, од она што им го наметнува системот а големите фирми

кои ќе донираат во културата во името на еден поинаков културен систем на вредности, можат да променат нешто во оваа област, инаку нема да има промени во културата и театарот.

Запрашан за впечаток од „настапите" на директорите на митингот на културњаците, Унковски вели дека „оние што читаа говори на митингот дадоа повеќе ‹докази› отколку што им беше барано, беа препатетични, неуверливи, настапот беше со недозволива доза на омраза. Не можеме да живееме во општество во кое треба да бидеме заедно а да истурите толкаво количество на омраза, замена на тези и слично. Забележливо беше во преносот дека изостана широк план, за да се види толпата, за да се видат сите кои се тука.

**Не можеме да живееме во општество во кое треба да бидеме заедно а да истурите толкаво количество на омраза.**

Кога тргна поворката со пет тапани напред, тоа беше слика на смртта на уметноста, напред неколку директори, сето тоа е далеку од големиот стандард која треба да го имаат националните установи. Не се сеќавам во светски рамки да се случило така. Теататрите немаат пари за најситни потреби (за бензин и слично), но за тие пари и потреби не се протестирало никогаш да енергијата се троши за нешто што можеби е по задача.

Следно прашање беше- што мисли за омразата која беше истурена по Фејсбук кон Мери Георгиевска?
- Мери го кажала своето мислење и тоа било недозволиво кога си има налог на денот а ти им правиш проблеми во таа рализација. Се јавува еден нежен и мал глас, но тој го арикулира својот став и тоа е драмтично и храбро. Таа не го ставила тоа мислење во весници, на насловна страница, туку на Фејсбук, но сепак тоа е различно и е страшно .. . вие видовте дека се фрлаат камења пред собрание и се удира главата на некој друг! Кога гледате как премиерот како говори за Бранко Црвенковски се генерира една омраза и се генерира една потреба за крв. Можеби звучи страшно, но јас така го викам тоа. Значи нема да има мир додека не се сотрат сите противници.

Еден проглас на една група албански интелектуалци, кои кажаа едно мислење, од македонските интелектуалци не ги чувме никаде, освен од некои колумнисти кои тоа го прават секоја недела. Тоа е страшо, а не се ова едноставни работи и тие работи се силни - нацистите ја виделе улогата на германската жена во тоа дека таа само треба да раѓа деца, потоа дека пропагандата треба слепо да се следи, дека










ОДОБРЕНИЕ ЗА ГРАДЕЊЕ:
ПРОЕКТАНТ:
ИЗВЕДУВАЧ:
НАДЗОР:




ПОЛИЦИЈА
POLICE
POLICE




може ноќе да ве посетат и убијат и заколат, потоа дека ќе се пали Рајхстагот, за да се оправдаат некои други лоши работи кои ќе следат.

Македонија е кревка творба која сите мораме да ја пазиме. Помирувањето може да дојде сако има разбирање на другиот а спикерот во Собранието не најде начин да ја испегла ситуацијата! Ништо од барањето на моето мислење за градот или на другите објекти кои се изградија , за функционирањето на градот..

**Ѕвездан Георгиевски**

## Како колегите ја навредуваа Мери Георгиевска на Фејсбук[35]

Ова е постот на костимографката Мери Георгиевска, членка на ВМРО-ДПМНЕ, ќерка на славниот режисер Љубиша Георгиевски, што предизвика бура реакции на нејзините колеги, кои го организираа штрајкот на уметниците против опзоцијата. Георгиевска, пред повеќе од 20 часа, напиша:

„Уметноста ја создаваат уметниците, а не зградите!! Од каде и од кога неопходноста на уметникот да влезе во нова зграда за да твори?? Уметноста што мириса на убаво може да произлезе и од најголемата 'дупка', но уметноста која смрди може да стане опасност од загада и во најмодерното архитектонско здание!!

Драги колеги уметници, ова е уцена. Уметноста не трпи уцени“.

Еве дел од реакциите на нејзините колеги:

**Јелена Жугиќ:** „Мери воопшто не те разбирам...театарот е 90 посто завршен, за прв пат имаме можност да играме во зграда, а не монтажни бараки, публиката има можност да се почувствува достоинствено, пари за сѐ владата обезбедила, некој го користи блокирањето на буџетот за тесно партиски поен, баш кога треба да БЛЕСНАТ инвестициите во културата, а ти пишуваш за своите докторати, за кризи и за скромност..”.

**Зоран Љутков:** „Па што сте се напикале по државни институции, ако не ви значи обновувањето на истите и што се тепате да конкурирате за работа во истите. Ај на маало и прајте си театро. Прв ќе ви дадам поддршка!“

**Мери Георгиевска:** Зоки, пет функции извршуваш, а маваш по една самохрана мајка!! Не очекував од тебе.

**Гордана Ѓорчева:** „Мери, го користам фб на сопругата, бидејќи немам свој. Не си ни свесна со кого си влегла на оро, но јас ќе ти

35 http://www.plusinfo.mk/print/Kako-kolegite-ja-navreduvaa-Meri-Georgievska-na-Fejsbuk

ги демаскирам играчите кои ти се на левата и на десната страна од орото. Тоа се истите тие што цел живот татко ти го тепаа по глава и со кои тој до ден денес бие битка. Тоа се истите луѓе кои Перо Темелковски и мене нѐ понизуваа до крај, додека беа на власт. Не заборавај како, зошто и од кого си вработена. Сигурно тоа не е затоа што си најпаметна, најубава и најталентирана. Не ми враќај ништо назад, не сакам да контактирам, само да те потсетам: Луѓето што се предавници на своето семејство, се предавници и сами на себе...Бранко Ѓорчев!!!

**Дејан Лошков:** „Жално е што не сме свесни што ни се случува во државата! Во прљава игра не може никој да бара фер плеј. Да ти одобрам буџет со кој ќе плаќаш партиски реклами за да ме девалвираш и да купуваш гласови, малку е многу... Инаку се согласувам дека нивото не наликува за колеги, интелектуалци...

**Гордана Ѓорчева:** „Не станува збор само за платите на уметниците, туку на сите буџетари во државава...зарем не сме сите сведоци што се случува во собранието последниве денови...па срамота е да гледаме ваков циркус...повеќе од очигледно е дека нешто сериозно се случува, зашто не се незадоволни само уметниците, туку и многу други... во споменици, реклами, улици, патишта воопшто не навлегувам...на крајот на краиштата, секој има легитимно право да се однесува како што сака, но не мора тоа да го нагласува по социјални мрежи и да кажува дека е уцена... те молам да не се лажеме, па никој никого за ништо не уценува, ниту некој употреби погрден збор...Бесна сум затоа што одредени личности се служат со навреди, кои што некој не ги заслужува...па вакви одвратни зборови веќе не се бира каде се употребуваат, дали на фб, дали во парламент, значи кога ќе слушнам како се изразуваат интелектуалците во државава се срамам да кажам каде живеам:((( ТАЖНО :(((

Дебата на профилот на Мери Георгиевска продолжува.



## Џевдед Јашари

Уметникот треба биде храбар и да се бори за своите идеали, и да труди со убави творби да го промени општеството кон подобро. Уметниците треба да се вечна опозиција, и да им пркосат ма сите тие што ке се обидат да го покорат народот, а не да бидат маша на токму тие. Јас ке продолжам да работам, гордо и мачно како што му прилега на секој уметник, надевајки се дека поубави денови ке дојдат. Одбивам да бидам инструмент на нашите бедни и злобни политичари како тие од власт така и тие од опозицијата. Затоа драги кочеги и тие што си ја чувате гордостта така и вие полтрони ве канам сите утре вечер во Албанскиот Театар во 19 часот да го видите мојот вид на протест кон сето што се случува. Утрешниот протест се насловува „Питачка Опера“

(добиено со порака, објавено на 20 декември 2012 на ФБ профил)



## Тони Михајловски – Денес се засрамив од уметноста и професијата![36]

Денес штрајкуваа уметниците?!? Повеќето беа техничари, хигиеничари и гардеробери и неколку неуспешни обиди за уметници.

Вака пишува на својот Фејсбук профил, актерот Тони Михајловски, по денешните протести на дел од македонските уметници против опозицијата, а поврзани со носењето на буџетот за следната година.

- Јас мојот штрајк против СДСМ го почнав 1997 година (кога беа на власт) така што им дадов отказ. Имав дупло помала плата од чуварот во театарот. Доволно голема причина за мене. Штрајкувам сам 16 години. Како врховец ми ја е..а мамата и Бранко а богами и Љубчо. Ме ампутираа од сите театри. Мене денес ми се случува тоа што некогаш им се случувало на врровците во Југославија. Тоа што никогаш не му се случувало на месијата на Драмски театар. Денес се засрамив од уметноста, од професијата, од себе. Се чувствувам предаден, изигран, продаден. И емотивно ограбен – вели Михајловски.

На муабетот преку коментар се надоврзува актерката и директор на Театар комедија, Јелена Жугиќ.

- Ти благодарам колега, ако смеам така да те наречам, бидејќи одамна не сме биле партнери на сцена, а јас секоја вечер играм и ја обезбедувам платата за поголем дел од ансамблот. Некоја улога ми е добра, некоја подобра, ама не сум хигиеничар, како актер бев денес на протестот! Некогаш е полесно да се даде отказ, отколку да се остане на сцена и со сите сили да се трудиш да опстои македонскиот театар – вели Жугиќ.

Возвраќа и Тони Михајловски.

- Полесно е Јелена.. Мирно спијам без плата и без работа. Пари немам, за пари не се секирам. Не знам кога следен пат ќе играм . Сигурен сум дека на вас ви е потешко. Слободата е скапа работа, Јелена – пишува Михајловски.

36 http://goo.gl/pzdxl




**ФОТО: И балетаните се повикуваат на протести против СДСМ**[37]

Како што веќе пишувавме, по серијата протести против опозицијата на луѓе кои се претставуваат како социјалци, земјоделци, пензионери, за утре (21.12.2012 петок) е најавен протест на уметниците. На фотографијата која ја добивме се гледа соопштение истакнато од дирекцијата на балетот при Македонска опера и балет, а во кое пишува дека утре нема да се работи, а вработените и хонорарците се повикуваат на протест пред МНТ-Центар.

Инаку на протестите против опозицијата, а поврзани со носењето на буџетот, се најавува присуство на уметници од Македонската филхармонија, Македонската опера и балет, Македонски народен театар, Национален ансамбл Танец, Драмски театар, Театар комедија, Театар за деца и младинци, Театар-Охрид, Битолски театар и Театар-Велес.

Протестот ќе започне од Македонскиот народен театар - Театар центар и ќе продолжи до објектот на „Стариот театар“ каде што во 12 часот ќе биде прочитан „Уметнички Манифест“. Протестот ќе заврши пред новиот објект на Македонската Филхармонија.

37 http://goo.gl/E8VxZ




ОТПОР!

FOUNDATION ФОНДАЦИЈА
OPEN ОТВОРЕНО
SOCIETY ОПШТЕСТВО
MACEDONIA МАКЕДОНИЈА